РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ “СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ”
ВО СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

## НА
## УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
## ВО СКОПЈЕ

**Билтен број 1032**
**Скопје, 31 мај 2012 година**

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

**Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ, генерален секретар**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

**Умножено на Универзитетот во Скопје**
**Тираж: 70 примероци**

## Содржина на Билтен број 1032 од 31 мај 2012 година


**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Процесот на донесување на надворешно-политичките одлуки во државите во транзиција**, од **м-р Љуљзим Фаризи**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје....................1-8

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите звања од областа на техничката механика и јакоста на материјалите на Градежниот факултет во Скопје **(д-р Тодорка Самарџиоска)**....................9-27

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на докторска дисертација на Факултетот за физичка култура во Скопје **(м-р Лулзим Ибри, м-р Авди Пирева, м-р Елена Соклевска-Илиевска, м-р Лука Поповски, м-р Назим Миртај, м-р Влатко Неделковски, м-р Харун Исмаили, д-р Александар Јоксимовиќ, м-р Агон Саити, м-р Бејтула Емини, м-р Блерим Саити, м-р Андријана Мисовска, м-р Кенан Асани, м-р Мимоза Шкодра)**....................28-30

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за дизајн и технологии на мебел и ентериер во Скопје **(Зоран Апостолоска)**....................31

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за оцена на подобноста на темата за изработка на докторска дисертација **Одредување на степенот на корелација кај дискретни случајни процеси, како основа за креирање на модели за масовно опслужување кои се карактеризираат со долга меморија** и оспособеноста на кандидатот **м-р Никола Цацков** за научна работа, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје....................32-40

**ИНСТИТУТ ЗА СТОЧАРСТВО**

1. Реферат за избор во научно звање-научен соработник во областа технологија на млеко и млечни производи при Институтот за сточарство во Скопје **(д-р Наташа Матева)**.......41-53

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски труд на Градежниот факултет во Скопје **(Игор Спасовски)**....................50

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. **Исправка** на Прегледот на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Економскиот факултет во Скопје **(м-р Слободан Томовски, м-р Тодорче Коцев)**.............51

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Економскиот институт во Скопје **(Зоран Јанкуловски, Милена Стевчевска, Игор Стојнев, Раде Јанков, Емилија Пандева, Авдија Пепиќ, Лепосава Апостоловски Велинов, Иван Малевски, Марија Ставрова, Александар Цуцковски, Владимир Поповски, Ивана Јовановска)**.................... 52

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**


1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторска дисертација на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**м-р Благојче Ѓорчевски, м-р Андријана Мигуловска, м-р Ардита Абази, м-р Билал Лутфии, м-р Артан Садики, м-р Данчо Марковски, м-р Љубе Дукоски, м-р Симона Зориќ**)....................53-54
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**Никола Прокопенко, Валентина Шкрековска, Јана Ѓорѓиевска, Верица Филиповска, Љупчо Јотевски, Марина Бонева**)....................55-56
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски труд со промена на ментор на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје (**Исидора Сидоровска**)....................57


**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**


1. Преглед на прифатени теми за изработка на магистерски теми на Факултетот за ликовни уметности во Скопје (**Роза Павлеска, Ана Лаковиќ, Никола Голубовски, Симона Манчева, Александар Зафировски, Билјана Билбилоска, Христина Чаловска-Иваноска, Елена Алчева, Наташа Љубиновска, Антонио Аранѓеловиќ, Марко Ефремов, Дарко Митревски, Моника Мотевска, Ивана Миленковска, Звонимир Костиќ, Филип Јовановски**)....................58
2. Реферат за избор на редовен професор по предметите вајање, вајарска техника и цртање на Катедрата за вајарство на Факултетот за ликовни уметности во Скопје (**м-р Беди Ибрахим**)....................59-69
3. Реферат за избор на редовен професор по предметите графика и насока графика на Катедрата за ликовна педагогија на Факултетот за ликовни уметности во Скопје (**м-р Анка Данаиловска, д-р Иво Пецов, д-р Трајче Блажевски**)....................70-91


**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**


1. **Приговор** на Рефератот за избор на еден наставник во сите звања по предметот радиотерапија со онкологија на Медицинскиот факултет во Скопје, поднесен од д-р Валентина Крстевска-Тодоровска, објавен во Билтен бр. 1031 од 15.5.2012 година......92-94
2. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на еден наставник во сите звања по предметот радиотерапија со онкологија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1031 од 15.5.2012 година....................95-96


**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Рецензија на докторската дисертација **Филозофските основи на дигиталната естетика**, од **м-р Вангел Ноневски**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....................97-100


**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**


1. Реферат за избор во звање - вонреден професор во научната област економика на земјоделството и развој на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје (**д-р Александра Мартиновска-Стојческа**)....................101-110
2. Рецензија на ракописот **Практикум: преработка на овошје и зеленчук** од авторите **проф. д-р Љубица Каракашова и ас. м-р Фросина Бабановска-Миленковска**, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје....................111-114


**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**


1. Реферат за оцена на подобноста на темата за изработка на докторска дисертација **Влијанието на политиките за менаџмент на човечки ресурси врз имплементацијата на Lean six sigma во телекомуникацискиот сектор** и оспособеноста на кандидатот **м-р Јане Атанасовски** за научна работа, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје........115-120

2. Реферат за оцена на подобноста на темата за изработка на докторска дисертација **Споредба на лидерските компетенции и стилови на менаџмент на менаџерите од јавниот и приватниот сектор** и оспособеноста на кандидатот **м-р Глигор Стојков** за научна работа, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје........121-126
3. Реферат за оцена на подобноста на темата за изработка на докторска дисертација **Интегрален модел за донесување на одлуки во функција на намалување на ризиците при имплементација на различни бизниси-процес алатки** и оспособеноста на кандидатот **м-р Наталија Димитровска** за научна работа, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје........127-132
4. Реферат за оцена на подобноста на темата за изработка на докторска дисертација **Дефинирање на ефикасен модел за интегрирано планирање на економскиот развој на ниво на држава** и оспособеноста на кандидатот **м-р Игор Костовски** за научна работа, пријавена на Машинскиот факултет во Скопје........133-138
5. Реферат за избор на наставник во наставно-научно звање во научната област моторни возила на Машинскиот факултет во Скопје **(д-р Александар Костиќ)**........139-148

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Реферат за избор на асистент на научната област млекарство во Институтот за анимална биотехнологија при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје **(м-р Душица Санта)**........149-152

**ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР "МАРКО ЦЕПЕНКОВ"**

1. Рецензија на докторската дисертација со наслов **Религиозните мотиви во македонската народна поезија** од **м-р Благица Хаџи Јовановска,** пријавена на Институтот за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје........153-158
2. Реферат за избор во звање - асистент-истражувач од областа на етномузикологијата на Институтот за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје **(м-р Велика Стојкова Серафимовска)**........159-165

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Процена на влијанието на површинската обработка на керамички надградби и нивниот ефект на фрактурната резистентност на ендодонтско третирани заби** од **д-р Сашо Јовановски,** пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје........166-175

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Основи на надворешнополитичката и дипломатско-безбедносната стратегија на Република Македонија,** изработена од **м-р Тони Петрески,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје........176-180

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ "СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања за предметите основи на музичката култура со методика, музички инструменти и музички инстгрументи 2 на Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" во Скопје **(д-р Аида Ислам)**......181-203

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Транспозицијата на законодавството на Европската унија во областа на социјалната политика и вработувањето во правото на Република Македонија,** од **м-р Анастас Џуровски**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје........204-213

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставик во научните области (дисциплини): етика и историја на етиката на Филозофскиот факултет во Скопје **(д-р Иванчо Атанасовски)**........214-220

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Полифенолен состав и антиоксидантна активност на планински чај од родот Sideritis од Балканскиот регион и карактеризација на метаболити од полифеноли во урина,** од **м-р Јасмина Петреска Станоева**, пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје.....221-225

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Рецензија на ракописот **Формирање и развој на македонската литература** од **акад. Ала Шешкен,** пријавена на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје..... 226-232

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Културниот идентитет и делата од омраза,** од **м-р Елена Михајлова**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.....233-237

**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Оптимални системи за управување со хидроенергетски објекти** изработена од **м-р Дарко Бабунски,** пријавена на Машинскиот факултет во Скопје.....238-242

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА**

1. Рецензија на докторската дисертација **Формирање на паушални цени на пазарот на живиот добиток во Република Македонија** изработена од **м-р Константин Коцев,** пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.....243-246

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. **Приговор** на Рефератот за избор на наставници во наставно-научно и научно звање по предметот педијатрија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен број 1031 од 15.5.0212 година, поднесен од д-р Снежана Јанчевска.....247-248
2. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на наставници во наставно-научно и научно звање по предметот педијатрија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен број 1031 од 15.5.2012 година.....249

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација со наслов **Глобалната финансиска криза и ефектите во САД и Европа, со посебен осврт на Република Македонија,** изработена од **м-р Бранкица Лазаревска**, пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....250-259

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на **Читанката по предметот споредбено уставно право** од **проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова** и **проф. д-р Рената Дескоска**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје.....260-262

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот за учебник **Увод во статистичка обработка на податоци,** од авторите **проф. д-р Наташа Ангелоска-Гелевска,** пријавен на Филозофскиот факултет во Скопје.....263-268
2. Рецензија на докторската дисертација **Системот на религиски вредности во Европската унија и во Република Македонија,** од **м-р Христина Игнатовска,** пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје.....269-272

3. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Социјалниот статус на семејството и појавата на зависности кај членовите**, од **м-р Африм Лела**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....273-278
4. Рецензија на докторската дисертација **Економските аспекти на евроатлантските интеграции на Република Македонија и реформите во безбедносниот сектор по 2001 година**, од **м-р Јасмина Петреска**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....279-282
5. Рецензија на докторската дисертација **Карактеристиките на комплементарната употреба на повеќе методи во социолошкото истражување на телевизиските вести**, од **м-р Снежана Тршевска**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....283-287

**ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за избор во звањето научен соработник-доцент во Институтот за национална историја во Скопје **(д-р Катерина Младеновска-Ристовска)**....288-296

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА**

1. Рецензија на докторската дисертација под наслов **Релации меѓу општите и посебните параметри за развојот на спортот во Република Македонија**, од **м-р Томислав Андоновски**, пријавена на Факултетот за физичка култура во Скопје....297-303

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на учебникот **Социјална медицина** од авторите: **проф. д-р Дончо Донев, проф. д-р Моме Спасовски, проф. д-р Фимка Тозија, проф. д-р Елена Ќосевска, ас. д-р Данче Гудева-Никовска, ас. д-р Блашко Касапинов, ас. д-р Марија Кишман Христовска, ас. д-р Владимир Лазаревиќ, ас. д-р Валентина Симоновска**, пријавен на Медицинскиот факултет во Скопје....304-306

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Определување на сеизмичката повредливост на постојни станбени згради и објекти за семејно домување во Полошката Котлина**, од **м-р Енис Јакупи**, пријавена на Градежниот факултет во Скопје....307-311

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ "ЈУСТИНИЈАН ПРВИ"**

1. Рецензија на докторската дисертација **Новини во обласата на внатрешниот пазар на Европската унија во врска со принципот за заемно признавање: влијание и правни последици од примената на принципот во правниот систем на земјите од Западен Балкан (студија на случај: Република Македонија**, од **м-р Љубица Џабирова Покрасс**, пријавена на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје....312-318

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ "БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**

1. Реферат за избор во звањето доцент по предметите современ албански јазик, преведување од албански на македонски јазик и обратно и споредбена стручна терминологија при Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(д-р Исмет Османи)**....319-329
2. Реферат за избор во звањето вонреден професор по предметите: албанска книжевност 3 и 4 и теорија на албанската книевност на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје **(д-р Агим Лека)**....330-340

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на докторската дисертација **Креативната настава-симбиоза на иновации**, од **м-р Лулзиме Лутвиу-Кадриу**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје....341-349

Република Македонија
Универзитет ...
Правен факултет ...
Бр. 03-7 ...
...
Скопје

# РЕЦЕНЗИЈА

на докторската дисертација „Процесот на донесување на надворешно-политичките одлуки во државите во транзиција“ од М-р Јљуљзим Фаризи пријавен на Правниот Факултет "Јустинијан Први" во Скопје.

Наставно-научниот совет на Правниот факултет "Јустинијан Први" при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје на седница одржана на 27. 04.2012 година донесе одлука на формирање Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов „Процесот на донесување на надворешно-политичките одлуки во државите во транзиција“, од кандидатот м-р Јљуљзим Фаризи, во состав: проф. д-р Љубомир Фрчковски, проф. д-р Марика Ристовска, проф. д-р Татјана Петрушевска, доц. д-р Зоран Илиевски и доц. д-р Јасна Бачоска. Комисијата до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## ТЕМА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

### Актуелност на проблематиката и научнен придонес на истражувањето

Дејствувањето на секоја земја на меѓународен план е една од главните цели на секоја држава која пред се треба да се насочи кон постигнување на подобра позиција во меѓународната заедница. Таквата положба треба да се стекнува пред се од начинот на градењето на таа политика која, пред се, зависи од начинот на организирањето на државната власт на една земја. Историски е докажано дека велесилите кои владееле со народите и државите низ светот успеаа да градат внатрешен систем на поставеноста на органите на власта кои ќе бидат модел на организирањето на власта во поголемиот број на држави во светот. Но, не секогаш државните органи и целокупната државна власт се организирала исто кај сите земји, од фактот дека начинот на градењето и организацијата на државната власт зависи од многубројните фактори во смисла на историските вредности и културното наследството, и од некои други релевантни фактори.

Темата е особено релевантна од фактот дека државите секојднево функционираат и од тоа произлегува логиката дека државите секојдневно градат внатрешна и надворешна политика за полесно да се справуваат со предизвиците на меѓународната сцена. Многубројни светски сили кои се велесили на надворешната политика се обидуваат и понатаму да ја држат позицијата која ја имаат, а

истовремено средните држави се обидуваат да направат баланс на политиката во меѓународните организации и на меѓународната сцена, но има држави кои и покрај малата моќ се обидуваат да бидат почитувани на меѓународната сцена.

Самиот процес на надворешна политика наметнува сериозни предизвици и можни компликации на државите во одделни периоди да донесуваат важни одлуки кои се клучни за иднината и правецот на движењето на една држава. Исто така може да се наведе дека сите држави низ светот се преокупирани со ова прашање, не само државите туку и меѓународните организации така што дел од оваа ситуација е и Република Македонија. Особена важност играат органите на државната власт кои за определени прашања донесуваат клучни одлуки кои можат да бидат и позитивни и негативни. Посебно место во актуелноста на темата зазема нашата земја, како во минатото, во сегашноста но и во иднината. Особена важност има истражувањето направено од страната на кандидатот во делот на улогата на државните органи во креирањето на надворешната политика не само во нашата земја туку и во поопширните држави кои се дел на истражувањето во трудот, особено одлуките кои биле донесени праведно, но и тие кои биле во спротивност на интересите на конкретните држави.

Во Република Македонија, процесот на донесувањето на политичките одлуки поврзани со надворешната политика биле и се актуелни цело време во општествениот живот. Исто така, тие се предмет на подлабоко академско истражување, но и покрај присутните напори за посериозно толкување на одлуките донесени во минато и потребата за донесување на клучните одлуки кои треба да се прават за иднината на државата претставуват предмет на истражувањето, особено на органите на власта кои се одговорни за тоа.

Крстопатот во кој се наоѓа моментално Република Македонија во процесот на Евроинтеграциите претставува предмет на акедемски истражувања за кои ќе треба да се носат крупни и вистински одлуки кои можат да имат последици, но ако се донесат правилно, можат да имаат и бенифиции.

**Предмет, цел и хипотеза на истражувањето**

Предметот на истражување на овој докторски труд е насочен кон државната власт како еден од главните столбови и основ за развој на надворешната политика на Република Македонија.

Целта на истражувањето на овој истражувачки труд било истражувањето на државната власт, како еден од главните елементи и промотори на креирањето на надворешната политика, особено кај државите базирани во принципот на поделбата на државната власт во процесот на донесување на надворешните политички одлуки поврзано со меѓународните односи на земјава.

Другата цел е, длабокото истражување на поделбата и балансот на државната власт кај системите на владеењето според принципот на поделбата на

власта, со посебен осврт на Република Македонија, со главна цел органите на државната власт да бидат главен актер во постапката на донесување на одлуки надоврзано со надворешната политика, но истовремено контролирана и исбалансирана меѓу себе.

Другата цел е разгледување на односите на органите на државната власт, како се тие поставени и како влијаат во донесувањето и спроведувањето на државната надворешна политика, кај горенаведените системи на владеење со посебен осврт на Република Македонија.

Друга многу важна цел била да се истражува и да се анализира начинот на организирањето, функционирањето и дејствувањето на органите на власта надоврзано директно со процесот на креирањето, иницирањето и процесот на донесување политички одлуки и примената на политиките во системите на владеењето според принципот на поделбата на власта, особено на надворешната политика на големите држави познати по овој систем на владеење, со посебен осврт во Република Македонија.

Исто така, друга цел била да се анализира надворешната политика во однос на процесот на интеграциите на Македонија во НАТО и ЕУ, но истовремено да се разгледа начинот на пристапување на органите на државната власт кон преговорите на спорот помеѓу Македонија и Грција.

**Методолошката рамка**

При изработката на трудот е користена комбинација на квалитативни и квантитативни методи. Точното употребување на методите придонесува во обработката и точното објаснување на истражувачкиот труд.

Во обработката на докторскиот труд кандидатот употребувал неколку методи со цел истражувањето на трудот да биде поконкретно и поквалитетно со цел да биде постигната целта на истражувањето. Кандидатот ја употребувал дескриптивно-историската метода со која метода ги рефлектирал почетоците на државната власт од појавувањето на системите на владеењето според принципот на поделбата на власта и начинот на нивното самостојување, начинот на донесувањето и спроведувањето на одлуките и нивните политики поврзано со внатрешната и надворешната политика, што им овозможувал на меѓународен план да бидат промотори на демократијата. Освен ова, со овој метод ја опишува надворешната политика кај различните држави кои беа цел на истражувањето според нивното државно уредување. Истовремено со овој метод е истражувано за историјатот на надворешната политика на државите кои се претставени како цел на истражувањето во постапката на донесување на одлуките поврзани со надворешната политика.

Кандидатот ја употребувал аналитичната метода со што ја анализирал општо државната власт, односно органите во неговата целина одговорни за донесување на надворешните политички одлуки и нивното спроведување посебно ги анализирал органите на законодавната и извршената власт, и меѓусебните

односи од моментот на иницирањето на предлозите до нивното влегување во сила и начинот на нивното спроведување во практика. Посебно ги анализирал државите околу надворешната политика, особено во процесот на донесување на одлуки со цел да се дојде до сознание за улогата и тежината на секој од органите на државната власт во конкретните земји, кои беа цел на истражувањето.

Преку компаративнниот метод успеал да дојде до сознанија кои биле главна цел во неговите хипотези. Со компаративниот метод направил споредување на трите горенаведени системи, а посебно го споредувал нашиот систем со конкретните држави кои се цел на истражувањето, каде што истовремено ги истражувал поволните елементи и конкретните одлуки кои ги правеле другите држави, како во соседството така и пошироко, и можните практикувања на овие одлуки за одредени ситуации за нашата земја. Имено, има направено компарација на процесот на донесување на државните надворешни политики одлуки, односно дејствувањето на органите на државната власт во начинот на нивното составување, функционирање и нивното дејствување во областа на надворешната политика.

Исто така кандидатот го употребувал и емпиричкиот метод со кој метод дал статистички податоци на определени периоди на работата на државната власт во донесувањето на одлуките поврзано со надворешната политика на Република Македонија.

**Структура на дисертацијата**

Докторскиот труд „Процесот на донесување надворешно политички одлуки на земјите во транзиција“ се состои од вовед, пет дела кои имат посебен вовед и заклучок и крајниот заклучок на трудот.

Во **воведниот дел** се разработува актуелноста на предметот на истражувањето, доменот во кој докторската дисертација претставува научен придонес и е даден релевантен преглед на актуелни придонеси на слични теми на истражување, пред се, на влијанието на државното уредување на земјите врз донесувањето на надворешно политичките одлуки.

Во **првиот дел** насловен како: „Теоријата на поделбата на власта и надворешната политика“, презентирана е генеологијата и еволуцијата на државната власт, од нејзината концептуализација до усовршувањето според теориите на научниците Лок и Монтескје, но истовремено анализирајќи од агол на елементите на надворешната политика. Првата глава дава општи познавања за поимот на државата вклучувајќи ги и теориите на поделбата на власта, но истовремено анализирајќи ги подетално системите според принципот на поделбата на власта неисклучувајќи ги и тие според принципот на унитарната власт. Првиот дел целокупно го разјаснува начинот на функционирањето на државната власт кај парламентарниот, претседателскиот и мешовитиот систем. Освен ова, кандидатот во првата глава ги анализира детално трите бранши на државната власт, односно законодавната, извршната и судската власт. Тоа подразбира дека детално ја искажува улогата на власта и можниот начин како тие се управуваат од страната на

органите кои се различни од држава во држава во зависност од начинот на градењето на државната власт, односно органите кои се носители на конкретната власт. Истовремено, во првата глава кандидатот дава појаснување за поимот на надворешната политика, за историскиот период, но истовремено за концептот на надворешната политика и начинот на организирањето и однесувањето на одлуките поврзани со надворешната политика. Во овој дел, кандидатот дава јасни сознанија околу теоријата на државната власт во делот на нивното организирање на државната власт во обемот на градењето, донесувањето и споредувањето на внатрешната и надворешната политика.

Во **вториот дел** насловен како „Влијанието на парламентарниот и на претседателскиот систем врз процесот на донесување надворешно политички одлуки", исто така е прикажан теоретскиот модел на истражување на пралментарниот и на претседателскиот систем на владеење. Во вториот дел кандидатот се фокусира на две насоки прво го анализира парламентарниот систем и карактеристиките кои го сочинуваат него, земајќи ја тука како пример Англија како типична земја со чист парламентарен систем каде што точно се анализираат органите на државната власт во Англија, особено во делот на процесот на донесувањето на одлуките поврзани со надворешната политика, односно на органите на власта одговорни за таа област. Пред се, тука се анализира законодавната и извршната власт и начинот на креирањето, донесувањето и примената на политиките. Во втората подглава на вториот дел, кандидатот го анализира претседателскиот систем земајќи и како модел САД како типична земја со претседателски систем каде што државната власт е јасно поделена помеѓу законодавната, извршната и судската власт и каде што се анализирал процесот на донесувањето на одлуките поврзани со надворешната политика, но исто така кандидатот ги анализирал и односите кои се создаваат во процесот на креирањето на надворешната политика, донесувањето на одлуките за неа, примената и одговорноста на органите.

**Третиот дел,** насловен како „Влијанието на карактерот на државното уредување (проста сложена држава) врз донесувањето на надворешните политики", кандидатот е посветен на анализата на државите кои припаѓат со државно уредување според карактерот, на поделени на прости и сложени држави. Имено, во третиот дел кандидатот ги анализира државите со такво уредување како што се Швајцарија, Германија, Русија и со посебен осврт кон Европската унија која пред се со новиот Лисабонски договор големо внимание и посветува на надворешната политика, која е и една од главните цели, бидејќи со новиот Договор има многу новости поврзано со надворешната политика. Кај земјите кои ги зема за цел на истражување кандидатот пред се, се даваат јасно укажување какво е државното уредување на овие земји или организации во делот на градењето на внатрешната, но главно на надворешната политика. Кандидатот со овој дел прави едно поврзување меѓу двете глави, односно меѓу првите две и двете последни. Кандидатот секоја земја ја анализира посебно во делот на процесот на донесувањето на одлуките од страната на државните органи поврзани со надворешната политика.

**Четвртиот дел** од докторскиот труд насловен како „Државите во транзиција и донесувањето надворешни-политички одлуки" содржи едно од супстанциите на истражувањето, при што се изложени наодите од контекстуалната анализа на државите и регионите кои големи промени на надворешен план. Пред се, во оваа глава кандидатот прави големи анализи и компарации помеѓу државите кои биле дел на комунистичката идеологија, и во последните два децении имале големи како внатрешни така и надворешни политички измени, но не секаде во сите земји промените се исти, бидејќи некои земји напредувале многу, некои заостанале или доцнеле во процесот на нивните интеграци или исполнување на условите на демократски земји. Исто така кандидатот поопширно го анализирал целокупниот регион фокусирајќи се и кај конкретните земји со цел да се истражуваат факторите и елементите кои влијале врз државите во нивните промени, односно да се компарират земјите во делот на донесените одлуки кои, меѓу другото влијаеле во правецот на движењето на државите како на внатрешен така и на надворешен план. Во оваа глава кандидатот добро ги анализирал државите почнувајќи од Источна Европа земајќи ја како модел Естонија, земја која иако била во Советскиот Сојуз, сепак е земја со многу проевропски вредности и земја земена како модел во Источната Европа, Трудот продолжува со земјите на Источна Европа како што е Унгарија, земја која цело време правеше напори да се оддели од страната на Варшавскиот сојуз, промовирајќи европски вредности, но земја која по влегувањето во Европската унија наместо да направи прогрес, таа го прави обратното оди во регрес. Потоа кандидатот ги анализира Бугарија и Романија, држави кои последни се приклучија кон Европската унија, но по приклучувањето добро напредуваат иако тоа оди бавно. Исто така авторот продолжува да ги анализира земјите кои биле дел од поранешната Југословенска Федерација, земајќи ги како пример Словенија и Хрватска земји кои брзо напредувале, иако Хрватска имала донесени лоши одлуки на надворешен план, кои го доведоа Хрватска во стагнација во процесот на интеграциите во ЕУ и НАТО. Кандидатот исто така ги анализира и земјите кои се соседи на Македонија во процесот на нивното донесување одлуки во времето на транзицијата, кои некогаш биле прогресивни за државата а некогаш некои земји ги вратиле во регрес.

**Петтиот дел** од докторскиот труд насловен како „Република Македонија и донесувањето на надворешни-политички одлуки" е главниот и есенцијалниот дел на докторската дисертација Авторот особено се фокусира детално на Република Македонија анализирајќи го комплет државното уредување во смисла на процесот на донесувањето на надворешните политички одлуки. Кандидатот детално ги анализирал сите органи на државната власт одговорни за градењето на надворешната политика и одговорни за донесувањето на одлуките и нивното применување. Истовремено добро е анализирана и одговорноста на органите за (не)применувањето на одлуките или можните неуспеси. Кандидатот дава реални податоци кои го оправдуваат докторскиот труд, каде што се анализира државата од самостојувањето денденеска, но истовремено и предлага начин на донесување на одлуки кои мажат да бидат корисни во иднина за напредокот на државата во смисла на менаџирањето на внатрешен, но истовремено и подобра позиција на надворешен план. Кандидатот добро ги анализирал клучните моменти на државата која поминала низ транзицијата во делот на организирањето на државната власт и

целокупната надворешна политика таргетирајќи ги клучните моменти кои државните органи на власта донеселе клучни одлуки кои некогаш беа во полза на Македонија, но некогаш и во негативна смисла, односно погрешно донесените одлуки кои имале последици за државата. Кандидатот дава јасни податоци околу движењето на надворешната политика на земјава, но истоврмено дава податоци околу односите што ги има земјава со меѓународните субјекти пред се со велесилите на светот но и со двете организации во кои претендира да биде членка на НАТО и ЕУ. Исто така, кандидатот во својот труд на крајот на овој дел се потрудел да даде објаснување околу односите на Македонија со соседните држави, што ја опкружуваат.

Во последниот дел, односно заклучокот на докторската дисертација презентирани се на синтетизиран начин наодите од истражувањето и релевантноста на анализираните фактори на трудот. Кандидатот критички се освртнува на досегашната практика на организирањето на надворешната политика на нашава земја, со посебни кадри кои ги исполнуваат условите за водење на надворешната политика бидејќи еден од есенцијалните проблеми кои се соочува нашата земја е неквалитетот на кадарот кој ја води надворешната политика, исто така и пасивноста на органите на власта да донесуваат клучни одлуки кои се на интерес на земјава за побрзо да излегува од процесот на транзицијата. Исто така, кандидатот во заклучоците дава јасни и конкретни предлози кои можат да бидат од корист за државата на внатрешен и на надворешен план, во што воедно се состои научниот придонес на оваа докторска дисертација.

**Заклучок и предлог**

Докторскиот труд „Процесот на донесување на надворешно-политичките одлуки во државите во транзиција" од кандидатот м-р Љуљзим Фаризи обработува многу значајна тема околу процесот на донесувањето на надворешните одлуки кај земјите кои ги третирал. Богатата користена литература ја покажува способноста на кандидатот за систематско аналитичко користење на стручна литература. Поставената теоретска рамка ги следи современите држави со елементи на надворешната политика, а применетиот богат методолошки инструментариум обезбедува релевантност и издржаност на сознанијата презентирани во трудот.

Материјата е изложена на јасен начин, содржински богато, сеопфатно и темелно, а целиот труд е логично систематизиран. Кандидатот пристапува продлабочено и критички кон анализата на комплексното и сеопфатно прашање кое е предмет на истражувањето, покажувајќи способност да ги селектира и објективно да им пристапи на значајните проблеми од практиката, користејќи мноштво на емпириски податоци. За отворените прашања од практиката кандидатот изразува сопствен и јасен критички став конзистентно со поставената теоретска рамка.

Трудот претставува самостоен стручно-научен труд, во кој кандидатот дава сопствен придонес за натамошното развивање на државите во областа на градењето на надворешната политика, особено на процесот на донесување на одлуки до нивното применување, со посебен осврт тоа го прави кон Република Македонија за

мошно изменување во оваа област во начинот на донесување на одлуки кои ќе бидат покорисни за интересите на земјава. Трудот истовремено претставува основа за натамошни истражувања во оваа област, што ја демонстрира неговата научна валидност и вредност.

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за докторски труд што ги задоволува критериумите за подготвување на научни и стручни трудови од ваков вид, предвидени во соодветната законска регулатива и актите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од тие причини, на Комисијата и претставува задоволство едногласно да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ да го усвои овој извештај со позитивна оценa и да му возможи на кандидатот Љуљзим Фаризи да пристапи кон јавна одбрана на неговиот докторски труд.

КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Љубомир Фрчковски с.р.

______________________

2. Проф. д-р Марика Ристовска с.р.

______________________

3. Проф. д-р Татјана Петрушевска с.р.

______________________

4. Доц. д-р Зоран Илиевски с.р.

______________________

5. Доц. д-р Јасна Бачоска с.р.

______________________

# РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ОД ОБЛАСТА НА ТЕХНИЧКАТА МЕХАНИКА И ЈАКОСТА НА МАТЕРИЈАЛИТЕ НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс од страна на деканот на Градежниот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во весниците "Дневник" и "Лајме" на 4. 4. 2012 година, за избор на еден наставник во сите звања од областа на техничката механика и јакоста на материјалите, со решение бр. 91-18 од 23. IV 2012 год., а по одлука на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје на 387. седница одржана на 18. IV 2012 год., именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник од наведената област.

На распишаниот конкурс се пријави само еден кандидат, д-р Тодорка Самарџиоска, дипл.град.инж., доцент на Градежниот факултет во Скопје.

По прегледот на приложените документи од кандидатот, го поднесуваме следниов

# ИЗВЕШТАЈ

## 1. Биографски податоци

Кандидатката д-р Тодорка Самарџиоска, дипл.град.инж., е родена на 10. I 1971 година во Прилеп. Основното и средното образование ги завршила во родниот град со континуиран одличен успех. Средното образование го оформила во УЦОТМН „Мирче Ацев", насока: математика-информатика. Во текот на школувањето покажувала особен интерес и одличен успех по сите предмети, а особено по математика, физика и англиски јазик. Учествувала на многу регионални и републички натпревари, на кои освојувала високи резултати.

Во учебната 1989/90 година се запишала на Градежниот факултет во Скопје, на конструктивната насока. Студиите успешно ги завршила во определениот рок со средна оценка од 9,35 за сите предмети и 9,8 за групата предмети во катедрата на која конкурира. Дипломската работа од областа на динамиката на конструкциите, со наслов „Споредбена сеизмичка анализа на 12-катница по сеизмичките прописи на Југославија, Романија, СССР и САД" ја одбранила на 28. IX 1994 година со одлична оценка 10 (десет).

Од страна на Ректоратот при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" била прогласена за најдобро дипломиран студент на Градежниот факултет за учебната 1993/94 година.

Во 1994 година се запишала на постдипломските студии на Градежниот факултет, на конструктивната насока. Во определениот рок ги положила предвидените испити со среден успех 9,89. На 231. седница на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет, одржана на 14.II 1997 година, била избрана за помлад асистент по предметите: техничка механика, техничка механика I, техничка механика II, јакост на материјалите, еластичност и

пластичност, градежни материјали и механика. Магистерскиот труд, под наслов „Преднапрегнати хиперболични параболоидни кабловски мрежи над елиптична основа", го одбранила на 28.V 1999 година на Градежниот факултет во Скопје, со што се стекнала со звањето магистер на технички науки.

Кон крајот на 1999 година била избрана за асистент по предметите: техничка механика, техничка механика I, техничка механика II, јакост на материјалите, еластичност и пластичност, градежни материјали и механика, а во февруари 2003 е реизбрана во истото звање.

Во периодот од две години, 2002 и 2003, престојувала во Велика Британија, на Wessex Institute of Technology, Southampton, каде што работела на изработка на докторската теза во областа на примената на методите на гранични елементи (BEM – Boundary Element Method) во механиката. Докторската теза под наслов "Boundary Element Dual Reciprocity Method with Multi Domains for Modelling Fractured Porous Media: Single and Two-Phase Flow and Transport" (на македонски: „Методата на гранични елементи со мултидомени за моделирање на испукани порозни средини: едно и двофазен тек и транспорт") ја одбранила на 20.XI 2006 година. Дипломата издадена на 9. II 2007 од Универзитетот во Велс, Весекс-институтот за технологија, Велика Британија, е нострифицирана по соодветната постапка на Министерството за образование и наука и е призната како диплома за стекнато академско звање-доктор на технички науки со решение бр. 09-2364/2 од 10.V 2007 год.

Кандидатката одлично го владее англискиот јазик, за што поседува и сертификат: Certificate in Advanced English (CAE), Council of Europe Level C1, University of Cambridge, ESOL Examinations, June 2003, Winchester, UK. Покрај англискиот, одлично ги владее сите јазици на поранешните југословенски републики, бугарскиот јазик, и има добро познавање на шпанскиот и францускиот јазик.

Активностите во областа на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност до нејзиниот избор во звањето доцент се претставени во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 926 од 15. IX 2007 година.

## 2. Наставно-образовна дејност

Од изборот во звањето доцент до сега, кандидатката ја остварува наставната дејност преку организирање на предавања, вежби, корекции, консултации, домашни и семинарски работи, како и писмени и усни испити на додипломските и постдипломските студии на Градежниот факултет. Од учебната 2007/2008 ги покрива предавањата по предметите: *градежна физика* на прв циклус студии по градежништво, *теориска механика* на прв циклус студии по геодезија, како и вежбите по истите предмети и предметите *статика* и *јакост на материјалите*. На вториот циклус студии по градежништво одржува предавања по предметите *методи на гранични елементи за инженери* и *енергетска ефикасност на градежните објекти*. Од учебната 2008/09, со започнувањето на интердисциплинарните студии по инженерство на животна средина и ресурси, ги води предметите *механика на цврсто тело* и *техничка механика и јакост на материјалите*, а во учебната 2009/10 ги покрива и предметите *принципи на статиката* и *јакост на материјалите* на Архитектонскиот факултет во Скопје. Најголем број од предметите беа воведени

како нови, па кандидатката за сите има подготвено предавања и вежби, како и печатени предавања за студентите. За својата совесност, исполнителност и ангажман во наставата, како и за својот однос кон студентите, таа во анкетите за самоевалуација од студентите секогаш добива највисоки оценки и комплименти.

Ментор е на 24 дипломски работи од областа на техничката механика и градежната физика и учесник е во комисии за одбрана на 23 дипломски работи.

Сите активности од областа на наставно-образовната дејност за периодот од изборот во звањето доцент до сега се претставени во Анексот 2.

## 3. Научноистражувачка дејност

Во изминатиот период од изборот во звањето доцент до сега, научноистражувачката дејност на доцент д-р Тодорка Самарџиоска се одвива преку учество во научноистражувачки проекти, меѓународни и домашни, изработка и публикување на научни и експертски трудови, менторство на магистерски работи и учество во работата на комисии за оцена и одбрана на магистерски трудови и докторски дисертации. Од нејзиниот избор во звањето доцент до сега, таа се јавува како самостоен автор или коавтор на повеќе од 35 научноистражувачки трудови објавени во научни и стручни списанија, симпозиуми и конференции, во земјата и во странство.

Кандидатката континуирано работи на примена на нумеричките методи, особено методите со гранични елементи, за решавање на различни проблеми од механиката и нивната примена за различни инженерски конструкции и проблеми. Посебен интерес на нејзиното истражување претставуваат областите на градежната физика и енергетската ефикасност на градежните објекти. Нејзините научноистражувачки трудови објавени во меѓународни списанија се повеќекратно цитирани од други автори низ светот.

Во сферите на домашната научноистражувачка работа за одбележување е и улогата на носител на научноистражувачкиот проект „Нумеричко моделирање на порозни средини за испитување на тек и транспорт на контаминанти", финансиран од Министерството за образование и наука на РМ, планиран за периодот окт. 2010-септ. 2012, чија изработка е во тек.

Исто така, кандидатката учествувала и на бројни работилници, семинари, симпозиуми и конференции со сопствени презентации во земјата и во странство.

Во Анексот 2 се наведени листите на трудови со оригинални научни/стручни резултати објавени во зборници, со меѓународни и домашни уредувачки одбори, како и останатите активности од областа на научноистражувачката дејност.

## 4. Стручно-апликативна дејност

Во изминатиот период од изборот во звањето доцент до сега, доц. д-р Тодорка Самарџиоска ја реализира стручната дејност со учество во многу идејни и основни проекти, елаборати, стручни мислења и ревизии на проекти за различни типови на инженерски објекти, самостојно, како носител или, пак, како соработник. Наведени се дваесетина поважни проекти, како и околу

педесет ревизии на проекти за значајни објекти. Како експерт за енергетска ефикасност на градежни објекти, кандидатката работи и на изработка на елаборати и стручни мислења за објектите, како и на едукација на различни профили на инженери во доменот на таа област.

Во Анексот 2 се наведени активностите од областа на стручно-апликативната дејност во периодот од изборот во звањето доцент до денес.

## 5. Дејности од поширок интерес

Во тековниов период, од 15. IX 2011 кандидатката ја извршува функцијата продекан за настава на Градежниот факултет во Скопје, ја координира комплетната настава на сите студиски програми на Факултетот, како и подготовката на новите студиски програми за прв и втор циклус.

Како координатор на Еразмус-програмата за мобилност на Градежниот факултет, ја иницира мобилноста на студентите на Факултетот. И самата остварила две CEEPUS-мобилности на градежните факултети во Подгорица, Црна Гора (мај 2008) и во Софија (јуни 2011).

Активен член е на повеќе здруженија, како на пример: Друштвото на градежни конструктори - ДГКМ, Друштвото за теоретска и применета механика на Македонија – ДММ, Македонскиот центар за енергетска ефикасност – МАЦЕФ. Во октомври 2007 е добитник на Признание на ДГКМ за научно-истражувачкиот труд „Методата на гранични елементи за моделирање на испукани карпести средини: едно и двофазен тек и транспорт" – докторска теза, како и Признание за проектите за зајакнување и санација на мостовите на автопатот М-1, делница Катланово – Велес (со работната група ТМСА/мостови).

Од 2008 година, кандидатката беше член на Технички комитет бр. 8 „Топлински карактеристики на згради и градежни компоненти", во рамките на ИСРМ (Институт за стандардизација на Р Македонија), а од декември 2010 и негов претседател, како и претседател на преструктурираниот ТК 8 „Системи и опрема за топлинска заштита и заштита од пожар кај градежни компоненти". Член е на Работната група за воспоставување на државна мрежа за мониторинг на животната средина во Министерството за животна средина и просторно планирање, како и на Собранието на градежни инженери во Комората на овластени архитекти и инженери.

По изборот во звањето доцент, таа учествувала во подготовката на национални документи, и била член на организационен или програмски одбор на повеќе меѓународни научни/стручни собири. Листата на активности од овој домен е дадена во Анекс 2.

# ЗАКЛУЧОК

Кандидатката **д-р Тодорка Самарџиоска** во изминатиот петгодишен период по изборот во звањето доцент на Градежниот факултет, се докажа како вреден и исполнителен наставник и соработник, со изразена посветеност кон наставната, научноистражувачката и апликативната дејност. Се одликува со извонредна способност за пренесување и организација на наставните единици, а нејзината совесност, исполнителност и ангажман во наставата, како и нејзиниот одмерен и коректен однос кон студентите ја прави омилена меѓу нив.

Од приложената листа на научни трудови објавени во земјата и во странство, може да се констатира дека кандидатката е со изразена мотивираност за следење на најновите сознанија во науката од областа на механиката на деформабилно тело. Успешно ги применува нумеричките методи, особено методите со гранични елементи, за решавање на различни проблеми од механиката и нивната примена за различни инженерски конструкции и проблеми. Посебен интерес на нејзиното истражување претставуваат областите на градежната физика и енергетската ефикасност на градежните објекти.

Врз основа на изнесеното, личното познавање на кандидатката, нејзините професионални квалитети и научноистражувачкиот потенцијал со кој располага, како и досегашната соработка со неа, на Комисијата и претставува особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, **д-р Тодорка Самарџиоска**, дипл.град.инж., да биде избрана во наставно-научното звање **вонреден професор** за предметите на Катедрата за техничка механика и јакост на материјалите.

Членови на Рецензентската комисија

1. Проф. д-р Љупчо Лазаров, с.р.

2. Проф. д-р Светлана Петковска-Ончевска, с.р.

3. Проф. Марија Соларова, с.р.

АНЕКС 2

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Тодорка Илија Самарџиоска**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Градежен факултет - Скопје**
(име, татково име и презиме)

**Научна област:** **градежништво; техничка механика и јакост на материјалите**

Случајните процеси можат да бидат стационарни и нестационарни. Кај стационарните случајни процеси, параметрите кои ги карактеризираат не зависат од време. Стационарните случајни процеси најчесто се опишуваат преку средната вредност и варијансата, кои не зависат од времето. Кај нестационарните случајни процеси, параметрите кои ги опишуваат зависат од времето. Постои една класа случајни процеси, наречени стационарни во поширока смисла, кај кои средната вредност и варијансата не зависат од времето, меѓутоа постои и трет параметар, автокорелациона функција, кој не зависи од временскиот момент, туку само од временското растојание меѓу две вредности на процесот.

За момент не навлегувајќи во строги математички дефиниции, може да се каже дека стационарните случајни процеси во поширока смисла се карактеризираат со две функции:

- функција на густина на веројатност, која не зависи од време и која ја дава веројатноста одредена вредност (или интервал од вредности) да се појави во множеството вредности;

- автокорелациона функција, која ја дава меѓусебната зависност на две вредности од множеството (одбироци). Таа зависност зависи од "оддалеченоста" во време на тие два одбирока.

Функцијата на густина на веројатност не е предмет на оваа дисертација, така што понатамошното излагање ќе се фокусира на карактеристиките на автокорелационата функција на различни случајни процеси. Заради едноставност, доколку не е наведено поинаку, случајните процеси се стационарни во поширока смисла.

Автокорелационата функција на случаен процес $R(\Delta t)$, грубо речено, ја дава веројатноста дека два одбирока земени на растојание $\Delta t$ еден од друг ќе имаат иста вредност. (Напомена: ова е само концептуално толкување). Честопати се претпоставува дека случаен процес е некорелиран, т.е. дека вредноста на даден одбирок не зависи од вредноста на ниту еден друг. Кај овие процеси, автокорелационата функција има вредност 0 за ненулто $\Delta t$. Овие процеси се едноставни за опишување и секогаш се тежнее, доколку е можно, дадена величина да се опише со ваков процес.

Меѓутоа, постојат процеси кај кои вредностите за автокорелационата функција за ненулти $\Delta t$ не можат да се занемарат. Постојат два вида на вакви процеси:

- процеси со кратка меморија (short-range dependent), кај кои автокорелационата функција е сумабилна. Тоа значи дека иако постои одредена корелација меѓу одбироците, таа опаѓа брзо со зголемување на интервалот меѓу два одбирока. Најчесто ваков тип на автокорелациона функција се опишува како експоненцијално опаѓачка ($a^{-\Delta\tau}$);

- процеси со долга меморија (long- range dependent ), кај кои автокорелационата функција не е сумабилна. Кај овие процеси, корелацијата меѓу два одбироци е значајна, иако тие се временски оддалечени еден од друг. Најчесто ваков тип на автокорелациона функција се опишува со степенски опаѓачка функција ($\Delta t^{-a}$).

Историски, се тежнеело случајните процеси што карактеризираат дадени величини да се опишат како некорелирани или процеси со кратка меморија. Меѓутоа, утврдено е дека голем број од појавите во природата и техниката пројавуваат долга меморија. Основен пример, кој се смета за зачеток на користењето на процеси со долга меморија за опишување природни појави, е низата на вредности на годишниот минимален водостој на Нил за периодот од 622 до 1284 година. Подоцна е утврдено дека и други појави, посебно во комуникациските системи, подобро се опишани со случајни процеси со долга меморија. Како пример може да се наведе дека во класичната телефонија, должината на разговорите се опишува со некорелиран процес. Истото се однесува и на времињата помеѓу два последователни разговора. Меѓутоа, во пакетските мрежи, утврдено е дека големините на пакетите, а исто така и времињата помеѓу два последователни пакета не се некорелирани процеси, туку се карактеризираат со долга меморија. Токму поради денешното доминантно присуство и важност на пакетските мрежи во однос на класичните телефонски, процесите со долга меморија добиваат големо значење.

За опишување на комуникациските системи, почнувајќи од телефонските, се користи теоријата на редови на чекање. Меѓутоа, таа теорија не е ограничена само на опишување на тие системи, туку има огромно значење за опишување на кој било процес на опслужување.

Во теоријата на системи за масовно опслужување, т.е. редови на чекање, се дефинирани два основни процеса што карактеризираат даден систем: процес на доаѓање и процес на опслужување. Тоа се случајни процеси чии особини зависат од конкретниот проблем. Во класичната теорија, овие два процеси може да имаат различни функции на веројатност (густина на веројатност), меѓутоа заедничка особина е следната: и двата процеси се некорелирани. Тоа значи дека времето помеѓу две доаѓања не зависи од ниту една претходна вредност на интервал помеѓу две доаѓања. Аналогно важи и за времињата на опслужување. Оваа претпоставка важи за голем дел од процесите, но не и за сите. Утврдено е дека доколку се направи таква претпоставка за да се анализира систем чии процеси на доаѓање и опслужување имаат долга меморија, тогаш се добиваат вредности за големината на редовите што се помали од реалните. Тоа значи дека доколку се проектира систем кој има ограничени големини на редовите и се сака да се постигне одредена веројатност на одбиени клиенти, тогаш реалната веројатност на одбивање би била поголема од предвидената. Заради ова, битно е да се земе предвид и степеност на корелираност на овие два процеса во случај кога таа не може да се занемари.

Процесите со долга меморија се карактеризирани со таканаречениот Хурст - параметар. Тој има вредност помеѓу 0.5 и 1 и го одредува степенот на корелираност. Колку Хурст - параметарот е поблизок до 1, толку степенот на корелација на долги растојанија е поголем.

Постојат бројни методи за одредување на Хурст параметарот. Сите тие се базирани на различни основни карактеристики на автокорелационата функција на процес со долга меморија. Од сите тие методи, посебно значење има естиматорот базиран на вејвлет трансформацијата.

Вејвлет - трансформацијата е трансформација чии базични функции се наречени вејвлети (wavelet) и кои ги имаат следниве основни карактеристики:

- сите базични функции се добиени со скалирање (дилатација или контракција) и поместување (транслација) на една референтна функција, наречена мајка-вејвлет (mother wavelet);

- средната вредност на мајка-вејвлетот е нула. Тоа значи дека вејвлетите се осцилирачки функции;

- мајка-вејвлетот е функција која е локализирана и во време и во спектар. Бидејќи функција не може да биде строго ограничена истовремено и во време и во спектар, претходниот услов значи дека најголем дел (но не и целиот) од енергијата на мајка-вејвлетот е сконцентриран во ограничен временски интервал и во ограничен фреквентен опсег.

Битна карактеристика на вејвлет - трансформацијата е дека таа дава можност даден сигнал (трансформиран сигнал) да се “види” на различни временски скали, т.е. на различни нивоа на агрегација. Бидејќи процесите со

долга меморија имаат карактеристика да ги задржуваат статистичките карактеристики на различни степени на агрегација, анализата на овие случајни процеси со користење на вејвлети е нормален и интуитивен чекор.

Меѓутоа, постои и друга битна причина зошто вејвлет - трансформацијата е погодна за анализа на процеси со долга меморија. При одредување на параметрите на случаен процес врз база на множество вредности, големината на множеството игра значајна улога. Ова е уште побитно за процесите со долга меморија, бидејќи за што поточно да се карактеризираат, потребни се многу одбироци, што може да доведе до тешкотии при пресметките. За вејвлет трансформацијата, постојат многу ефикасни алгоритми кои се погодни за анализа на множества со огромен број членови.

## 3. Цели на докторската дисертација

Овде се поставува прашањето, зошто е битно да се карактеризираат величините, кога веќе се поседува множество од вредности? Постојат неколку причини за тоа:

- Множеството од вредности е собрано при едно набљудување на појавата во даден временски интервал. Честопати е потребно да се проучат поголеми или помали множества од вредности со исти карактеристики, така што повторно прибирање на податоци е неефикасно.

- Наместо да се *складира* целокупното множество вредности, порационално е да се биде во можност во кој било момент да се *генерира* ново множество вредности со исти карактеристики со оригиналното

- Многу често се јавува потреба да се користи множество од вредности што не е *идентично* со оригиналното, но е сепак *слично*, т.е. имаат заеднички карактеристики. Најтривијален пример е да се карактеризира множество вредности чија средна вредност е *ц* пати поголема/помала од оригиналното. Ова е особено битно кога множеството вредности само по себе не е предмет на истражување, туку тоа е влез во систем кој се проучува и чиј излез е од интерес. Токму ова претставува основа за креирање на симулациски модели за дадени појави.

Поради причините наведени погоре, се заклучува дека е многу битно да може да се опишат множествата од вредности (кои всушност ги претставуваат појавите што се проучуваат) со што поедноставни функции, а притоа да се задржат карактеристиките што се важни во конкретното истражување.

Една од основните цели на оваа дисертација е да се искористи вејвлет - трансформацијата за да се одреди степенот на корелација на случајни процеси кои би се користеле да се опишат дадени појави карактеризирани со множества вредности. Вредностите добиени за степенот на корелација би се искористиле за креирање на модели на тие процеси со цел идно генерирање на одбироци со дадена корелација.

Втората цел на дисертацијата е креирање на симулациски модел за редови на чекање (систем за масовно опслужување) чии процеси на доаѓање и

опслужување се карактеризираат со незанемарлива корелација, т.е., долга меморија. Притоа, степенот на корелација веќе би бил одреден со користење на вејвлет - трансформацијата.

## 4. Методолигија на истражувањето

Во текот на изработката на докторската дисертација, планирано е да се користат следниве методи на истражување:

- анализа на тековните решенија на проблемот;

- прибирање на податоци за анализа. При ова, иницијално се планира да се користат множества податоци што се јавни (достапни на интернет) и до кои може да се слободно да се пристапи. Постои идеја да се побараат податоци за мрежен сообраќај од некои институции, со што би се добиле значајни резултати и применливи за давателите на податоци, меѓутоа со оглед на тоа што податоците би можеле да се сметаат за доверливи и осетливи, во овој дел е можно да се наиде на тешкотии;

- примена на алгоритмите за одредување на Хурст параметарот со користење на вејвлет трансформацијата;

- креирање на симулациски модел за редови на чекање чии процеси на доаѓање и опслужување се карактеризираат со долга меморија;

- тестирање на моделот;

- толкување на резултатите, при што акцентот би се ставил на споредба на редовите на чекање кога процесите на доаѓање и опслужување имаат и немаат долга меморија.

## 5. Очекувани резултати од истражувањето

Како резултат на докторската дисертација се очекува да се утврди степенот на корелација на случајните процеси што ќе се истражуваат. Доколку за даден процес се утврди дека е некорелиран, тогаш за негово карактеризирање би можеле да се користат стандардните методи и параметри (средна вредност и варијанса). Доколку, пак, процесот е со долга меморија, тогаш во неговото карактеризирање мора да се земе предвид и автокорелационата функција, која би се опишала како степенски опаѓачка, со експонент кој зависи од пресметаниот Хурст - параметар. Дополнително, креираниот симулациски модел на редови на чекање ќе се искористи за определување на големините на редовите при дадени процеси на доаѓање и опслужување, кога тие процеси имаат долга меморија.

# ЗАКЛУЧОК

1. Комисијата е на мислење дека кандидатот м-р Никола Цацков, врз основа на досегашниот степен на образование, научноистражувачката и стручна работа, располага со потребните знаења и способност за изработка на предложената тема за докторска дисертација и ги исполнува условите предвидени со Правилникот за стекнување докторат на Машинскиот факултет во Скопје.

2. Врз основа на образложението на пријавената тема, методологијата на истражувањето, обемот, целите и очекуваните резултати, Комисијата смета дека предложената тема за изработка на докторска дисертација со наслов: „Одредување на степенот на корелација кај дискретни случајни процеси, како основа за креирање на модели за масовно опслужување кои се карактеризираат со долга меморија " е подобна и претставува актуелно и современо истражување и ги исполнува потребните критериуми за изработка на докторска дисертација.

3. За ментор на кандидатот при изработувањето на докторската дисертација се предлага проф. д-р Ванчо ДОНЕВ од Машинскиот факултет во Скопје.

11.3.2012 година

Комисија

1. Проф. д-р Ванчо ДОНЕВ, Машински факултет – Скопје, с.р.

2. Проф. д-р Роберт МИНОВСКИ, Машински факултет – Скопје, с.р.

3. Проф. д-р Алекса МАЛЧЕВСКИ, Машински факултет – Скопје, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО НАУЧНО ЗВАЊЕ-НАУЧЕН СОРАБОТНИК ВО ОБЛАСТА ТЕХНОЛОГИЈА НА МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ ПРИ ИНСТИТУТОТ ЗА СТОЧАРСТВО ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Институтот за сточарство во Скопје, на седницата одржана на 4.5.2012 година, донесе одлука бр.0201-451, со која е формирана Рецензентска комисија во состав :

1. проф. д-р Соња Србиновска, редовен професор при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје
2. проф. д-р Боне Палашевски, редовен професор при УКИМ-Институт за сточарство, Скопје и
3. доц. д-р Никола Пациновски, доцент при УКИМ-Институт за сточарство, Скопје,

со задача да изврши рецензија за избор на еден работник во научно звање-научен соработник во областа технологија на млеко и млечни производи во УКИМ Институт за сточарство, Скопје.

Откако ја прегледа доставената документација, Комисијата до Научниот совет на Институтот за сточарство го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На распишаниот конкурс за избор во научно звање-научен соработник во научната област, технологија на млеко и млечни производи при Институтот за сточарство во Скопје, објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ на ден 9.4.2012 година, се пријави само кандидатката д-р Наташа Матева, со соработничко звање-асистент по млекарство во лабораторијата за млеко и млечни производи при Институтот за сточарство во Скопје.

1. *Биографски податоци за кандидатката*

д-р Наташа Матева е родена на 5.12.1968 година, во Скопје, каде што го завршила основното и средното образование. На Факултетот за земјоделски науки и храна-сточарска насока, се запишала во учебната 1987/88 година и дипломирала во 1992 година.

Во учебната 1995/96 година се запишала на постдипломски студии, на групата технологија на анимални производи, подгрупа технологија на млеко и млечни производи на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од 1998 година се вработила во Институтот за сточарство во Скопје, на работното место, помлад асистент во научната област технологија на млеко и млечни производи во Одделението за биотехнологија на растителни и анимални производи. Како помлад асистент била вклучена во реализација на четири научно истражувачки проекти, финансирани од страна на Министерството за наука и образование.

На 8.11.2004 година го има одбрането магистерскиот труд под наслов *Влијанието на протеолитичките ензими врз текот на зреењето на биеното сирење*, пријавен на Факултет за земјоделски науки и храна-Институт за анимална биотехнологија, во Скопје и со тоа се здобила со научен степен-магистер на земјоделски науки и храна.

На 5.2.2005 година е избрана во соработничко звање асистент истражувач во научната област технологија на млеко и млечни производи, во Институтот за сточарство во Скопје ( Билтен бр. 865 од 17.1.2005 година).
Како главен истражувач и соработник е вклучена во реализација на еден научно-истражувачки проект, кој бил финансиран од страна на МОН и два апликативни проекта, финансирани од страна на МЗШВ.

Од 2.2.2005 година била назначена за раководител на Лабораторијата за контрола на квалитет на млеко и млечни производи, во состав на Заводот за сточарство при Институтот за сточарство во Скопје.

На 6.3.2009 година е преизбрана во истото звање, согласно со референтот објавен во Билтен бр. 957 од 2.2.2009 година.

На 24.2.2012 година успешно ја има одбрането докторската дисертација под наслов *Учество на серум-протеините при производство на бело саламурено сирење со ултрафилтрација*, со што се здобила со научен степен доктор на науки од областа на земјоделските науки и храна.

Д-р Наташа Матева моментално е во редовен работен однос како асистент при УКИМ-Институт за сточарство, Скопје. Како автор и коавтор има учествувано во 25 научни трудови и зела активно учество на повеќе конгреси, симпозиуми и научно стручни собири во земјата и во странство.

2. <u>Стручни усовршувања</u>

Има учествувано на студиски престој: International Course on Dairy Cattle Production, во периодот од август-септември 2005., кибуц Шефаим, Израел.

Со цел за реализација и припрема на Лабораторијата за млеко и млечни производи, при УКИМ-Институт за сточарство за акредитација, има учествувано во обуката "Modernization of the Milk Laboratory", мај.2006, Биотехнички факултет Љубљана, Р. Словенија.

За имплементација на европските стандарди во млечниот сектор има учествувано на курсот за обука „Modernization of the Macedonian Agro & Food Economy and its Aproximation to the EU“, април-мај.2006, Лајпциг, Р. Германија.

Престојувала и се има здобиено со сертификат за обука за постапка и процедура за добивање на заштита на географско потекло (PGO), традиционална специфична карактеристика (TSg) и знак за квалитет на земјоделски производи „Modification and implementation of Seal of Quality Program“, август.2007, Загреб, Хрватска.

Во периодот од април-мај.2009 има учествувано на обуките за „Governing food safety in international trade“ и „ Food safety and quality managment in agrifood chains“, во Вагенинген, Холандија.

Има реализирано повеќе консултански услуги како координатор за имплементација на системот за анализа на ризик и критични контролни точки (HACCP), во поголем број преработувачки капацитети.

Од 16 до 20 март, 2009 година има учествувано на обуката за акредитација на лабораториите во согласност со ISO 17025, во организација на SWEDAC и National Food Administration.

Има учествувано во изработка на анализите за магистерски и докторски теми, како и давање на мислење за нивно авторезиме.

3. <u>Научно истражувачка дејност</u>

Д-р Наташа Матева, покрај стручно-апликативната дејност, активно учествува во научноистражувачката дејност. Таа активност е изразена преку учество во следниве проекти:

1. Апликативен меѓународен проект како соработник (јуни 2006): " Assesment of the companies which applied in the call for Aplicants procedure", Small and Medium Enterprise Development Project, by GFA, Hamburg.
2. Апликативен меѓународен проект како соработник (февруари-мај 2007): "Direct enterprise support in the dairy sector and association of the dairy producers", Small and Medium Enterprise Development Project, by GFA, Hamburg
3. Апликативен меѓународен проект како соработник (2008-2010): "Production of yellow hard sheep and cow cheese by application of rennet powder in the Kumanovo region", MAASP, Project by SIDA.
4. Апликативен меѓународен проект како соработник (2008-2010) "Value chain analysis on sheep milk for processing in the Gostivar region ", MAASP, Project by SIDA.
5. Апликативен меѓународен проект како соработник (2010-2011): "Promoting HNV farming and Agri-environment payments trough Civil Society Organizations in Macedonia", DEM во соработка со Avalon, Холандија.
6. Учесник во меѓународен научно истражувачки проект под наслов: Производство и користење на минерално-витаминските предсмеси, дополнителни протеински смеси и други додатоци за исхрана на животните со висок генетски потенцијал во услови на еколошко производство на храна, 2007,МОН
7. Учесник во национален научноистражувачки проект под наслов: Користење на фиксирани (fixed models) и мешани модели (animal models) при селекција на млечните популации овци во Р. Македонија, 2010, МОН.

Во досегашната научноистражувачка работа, кандидаката д-р Наташа Матева има објавено 25 научни труда, од кои 19 се рецензирани во билтените на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје (бр. 865 од 17.1.2005 и бр. 957 од 2.2.2009 година).

За овој избор, кандидатката ги има доставено следниве трудови за рецензирање:

1. E.Eftimova, N. Pacinovski, V. Domazetova-Lambevska, **N. Mateva**, Z. Naletoski **(2011)**.
   Comparative research on meat price o lamb of awasi crossbreeds and domestic population sheep.
   Journal of Mountain Agriculture on the Balkans, vol.14,(2):244-255, Troyan, Bulgaria.

   Во трудот се следени производните и економските резултати во текот на 2005 година на популација на овци $Ф_1$генерација на овци (вкрстосувани помеѓу домашна популација на овци со аваси овни) и домашна популација на овци (овчеполска овца). Калкулацијата и анализата на производство и економските резултати даваат можност за утврдување на дополнителни параметри на економска ефективност и рентабилност на

производството на фармите. Била калкулирана производната цена на кг/јагнешко месо, преку расходите и приходите за него. Целта била да се даде можност на фармерите по прв пат да одлучат кој начин на продукција ќе го користат во иднина.

2. N. Pacinovski, E.Eftimova, , N. Gorgovska, **N. Dubrova-Mateva**, Z. Naletoski, A.Palasevska **(2011)**.
Production results of early weaned lambs from domestic merinized sheep in Macedonia.
Journal of Mountain Agriculture on the Balkans, vol.14,(1):76-89, Troyan, Bulgaria.

Во текот на истражувањето биле вклучени јагниња од домашна меринизирана овца, поделени во три групи, од кои секоја група содржи 10 машки и 10 женски јагниња. Највисока жива маса за двата пола било утврдено кај јагниња од втората експериментална група (18,50), која во споредба со останатите две групи (контролна и прва опитна) е повисока за 1,10 или 4,06%. Утврдените разлики помеѓу групите во однос на финалната тежина не е забележана статистичка значајна разлика. Просекот на вкупниот и дневниот прираст на јагнињата, од контролната група за целиот период (1-70 ден) е 13,90 кг(198 г.), додека кај останатите експериметални групи е 13,21 кг (189 г.) и 13,82 кг (197г.). Во првата група општа консумација на фураж за јагниња, низ целиот опитен период (15-17 ден) е 37,19 кг со просечна дневна консумација 676 г., додека за втората група вкупната консумација за јагниња за периодот 29-70 ден е 32,07 кг и дневно 782 г. Конверзијата на храна, сурови протеини и енергетската вредност за кг/прираст за јагне, за првата експериментална група изнесува 3,65 кг, 636,19 г/кг и 39,78MJ ME додека кај јагнињата од втората експериментална група таа вредност изнесува 3,90 кг, 679,77г/кг и 42,51MJ ME. Вкупната млечна продуктивност во текот на целиот експериментален период за молзните овци од првата експериментална група е 34,72 л, додека пак, кај, молзните грла од втората група е 28,65 л.

3. E.Eftimova, **N. Mateva**, V. Lambevska-Domazetova, N. Pacinovski **(2011)**.
Value chain analysis:Sheep milk for processing in the Gostivar region, Republic of Macedonia
Journal of Hygienic Engineering and Design, vol. 1, 305-308

Цел на овој трудот е да се анализираат начините за зголемување на производството на овчо млеко за преработка во гостиварскиот регион, Република Македонија, во текот на 2008 година. Како производ на преработка бил овчиот кашкавал наменет за домашниот пазар кој се произведува во една регионална млекарница. Изработена е економска анализа на исплатливоста на произведеното овчо млеко и утврдени се недостатоците на производството. Исто така истражувана е мотивираноста на фармерите за зголемување на ова производство и направена е анализа на недостатоците во текот на производството. Добиените резултати покажале слаба мотивираност на фармерите за продажба на овчото млеко во млекарниците поради ниската откупна цена. Производството на млеко било на ниско ниво заради генетската предиспозиција на овците кои се одгледуваат во регионот и слабата примена на зоотехнички мерки. Производната цена на литар овчо млеко била висока поради високата цена на добиточната храна и ангажирањето на работна рака на фармите, неводењето на матична евиденција и книговодство на фарма, недоволната обработеност на пазарот од страна на производителот на овчи кашкавал и др. Утврдените недостатоци во оваа анализа треба да им послужат на

фармерите, советниците во АПРЗ и преработувачите во изнаоѓање на начини за зголемување на производството на овчо млеко во регионот, како и за подобрување на економичноста и рентабилноста на тоа производство.

4. **N. Mateva**, D. Mihajlov, E.Eftimova, Z. Naletoski, N. Pacinovski **(2011)**
   *Dynamics of ripening of cheese, type Chedar.*
   Journal of Hygienic Engineering and Design, vol. 1, 316-319

   Во текот на истражувањето било испитувано влијанието на некои протеолитички ензими како сиришни ензими и Lactobacillus casei, како помошна стартер култура врз брзина на протеолитичка разградба и зреење кај сирењето од типот чедар. Следени се четири варијанти на сирење, произведени по процедура и технологија на производство од Kosikowski, 1982. Варијантите биле следени во текот на 90 дена од зреење, со три повторувања и анализирани во однос на хемискиот состав. Од добиените резултати, средната вредност од содржината на вкупен азот на крајот на зреење (90-ти ден), се движела од 3,74% до 3,91%. Процесот на зреење е утврден преку содржината на растворливиот азот, кој се движел од 0.745 до 0.753% и со подлабоки промени на протеолиза, во содржината на растворливиот азот од 0,915% (вар.2) и 0,948% (вар.4). Преку добиените резултати за примарните азотни материи кои се движеле во граници од 0,429% до 0.514% и секундарните азотни материи од 0,332% до 0,434%, се добива реалната слика дека се работи за сирење со продолжена и длабока протеолиза. Целта на истражувањето е да се утврди динамиката и брзината на зреење во однос на користените сиришните ензими и стартер-култури, како и влијанија врз подобрување на квалитетот на сирењето.

5. B. Palasevski, Z. Naletoski, **N. Mateva (2009).**
   ***Current situation and perspective of cattle breeding in Republic of Macedonia.***
   Biotechnology in Animal Husbandry 25 (5-6), p.581-590

   Во овој труд е опфатена моменталната состоба и перспективите за развој на говедарството во Р. Македонија. Македонија, и покрај својот потенцијал за развој на вкупното земјоделство, како и сточарството, спаѓа во земји кои не ги задоволуваат сопствените потреби за храна и поголемиот дел од своите потреби ги задоволуваат од увоз. Во нашата држава, говедарството во сточарското производство учествува со 24,5%, додека сточарското производство во вкупното земјоделство со 35,3%. Препознатливи карактеристики на македонското говедарство се мали фарми со 2-3/грла на фарма (75% од вкупниот број на фармери и мала земјоделска површина (80% се со земјоделска површина од 1-3 ха). Како перспективи за развој на говедарското производство во Р. Македонија и надминување на овој тип на ситно сточарење се: утврдување на бројот на грла на 100 ха земјоделска површина; хармонизирање на производство на сточарските производи о согласност со потребите на популацијата;максимално искористување на земјоделските земјишни ресурси и покривање со сточна храна од сопствени извори; воведување на стандарди за контролно и квалитетно производство и усогласување со системот на производство „ од фарма до трпеза“.

фармерите, советниците во АПРЗ и преработувачите во изнаоѓање на начини за зголемување на производството на овчо млеко во регионот, како и за подобрување на економичноста и рентабилноста на тоа производство.

4. **N. Mateva**, D. Mihajlov, E.Eftimova, Z. Naletoski, N. Pacinovski **(2011)**
   *Dynamics of ripening of cheese, type Chedar.*
   Journal of Hygienic Engineering and Design, vol. 1, 316-319

Во текот на истражувањето било испитувано влијанието на некои протеолитички ензими како сиришни ензими и Lactobacillus casei, како помошна стартер култура врз брзина на протеолитичка разградба и зреење кај сирењето од типот чедар. Следени се четири варијанти на сирење, произведени по процедура и технологија на производство од Kosikowski, 1982. Варијантите биле следени во текот на 90 дена од зреење, со три повторувања и анализирани во однос на хемискиот состав. Од добиените резултати, средната вредност од содржината на вкупен азот на крајот на зреење (90-ти ден), се движела од 3,74% до 3,91%. Процесот на зреење е утврден преку содржината на растворливиот азот, кој се движел од 0.745 до 0.753% и со подлабоки промени на протеолиза, во содржината на растворливиот азот од 0,915% (вар.2) и 0,948% (вар.4). Преку добиените резултати за примарните азотни материи кои се движеле во граници од 0,429% до 0.514% и секундарните азотни материи од 0,332% до 0,434%, се добива реалната слика дека се работи за сирење со продолжена и длабока протеолиза. Целта на истражувањето е да се утврди динамиката и брзината на зреење во однос на користените сиришните ензими и стартер-култури, како и влијанија врз подобрување на квалитетот на сирењето.

5. B. Palasevski, Z. Naletoski, **N. Mateva (2009).**
   ***Current situation and perspective of cattle breeding in Republic of Macedonia.***
   Biotechnology in Animal Husbandry 25 (5-6), p.581-590

Во овој труд е опфатена моменталната состоба и перспективите за развој на говедарството во Р. Македонија. Македонија, и покрај својот потенцијал за развој на вкупното земјоделство, како и сточарството, спаѓа во земји кои не ги задоволуваат сопствените потреби за храна и поголемиот дел од своите потреби ги задоволуваат од увоз. Во нашата држава, говедарството во сточарското производство учествува со 24,5%, додека сточарското производство во вкупното земјоделство со 35,3%. Препознатливи карактеристики на македонското говедарство се мали фарми со 2-3/грла на фарма (75% од вкупниот број на фармери и мала земјоделска површина (80% се со земјоделска површина од 1-3 ха). Како перспективи за развој на говедарското производство во Р. Македонија и надминување на овој тип на ситно сточарење се: утврдување на бројот на грла на 100 ха земјоделска површина; хармонизирање на производство на сточарските производи о согласност со потребите на популацијата;максимално искористување на земјоделските земјишни ресурси и покривање со сточна храна од сопствени извори; воведување на стандарди за контролно и квалитетно производство и усогласување со системот на производство „ од фарма до трпеза“.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на стручните усовршувања и научно истражувачката работа на пријавениот кандидат, Комисијата заклучи дека ***д-р Наташа С. Матева***, поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование на Р. Македонија, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето ***доцент***, во научната област технологија на млеко и млечни производи.

Според напред наведеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Научниот совет на Институтот за сточарство во Скопје, кандидатката ***д-р Наташа С. Матева*** да биде избрана во звањето ***доцент*** во научната област технологија на млеко и млечни производи.

Рецензентска комисија

1. проф. д-р Соња Србиновска ________________ с.р.
   Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје
2. проф. д-р Боне Палашевски ________________ с.р.
   Институт за сточарство, Скопје
3. доц. д-р Никола Пациновски ________________ с.р.
   Институт за сточарство, Скопје

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **д-р Наташа Матева**
Институција: УКИМИнститут за сточарство
Научна област: *технологија на млеко и млечни производи*

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ (НИ)

| Ред.бр. | Назив на активноста | поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Учесник во национален научен проект:** | |
| 1.1. | Учесник во национален научноистражувачки проект под наслов: *Селекција кај говедата преку генетски полиморфизам на протеините во млекото*, 1998, МОН (Архивски бр.0801-815 од 31.12.1999 година) | 3,0 |
| 1.2. | Учесник во национален научно истражувачки проект под наслов: *BLAD фактор кај холштајн-фризиска популација во Република Македонија* 2011, МОН (архивски бр. 08-807 од 2.11.2001 година) | 3,0 |
| 1.3. | Учесник во меѓународен научноистражувачки проект под наслов: *Производство и користење на минерално-витаминските предсмеси, дополнителни протеински смеси и други додатоци за исхрана на животните со висок генетски потенцијал во услови на еколошко производство на храна*, 2007,МОН (Одлука бр.0201-496 од 17.07.2007 година) | 5,0 |
| 1.4. | Учесник во национален научноистражувачки проект под наслов: *Исхрана-фактор за експонирање на производните својства кај холштајн-фризиските високо млечни крави во услови на Р.Македонија*, 2007, МОН (Одлука бр.0201-180 од 30.3.2007 година) | 3,0 |
| 1.5. | Учесник во национален научноистражувачки проект под наслов: *Користење на фиксирани (fixed models) и мешани модели (animal models) при селекција на млечните популации овци во Р. Македонија*, 2010, МОН | 3,0 |
| 1.6 | Учесник на национален апликативен проект (2008-2009): "Македонски биволи како автохтон генетски ресурс", конкурс на МЗШВ | 3,0 |
| 1.7 | Раководител на национален апликативен проект (2008-2009): "Технологија и постапка (процедура) за заштита на потекло (PDO), географска ознака (PGI) и гарантирана традиционална специјалност на мариовско овчо биено сирење, конкурс на МЗШВ. ( Бр. на договор 0307-496 од 14.11.2008) | 6,0 |
| 1.8. | Учесник во апликативен меѓународен проект како соработник (јуни 2006): " Assesment of the companies which applied in the call for Aplicants procedure", Small and Medium Enterprise Development Project, by GFA, Hamburg | 5,0 |
| 1.9 | Учесник во апликативен меѓународен проект како соработник (февруари-мај 2007): "Direct enterprise support in the dairy sector and association of the dairy producers", Small and Medium Enterprise Development Project, by GFA, Hamburg | 5,0 |
| 1.10 | Учесник во апликативен меѓународен проект како соработник (2008-2010): "Production of yellow hard sheep and cow cheese by application of rennet powder in the Kumanovo region", MAASP, Project by SIDA. | 5,0 |
| 1.11. | Учесник во апликативен меѓународен проект како соработник (2008-2010): "Value chain analysis on sheep milk for processing in the Gostivar region ", MAASP, Project by SIDA. | 5,0 |
| 1.12. | Учесник во апликативен меѓународен проект како соработник (2010-2011): "Promoting HNV farming and Agri-environment payments trough Civil Society Organizations in Macedonia", DEM во соработка со Avalon, Холандија. | 5,0 |
| **2.** | ***Труд со оргинални научни резултати, објавени во научно/стручно*** | |

| | | |
|---|---|---|
| | ***списание:*** | |
| 2.1. | E.Eftimova, N. Pacinovski, V. Domazetova-Lambevska, **N. Mateva**, Z. Naletoski **(2011)**. Comparative research on meat price o lamb of awasi crossbreeds and domestic population sheep. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans, vol.14,(2):244-255, Troyan, Bulgaria. | 2,4 |
| 2.2. | N. Pacinovski, E.Eftimova, , N. Gorgovska, **N. Dubrova-Mateva**, Z. Naletoski, A.Palasevska **(2011)**. Production results of early weaned lambs from domestic merinized sheep in Macedonia. Journal of Mountain Agriculture on the Balkans, vol.14,(1):76-89, Troyan, Bulgaria. | 2,4 |
| **3.0.** | ***Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно тело/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор:*** | |
| 3.1. | E.Eftimova, **N. Mateva**, V. Lambevska-Domazetova, N. Pacinovski **(2011)**. Value chain analysis:Sheep milk for processing in the Gostivar region, Republic of Macedonia. Journal of Hygienic Engineering and Disgh, vol. 1, 305-308. | 3,6 |
| 3.2. | **N. Mateva**, D. Mihajlov, E.Eftimova, Z. Naletoski, N. Pacinovski **(2011)**. *Dynamics of ripening of cheese, type Chedar.* Journal of Hygienic Engineering and Design, vol. 1, 316-319. | 3,6 |
| 3.3. | B. Palasevski, Z. Naletoski, **N. Mateva (2009).** *Current situation and perspective of cattle breeding in Republic of Macedonia.* Biotechnology in Animal Husbandry 25 (5-6), p.581-590. | 4,8 |
| 3.4. | **N.Dubrova-Mateva,** Z. Naletoski, B. Palasevski **(2008).***Technology and chemical composition of beaten cheese in Republic of Macedonia.* Biotechnology in Animal Husbandry 24 (1-2), p.139-147. | 4,8 |
| **4.0** | ***Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир:*** | |
| 4.1. | Н. Пациновски, Н. Козаровски, Б. Палашевски, В. Џабирски, М. Адамов, З. Налетоски, **Н. Матева (1999)**. *Квалитетни својства на млекото кај мелезите од Ф1генерација , помеѓу домашната меринизирана овца со расите од Хиос и Сардиниска.* 7th Conference for ovine and caprine production and 5th Symposium on animal reproduction, Ohrid. R. Macedonia. | 1,2 |
| 4.2. | Б. Палашевски, З. Налетоски, **Н. Дуброва-Матева**, Н. Козаровски, Е. Јончевска **(2000)**. *Компаративни испитувања на квалитетот на млекото од домашните холштајнфризиски крави и холандската раса.*<br>8th Conference for ovine and caprine production and 6th Symposium on animal reproduction, Ohrid. R. Macedonia. | 1,2 |
| 4.3. | B. Palasevski, S. Gjeorgjievski, G. Cilev, **N. Dubrova-Mateva**, Z. Naletoski **(2000)**. Detection of antibiotics in milk with Delvotest SP by different way of their application. 8th Conference for ovine and caprine production and 6th Symposium on animal reproduction, Ohrid. R. Macedonia. | 1,2 |
| 4.4. | B. Palasevski, S. Gjeorgjievski, G. Cilev, **N. Dubrova-Mateva**, Z. Naletoski **(2006)**. *Ishrana-Faktor eksponiranja proizvonih sposobnosti kod visokomlečnih holštajn-friziskih krava u uslovima Republike Makedonije.* Savremena poljoprivreda, vol.55, 1-2, str.166-170, Novi Sad. | 1,2 |
| 4.5. | N. Dubrova Mateva, S. Srbinovska, B.Palasevski (2006). Dynamics of nitrogen materials during the ripening of beaten cheese. Symposium " Milk and products of milk" Tara, Serbia. | 1,6 |
| 4.6. | B. Palasevski, S. Gjeorgjievski, G. Cilev, Z. Naletoski, **N. Dubrova-Mateva, (2007)**. *Uticaj ishrane krava na količinu I kvalitet mleka Savremena poljoprivreda*, vol.56, 3-4, str.37-46, Novi Sad. | 1,2 |
| 4.7. | В. Какуринов, Б. Петановска, П. Коцарев, В. Димова, В. Андоноска, **Н. Дуброва Матева (2007)**. *Температура на чување, транспорт и продажба на јогуртот во однос на квалитетот и безбедноста.* Јубилеен годишен зборник на трудови на Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје, Р. Македонија | 1,2 |
| **5.0** | ***Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник*** | |

| | | |
|---|---|---|
| | ***на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор:*** | |
| 5.1. | **Н.Дуброва-Матева**, С.Србиновска, В.Какуринов, В.Андоноска **(2001)**. *Споредбени испитувања за влијанието на пепсинското и химозинското сирило врз технолошките својства на кравјото млеко.* Јубилеен зборник на трудови, Струга, Македонија. | 1,8 |
| 5.2. | Б.Палашевски, З. Поповски, **Н. Дуброва-Матева**, В. Андоноска, Б. Танасковска, З. Налетоски **(2001)**. *Полиморфизам на к-казен и β-лактоголобулин во кравјото млеко.* Јубилеен зборник на трудови, Струга, Македонија. | 1,8 |
| 5.3 | В. Андоновска, В. Какуринов, Б. Палашевски, **Н. Дуброва-Матева**, М. Ѓорѓоска **(2001)**. *Микробен статус на кравјото млеко при производство на биено сирење.* Јубилеен зборник на трудови, стр.13 Струга, Македонија | 1,8 |
| 5.4. | В.Какуринов, Б. Илиевска-Петановска, Б.Петрова, С. Ѓошиќ-Михајловска, В. Левков, **Н. Дуброва-Матева (2007)**. *Моментална состојба со меѓународните стандарди во Република Македонија,* Зборник на трудови, стр. 399, Охрид, Македонија | 1,8 |
| 5.5. | **Н. Дуброва Матева**, В. Какуринов, С. Србиновска, З. Налетоски **(2007)**. *Технологија на биеното сирење во полуиндустриски услови и начин за негова заштита како традиционален производ.* Зборник на трудови, стр. 389, Охрид, Македонија. | 1,8 |
| 5.6. | Б. Палашевски, Ѓ. Буневски, З. Налетоски **, Н.Дуброва Матева (2007).** *Состојба и перспективи на производството на млеко во Р. Македонија.* Зборник на трудови, стр. 643, Охрид, Македонија. | 1,8 |
| 5.7. | Б. Палашевски, С. Ѓоргиевски, Г. Цилев, З. Налетоски, **Н. Матева (2007).** *Влијание на исхраната врз експонирање на генетскиот потенцијал кај холштајн фризиските крави.* Зборник на трудови, стр.649, Охрид, Македонија. | 1,8 |
| 5.8. | С. Србиновска, **Н. Дуброва-Матева (2007)**. Processing of different kinds soft Italian cheese-MOZZARELLA. Зборник на трудови, стр.701, Охрид, Македонија | 2,7 |
| **6.0** | ***Апстракти објавени во зборник на конференција (меѓународна, национална)*** | |
| 6.1. | B. Palsevski, Z. Naletoski, **N. Dubrova-Mateva**, N.Pacinovski **(1999)**. *Correlation between the number of somatic cells and the quqlity of the milk in different phase of lactation.* 2nd Slovenian congres with international participation, p.23 Portoroz, Slovenia | 1,0 |
| 6.2. | В. Какуринов, С. Србиновска, **Н. Дуброва-Матева (2003)**. *Класификација на биеното сирење и негови шанси на пазарот.* Зборника на апстракти,стр. 41 Охрид, Р. Македонија | 1,0 |
| 6.3. | **Н. Дуброва-Матева**, С. Србиновска, З. Налетоски, Б. Палашевски, Н. Николовски, А. Плашевска **(2009)**. *Мариовско овчо биено сирење во Република Македонија.* Зборник на апстракти, стр.178, Струга, Р. македонија | 1,0 |
| 6.4. | Б. Палашевски, Г. Буневски, З. Налетоски, **Н. Дуброва-Матева** , А. Палашевска , Н. Николовски **(2009)**. *Македонските биволи како автохтон генетски ресурс.* Зборник на апстракти, стр. 40, Струга, Р. Македонија | 1,0 |
| 6.5. | N. Dubrova Mateva, S. Srbinovska **(2010)**. Technological and chemical properties of traditional “Bieno” cheese in Macedonia. Proceedings book. 1st International symposium on “ traditional foods from Adriatic to Caucasus”, Tekirdag, Turkey. | 1,0 |
| | **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | поени |
| 1.0. | Координатор во подготовка на елаборат за нова студиска програма | |
| 1.1. | Изработка на елаборат како координатор за влијание на објектот-млекарата „Бистра“ Кичево, врз животната средина<br>Бр. на договор. 0307-488 од 6.7.2009 | 1,0 |
| 1.2. | Изработка на елаборат како координатор за влијание на објектот-млекарата ДПТУ „Нуро-комерц“, врз животната средина<br>Бр. на договор. 0307-96 од 13.2.2009 | 1,0 |
| 1.3. | Вршење консултански услуги како координатор за имплементација на системот за | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| | анализа на ризикот и критични контролни точки (НАССР), во преработувачки капацитет „Здравец-Петре", Струмица.<br>Бр. на договор. 0307-214 од 26.3.2009 | |
| 1.4. | Вршење консултански услуги како координатор за имплементација на системот за анализа на ризикот и критични контролни точки (НАССР), во млекарата „Шара-милк",Куманово.<br>Бр. на договор. 0307-263 од 6.4.2009 | 1,0 |
| 1.5. | Изработка на елаборат како координатор за влијание на објектот-млекарата ДПМТШТУ „Маско-комерц", врз животната средина, 2010 | 1,0 |
| 1.6. | Изработка на елаборат како координатор за Елаборат за заштита на животна средина, за проектот „Погон за изработка на млечни производи со придружни објекти<br>Арх.бр. 11-410/2 од 23.1.2012 | 1,0 |
| ***2.0.*** | ***Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија*** | |
| 2.1. | Мислење за авторезиме на докторска дисертација под наслов „Компаративни испитувања на квалитетот и технологијата на автохтони биени сирења во Мариовскиот регион„ од м-р Гордана Димитровска<br>Потврда бр. 0405-637 од 30.9.2011 | 1,0 |
| 2.2. | Извршени анализи и обработка на податоци на магистрант Ирена Карова, Техничко-технолошки факултет, Скопје (врз основа на договор бр. 0307-801 од 29.12.2010.<br>Потврда бр. 0702-417 од 16.6.2011 | 1,0 |
| 2.3. | Стручна ревизија при контрола на фарми за водење на матично книговодство и селекција, како учесник во проектот на МЗСШ, 2011. | 1,0 |
| **3.0** | ***Студија, физибилити студија, истражување на пазарот*** | |
| 3.1. | Учесник во Студија за формирање на регионален репроцентар за овци и кози во источниот плански регион, во организација на центар за источнопланински регион, општина Облешево, 2012. | 1,0 |
| 3.2. | Одговорен координатор во изработка на Техничко-технолошки елаборат на млекарата „Маско-комерц" ДООЕЛ, Скопје<br>Бр.на договор 0307-967 од 21.12.2009 | 2,0 |
| **4.0.** | ***Учество на промотивни активности на Институтот:*** | |
| 4.1. | Учество во промоција на Институтот пред млекопроизводители и млекопреработувачи со усна презентација „Технологија на бело саламурено сирење со ултрафилтрација " организирана од Фармахем, Скопје | 1,0 |
| 4.2. | Учество во промоција на Институтот пред Здружение на фармери, во организација на Scanagri, Струмица | 1,0 |
| 4.3. | Учество во промоција на Институтот пред Здружението на производители со органско производство-во организација на Центар за развој на југозападен планински регион, Охрид.<br>Потврда бр. 03-296/1 од 19.11.2010 | 1,0 |
| 4.4. | Учество во промоција на Институтот пред Здружението на производители со органско производство-во организација на Центар за развој на југозападен планински регион, Македонски брод.<br>Потврда бр. 03-296/1 од 19.11.2010 | 1,0 |
| 4.5 | Објава на стручно-апликативен труд во списанието „Моја земја", како коавтор, бр.65/2011 | 0,5 |
| 4.6. | Објава на стручно-апликативен труд во списанието „Моја земја", како коавтор, бр.66/2011 | 0,5 |
| | **Дејности од поширок интерес:** | |
| **4.0** | ***Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир:*** | |
| 4.1. | Член на организационен одбор на Четвртиот меѓународен симпозиум по | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | сточарство одржан во период од 9 до 12.9.2009 година, Струга, Р.Македонија | |
| **5.** | ***<u>Член на организационен одбор или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир:</u>*** | |
| 5.1. | Член на Организационен одбор на Регионалната конференција по овчарство и козарство и Ден на одгледувачи на овци и кози, 11-12.07.2008 година, Маврово-Галичник, Р. Македонија и член на дегустациска комисија за органолептичка оцена на сирења. | 1,0 |
| 5.2. | Член на Организационен одбор на Регионалната конференција по овчарство и козарство и Ден на одгледувачи на овци и кози, 10-11.7.2009 и член на дегустациска комисија за органолептичка оцена на сирења. година, Маврово-Галичник, Р. Македонија. | 1,0 |
| 5.3. | Член на Организационен одбор на Регионалната конференција по овчарство и козарство и Ден на одгледувачи на овци и кози, 9-10.7.2010 и член на дегустациска комисија за органолептичка оцена на сирења., Маврово-Галичник, Р. Македонија. | 1,0 |
| 5.4 | Член на Организационен одбор на Регионалната конференција по овчарство и козарство и Ден на одгледувачи на овци и кози, 9-10.7.2011 и член на дегустациска комисија за органолептичка оцена на сирења, Маврово-Галичник, Р. Македонија. | 1,0 |
| **6.0.** | ***<u>Студиски престој во странство - до три месеци</u>*** | |
| 6.1. | Студиски престој " International Course on Dairy Cattle Production",август-септември,2005., кибуц Шефаим, Израел. | 0,5 |
| 6.2. | Студиски престој" : "Modernization of the Milk Laboratory", мај,2006, Биотехнички факултет Љубљана, Р. Словенија. | 0,5 |
| 6.3 | Студиски престој „Modernization of the Macedonian Agro & Food Economy and its Aproximation to the EU", април-мај, 2006, Лајпциг, Р. Германија | 0,5 |
| 6.4. | Студиски престој „Modification and implementation of Seal of Quality Program", август, 2007, Загреб, Хрватска | 0,5 |
| 6.5. | Студиски престој и курсеви за обука „Governing food safety in international trade" и „ Food safety and quality managment in agrifood chains", април-мај, 2009, Вагенинген, Холандија. | 0,5 |
| **7.0** | ***<u>Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект:</u>*** | |
| 7.1. | Изготвување и пријавување на научен национален проект како носител (2008): Централна лабораторија за анализа на квалитет на свежо сурово млеко, Проект на Владата на Р.Македонија, за создавање на нови специјализирани лаборатории како и модернизирање на постојните при факултетите, универзитетите и научните институти во државата. (Архивски бр. 0104-19 од 20.01.2010) | 1,0 |
| 7.2. | Изготвување и пријавување на научен национален проект како соработник (2008): Production of Traditional Sheep Cheeses as a Toll for Autochthonous Sheep Breeds Preservation, Конкурс на SEERAPLUS-132, Regional Programme for Corporation with Southeast Europe (Архивски бр. 0104-19 од 20.1.2010) | 1,0 |
| 7.3. | Изготвување и пријавување на научен национален проект како носител (2008): Инвенторизација и мапирање на автохтони млечни производи произведени од овчо млеко во Р. Македонија (Архивски бр. 0302-319/1 од 20.5.2010) | 1,0 |
| 7.4. | Изготвување и пријавување на научен национален проект како носител (2008): Планирање и конструкција на штали (говеда-овци-кози) (Архивски бр. 0302-319/2 од 20.5.2010) | 1,0 |
| 7.5. | Изготвување и пријавување на научен меѓународен проект како соработник (2010): The improvement of diversity and quality of early-spring fodder by second crop winter legumes in crop rotation | 1,0 |

| | | |
|---|---|---|
| 7.6. | Изготвување и пријавување на научен национален проект како соработник (2011): Споредбени технологии на искористување на сурутkини (серум) протеини при производство на бело саламурено сирење (Одлука бр. 0201-202 од 28.3.2011) | 0,5 |
| 7.7. | Изготвување и пријавување на научен национален проект како соработник (2011): Селенот и неговото значење во исхраната на крапот. (Одлука бр. 0201-204 од 28.3.2011) | 0,5 |
Gornji Milanovac, Srbija, 10th International Biennial of Miniature Art, Kulturni Centar Gornji Milanovac, Moderna galerija;
Gliwice, Poland, VIII International Graphic Competition for Ex Libris;
Ceuta, Spain, VII Muestra Internacional de Arte Postal Ciudad de Ceuta;
Књажевац, Србија, Изложба „Paul Celan – Fuga smrti", Завичајни музеј;
Kronah, Germany, "LUCAS – CRANAH – PORTRAIT – VARIATIONEN", Betten – Adler Bienenstrabe 1;
Београд, Ужице, Трстеник, Чачак, Сомбор, Суботица, Пријепоље, Србија, "Златно перо Београда";
Taipei, Taiwan, International Ex Libris Exhibition;
Novi Pazar, Srbija, Bijenale radova na papiru, I.U.N.P.;
Bodio Lomnago, Italy, 5th Concorso Internazionale Ex Libris „La sfera celeste";
Araraquara, Brasil, Mail Art Project;
Wroclaw, Poland, IV International Exhibition "Children for peace";
Ниш, Србија, Изложба „Paul Celan – Fuga smrti", Галерија "Синагога";
Ниш, Србија, изложба "14 начина да се опише киша", Галерија "Клуб Академија";
Скопје, Македонија, изложба "Уметноста може", КИЦ;
Скопје, Македонија, изложба "30 години Факултет за ликовни уметности", МСУ;
Софија, Бугарија, „Македонска современа уметност", фонд. Струмичка ликовна колонија, Македонски културен центар
Arad, Romania, International Ex Libris Triennial „White Tiger"
Kecskemet, Hungary, The 22th Asropa International Art Exhibition
Нови Пазар, Србија, Међународна изложба – мал формат, Мултимедијални центар – галерија
Битола, Годишна изложба на ДЛУБ, Музеј и завод
Неготин, Србија, Изложба „Paul Celan – Fuga Smrti", Музеј Крајине
Скопје, Изложба – графичка работилница „Софија" Богданци, КИЦ
Врање, Србија, Међународна изложба – мал формат, Дом на културата
Bihać, BiH, Izložba IX likovne kolonije za decu Centra „Duga" – Kulen Vakuf, Gradska galerija
Bihać
Бор, Србија, Изложба „Paul Celan, Fuga smrti", Музеј па рударство и металургија – Бор
Chamalieres,France, Trienale de chamaileres mondijal d'estampe et de la gravure originale

**2011**- Ниш, Србија, Проект на „допишувачка уметност" на тема „Поезијата на Пол Селан", галерија НКЦ
Сараево, БиХ, Изложба УЛУБиХ, УЛУПУБиХ и ААБиХ, градска галерија „Колегиум Артистикум"
Књажевац, Србија, Изложба „Inspiration Picasso", Завичајни музеј Књажевац
Ploiesti, Romania, „The Iosif Iser" International Contemporary Engrawing Biennial Exhibition
Ostrow Wielkopolski, Poland, XIV International Biennial of Small Graphic Forms and Ex Libris
Русе, Бугарија, VII Међународен Ex Libris конкурс „Дунав реката на Европа", Графичен кабинет
Ниш, Србија, Изложба „Inspiration Picasso", Галерија „Синагога"

Ниш, Србија, „Нишки цртеж“, Галерија „Србија“
Параќин, Србија, Изложба „Paul Celan – Fuga smrti“, Културни центар Параќин
Ќуприја, Србија, Изложба „Paul Celan – Fuga smrti“, Музеј „Horreum Margiravno“
Нови Пазар, Србија, Изложба – Интернационален универзитет во Нови Пазар
Wroclaw, Poland, VII International Ex Libris Exhibition „Kosciuszko”
Лесковац, Србија, Меѓународна изложба – мал формат, Културен центар

**2012**- Middelburg, Netherlands, Stichting IK Foundation „Special wishes either verbally, visually or
both“
Ниш, Србија, Ликовни уметници Југоисточне Србије, УЛУС
Bor, Srbija, Izložba "Inspiration Picasso", Галерија во Музеј на рударство и металургија
Mexico, "Grabados por la paz", International World Exhibition
Grenchen, Switzerland, VIII International print triennial Grenchen 2012

**Награди**

Добитник е на 11 домашни и 4 странски награди

**2008**- Награда за графика, категорија "Ex Libris", Boguszow - Gorce, Poland

Добитник е на дипломи, благодарници и други сертификати за учество и донација на домашни и странски изложби и збирки.

**Учесник во колонии:**
Учествувал на 60 ликовни колонии во Македонија, Србија, Бугарија, БиХ, Црна Гора и Романија.

**2007**- Сликарска колонија-Кавадарци
**2008**- Сликарска колонија Врање-Србија
Сликарска колонија-Габреш-Куманово
**2009**- XVIII ликовна колонија, Центар Дуга Кулен Вакуф, Бихаќ, БиХ
Богданци, Софија, Меѓународна графичка работилница
Бијело Поље, Црна Гора, Меѓународен ликовен симпозиум
**2010**- XIX ликовна колонија, Центар Дуга Кулен Вакуф, Бихаќ, БиХ
**2011**- Сликарска колонија „Лесново“ Пробиштип
Сликарска колонија Кавадарци

**Член е на меѓународните асоцијации: ABI** - Raleigh, NC, USA, **IBC** - Cambridge, England,
**AWI** - Bluffton College, Bluffton, USA, **ASROPA**, South Korea i **Accademia Internazionale "Trinacria"** Lettere - Arte – Scienze, Mesina – Italia

**Застапен е во изданијата на:**

- *Кој е кој од интелектуалците во светот* - Меѓународен биографски центар, Кембриџ, Англија, 1995/96 - 11 Издание
- Зборник за меѓународна биографија, 1996 (Меѓународен биографски центар), Кембриџ, Англија - 24. издание
- *500 лидери со влијание* - Американски биографски институт (Прослава на глобалните достигнувања) - Релеј, Северна Каролина, САД – 4. издание
- Монографија *50 год ДЛУМ* (1946-1996)

- Меѓународна асоцијација на писатели и уметници - Блафтон Колеџ, Блафтон, Охајо, САД, - 7. издание
- Меѓународна поезија и уметност, Блафтон Колеџ, Блафтон, Охајо, САД – 10. издание
- Застапен е во библиотеката на The Female Human flower A. Blufpand, Amsterdam, Holland
- Во специјалната минијатурна библиотечна збирка на книшки од текстови и цртежи - K.F(stichting ik), Amsterdam, Holland
- АБЦ - Азбучник на МСУ - Скопје
- Доскок у нову еру планетарне уметности - Добрица Камперелиќ, Белград
- Монографија ФЛУ- 30 години.

Делата на авторот се наоѓаат во приватни и државни збирки - колекции, во домашни и странски галерии, музеи разни фондации, асоцијации, колонии и други културни институции и тоа во: Уметничка галерија „Скопје“ (Даутпашин амам), Музеј на современа уметност Скопје, Културно-информативен центар - Скопје, Музеј на современа уметност - Белград, ЈАЗУ - Загреб, Галерија „Графички колектив“ - Белград, Дом на младите - Подгорица, Галерија „Арт поинт“ - Фиренца, Национален музеј - Ерменија, НУБ „Климент Охридски“, Сеучилиштето во Загреб, Цетински салон - Цетиње, Галерија и музеј - Будимпешта, Национален музеј во Софија, Magic lin the 21st century - USA, Barvett Art Gallery -Syracuse - USA, Xantus Janos Muzeum, Oxygen, Biennial Foundation Gyor - Hungary, Willie Marlowe Albany - USA, WAP Covasna PTA Libertat - Romania, Gradska galerija - U`ice, - NY, USA, Art Start Middelburg - Holland, Музеј на град Скопје, МАК ГРАФ, УЛУС „Цвета Зузориќ“ – Белград, Holden, Santa Barbara, Ca. USA, Prefectual Gallery Kanagawa - Japan, Instituto per la ciltura e l'arte Catania - Italy, Bluffton College, Bluffton - USA, Assoziacione Arcobaleno Fiamegiante, Napoli - Italy, Art postal, Santander - Chile, Multiart - Sofia, Expoter-restre, Trojes - France, Сеучилишна библиотека – Риека, СБХ – ДБХ – Бугарија, Maria Pilar Madrid - Spain, International Biennial Taipei, Taiwan, Fundacion Tzedaka - Buenos Aires, Argentina, Esposicion de Mini Grabados Terrassa - Barcelona, Spain, Biennale Malej Formy, - Raciborz, Poland, Danilo Carrer, Milano, Italy и многу други.
Авторот е застапен во интервјуа, критики, осврти и разни учества со најава во дневните информативни весници, неделници, списанија од областа на културата и уметноста, како во државните така и во приватните РТВ и останатите медиуми од областа на културата и уметноста Denise Hunley, Dallas - USA, Utica College of Syracuse University во земјата и странство.
За сите наведени податоци за творештвото и наведените изложби постојат приложени документи.

## Творечка активност

Обемната библиографија на Трајче Блажевски ни говори дека тој е еден од најплодните и најактивните македонски графичари кој постојано се презентира, како на домашната, така и на меѓународната ликовна сцена. Творештво на Блажевски во периодот од 2007 до 2011 година генерално го карактеризира продолжението и надградбата на претходниот ликовен опус - период од пред 2007 година. Неговото творештвото се базира главно на графикиот медиум и во еден дел од медиумот сликарство. Во најновите дела е присутна синтезата меѓу графиката и сликарството, како и обратно, во сликарството ја користи и графиката, така што овие техничко-технолошки можности со меѓусебното колажрање нудат нови ликовно - естетски решенија.

Како и во претходните дела, така и во најновота графичка продукција Блажевски покрај погоре посочените технички решенија, го користи високиот, длабокиот, рамнинот и пропусниот печат, а додека во поновите графички дела експериментира и комбинира со дигиталниот печат, со реди- мејди и колажот, кој е присутен на подлогата - платно и хартија.

Неговото актуелно творештво главно се артикулира низ различните тематски и мотивски циклуси, тргнувајќи од пејзажните предели во кои се третирани мотивите од локалната рурална околина поврзани со автентичните обичаи и ритуали кои ги втиснува во

инструментите од кулинарската етно-индустрија, па се до дигиталниот печат. Креативната енергија и имагинација на Блажевски постојано не изненадува со нови и разновидни циклуси и на еден софистициран и автентичен начин ни ја презентира богатата, автентична напластена македонска културна традиција. Во делата ги манифестира елементите како од етно и фолклорната традиција (различните религиозни празници и обичаи втиснати и исколажирани во профаните предмети за секојдневна употреба), така и елементите од словенската и византиската духовна и ликовна традиција, а кои преку неговиот автентичен ликовен израз се модифицирани во современи знаковно конципирани суптилни икони кои јасно укажуваат на сакралниот извор и специфичната поетика која зрачи од напластените културни слоеви на македонскиот културен контекст.

Сето погоре посочено индицира на неговата исклучителна креативна имагинација која на сите меѓународни ликовни манифестации е препознатлива како автентична, лишена од туѓите влијанија и промовирање на сопствената култура. На ова индицираат и постојаните покани на Блажевски за учеството на големите светски графички манифестации, како што му е и поканата за изработка на графичката мапа од од 55 графики, за една од најголемите графички манифестации и изложби во светот на графичката уметност - Интернационалното триенале на оригинална графика во Греншен, Швајцарија. Од 30 поканети уметници-графичари од Балканот за презентација на балканската графика, избрани се само пет уметници меѓу кои и Блажевски.

Сето погоре наведено, со неговите исклучителни активности и учества на различните графички манифестации во земјата и во странство, Блажевски се дефинира како еден од најактивните и најуспешни графичари кои ја афирмираат македонската графичка уметност речиси на сите континенти во светот.

## ЗАКЛУЧОК

Земајќи ги предвид постигнувањата на кандидатот д-р Трајче Блажевски, како на домашната така и на меѓународната ликовна сцена, неговиот целосен ангажман и посветеност, како на ликовно - креативен и педагошки план, а исто така и поширокитe активности поврзани со струката, неговиот конструктивен и колегијален однос кон вработените на Факултетот, Рецензентската комисија смета дека пријавениот кандидат ги исполнува сите услови за избор на наставник во повисоко звање. Комисијата има чест и задоволство на Наставно - научниот и уметнички совет на ФЛУ да му предложи вонр. проф. д-р Трајче Блажевски да биде избран во звањето редовен професор по предметите графика и насока: графика на Катедрата за графика на ФЛУ.

**Рецензентска комисија**

Ред. проф. Зоран Јакимовски, претседател, с.р.

Ред. проф. Костадин Танчев - Динка, член, с.р.

Ред. проф. Јован Шумковски, член, с.р.

# ОБРАЗЕЦ

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО,НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: вонр. проф. д-р Трајче Блажевски**
**Институција: Факултет за ликовни уметности - Скопје**
**Научна – уметничка област:графика**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Одржување на настава од прв циклус** | |
| | Графика 1-4, 4+4 2006/07, летен | 1,6 |
| | Графика 1-4, 4+4 2007/08, зимски/летен | 1,6 |
| | Графика 1-4, 4+4 2008/09, зимски/летен | 1,6 |
| | Графика 1-4, 4+4 2009/10, зимски/летен | 1,6 |
| | Графика 1-4, 4+4 2010/11, зимски/летен | 1,6 |
| | Графика 1-4, 4+4 2011/12, зимски | 1,6 |
| | Насока графика 5-6, 2006/07 летен | 3,2 |
| | Насока графика 5-6, 2007/08, зимски/летен | 6,4 |
| | Насока графика 5-6, 2008/09, зимски/летен | 6,4 |
| | Насока графика 5-6, 2009/10, зимски/летен | 6,4 |
| | Насока графика 5-6, 2010/11, зимски/летен | 6,4 |
| | Насока графика 5-6, 2011/12, зимски | 3,2 |
| | Насока графика 7-8 2006/07, летен | 3,2 |
| | Насока графика 7-8 2007/08, зимски/летен | 6,4 |
| | Насока графика 7-8 2008/09, зимски/летен | 6,4 |
| | Насока графика 7-8 2009/10, зимски/летен | 6,4 |
| | Насока графика 7-8 2010/11, зимски/летен | 6,4 |
| | Насока графика zavr{en ispit 7-8 2011/12, зимски | 3,2 |
| 2 | **Одржување на настава од втор циклус** | |
| | Графика 2, 2006/07, летен | 4,5 |
| | Графика 1 и 2, 2007/08, зимски/летен | 9 |
| | Графика 1 и 2, 2008/09, зимски/летен | 9 |
| | Графика 1 и 2, 2009/10, зимски/летен | 9 |
| | Графика 1 и 2, 2010/11, зимско/летен | 9 |
| | Графика 1, 2011/12, зимски | 4,5 |
| | Графички практики 2, 2006/07, летен | 1,5 |
| | Графички практики 1 и 2, 2007/08, зимски/летен | 3 |
| | Графички практики 1 и 2, 2008/09, зимски/летен | 3 |
| | Графички практики 1 и 2, 2009/10, зимски/летен | 3 |
| | Графички практики 1 и 2, 2010/11, зимски/летен | 3 |
| | Графички практики 1, 2011/12 зимски | 1,5 |
| 3 | **Одржување на вежби** | |
| | Графика 2, 4+4 2006/07, летен | 0,9 |
| | Графика 1 и 2, 4+4 2007/08, зимски/летен | 1,8 |
| | Графика 1 и 2, 4+4 2008/09, зимски/летен | 1,8 |
| | Графика 1 и 2, 4+4 2009/10, зимски/летен | 1,8 |
| | Графика 1 и 2, 4+4 2010/11, зимски/летен, | 1,8 |
| | Графика 1, 4+4 2010/11, зимски, | 0,9 |
| | Графика 2, 10+10 2006/07, летен | 2,25 |
| | Графика 1 и 2, 10+10 2007/08, зимски/летен | 4,5 |
| | Графика 1 и 2, 10+10 2008/09, зимски/летен | 4,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Графика 1 и 2, 10+10 2009/10, зимски/летен | 4,5 |
| | Графика 1 и 2, 10+10 2010/11, зимски/летен | 4,5 |
| | Графика 1, 10+10 2011/12 зимски | 2,25 |
| | Ментор на дипломска работа - 21 | 4,2 |
| | Член на комисија за оцена и одбрана на магистратура – 14 | 4,2 |
| | Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа – 27 | 2,7 |
| | **Вкупно** | **176,2** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на магистерска работа - 6 | 6 |
| 2 | Докторат на тема „Графиката како ликовен јазик во уметноста на Балканот“. | 8 |
| | **Вкупно** | **14** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Самостојно јавно претставување со ликовни дела (во странство)- 1** | |
| | **2007** - Софија, Бугарија, Изложба на колажи, Галерија „Куќа на творецот“ | 4 |
| | Н. Пазар, Србија, Изложба на графики, Голема сала И. Универзитет | 4 |
| | **2008** - Врање, Србија, Изложба на графики, Галерија „Работнички универзитет“ | 4 |
| | Нишка бања, Србија, Изложба на графики, Културен центар | 4 |
| | Берлин, Германија, Изложба на графики, КЦ „Прима центар“ | 4 |
| | **2009** - Прибој, Србија, Изложба на графики, Галерија „Спирала“ | 4 |
| | Пријепоље, Србија, Изложба на графики и слики, Дом на култура | 4 |
| | **2010** - Ариље, Србија, Изложба на графики, Народна библиотека Ариље | 4 |
| | Бихаќ, БиХ, Изложба на слики Беќири, Блажевски, Хусковиќ, Градска галерија Бихаќ | 4 |
| | **2011** - Лесковац, Србија, Изложба на графики, Културен центар Лесковац | 4 |
| | Ниш, Србија, Изложба на графики, Галерија „Арт 55“ | 4 |
| 2 | **Самостојно јавно претставување со ликовни дела во земјава- 2** | |
| | **2007** – Скопје, Изложба на графики и колажи, Национална Галерија Чифте амам | 4 |
| | **2008** – Велес, Изложба на графики, Народен музеј – Галерија | 4 |
| | Кавадарци, Изложба на графики, Дом на културата Кавадарци | 4 |
| | **2011** – Кавадарци, Изложба на графики во проектот „Кич, да?! / Сте или не“, Дом на културата | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | Штип, Изложба на графики во проектот „Кич, да?! / Сте или не“, Галерија „Безистен“ | 4 |
| | Скопје, Изложба на графики, цртежи, колажи и слики, КИЦ, салони Империјал I и II | 4 |
| | Гевгелија, Изложба на графики во рамки на манифестацијата „Гевгелија - град на културата“, Ликовен салон „Аполонија“ | 4 |
| 3 | **Групно јавно претставување со ликовни дела- посебен проект, меѓународна, селектирана и жирирана манифестација (во странство) - 8** | |
| | **2007** – Taurage, Lithuania, Tarptautinis Eks Librisu konkursas “Taurage – 500” | 2 |
| | Ploiesti, Romania, “The Iosif Iser” International Contemporary Engraving Biennial Exhibition | 2 |
| | Alijo, Portugal, Bienal Internacional Gravura | 2 |
| | Gliwice, Poland, VII International Graphic Competition for Ex Libris | 2 |
| | Warszawa, Polska, Wspolgzesni Malarze Macedonscy, Club DGW | 2 |
| | Piotrkowie, Polska, “Wspolczesna Sztuka Macedonii”, Galerii BWA | 2 |
| | Ostow Wielkopolski, Polska, 12 International Biennial of Small Graphic - Forms and Ex Libris | 2 |
| | Varna, Bulgaria, 14th International Print Biennial | 2 |
| | Bodio Lomnago, Varese, Italy, III Concorso Internazionale Ex Libris “Opera e Melodramma”, Biblioteca di Bodio Lomnago | 2 |
| | Gabrovo, Bulgaria, XVIII International Biennial of Humor and Satire in the Arts, House of humour and satire | 2 |
| | Užice, Srbija, VIII International Graphic Art Biennial “Dry Point”, City Gallery Užice | 2 |
| | Douro, Portugal, IV Bienal Internacional de Gravura Douro | 2 |
| | Jelenia Gora, Poland, V International Exhibition “Children for Peace”, Galerija Integracja | 2 |
| | **2008** – Siaulial, Lithuania, Ex Libris Exhibition, Siaulial University Humanities Faculty Anniversary | 2 |
| | Pančevo, Srbija, Bijenale Eks Libris – Istoriski Arhiv | 2 |
| | Ниш, Србија, Изложба Нишког графичког круга, Галерије Савремене ликовне уметности | 2 |
| | Врање, Србија, Изложба ликовна колонија Врање, Галерија Народног Универзитета Врање | 2 |
| | Boguszow - Gorce, Poland, 3rd International Biennial of Ex Libris and Mini Print, Miejska Biblioteka Publiczna – Centrum Kultury | 2 |
| | Istanbul, Turkye, The 1st International Printmaking Biennial | 2 |
| | Bodio Lomnago, Italy, IV Concorso Internazionale Ex Libris “Libicicletta”, Biblioteca “Bodio Lomnago” | 2 |
| | Sant Carles De La Rapita, Espanya, 5th International Biennial of Graphic Art | 2 |
| | Evora, Portugal, 25th International Art Competition, Teoartis – Galeria | 2 |
| | Yunnan, China, International Print Exhibition Yunnan | 2 |
| | Pančevo, Srbija, The Second International Biennial Ex Libris 2008 “Light House” | 2 |
| | Beijing, China, XXXII International Ex Libris Congress | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Ceuta, Espana, V Muestra Internacional de Arte Postal Ciudad de Ceuta, Museo de Ceuta | 2 |
| | Susongodong Gunsansi, South Korea, The 20th Asropa International Art Exhibition – June Gallery | 2 |
| | Велико Трново, Бугарија, Групна изложба на графики – литографии | 2 |
| | Milano, Italy, International Exhibition, Laboratorio di Cromografia | 2 |
| | Novi Pazar, Srbija, Izložba – mali format, Univerzitetski kulturni centar | 2 |
| | **2009** – Milano, Italy, The Ist. International Competition Exhibition Mini Print and Ex Libris | 2 |
| | Varese, Italy, Concorso Internazionale Ex Libris, De Libera Universitate | 2 |
| | Novi Pazar, Srbija, "Dani Bošnjačke Kulture", Univerzitetski Kulturni Centar | 2 |
| | Gabrovo, Bulgaria, 19th International Biennial of Humour and Satire in the arts | 2 |
| | Varna, Bulgaria, 15th International Print Biennale Varna 2009 | 2 |
| | Ostrow Wielkopolski, Poland, 13 Biennale Malej Formy Graficznej i Ekslibrisy | 2 |
| | Siauliai, Lietuva, Ex Libris "The Millenaryin Commemoration of Lithuania's name" | 2 |
| | Wien, Austria, The 21th Asropa member's International Art Exhibition „Koexistenz" | 2 |
| | Бихаќ, БиХ, Изложба од ликовната колонија „Центар Дуга", Градска галерија- Бихаќ | 2 |
| | Evora, Portugal, 6th Evora International Biennial Printmaking Festival | 2 |
| | Ploiesti, Romania, „The Iosif Iser" International Contemporary Engrawing Biennial Exhibition | 2 |
| | Novi Pazar, Srbija, Exhibition - Its happening, Be International | 2 |
| | Ниш, Србија, Нишки цртеж 2009, Галерија „Србија" | 2 |
| | Ceuta, Spain, VI International Exhibition of Mail Art City of Ceuta, Museo de Ceuta | 2 |
| | **2010** – Неготин, Србија, Изложба „Paul Celan – Fuga smrti", Галерија „Тодорчетов конак" | 2 |
| | Boguszow - Gorce, Polska, 4th International BiennialI of Ex Libris and small graphic form | 2 |
| | Bossia, Italy, Ex Libris "Festival de Saperi e dei Sapori" – Il Bosco Stregato | 2 |
| | Sarajevo, BiH, Izložba IX Likovna Kolonija, Centar Duga – Galerija FLU Sarajevo | 2 |
| | Sarajevo, BiH, Revijalna izložba 2010, Galerija Collegium Artisticum | 2 |
| | Pančevo, Srbija, „Dunav" Treći međunarodni bijenale Ex Libris | 2 |
| | Ниш, Србија, Нишки цртеж 2010, Галерија савремене уметности Ниш | 2 |
| | Ќуприја, Србија, Фуга смрти Paul Celan, Народен музеј | 2 |
| | Ниш, Србија, XVI изложба НГК, Галерија савремене уметности Ниш | 2 |
| | Vilnius, Lietuva, "Žalgiris 600" Ekslibrisai, Mažoji grafika | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Русе, Бугарија, VI меѓународен Ex Libris конкурс „Ex Musicis“, Графички кабинет на библиотеката Љобен Каравелов | 2 |
| | Gornji Milanovac, Srbija, 10th International Biennial of Miniature Art, Kulturni Centar Gornji Milanovac, Moderna galerija | 2 |
| | Gliwice, Poland, VIII International Graphic Competition for Ex Libris | 2 |
| | Ceuta, Spain, VII Muestra Internacional de Arte Postal Ciudad de Ceuta | 2 |
| | Књажевац, Србија, Изложба „Paul Celan – Fuga smrti“, Завичајни музеј | 2 |
| | Kronah, Germany, "LUCAS – CRANAH – PORTRAIT – VARIATIONEN", Betten – Adler Bienenstrabe 1 | 2 |
| | Београд, Ужице, Трстеник, Чачак, Сомбор, Суботица, Пријепоље, Србија, „Златно перо Београда“ | 2 |
| | Taipei, Taiwan, International Ex Libris Exhibition | 2 |
| | Novi Pazar, Srbija, Bijenale radova na papiru, I.U.N.P. | 2 |
| | Bodio Lomnago, Italy, 5th Concorso Internazionale Ex Libris „La sfera celeste“ | 2 |
| | Araraquara, Brasil, Mail Art Project | 2 |
| | Wroclaw, Poland, IV International Exhibition "Children for peace" | 2 |
| | Ниш, Србија, Изложба „Paul Celan – Fuga smrti“, Галерија „Синагога“ | 2 |
| | Ниш, Србија, Изложба „14 начина да се опише киша“, Галерија „Клуб Академија“ | 2 |
| | Софија, Бугарија, „Македонска современа уметност“, фонд. Струмичка ликовна колонија, Македонски културен центар | 2 |
| | Arad, Romania, International Ex Libris Triennial „White Tiger“ | 2 |
| | Kecskemet, Hungary, The 22th Asropa International Art Exhibition | 2 |
| | Нови Пазар, Србија, Меѓународна изложба – мал формат, Мултимедијален центар – галерија | 2 |
| | Неготин, Србија, Изложба „Paul Celan – Fuga smrti“, Музеј Крајине | 2 |
| | Врање, Србија, Меѓународна изложба – мал формат, Дом на културата | 2 |
| | Bihać, BiH, Izložba IX likovne kolonije za decu Centra „Duga“ – Kulen Vakuf, Gradska galerija Bihać | 2 |
| | Бор, Србија, Изложба „Paul Celan, Fuga smrti“, Музеј на рударство и металургија - Бор | 2 |
| | Chamalieres,France, Trienale de chamaileres mondijal d'estampe et de la gravure originale | 2 |
| | **2011** – Ниш, Србија, Проект на „допишувачка уметност“ на тема „Поезијата на Пол Селан“, Галерија НКЦ | 2 |
| | Сараево, БиХ, Изложба УЛУБиХ, УЛУПУБиХ и ААБиХ, Градска галерија „Колегиум Артистикум“ | 2 |
| | Књажевац, Србија, Изложба „Inspiration Picasso“, Завичајни музеј Књажевац | 2 |
| | Ploiesti, Romania, „The Iosif Iser“ International Contemporary Engrawing Biennial Exhibition | 2 |
| | Ostrow Wielkopolski, Poland, XIV International Biennial of | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | Small Graphic Forms and Ex Libris | |
| | Русе, Бугарија, VII Меѓународен Ex Libris конкурс „Дунав реката на Европа“, Графичен кабинет | 2 |
| | Ниш, Србија, Изложба „Inspiration Picasso“, Галерија „Синагога“ | 2 |
| | Ниш, Србија, „Нишки цртеж“, Галерија „Србија“ | 2 |
| | Параќин, Србија, Изложба „Paul Celan – Fuga smrti“, Културни центар Параќин | 2 |
| | Нови Пазар, Србија, Изложба – Интернационален универзитет во Нови Пазар | 2 |
| | Wrocław, Poland, VII International Ex Libris Exhibition „Kosciuszko” | 2 |
| | Лесковац, Србија, Меѓународна изложба – мал формат, Културен центар | 2 |
| | **2012** - Middelburg, Netherlands, Stichting IK Foundation „Special wishes either verbally, visually or both“ | 2 |
| | Ниш, Србија, Ликовни уметници Југоисточне Србије, УЛУС | 2 |
| | Bor, Srbija, Izložba “Inspiration Picasso”, Галерија во Музеј на рударство и металургија | 2 |
| | Mexico, “Grabados por la paz”, International World Exhibition | 2 |
| | Grenchen, Switzerland, VIII International print triennial Grenchen 2012 | 2 |
| 4 | **Групно јавно претставување со ликовни дела – посебен проект, меѓународна, селектирана жирирана манифестација (во земјата) - 11** | |
| | **2007** – Скопје, ДЛУМ графика 2007, НУБ К.О. Скопје | 1 |
| | Скопје, ДЛУМ годишна изложба, Музеј на Град Скопје | 1 |
| | Битола, ДЛУБ „Пејзаж“ – мал формат, Ликовен салон на ДЛУБ | 1 |
| | **2008** – Скопје, Македонско ликовно творештво – мал формат, КИЦ, ДЛУМ | 1 |
| | Битола, Изложба ДЛУБ 4 – ти ноември, НУ Завод и Музеј | 1 |
| | Куманово, Изложба од ликовна колонија, манастир Св. Петка – Габреш, Здружение „Коледари“ | 1 |
| | Скопје, Изложба по повод 60 години од основањето на Националната галерија на Македонија | 1 |
| | Тетово, IV меѓународно биенале на мала графика | 1 |
| | Битола, Годишна изложба на ДЛУБ – 35 години, Завод и музеј- Битола | 1 |
| | **2009** – Битола, Меѓународно графичко триенале Битола | 5 |
| | Битола, Годишна изложба на ДЛУМ, Завод и музеј, Мала сала | 1 |
| | Битола, Изложба 4 – ти ноември, ДЛУБ | 1 |
| | Скопје, Светска галерија на цртеж „Остен“, Галерија „Остен“ | 1 |
| | Скопје, Годишна изложба на ДЛУМ, Музеј на Град Скопје | 1 |
| | Скопје, Македонско ликовно творештво – мал формат, Галерија ДЛУМ | 1 |
| | **2010** – Скопје, Остен – Светска галерија на уметност на хартија, цртеж 2010 | 1 |
| | Скопје, „Климент и Наум и нивната духовна светлина“, Музеј на град Скопје | 1 |
| | Скопје, Годишна изложба на ДЛУМ, Музеј на Град Скопје | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Скопје, Ликовно творештво – мал формат, КИЦ - ДЛУМ | 1 |
| | Битола, Изложба 4 – ти ноември, ДЛУБ | |
| | Скопје, Изложба „Уметноста може“, КИЦ | 1 |
| | Скопје, Изложба „30 години Факултет за ликовни уметности“, МСУ | 1 |
| | Битола, Годишна изложба на ДЛУБ | 1 |
| | Скопје, Изложба – графичка работилница „Софија“ Богданци, КИЦ | 1 |
| | **Вкупно** | **287** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред.број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | | |
| 1 | Објавени дела во каталози од меѓународни ликовни манифестации – | 27 |
| 2 | Објавено дело во мапа на графики од меѓународна ликовна манифестација – 6 | 12 |
| | **Вкупно** | **39** |

**ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС**

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Раководител на Катедрата за ликовна педагогија | 3 |
| 2 | Претседател во комисија на МК во изработка на национална програма од обласа на ликовната уметност и галериската дејност | 3 |
| 3 | Член на факултетска комисија и СИАБ – 3+1 | 2 |
| 4 | Член на комисија за избор на звања – 1 | 0,2 |
| 5 | Претседател на жири – комисија на меѓународна изложба „Уметност на хартија“, Србија | 2 |
| 6 | Потпретседател на Друштвото на ликовни педагози на РМ | 1 |
| | **Вкупно** | **11, 2** |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **176,2** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **14** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **287** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **39** |
| **ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **11,2** |
| **Вкупно** | **527,4** |

**Рецензентска комисија**

**Ред.проф. Зоран Јакимовски, претседател, с.р.**

**Ред.проф. Костадин Танчев - Динка, член, с.р.**

**Ред.проф. Јован Шумковски, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: м-р Анка Данаиловска**
**Институција: /**
**Научна област: графика**

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Самостојно јавно претставување со ликовни дела во земјава - 2** | |
| | **2007** – Самостојна изложба во Гевгелија, Македонија | 4 |
| | **2009** – Самостојна изложба во Скопје, Македонија | 4 |
| 2 | **Групно јавно претставување со ликовни дела-посебен проект, меѓународна, селектирана и жирирана манифестација (во странство) - 8** | |
| | **2007** - Меѓународна графичка изложба на минијатура во Романија | 2 |
| | 5-та Меѓународна изложба на мала графика во Cremona, Italy | 2 |
| | Меѓународна групна изложба Prima Eroica, Берлин | 2 |
| | **2009** - Меѓународно графичко биеннале во Guanlan, China | 2 |
| | Меѓународно графичко биеннале во Варна, Бугарија | 2 |
| | Изложба на ДЛУМ во Софија, Бугарија | 2 |
| | **2010** - Berlin, Galerie südost Europa Kultur e.V, "Ein Hundert Eröffnungen" | 2 |
| | Hamburg, Lebensfreude Hamburg, "KUNSTDORAN" | 2 |
| | Köln, PMRExpo, ""KUNSTDORAN - Selection" | 2 |
| | Berlin, Prima Center Berlin, "KUNSTDORAN – Sammlung | 2 |
| | **2011** - Berlin, Kult-Galerie, "Kunstdoran - Al-Azzawy, BAlov, Danailovska" | 2 |
| 4 | **Групно јавно претставување со ликовни дела – посебен проект, меѓународна, селектирана жирирана манифестација (во земјата) - 11** | |
| | **2008** - Ревијална изложба во Скопје на ДЛУМ | 1 |
| | Меѓународна сликарска изложба од колонијата во Пелинце, Куманово, Македонија | 1 |
| | Меѓународна сликарска изложба од колонијата во Св. Јоаким Осоговски во Куманово, Македонија | 1 |
| | **2011** - Ревијална изложба во Скопје | 1 |
| | **2012** - Изложба на ДЛУМ-ЦРТЕЖ | 1 |
| | **ВКУПНО** | **35** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 0 |
| НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 0 |
| СТРУЧНО УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | 35 |
| СТРУЧНОНАУЧНА УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | 0 |
| СТРУЧНО АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 0 |
| ВКУПНО | 35 |

Рецензентска комисија

Ред.проф. Зоран Јакимовски, претседател, с.р.

Ред.проф. Костадин Танчев - Динка, член, с.р.

Ред.проф. Јован Шумковски, член, с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: д - р Иво Пецов**
**Институција: /**
**Научна област: графика, ѕидно сликарство**

## НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одбранета докторска теза | **8** |
| | **ВКУПНО** | **8** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Самостојно јавно претставување со ликовни дела (во странство)- 1** | |
| | **2012** - Софија, Бугарија, галерија Лик-14.03-03.04.2012 | 4 |
| 2 | **Самостојно јавно претставување со ликовни дела во земјава- 2** | |
| | **2010** - Штип,Македонија-Дом на Културата-Ацо Шопов | 4 |
| 3 | **Групно јавно претставување со ликовни дела- посебен проект, меѓународна, селектирана и жирирана манифестација (во странство) - 8** | |
| | **2008** - Софија, Бугарија,изложба по повод 60 год.катедра - Ѕидно сликарство - Галерија на националната ликовна академија | 2 |
| | **2010** - Раднево, Бугарија, изложба на дела од уметничката колонија - Светлина, земја, луѓе - Дом на културата | 2 |
| | **2011** - Софија,Бугарија-МОЛ-Булевард | 2 |
| | Лисабон,Португалија- Galeria Praca das Flores | 2 |
| 4 | **Групно јавно претставување со ликовни дела – посебен проект, меѓународна, селектирана жирирана манифестација (во земјата) - 11** | |
| | **2008** - Скопје, Македонија, Годишна изложба на уметниците на ДЛУМ - Музеј на град Скопје | 1 |
| | **2010** - Скопје, Македонија, изложба - Цртеж и графика - Дом на АРМ | 1 |
| | Виница,Македонија,изложба на цртежи, ВИП | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | **2011** - Виница, Македонија – Музеј - Теракота | 1 |
| | Виница, Македонија, Изложба на слики на здружението на УМ, музеј -Теракота | 1 |
| | **ВКУПНО** | 21 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНООБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 0 |
| НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 8 |
| СТРУЧНО УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | 21 |
| СТРУЧНОНАУЧНА УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | 0 |
| СТРУЧНО АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 0 |
| ВКУПНО | 29 |

**Рецензентска комисија**

**Ред.проф. Зоран Јакимовски, претседател, с.р.**

**Ред.проф. Костадин Танчев - Динка, член, с.р.**

**Ред.проф. Јован Шумковски, член, с.р.**

До
**Медицинскиот факултет**
**при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
- Декан
- Рецензентска комисија
- Наставно – научен совет

# ПРИГОВОР

**од д-р Валентина Крстевска,** кандидат за избор за наставник во сите наставно-научни звања на научната област радиотерапија со онкологија на Медицинскиот факултет во Скопје

**Предмет на приговорот: Референтот објавен во Билтен бр. 1031 од 15 мај 2012 година за избор на еден наставник во сите звања по предметот радиотерапија со онкологија на Медицинскиот факултет во Скопје**

1. **Ненавремена достапност на Референтот поради објавувањето на Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје од 15.5.2012 на веб-страницата на УКИМ дури на 21.5.2012, со што времето за поднесување на приговори е лимитирано на само еден работен ден.**

2. **Вклученост во теоретска настава**

Според наведеното во мојата биографија, во последните две учебни години (2010/2011 и 2011/2012) бев активно вклучена во теоретската настава по сите предмети на Катедрата. Во тој период постојано ми беше ветувано од страна на шефот на Катедрата, проф. д-р Лилјана Костовска-Манева, дека иако како наставник функционирам преку непрецизен договор со Медицински факултет, немајќи никаков контакт со кое било официјално лице од Деканатот на Медицински факултет, мојот труд антиципира избор во легитимен наставник-доцент.
Покрај тоа, принципот на партикуларна разумност, особено при донесување на одлуки поврзани со образование и наука, подразбира и принцип на фаворизирање на кандидатите кои порано ги завршиле обврските во нивниот научно-образовен развој, во овој случај одбраната на докторската дисертација и стекнувањето со звање - доктор на медицински науки (мојата докторска дисертација ја имам одбрането во 2006 година, а д-р Симонида Црвенкова ја има одбрането својата докторска дисертација во 2011 година).

3. **Приговор на начинот на бодирање на кандидатката д-р Симонида Црвенкова**

Под ставката **Наставно-образовна дејност,** оддел **Ментор и едукатор на здравствена едукација,** сите кандидати што се наведени (5) воопшто не биле распоредени под нејзино менторство од страна на националниот координатор при Меѓународната агенција за атомска енергија и постои сомневање дека ја употребила функцијата директор на Универзитетската клиника за радиотерапија и онкологија да се назначи како ментор на овие кандидати.

Под ставката **Наставно-образовна дејност:** под број 6, **Настава во школи и работилници како учесник**, точка 5, бодирано е со 2 наместо со 1 поен.

Под ставката **Научноистражувачка дејност** во одделот **Учесник на меѓународен научен проект**, точка 1 (An expanded access program of Tarceva (erlotinib) in patients with advanced stage IIB/IV non-small cell lung cancer – MO 18109), според главниот истражувач на оваа студија, д-р Симонида Црвенкова воопшто не била вклучена во студијата.

Под ставката **Научноистражувачка дејност**, во одделот **Национален координатор на меѓународен научен проект**, неосновано се доделени бодови по потточките 1 и 2 бидејќи д-р Симонида Црвенкова не е национален координатор на двете наведени меѓународни клинички истражувања, туку е технички координатор (функција која најчесто се доделува на медицинска сестра за координирање на снабдувањето со лекови во рамките на проектите), што е во согласност со фактот дека таа функција ја издејствувала како директор на Универзитетската клиника за радиотерапија и онкологија.

Под ставката **Научноистражувачка дејност**, под точка 4, наведени се труд 1, труд 2 и труд 4 како трудови објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор, иако треба да бидат во одделот за трудови со оригинални резултати објавени во научно/стручно списание. Така, трудот Crvenkova S, Krstevska V. Sequential chemoradiotherapy compared with concurrent chemoradiotherapy in locally advanced non-small cell lung cancer: our experience. Prilozi 2009; 30: 197-207, е бодиран со 5,4 поени, а би требало да има 3,6 поени; трудот Krstevska V, Crvenkova V. Altered and conventional fractionated radiotherapy in locoregional control and survival of patients with squamous cell carcinoma of the larynx, oropharynx, and hypopharynx. Croat Med J 2006; 47: 42-52, е бодиран со 6,633, а треба да има 4,9095 поени и трудот број 4 е бодиран со 3,6 поени, а треба да биде бодиран со 2,4 поени. Рецензентската комисија за првите два наведени труда каде што се работи за коавторство, синхронизирајќи го бодирањето, навела погрешен број поени и во мојата листа на бодирање иако споменатите трудови се коректно наведени под број 27 и 25 во одделот трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание. На истиот начин, во мојата листа на бодирање, трудот број 24 во одделот трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание е бодиран со 4,8 поени, а треба да биде со 3,2 поена.

Под ставката **Научноистражувачка дејност**, точка 9, како трудови објавени во зборник на трудови на високообразовна институција, наведени се апстракти и тоа по потточки 1-19 со исклучок на потточка 8, а соодветно на тоа, неточно бодирани.

Под ставката **Стручно-апликативна дејност**, точка 3, **Воведување на нова лабораториска или клиничка метода**, парафразирана е методолгијата од нејзината докторска дисертација како нова метода, што е редундантно, затоа што секоја докторска дисертација per definitionem е иновативен научен труд од највисоко ниво, кој го оспособува кандидатот за понатамошна самостојна инвентивна научна работа.

Под ставката **Стручно-апликативна дејност од поширок интерес**, неточно е бодирањето за студиски престој во странство до три месеци, бидејќи е сметано 21 учество на годишни состаноци на мрежи и конгреси, кои не влегуваат во оваа категорија (студиски престој подразбира активна посета и научен ангажман на кандидат на високообразовна институција).

Под ставката **Стручно-апликативна дејност**, во одделот **Дејности од поширок интерес**, непрецизно се наведени функциите член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир.

Под ставката **Стручно-апликативна дејност**, во одделот **Дејности од поширок интерес**, точка 6, постои непрецизност во едначењето на важноста и поените кај функцијата шеф на отсек и функцијата шеф на оддел.

Под ставката **Стручно-апликативна дејност**, во одделот **Дејности од поширок интерес**, точка 8, постои фаворизирачка околност - пристап до комисии од државна важност како логичко следство на исполнувањето на функцијата директор на Универзитетска клиника во траење од 4 години.

Според докажувањето по принцип на индукција, се изведува заклучок дека постои издржана веројатност за постоење на неточно презентирани податоци и по други ставки.

Покрај тоа, вкупниот збир на поени под ставката **Научноистражувачка дејност** (не земајќи го предвид неточното бодирање) кај д-р Симонида Црвенкова е 147,775, а кај мене е наведено како 183,741 во збирот поени за ставката **Научноистражувачка дејност**, додека во завршниот дел на листата каде што се наведени **професионалните референци на кандидатот за избор во звање**, збирот на поени за **научноистражувачка дејност** е наведен како 175,2175, што од своја страна кореспондира со точно бодирање, но не кореспондира со долу наведениот збир (287,115).

**Имајќи ги предвид наведените аргументи, нужно е Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да го усвои овој приговор и согласно со член 52 од Правилникот од 2011 година да формира рецензентска комисија во променет состав.**

Датум
22.5.2012

Подносител на приговорот
Валентина Крстевска с.р.

До
Медицинскиот факултет
при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
-Декан
-Наставно-научен совет

## ОДГОВОР ПО ПРИГОВОР

поднесен од кандидатката д-р Валентина Крстевска на 22.5.2012, за избор во звањето доцент по предметот онкологија со радиотерапија на Медицинскиот факултет.

Рецензентската комисија детално го разгледа приговорот поднесен од д-р Крстевска за давањето предност при изборот на наставник во сите звања на ас. д-р Симонида Црвенкова и се произнесува со следниов одговор:

- под ставката **Наставно-образовна дејност**, д-р Симонида Црвенкова како **ментор и едукатор** на 5 кандидати има приложено валидна документација од страна на Меѓународната агенцијата за атомска енергија (МААЕ).

- за ставката **Настава во школи и работилници** како учесник во точка 5 се работи за двегодишно учество, 2001 и 2002 година, бодирани со по 1 бод, вкупно 2 бода.
- што се однесува за **научноистражувачката дејност**, д-р Симонида Црвенкова има валидна документација со која го потврдува учеството во презентираните научни проекти, кои се наведени и во нејзината биографија. Потврдите се издадени од страната на организаторот на клиничките иследувања. Истото се однесува и за посочената студија: An expanded access program of Tarceva (erlotinib) in patients with advanced stage IIB/IV non-small cell lung cancer-MO18109. Потврдата е доставена во приложената документација на кандидатката со решение, каде што е наведен бројот на вклучени пациенти, датумот на одобрението за изведување на студијата во Р. Македонија и датумот на нејзиното затворање.
- Под ставката **Научноистражувачка дејност**, бодирањето на трудовите е направено според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје (пречистен текст), од август 2011, според останатите рецензии објавени во билтените на УКИМ и според ИФ.

Пример посочен од д-р Крстевска: **Altered and conventional fractionated radiotherapy in locoregional control and survival of patients with squamous cell carcinoma of the larynx, oropharynx, and hypopharynx.**
Valentina Krstevska, Simonida Crvenkova
Institute of Radiotherapy and Oncology, Clinical Center, Skopje, R. Macedonia.
**Journal Article:** Croatian Medical Journal (impact factor: 1.37). 03/2006; 47(1):42-52.
6+1,37,90%=6,633

Комисијата има впечаток дека д-р Валентина Крстевска при бодирањето на заедничките трудови тежнее во приговорот да покаже помал број на бодови наспроти стварноста, а Комисијата внимаваше ниту еден од кадидатите да не биде оштетен.

Што се однесува до примедбата под ставката **Научноистражувачка дејност**, точка 9, бодирањето е извршено според Правилникот, а се работи за трудови објавени од високообразовна институција кои се јавно презентирани на меѓународни конгреси.

-под ставката **Стручно-апликативна дејност, точка 3**, самата Крстевска признава дека е воведена самостојна нова метода, која Црвенкова ја имплементирала, а воедно го изработила и докторскиот труд. За докторската дисертација не ѝ се доделени бодови, така што не е извршено двојно бодирање. Со воведувањето на нова софистицирана апаратура на Клиниката и двете кандидатки имаат воведено нови методи во радиотерапијата, секоја во својата област и оттука Комисијата не ја гледа целта на оваа забелешка.

-Комисијата смета дека секое присуство во други медицински центри, конгреси и научни симпозиуми спаѓаат во активна посета и научен ангажман на кандидатката што е

наведено во биографијата на кандитатката Црвенкова. Тука спаѓа и тримесечниот престој во Лувен, Белгија, со стипендија од МААЕ, каде што кандидатката ја совлада техниката за изведување на конформална радиотерапија за повеќе локализации на малигни тумори која е бодирана само со 0,5 бода! Исто така, на голем број од овие манифестации кандидатката имаше активно учество во рамките на кои дополнително се организирани посети и на здравствени институции.

-Под ставката **Стручно-апликативна дејност во делот дејности од поширок интерес,** кандидатката Црвенкова има приложено соодветна документација за потврда на членство во меѓународен/стручен собир.

-Комисијата смета дека по Правилникот нема разграничување за која внатрешна организациона единица се врши бодирањето. Кандидатката Крстевска премногу стручно ја анализира ситематизацијата на организационите единици на Клиниката.

-Под ставката **Дејност од поширок интерес**, сомнежот паѓа на кандидатката Крстевска, бидејќи ги потценува државните и општествените функции и работата на државните тела преку соодветните комисии. Кандидатката Црвенкова има доставено соодветна документација која го потврдува учеството, а на Комисијата ѝ беше разбирливо учеството во овие тела со оглед на извршувањето на четиригодишната функција директор.

-Комисијата констатира дека крајните збирни бодови кај кандидатката Крстевска се точни и изнесуваат 287,115.

**Заклучок**

Рецензентската комисија смета дека беше доста блага и непристрасна во бодирањето и се трудеше на двете кандидатки да им додели максимален број на бодови. Но, за разлика од ас. д-р Црвенкова, д-р Крстевска за некои свои активности нема приложено соодветна документација. Така, за наведеното менторство на лекар на стручно усовршување од Албанија ѝ се прифатени 28,8 бода, иако нема никаква потвда. Исто така, д-р Крстевска има приложено само 1 валиден документ за меѓународен проект, а за останатите 4 проекти како учесник нема никаква документација, освен потпис од главниот истражувач проф. д-р С. Смичкоска потпишани на 10.2.2012. Во нејзината приложена биографија при конкурирањето никаде не се споменува дека учествувала во наведените проекти. Што се однесува до QUATRO-проектот, нема доставено документ дека била учесник во тимот. Всушност, тоа не е проект за научноистражувачка дејност, туку проект за оцена на квалитетот на радиотерапијата во една институција. Така, Комисијата ѝ додели 25 бода (5x5), за студии за кои нема увид дека навистина учествувала.

Со оглед на гореизнесеното, Комисијата останува на веќе изнесениот став во Рефератот за избор на 1 наставник во сите звања, објавен во Билтенот на УКИМ од 15.5.2012 година. Комисијата сака да потенцира дека рецензијата е позитивна за двете кандидатки, но предност ѝ дава на ас. д-р Симонида Црвенкова заради поголемиот број освоени бодови.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Анета Димитровска, с.р.

Проф. д-р Цвета Толевска, с.р.

Проф. д-р Лилјана Костовска Манева, с.р.

Проф. д-р Томе Стефановски, с.р.

проф. д-р Владимир Ќаев

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ФИЛОЗОФСКИТЕ ОСНОВИ НА ДИГИТАЛНАТА ЕСТЕТИКА“ ОД М-Р ВАНГЕЛ НОНЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, врз основа на членот 82 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата XXIV редовна седница, одржана на 16.2.2012 година формира Комисија за оцена на докторската дисертација под наслов: **Филозофските основи на дигиталната естетика,** поднесена од кандидатот м-р ВангелНоневски, а пријавена на Институтот за филозофија. Рецензентската комисијата во состав: проф. д-р Иван Џепароски, проф. д-р Денко Скаловски, проф. д-р Бранислав Саркањац, проф. д-р Мирко Ѓошевски и проф. д-р Ана Димишковска, по добивањето и анализата на докторската дисертација, му го поднесува на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов: **Филозофските основи на дигиталната естетика,** поднесена од кандидатот м-р ВангелНоневски, по обем претставува компјутерски текст испечатен со густ 1 ½ проред на 270 страници. Трудот е структуриран во четири нумерирани поглавја на кои им претходи **Увод,** а по кои следува и **Заклучок**, за дисертацијата да заврши со список на користени и цитирани **Референци**. Начинот на цитирање е класичен, со фусноти во самиот труд, а основниот текст на трудот содржи 282 фусноти, додека референците се поделени во три групи и заедно содржат 250 библиографски единици, при што библиографијата на кириличните изданија содржи 75 единици, на латиничните изданија - 103 единици со наслови на книги, текстови и интернет-извори на повеќе јазици, при што во целина убедливо доминира англискиот јазик, додека особено богатиот список на референтни дела од областа на филмографијата и мултимедијата содржи 72 единици, скоро сите на англиски јазик.

Инаку, содржината на докторскиот труд е следнава:

**Увод** (стр. 1-9)
1. **Метаморфози на перцепцијата: слободен избор или прашање на немање избор?** (стр. 10-63)
2. **Критика на дигиталниот ум** (стр. 64-127)

3. **Естетичко извртување на виртуелната стварност и конструираното искуство** (стр. 128-179)
4. **Естетика на ремиксот: киборшка апропријација на уметноста** (стр. 180-242)
   **Заклучок: ремикс – плурална естетичка киборжност** (стр. 243-246)
   **Референци** (стр. 247-270)

Во **Уводот** на дисертацијата се образложуваат базичните аспекти на ова истражување при што се потенцираат клучните аспекти на дигиталната естетика сфатена во еден поширок контекст на филозофскиот дискурс кој ги толкува современите уметности. Во уводот се апострофира и ставот што се елаборира низ целата теза, имено дека „основата на дигиталната естетика се модусите според кои **интеракцијата** се наметнува како онтолошки конституенс на современите уметности." (стр. 1) Во уводот, потем, се претставува планот на поглавјата што следуваат и се посочува на основните тези што потем обемно ќе се тематизираат.

Првото поглавје под наслов **Метаморфози на перцепцијата: слободен избор или прашање на немање избор?** (стр. 10-63) содржи шест потпоглавја во кои се следат преобразбите на перцепцијата во однос на создавањето и на рецепцијата на уметноста што се случуваат во предмодерното, модерното и во постмодерното раздобје, односно во ерите на аналогноста и на дигиталноста. Имено, во ова поглавје се анализираат аспектите кои доведуваат до создавањето на интерактивното уметничко дело во дигиталното доба во кое публиката станува „плурален автор", односно „довршувач" на делото, а делото се создава за да влегува во еден бескраен „игровен циклус" со вмрежениот реципиент.

Второто поглавје под наслов **Критика на дигиталниот ум** (стр. 64-127) содржи седум потпоглавја и е посветено на филозофските основи на дигиталноста, при што се покажува дека комуникацијата што произлегува од новата перцепција се случува во едни стандардизирани рамки и дека идеологијата на информатичката технологија дејствува како составен дел на културната и на уметничката глобализација.

Третото поглавје под наслов **Естетичко извртување на виртуелната стварност и конструираното искуство** (стр. 128-179) содржи четири потпоглавја во кои се анализира дестабилизацијата на значењата врзани за сликата на стварноста, се говори за појавата на киберпанкот како наше искуство на стварноста во киберпросторот, за во ова поглавје, по обемната анализа на киберпанкот, да се заклучи со сознанијата врзани за феноменот на „естетизирањето на протетичкото искуство".

Четвртото поглавје под наслов **Естетика на ремиксот: киборшка апропријација на уметноста** (стр. 180-242), кое е најобемно и содржи осум потпоглавја, го тематизира местото на дигиталната уметност во семејното стебло на уметностите, говори за патот што се минува од бионичката кон естетичката протетика и ја анализира дигиталната реконституција на онтологијата на уметничкото дело што се остварува

преку интерактивноста. Поглавјето завршува со воведувањето на категоријата „естетика на ремиксот“ како клучен белег на дигиталната естетика.

На крајот следува **Заклучокот** (стр. 243-246), кој претставува кратка и генерална рекапитулација и евалуација на поставените и реализираните цели на истражувањето, со постојано потенцирање на клучната идеја за ремиксот како „плурална естетичка киборжност“. На тој начин, основите на дигиталната естетика се изнаоѓаат во комуникативните аспекти на дигиталниот технолошки медиум којшто е предуслов за интерактивното авторство во уметноста.

Вака конципираната докторска дисертација на кандидатот м-р Вангел Доневски му овозможува успешно да ги обработи клучните прашања врзани за филозофските основи на дигиталната естетика. Оттаму, клучните согледби на овој докторски труд, главно, се теориски и се однесуваат на проследување на хипотезата дека премините од механичката кон дигиталната репродуктивност на уметничкото дело битно влијаат и врз онтолошката и врз епистемолошката основа на самото уметничко дело и на уметноста воопшто. Патот од прочуената студија на Валтер Бенјамин "Уметничкото дело во добата на механичката репродуктивност“ од 1936 година, до студијата на уметникот и теоретичар Даглас Дејвис, „Уметничкото дело во добата на дигиталната репродукција“ од 1991 година, е пат што претставува премин од аналогното кон дигиталното, та затоа тој премин е од особено значење за идеите протежирани во оваа докторска дисертација. Следејќи некои од размислите на двајцата клучни теоретичари на современата уметност и на современата естетика во добата на дигиталноста, американскиот теоретичар од руско потекло, Лев Манович, од неговото дело „Јазикот на новите медиуми“ (2001), и на англискиот теоретичар Шон Кабит, кој сега живее и твори на Нов Зеланд, од неговата книга „Дигитална естетика“ (1998), м-р Вангел Доневски гради еден свој поинаков пристап кон дигиталната естетика кој завршува со идејата за „естетиката на ремиксот“ како клучен белег на естетиката на дигиталноста. Оваа позиција произлегува од претпоставената киборшка позиција не само на уметникот туку и на публиката во раздобјето на дигиталноста. Оттаму, основите на дигиталната естетика кандидатот м-р Вангел Доневски ги изнаоѓа во комуникативните аспекти на дигиталниот технолошки медиум којшто е предуслов за интерактивното авторство во уметноста.

## Заклучок и предлог до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет

Докторската дисертација под наслов: **Филозофските основи на дигиталната естетика,** поднесена од кандидатот м-р Вангел Доневски, претставува сериозно и успешно истражување во подрачјето од особен интерес за естетиката, филозофијата на културата, културните студии, комуникологијата, но и за естетичката теорија, за историјата на естетиката и на културата во дваесеттиот век и на првата деценија на новиов век. Ова истражување коректно ги исцртува и ги расветлува филозофските основи на

дигиталната естетика која произлегува и непосредно се врзува и за популарната култура, но и за современата визуелна култура и уметност (особено филмската), и на тој начин, врз основа на добро поставените тези соодветно организирани во подделни поглавја, нуди функционален методолошки систем на претпоставки и аргументи кои овозможуваат научна заснованост и општествена оправданост на дисертацијата. Ваквото подрачје на истражување (во предметна, методолошка и епистемолошка смисла) е од особен интерес во рамките на македонската филозофска, естетичка, комуниколошка и културолошка теориска мисла, зашто прашањата за филозофските основи на дигиталната естетика преку овој труд за првпат кај нас во еден систематски вид и се анализираат. Едновремено, треба да се укаже дека оваа тема, иако крајно актуелна, многу малку е обработувана и во светски рамки, така што фактот дека определени аспекти на дигиталната естетика недоволно се потенцирани и анализирани, а на други, пак, аспекти им се обрнува поголемо внимание од потребното, е сосем разбирливо и тоа воопшто не влијае врз оформувањето на конечниот поволен впечаток дека со овој труд нашата теориска мисла ќе се збогати и во доменот на естетиката и на естетиката на популарната култура и уметност, како и во доменот на филозофијата на културата и на уметноста.

Рецензентската комисија, високо вреднувајќи ја оваа докторска дисертација, и на планот на методологијата и стилот на изложувањето, и на планот на аналитичко-синтетичкиот пристап, предлага извештајот да биде прифатен од Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, а на кандидатот м-р Вангел Ноневски да му закаже термин за одбрана на трудот.

Скопје, 4.5.2012

Комисија

1. Проф. д-р Иван Џепароски, с.р.
2. Проф. д-р Денко Скаловски, с.р.
3. Проф. д-р Бранислав Саркањац, с.р.
4. Проф. д-р Мирко Ѓошевски, с.р.
5. Проф. д-р Ана Димишковска, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ ЕКОНОМИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РАЗВОЈ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на својата XXXIX седница од 17. V 2012 година, донесе решение бр. 02-1034/7 да се формира Рецензентска комисија во состав: д-р Ненад Георгиев, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Драган Ѓошевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и д-р Миле Пешевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, со задача да изврши преглед и оцена на научно-стручната и наставната дејност на кандидатката која се пријави за избор во звањето вонреден професор.

Комисијата, откако ги прегледа поднесените документи во врска со конкурсот на деканот на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, објавен во дневните весници „Нова Македонија" од 25. IV 2012 год.и „Koha" од 25. IV 2012 год., констатира дека за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во научната област економика на земјоделството и развој се пријавила само кандидатката д-р Александра Мартиновска-Стојческа, доцент на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

По прегледот на доставената документација и другите податоци, релевантни за избор на кандидатот, Рецензентската комисија, до Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатката д-р Александра Мартиновска-Стојческа е родена на 7. V 1977 година во Скопје. Основното и средното образование го стекнала во Скопје. Низ целото школување постигнува континуиран одличен успех.

На Земјоделскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1994/95 година, на градинарско-цвеќарската група, а студиите ги завршила во рок од четири години, со просечна оценка 9,68. Дипломирала во септември 1998 година, со одбрана на дипломската работа „Сметководство на фарми во Холандија".

Третата и четвртата година од студиите паралелно ги завршила на факултетите Ларенстајн од Холандија и Харпер Адамс од Англија, на групата меѓународно земјоделско производство и маркетинг на храна, со дипломската тема „Можности за увоз на пилешко месо на македонскиот пазар од Холандија", при што се стекнала со називот дипломиран земјоделски инженер (решение за признавање на високообразовна квалификација 09-1141/3). Во рамките на овие студии бил предвиден задолжителен практичен период во една од земјите на ЕУ и оваа практична работа кандидатката ја извршила во земјоделска задруга во Франција.

За време на студиите била стипендист на Министерството за образование и физичка култура на Република Македонија, како талентиран студент. Исто така, во јули 1997 година добитник е на стипендија од Фондацијата „Леонардо" од Европската унија.

Во учебната 1998/99 година се запишала на постдипломски студии на Земјоделскиот факултет во Скопје, на групата агроекономика. Испитите од постдипломските студии ги положила со просечна оценка 9,87. Успешно ги завршила

магистерските студии со одбрана на магистерскиот труд „Цената на чинење на домати и краставици од стакленичко производство како фактор на конкурентноста на пазарот" на 24.X 2001 година.

Докторската дисертација под наслов „Трошоците и калкулациите во функција на сметководствениот и информациониот систем на индивидуалните земјоделски стопанства" ја пријавила на 23. VI 2003 година и успешно ја одбранила на 29. VI 2007 година.

Од октомври 1998 година до септември 1999 година работела во Македонскиот деловен центар, проект на USAID, како агробизнис-специјалист на различни проекти. Од октомври 1999 година работи на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, како помлад асистент, асистент, односно од 2007 година како доцент по предметот трошоци и калкулации.

Досега успешно има завршено повеќе меѓународни стручни курсеви од областа на агроекономиката. Во изминатиот период кандидатката остварила повеќе кратки престои на неколку странски универзитети (Земјоделски универзитет во Упсала – Шведска, Биотехнички факултет во Љубљана – Словенија, Економски факултет во Парма – Италија и др.), во насока на усовршување и размена на наставните и научно-стручните знаења. Д-р Александра Мартиновска-Стојческа учествувала на повеќе научни и стручни конференции, симпозиуми и други собири во земјата и во странство. Таа е член на Европската асоцијација на агроекономисти (EAAE) и на Здружението на агроекономистите на Република Македонија, каде што е генерален секретар од септември 2011 година. Активно учествувала во повеќе домашни и меѓународни научно-апликативни проекти.

Активно ги владее англискиот и францускиот, а се служи и со шпанскиот јазик. Ја користи компјутерската техника и владее со современи програмски пакети, за агроекономски истражувања.

## 2. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА И ПЕДАГОШКА ДЕЈНОСТ

Д-р Александра Мартиновска-Стојческа во досегашниот период успешно ја изведува наставата на додипломските студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на следниве предмети:

- трошоци и калкулации на прв циклус универзитетски студии, студиски програми: агроекономика, градинарско-цвеќарска, поледелска, лозаро-овоштарска, сточарска, заштита на растенијата, искористување, уредување и заштита на почвите и водите;
- таксации во земјоделството на прв циклус универзитетски студии, студиска програма: агроекономика;
- анализа на работење на прв циклус универзитетски студии, студиска програма: агроекономика;
- сметководство на фарми на прв циклус универзитетски студии, студиска програма: агроекономика;

Кандидатката д-р Александра Мартиновска-Стојческа со успех учествува и во реализацијата на наставата на вториот циклус универзитетски студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на студиската програма агроекономика, каде што ја изведува наставата по предметните програми: калкулации со финансиска анализа на работењето на земјоделските претпријатија, сметководство во агробизнисот и применет менаџмент на фарми. Од учебната 2009/2010 година, по акредитацијата на меѓународните постдипломски студии на студиската програма агробизнис, ги предава предметните програми: финансиско сметководство и подготовка на магистерска теза.

Од изборот во наставно-научното звање доцент, кандидатката била ментор на 25 дипломски работи и член во комисии за одбрана на 28 дипломски работи. Во овој период таа остварила голем број консултации со студентите на додипломските и постдипломските студии.

Кандидатката била ментор на еден магистерски труд и коментор на неколку магистерски труда изработени во соработка со Шведскиот универзитет за земјоделски науки во Упсала. Исто така, кандидатката била член на четири комисии за оцена и одбрана на магистерски трудови.

Наставно-образовниот процес на додипломските и постдипломските студии, кандидатката д-р Александра Мартиновска-Стојческа го реализира на завидно педагошко ниво. Наставата ја изведува стручно, одговорно и со високо коректен и одмерен однос кон колегите и студентите. Во наставно-образовниот процес, покрај класичните методи, вклучува и интерактивна настава, компјутерски вежби и семинарски работи. Во наставниот процес кандидатката успешно ги користи вештините и искуствата стекнати преку научноистражувачката и апликативната работа.

Кандидатката е коавтор на универзитетскиот учебник „Таксации во земјоделството", издаден во 2009 година од страна на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

## 3. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во научноистражувачката работа кандидатката континуирано се занимава со истражување на проблемите од научната област економика на земјоделството и развој. Д-р Александра Мартиновска-Стојческа, во периодот од изборот во наставно-научното звање доцент, сама или во соработка со други автори, има изготвено 21 научен труд. Трудовите се публикувани во домашни и странски научни и стручни списанија, а дел се презентирани на домашни и странски конференции. Кандидатката, во периодот по изборот за доцент, учествувала во четири меѓународни научноистражувачки проекти.

Својата научноистражувачка работа кандидатката ја презентирала на различни конференции и работилници, со цел да ја запознае домашната и меѓународната стручна јавност со постигнатите резултати од истражувањата.

## 4. СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ДЕЈНОСТ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС

Кандидатката д-р Александра Мартиновска-Стојческа, од изборот во наставно-научното звање доцент, во соработка со други автори или самостојно има изготвено и објавено 9 стручни труда. Во истиот период има одржано повеќе обуки, предавања и семинари од областа на агроекономиката.

Во периодот од 2007 до 2010 година била вклучена како надворешен соработник во работната група за мониторинг на фарма при Агенцијата за поддршка на развојот на земјоделството во Битола, во рамките на проектот МААСП/СИДА. Од 2008 година, во соработка со Шведскиот универзитет за земјоделски науки во Упсала, кандидатката, преку серија обуки и вежби, го популаризира деловниот план на фарма Agriwise за примена во советодавната дејност.

Во периодот по изборот во наставно-научното звање доцент, кандидатката вршела различни дејности од поширок интерес за Факултетот. Од 2009 година е раководител на Катедрата за агробизнис при Институтит за агроекономика на Факултетот за земјоделски науки и храна.

## 5. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕДЛОГ

Во периодот од изборот во наставно-научното звање доцент, кандидатката д-р Александра Мартиновска-Стојческа покажала забележителни активности во наставно-образовната дејност, научноистражувачката и стручно-апликативната работа. Кандидатката успешно ја изведува наставата на повеќе предмети на додипломските и постдипломските студии на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, и во интерната евалуација високо е оценета од страна на студентите. Исто така, публикуваните научни и стручни трудови, како и учеството во меѓународните научноистражувачки проекти ја претставуваат како солиден научен работник кој со сигурност владее со методите на научноистражувачката работа во научната област економика на земјоделството и развој.

Поаѓајќи од изнесеното во извештајот, посебно на оцените за наставно-образовната и педагошката дејност, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и другите активности од поширок интерес, сметаме дека кандидатката достигнала зрелост по сите компоненти и барања за повисоко универзитетско звање.

Врз основа на изложеното и оцената на активностите од последниот избор, а според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, чест ни е и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, д-р Александра Мартиновска-Стојческа, доцент на истиот Факултет, да биде избрана за наставник во научната област економика на земјоделството и развој, во звањето вонреден професор.

**Рецензентска комисија**

1. Д-р Ненад Георгиев, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.

2. Д-р Драган Ѓошевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.

3. Д-р Миле Пешевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Александра Ѓорѓи Мартиновска Стојческа**
Институција: **Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје**
Научна област: **економика на земјоделството и развој**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред.број | Назив на активностите | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Трошоци и калкулации (2+2) летен 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 | 6 |
| 2 | Трошоци и калкулации (3+2) летен 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 | 9 |
| 3 | Трошоци и калкулации (2+1) летен 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 | 6 |
| 4 | Трошоци и калкулации (2+1) зимски 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 | 6 |
| 5 | Трошоци и калкулации (2+2) летен Струмица 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011 | 3,6 |
| 6 | Таксации во земјоделството (3+2) летен 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 | 9 |
| 7 | Анализа на работење (4+3) летен 2007/2008, 2008/2009, 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 | 12 |
| 8 | Сметководство на фарми (4+3) зимски 2009/2010, 2010/2011, 2011/2012 | 7,2 |
| 9 | Калкулации со финансиска анализа на работење на земјоделски стопанства (3+0), група Агроекономика зимски 2011/2012 | 2,25 |
| 10 | Финансиско сметководство (3+0), група Агроекономика зимски 2010/2011, 2011/2012 | 4,5 |
| 11 | Применет менаџмент на фарми (1,5+0), група Агроекономика зимски 2010/2011, 2011/2012 | 2,25 |
| 12 | Финансиско сметководство (меѓународни последипломски студии по Агробизнис) (3+0) зимски 2010/2011, 2011/2012 | 4,5 |
| 13 | Подготовка на магистерска теза (меѓународни последипломски студии по Агробизнис) (1,5+0) зимски 2010/2011, 2011/2012 | 1,5 |
| 14 | Менаџмент на интегрална фарма (последипломски студии по Интегрално производство при Земјоделски институт - Скопје) (1,5+0) летен 2010/2011, 2011/2012 | 2,25 |
| 15 | Менаџмент на органска фарма (последипломски студии по Органско производство при Земјоделски институт - Скопје) (1,5+0) летен 2010/2011, 2011/2012 | 2,25 |
| 16 | Консултации со студенти, 2007/2008 (114 студенти) | 0,2 |
| 17 | Консултации со студенти, 2008/2009 (139 студенти) | 0,3 |
| 18 | Консултации со студенти, 2009/2010 (170 студенти) | 0,3 |
| 19 | Консултации со студенти, 2010/2011 (160 студенти) | 0,3 |
| 20 | Консултации со студенти, 2011/2012 (160 студенти) | 0,3 |
| 21 | Ментор на дипломска работа (x25) | 5,0 |
| 22 | Член на комисија за оцена и одбрана на специјалистички труд под наслов „Утврдување на производните ефекти и економските резултати од работењето на земјоделската задруга Габрово село Нистрово", изработен од Слободан Серафимовски, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранет 2008 година. | 0,2 |
| 23 | Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд под наслов „Менаџмент на ризици на пласманот и користењето на инвестициите", изработен од Зоран Дончев, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранет 2009 година. | 0,3 |

| | | |
|---|---|---|
| 24 | Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд под наслов „Цените во маркетинг-синџирот на домати во Република Македонија" изработен од Ивана Јанеска Стаменковска, пријавена на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранет 2009 година. | 0,3 |
| 25 | Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд под наслов „Успостављање мреже рачуноводствених података са пољопривредних газдинстава у Републици Српској у складу са правилима ЕУ", изработен од Александра Вученовиќ, пријавен на Земјоделскиот факултет при Универзитетот во Бања Лука, Босна и Херцеговина, одбранет 2010 година. | 0,3 |
| 26 | Член на комисија за оцена и одбрана на магистерски труд под наслов „Влијанието на маркетингот врз пазарот на пивото во Република Македонија", изработен од Симеон Милевски, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранет 2011 година. | 0,3 |
| 27 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (х28) | 2,8 |
| 28 | Коавтор на универзитетски учебник: Миланов, М., Мартиновска Стојческа, А. Таксации во земјоделството. Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје (позитивно рецензиран), 2009 година. | 6 |
| | **Вкупно** | **95,0** |

| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | | |
|---|---|---|
| Ред.број | Назив на активностите | Поени |
| 1 | Ментор на магистерски труд под наслов: „Ефикасност на производство на свињарски фарми во Република Македонија", изработен од Марина Петровска, пријавен на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, одбранет 2011 година. | 1 |
| 2 | Коментор на магистерски труд под наслов: „Farm Business Planning Model in the Republic of Macedonia" Master thesis. Swedish University of Agricultural Sciences, Thesis no. 532, ISSN 1401-4084. Uppsala, Елена Симоновска, одбранет 2008 година. | 0,5 |
| 3 | Коментор на магистерски труд на магистерски труд под наслов: „Macedonian agriculture - Preconditions for development of the agro-sector in Macedonia towards EU accession". Master thesis. Swedish University of Agricultural Sciences, 584, ISSN 1401-4084. Uppsala, Leida Sergo, одбранет 2010 година. | 0,5 |
| 4 | Коментор на магистерски труд под наслов:„Sheep Enterprise Budgets: Beneficial Planning Tools within Agriwise Macedonia". Master thesis. Swedish University of Agricultural Sciences, 589, ISSN 1401-4084. Uppsala, Јасмина Милевска, одбранет 2010 година. | 0,5 |
| 5 | Учесник во меѓународен научен проект: Tempus JEP-19027-2004 "Balkan Agri-Sector Initiative for Capacity Building (BASIC)" (2004-2007). | 5 |
| 6 | Учесник во меѓународен научен проект: „Building capacity for Macedonian Policy Formulation and Economic Analysis Related to the Agricultural Sector" финансиран од СИДА (2004-2010). | 5 |
| 7 | Учесник во меѓународен научен проект: „DG-AGRI: Study on the state of the Agriculture in Five Applicant Countries" финансиран од Европска Комисија (2009-2010). | 5 |
| 8 | Учесник во меѓународен научен проект: EconWelfare project KBBE 1-1-213095 (2008-2011). | 5 |
| 9 | Мартиновска-Стојческа, А. 2007. Определување на економската големина на земјоделски стопанства во Република Македонија. Јубилеен годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна „60 години Факултет за земјоделски науки и храна", Година 52, 257-267 | 2 |
| 10 | Георгиев, Н., Мартиновска-Стојческа, А., Маневска-Тасевска, Г. 2007. Пресметување на цената на чинење на грозје кај индивидуални земјоделски стопанства во Неготинско. Јубилеен годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна „60 години Факултет за земјоделски науки и храна", Година 52, 307-316. | 1,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 11 | Martinovska-Stojčeska, A., Georgiev, N. and Erjavec, E. 2008. Farm income analysis of agricultural holdings in Macedonia using FADN methodology, Acta agriculturae Slovenica, 2008:92, no. 1, pp, 41-51 (ИФ 0,27) | 5,0 |
| 12 | Мартиновска Стојческа, А., Димитриевски, Д., Олмер, Б, Карлсон, Т. 2008. Модел за деловно планирање на фарма Agriwise Македонија – примена на краварска фарма. Годишен зборник на Факултетот за земјоделски науки и храна, Скопје, Година 53, 109-121. | 1,2 |
| 13 | Doluschitz, R., Morath, C., Gjoševski, D., Georgiev, N. and Martinovska-Stojčeska, A. 2008. Information management. In: Institute of Agricultural Economics, Faculty of Agricultural Sciences and Food – Skopje, University Ss Cyril and Methodius (ed.), Western Balkan agriculture and European integration (monography) Faculty of Agricultural Sciences and Food, Skopje, 55-68 | 2,4 |
| 14 | Martinovska-Stojčeska, A. and Dimitrievski, D. 2009. Challenges of the Macedonian vegetable sub-sector towards EU-integration. Abstract in Multi-Level Processes of Integration and Disintegration Proceedings, Nineth Greenweek Scientific Conference, Berlin | 0,9 |
| 15 | Georgiev, N., Martinovska-Stojčeska, A. 2009. Market and prices of sheep cheese in the Republic of Macedonia. IV International Symposium of livestock production proceedings, 249 | 0,9 |
| 16 | Martinovska-Stojčeska A., Dimitrievski D., Erjavec E. 2009. Costs and incomes of family farms in Macedonia in a FADN compatible accounting and information system. Agricultura tropica et subtropica. Vol. 41 (3) 2009, 126-133 | 2,4 |
| 17 | Ažderski, J., Belkovski, N., Georgiev, N., Dimitrievski, D., Gjorgjevski, G., Gjoševski, D. ... Martinovska-Stojčeska, A.... et al. 2010. Block B Sector analysis of Macedonian agriculture, In: D. Dimitrievski and T. Ericson (eds.), Sector study – Macedonian agriculture in the period 1995-2007, University Ss Cyril and Methodius, Skopje and Swedish University of Agricultural Sciences, Uppsala, pp 262 | 2,4 |
| 18 | Martinovska-Stojcheska A., Dimitrievski D., Öhlmér B., Karlsson T. 2010. Agriwise Macedonia - A new decision support system for farm management in contrast to current practices. Proceedings of 5 konferenca DAES Sodobni izzivi menedžmenta v agroživilstvu, mart 2010, Slovenia, 51-59 | 1,2 |
| 19 | Martinovska-Stojcheska A., Dimitrievski D., Georgiev N. 2010. The Farm Accountancy Data Network in the Republic of Macedonia with emphasis on data quality. In: Agriculture in the process of adjustment to the common agricultural policy (monography), pg 137-150, Skopje: University Ss Cyril and Methodius (UKIM), Faculty of Agricultural Sciences and Food - Skopje | 3,2 |
| 20 | Georgiev N., Martinovska-Stojcheska A. 2010. Analiza cena kravljeg sira и kackavalja u Republici Makedoniji. Proceedings of the 21st Sientific-Expert conference of agriculture and food industry, Neum 2010, pp 549-558 | 2,7 |
| 21 | Dzabirski V., Martinovska-Stojcheska, Aleksandra, Porchu, K., Milevska Jasmina, 2010. Production and economic performances of traditional and accelerated lambing systems in Macedonian production environment. Original scientific paper. Proceedings: 21st Scientific-expert Conference of Agriculture and Food Industry. Faculty of Agriculture and Food Sciences, University of Sarajevo, BiH. 517-524 | 1,8 |
| 22 | Dimitrievski D., Georgiev N., Simonovska A., Martinovska Stojceska A., Kotevska A. 2010. Review of agriculture and agricultural policy in FYR Macedonia. Chapter 6 in: Agriculture in the Western Balkan Countries. (monography). IAMO. vol. 57. Halle, 2010, 145-164 | 3,6 |
| 23 | Martinovska-Stojcheska A., Sergo L., Surry Y., Ilievska V., Andersson H., Dimitrievski D. 2010. Economic and technical performance of Macedonian agriculture using FADN-type data. Proceedings from the XVIII PACIOLI workshop, 5 - 8 September 2010, Ghent (Belgium). 146-158 | 1,8 |

| | | |
|---|---|---|
| 24 | Мартиновски, Ѓ., Пешевски, М., Георгиев, Н., Мартиновска-Стојческа, А., Богевска, З. 2011. Поважни аспекти за чувањето зеленчук наменет за извоз во Европската Унија. Зборник на трудови и презентации. Второ советување и работилница „Чувањето на свеж зеленчук, овошје и грозје важна компонента на извозниот потенцијал". Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје, Пољопривредни факултет, Нови Сад, Земјоделски факултет, Косовска Митровица, 37-47 | 1,2 |
| 25 | Martinovska-Stojcheska A., Surry, Y. 2011. The productivity situation in Macedonian agriculture: Gainers and losers during the first decade of the 21st century. Proceedings of the XIII EAAE congress Change and Uncertainty Challenges for Agriculture, Food and Natural Resources, Zurich, Switzerland (http://purl.umn.edu/114667) | 2,7 |
| 26 | Martinovska-Stojčeska A., Georgiev, N., Manevska-Tasevska, G. 2011. Analysis and comparison of prices of wine grapes and table wine in the Republic of Macedonia. 46th Croatiian and 6th Internatonal symposium on Agriculture. Opatia. Croatia, 225-228 | 2,4 |
| 27 | Martinovska-Stojceska A., Dimitrievski D., Surry Y., Sergo L., Andersson H. 2011. Economic and technical analysis of Macedonian farms based on farm accountancy data. Unicoop, University Ss Cyril and Methodius, Skopje and Swedish University of Agricultural Sciences, Uppsala, pp 51 | 2,4 |
| 28 | Janeska Stamenkovska Ivana, Georgiev Nenad, Martinovska Stojceska Aleksandra. 2011. Tomato Marketing Chain in the Republic of Macedonia. Scientific Papers Management, Economic Engineering in Agriculture and Rural Development", Vol.11, Issue 2/11, 88-92 | 2,4 |
| 29 | Martinovska-Stojcheska A., Surry, Y. 2011. Family farms and agricultural companies in Macedonia: Productivity outlook. Building Sustainable Regional Economic Development through SME development. Pristina. 361-373 | 1,8 |
| 30 | Секциско предавање на научен стручен собир со меѓународно учество: TEMPUS BASIC Konferencija „Instrumenti upravljanja ruralnim razvojem u zemljama JIE", FADN – Efikasan instrument za podršku razvoju poljoprivrede, Iskustvo Makedonije, 21-22.09.2007, Sarajevo | 2 |
| 31 | Пленарно предавање на научен стручен собир: Влијание на типот на производството врз производно-економските резултати кај пиперката, Советување за производство на пиперки за преработка, 29-30.01.2009, Струмица | 2 |
| 32 | Учество научен/стручен собир со орална презентација: III Inter-departemental Meeting of Agricultural Economics, 10-12.09.2009, Ohrid, The Farm Accountancy Data Network in the Republic of Macedonia with emphasis on data quality | 1 |
| 33 | Учество научен/стручен собир со орална презентација: 5 konferenca DAES "Sodobni izzivi menedžmenta v agroživilstvu", 18-19.03.2010, Slovenia, Agriwise Macedonia - A new decision support system for farm management in contrast to current practices | 1 |
| 34 | Учество научен/стручен собир со орална презентација: XVIII PACIOLI workshop, 5-8.09.2010, Ghent, Economic and technical performance of Macedonian agriculture using FADN-type data | 1 |
| 35 | Учество научен/стручен собир со орална презентација: 21st Scientific-expert Conference of Agriculture and Food Industry, 29.09.-02.10.2010, Neum, BiH, Production and economic performances of traditional and accelerated lambing systems in Macedonian production environment | 1 |
| 36 | Учество научен/стручен собир со орална презентација: Scientific and Professional meeting with international participation "Educational and research trends in agribusiness education in SouthEast Europe", 29-30.09.2011, Zagreb | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 37 | Учество научен/стручен собир со орална презентација: Conference Building Sustainable Regional Economic Development through SME development, 10.12.2011, Pristina, Family farms and agricultural companies in Macedonia: Productivity outlook | 1 |
| 38 | Учество научен/стручен собир со постер: Green Week Scientific Conference 2009, Multi-Level Processes of Integration and Disintegration, 14-15.2009, Berlin, Challenges of the Macedonian vegetable sub-sector towards EU-integration | 0,5 |
| 38 | Учество научен/стручен собир со постер: XIII EAAE congress Change and Uncertainty Challenges for Agriculture, Food and Natural Resources, 30.08-2.09.2011, Zurich, Switzerland, The productivity situation in Macedonian agriculture: Gainers and losers during the first decade of the 21st century. | 0,5 |
| | **Вкупно** | **79,5** |

| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | | |
|---|---|---|
| ред.број | Назив на активностите | Поени |
| 1 | Ѓошевски Д., Георгиев Н., Димитриевски Д., Мартиновска Стојческа А. 2007. Прирачник за изработка на инвестициони програми за вработените во АПРЗ. Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје | 1 |
| 2 | Ѓошевски Д., Георгиев Н., Димитриевски Д., Мартиновска Стојческа А. 2007. Прирачник за извештај за проверка на инвестициони програми.Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје | 1 |
| 3 | Dimitrievski, D., Martinovska-Stojceska, A., Krstevska A. 2008. Effects of the existing policies and measures of the government of Republic of Macedonia in the sector of agriculture with a special focus of the fruits and vegetables sub-sector. Faculty of Agriculture and Food - Skopje. Студија за SNV (Netherlands Development Organisation) | 1 |
| 4 | Георгиев Н., ...Мартиновска Стојческа А.... и др. 2009. Анализа на малопродажните цени на земјоделските производи на пазарите во Република Македонија. Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје | 1 |
| 5 | Мартиновска-Стојческа, А., ... и др. 2009. Цена на чинење на земјоделските производи во 2008 година во Република Македонија. Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје | 2 |
| 6 | Работна група за мониторинг на фарма, АПРЗ, Упатство за водење мониторинг на фарма (I. Прирачник за собирање на податоци, 2007, II. Прирачник за внесување на податоци на фарма, 2008, III. Прирачник за контролни извештаи, 2009), соработник | 1 |
| 7 | Мартиновска Стојческа, А. 2009. Анализа на аналитичките калкулации на растително и сточарско производство врз база на варијабилните трошоци (бруто маржа), GRM International/MAASP2, Скопје | 1 |
| 8 | Мартиновска Стојческа, А., Илиевска, В., Иванов, П., Јанкоска, В., Коцева, Ј., Маркудова, С., Серафимовски, С., Трајковски, П. 2010. Водич за анализа на успехот на работењето на земјоделските стопанства врз основа на податоците и извештаите од ФМС, GRM International/MAASP2, Скопје | 1 |
| 9 | Ѓошевски Д., Мартиновска Стојческа А., Георгиев Н., Димитриевски Д. 2011.Физибилити студија за процена на исплатливоста на вклучување на алтернативни извори на енергија (сончева енергија) во процесот на преработка на зеленчук. Центар за промоција на одржливи земјоделски практитки и рурален развој, Скопје | 1 |
| 10 | Обука за изработка на извештај за проверка на инвестициони програми за ИФАД 2 | 0,5 |
| 11 | Обука за изработка и оцена на инвестициони програми | 0,5 |
| 12 | Обука за изработка и оцена на бизнис план за АПРЗ | 0,5 |
| 13 | Обука за собирање и користење на податоците од ФМС за АПРЗ (x3) | 1,5 |
| 14 | Обука за деловно планирање на фарма AGRIWISE (x4) | 2 |
| 15 | Учество во промотивни активности на Факултетот/Институтот | 0,5 |

| Дејности од поширок интерес | | |
|---|---|---|
| 1 | Раководител на Катедра за Агробизнис | 3 |
| 2 | Член на Комисија за избор во звање (1) | 0,2 |
| 3 | Член на работна група за изработка на бизнис план за потребите на ИПАРД | 1 |
| 4 | Член на Национален комитет за ФАДН | 1 |
| 5 | Изготвување и пријавување на научен национален проект (Производно-економски калкулации во овчарството во Република Македонија, МЗШВ, 02-29/1-2010) | 0,5 |
| 6 | Изготвување и пријавување на научен национален проект (Economic Instruments for Water Policy in Europe: Application to Agriculture and Water Services, INWATRE, ENV.2010.2.1.2-1; Short chain delivery of food in urban and peri-urban areas: A sustainable and viable alternative?, PROXIFOOD, FP7-KBBE-2012-1.4-06) | 2 |
| 7 | Студиски престој во странство до три месеци (Marie Curie Training Course on Economic and Farm Management Advisory Work, 09.2008, Moscow, Russia; Evaluating CAP by PMP Tools: Introduction and Practice, 10.2009, Parma, Italy; Applied Production Analysis, NOVA course, 06.2010, Uppsala, Sweden) | 1,5 |
| | **Вкупно** | **24,7** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 95,0 |
| НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 79,5 |
| СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ | / |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 24,7 |
| **Вкупно** | **199,2** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Ненад Георгиев, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје

2. Проф. д-р Драган Ѓошевски, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје

3. Проф. д-р Миле Пешевски, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ "ПРАКТИКУМ: ПРЕРАБОТКА НА ОВОШЈЕ И ЗЕЛЕНЧУК" ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ЉУБИЦА КАРАКАШОВА И АС. М-Р ФРОСИНА БАБАНОВСКА-МИЛЕНКОВСКА

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна (ФЗНХ), со одлука бр.02-440/1 од 23.2.2012 година, ме определи за рецезент на ракописот под работен наслов **ПРАКТИКУМ: ПРЕРАБОТКА НА ОВОШЈЕ И ЗЕЛЕНЧУК** од авторите проф. д-р Љубица Каракашова и ас. м-р Фросина Бабановска-Миленковска.

Согласно со одлуката на ННС и деталното разгледување на ракописот, го доставувам следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Доставениот ракопис за рецензирање е наменет за студиските програми: Преработка на земјоделски производи, Квалитет и безбедност на храна, Овоштарство со лозарство, Лозарство со винарство, Градинаро-цвеќарска, Агроекономска, на ФЗНХ.

Ракописот е напишан на 131 страница, А4-формат, комјутерски обработен текст со нормален пролед, во кој има 59 фотографии, 17 табели, 15 примери на решени задачи, 24 зададени задачи за решавање и 106 прашања извлечени од ракописот на кои студентите треба да одговорат со цел полесно совладување на наставната програма. Материјалот содржи 12 основни поглавја:

1. Вовед
2. Овошје, зеленчук и нивни производи
3. Квалитет на овошје и зеленчук и нивни преработки
4. Земање на примероци (мостри) за анализа
5. Техничка анализа на суровини
6. Сензорски својства
7. Класификација на поважни методи на сензорска оцена
8. Хемиски анализи
9. Земање на средна проба и припрема на материјалот за анализа
10. Методи за контрола на квалитетот на суровините и преработки од овошје и зеленчук
11. Нормативи за изработка на мармалади
12. Норматив за изработка на кашест сок од кајсија
13. Литература.

Во воведот авторите го истакнуваат значењето на утврдување квалитет на овошјето, зеленчукот и нивните преработки, како главен фактор при: избор на постбербени активности, избор на соодветни технологии на преработка, избор на начин на

чување на готови производи и утврдување на нивниот квалитет. Наведено е значењето на исправноста и квалитетот на овошјето и зеленчукот во свежа сосотојба, како суровини, полупреработки и финални производи, кои треба да се во согласност со законските прописи, кои го регулирани производството и прометот со прехранбените производи. За контрола на квалитетот и хигиенската исправност на суровината и прехранбените производи се користат: сензорски, физички, хемиски, физичко-хемиски, ензимски и микробиолошки методи, кои се изведуваат во овластени лаборатории, со примена на соодветни аналитички методи.

Во второто поглавје направена е основна поделба на овошјето, зеленчукот и нивните преработки. Во првото потпоглавје “Свежо овошје и производи од овошје”, наведени се пропишаните параметри за квалитет на свежото овошје, а табеларно се претставени видовите на преработки од овошје, како и процентот на сувата материја во различни видови на овошје. Во второто потпоглавје “Свеж зеленчук и производи од зеленчук”, наведени се пропишаните параметри за квалитет на свеж зеленчук и табеларно се претставени видовите на преработки од зеленчук, што дава јасна прегледност на содржината.

Во поглавјето “Квалитет на овошје и зеленчук и нивни преработки” наведени се поважните анализи кои се изведуваат во броматолошки лаборатории, каде што се изведуваат анализите според кои се утврдува квалитетот на овошјето, зеленчукот и нивните преработки.

Во четвртото поглавје, “Земање на примероци (мостри) за анализа” истакнато е значењето на правилното земање на примероци (мостри) за анализа, кои заедно со правилно избраната и изведената метода претставуваат важен фактор за успехот на анализата и точноста на резултатите. Објаснети се неколку постапки за начинот на земање на примероци, за производи или суровини, полупреработки во фаза на производство, оригинални пакувања или рефус, при прием во фабрика, од камиони, магацини и сл. Истакнато е дека земањето на примероци е потребно да го вршат стручно обучени лица, кои ќе ги почитуваат соодветните процедури за земање на примероци.

Во поглавјето “Сензорски својства” е истакната потребата од утврдување на сензорските својства при оценување на квалитетот на производот. Во ова поглавје има пет потпоглавја во кои опишани се поединечно сензорските својства и наведени се параметрите по кои се оценуваат.

Во поглавјето “Класификација на поважни методи на сензорска оцена”, дадена е табела во која прегледно се претставени податоците за сензорските методи кои најчесто се применуваат. Истакната е важноста при изборот на метода со која ќе се врши сензорска оцена на некој производ. Укажано е на потребата за примена на соодветни статистички методи, со цел добиените резултати да бидат корисни.

Во осмото поглавје се објаснети поимите за: хемиска анализа, нејзината поделба и карактеристики на квалитативната и кванитативната хемиска анализа. Воедно се дадени дефиниции за: состав на растворот, удел на растворената супстанција, концентрација, молалитет и однос на состојките на растворот.

Во деветтото поглавје е укажано значењето на правилното земање на примерок за анализа од дадена мостра, која е тесно поврзана со видот на материјалот кој е потребно да се анализира. Посебно е важно, пред почетокот на анализата материјалот соодветно да се хомогенизира, за да може добиените резултати да бидат репрезентативни за целиот доставен примерок.

Поглавјето "Методи за контрола на квалитетот на суровините и преработки од овошје и зеленчук" има 13 потпоглавја со следните методи за анализа:

а) Вкупни суви материи;

б) Одредување на растворливи суви материи;

в) Одредување на актуелна (активна) киселост, Одредување на вкупни киселини (волуметриски метод);

г) Одредување на минерални материи (вкупен пепел), Одредување на вкупен пепел, Одредување на пепел растворлив и нерастворлив во вода и Одредување на пепел нерастворлив во киселина HCl (песок);

д) Одредување на шеќери;

ѓ) Одредување на витамин C (аскорбинска киселина);

е) Одредување на пектински материи;

ж) Одредување на танински материи;

з) Одредување на белковини според методата на Келдал (Kjeldahl);

ѕ) Одредување на масти според методата на Сокслет (Soxhelt);

и) Одредување на готварска сол според методата на Мор (Mohr);

ј) Физичко-хемиски карактеристики на водата за пиење;

к) Ферменти и докажување на ферменти.

Во секое од горенаведените потпоглавја, каде што аналитичките методи се изведуваат со примена на гравиметриска или волуметриска хемиска анализа, истакнат е принципот за секоја метода. Воедно, даден е преглед, проследен со слики, за лабараториската опрема и материјали, како и потребните хемикалии за изведување на секоја од анализите. По секоја од овие методи, даден е решен пример за пресметување на резултатите од анализите, како и по две задачи, кои студентите ќе можат да ги користат за подобро совладување на материјалот.

Во единаесеттото поглавје, "Нормативи за изработка на мармалади", даден е преглед на нормативи за добивање на квалитетни преработки од овошје и зеленчук, кои треба да се во согласност со важечките правилници. Во ова поглавје опфатени се две потпоглавја: "Норматив за изработка на мешан мармалад" и "Пресметка на односот на

масата на овошје и шеќер во производство на мармалад и џем", каде што преку практични примери се објаснува како се прави избор на суровина, како се пресметуваат потребните количества на суровини и додатоци, неопходни за добивање на готови производи со потребен квалитет.

Во дванаесеттото поглавје, "Нормативи за изработка на кашест сок од кајсија", даден е краток преглед што претставуваат овошните сокови и како се регулираат нивните карактеристики во текот на производството, за да се добие производ во согласност на важечкиот правилник. Преку практични примери се објаснува како се прави избор на суровина, како се пресметуваат потребните количества на суровини и додатоци, неопходни за добивање на кашест сок од кајсија со потребен квалитет.

Поглавјето "Литература" се состои од 7 литературни извори.

## ОЦЕНА И МИСЛЕЊЕ НА РЕЦЕЗНЕТОТ

Предложениот ракопис со наслов **ПРАКТИКУМ: ПРЕРАБОТКА НА ОВОШЈЕ И ЗЕЛЕНЧУК,** од авторите проф. д-р Љубица Каракашова и ас. м-р Фросина Бабановска-Миленковска, е во согласност со наставната програма на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Според концепциската поставеност, обемот, начинот на презентирање, сеопфатноста и литературната поткрепа, се категоризира како практикум и сметам дека ќе биде од големо значење за студентите од Факултетот за земјоделски науки и храна.

Земајќи го предвид гореизнесеното образложение, имам чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна, при УКИМ, во Скопје да му го препорачам печатењето на ракописот **ПРАКТИКУМ: ПРЕРАБОТКА НА ОВОШЈЕ И ЗЕЛЕНЧУК** од авторите проф. д-р Љубица Каракашова и ас. м-р Фросина Бабановска-Миленковска.

Датум

18.4.2012

Рецензент

Проф. д-р Лазар Сиваков

________________________

(професор во пензија),

Факултет за земјоделски науки и храна, Скопје с.р.

# Реферат

## ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА И ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТОТ М-Р ЈАНЕ АТАНАСОВСКИ ЗА НАУЧНА РАБОТА

Со одлука бр. 02-684/1 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на седницата одржана на 23.2.2012 година, формирана е Комисија во состав:

1. проф. д-р Радмил Поленаковиќ, Машински факултет – Скопје,
2. проф. д-р Роберт Миновски, Машински факултет – Скопје,
3. проф. д-р Ванчо Донев, Машински факултет – Скопје,

со задача да ги прегледа пријавата и доставените материјали од м-р Јане Атанасовски и да даде оцена за оспособеноста на кандидатот за научна работа и за подобноста на темата за изработка на докторска дисертација со наслов:

## ВЛИЈАНИЕТО НА ПОЛИТИКИТЕ ЗА МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВРЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА LEAN SIX SIGMA ВО ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИОТ СЕКТОР.

По прегледот на пријавата и доставените материјали, врз основа на членовите 63 и 174 од Законот за високото образование и член 48 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Оспособеност на кандидатот за научна работа

Кандидатот е роден на 26.11.1976 година во Скопје, каде што го има завршено основното и средното образование со одличен успех. Во 1995 година се запишал на Електротехничкиот факултет во Скопје, на насоката електроника и телекомуникации и дипломирал во 2000 година со просек 8,52 со одбрана на темата "Low-Density Parity-Check Codes". Во 2004 година се запишал на постдипломските студии на Машинскиот факултет, на Институтот за производно инженерство и насоката индустриско инженерство и менаџмент. Испитите ги положил со просечен успех 10,00, а магистрирал на темата „Примена на вештачките невронски мрежи како метод за предвидување на слободен капацитет на интернет линк". Во 2009 година добил стипендија од Македонски телеком за магистерски студии по бизнис администрација на Универзитетот Шефилд (Сити колеџ), каде што во 2011 година магистрирал со одличен успех (одликување од највисока класа) на темата "Evaluation on critical

success factors for successful implementation of lean six sigma in telecommunication services organizations".

Од 2000 година кандидатот работи во Македонски телекомуникации до 2005 година како инженер за управување со IP - мрежи, од 2005 до 2009 како раководител на секторот за IP - мрежи, а од 2009 како раководител на секторот за развој на транспортни и IP - мрежи. Како експерт, земал учество во работната група за дизајн и имплементација на IP - мрежата на Македонски телекомуникациии (прва IP/MPLS - мрежа во Југоисточна Европа) и во работната група за дизајн и имплементација на ADSL - мрежата на Македонски телекомуникациии. Како проект - менаџер има водено повеќе проекти, меѓу кои, „Воведување на Wholesale dialup услуги", „Редизајн на IP мрежата на македонски телекомуникации", „Implementation of FTTH Network".

Како автор досега има објавено 3 научни труда на домашни и меѓународни симпозиуми.

## 2. Образложение на предлог-темата за докторска дисертација

Во денешниот свет на бизнисот, глобализацијата на пазарите и брзиот развој на технологијата создадоа силна и динамична средина која не само што предизвикува, туку и го диктира процесот на промена да претставува најважна константа во оперативните и бизнис стратегиски одлуки на компаниите за задоволување на зголемените кориснички барања.

Оваа промена ги води компаниите кон подобри перформанси и совршеност во бизнис работењето преку процесот на континуирано подобрување кој го трансформира начинот на размислување во организациите и бара усвојување на најдобри менаџмент алатки и практики. Компаниите посебно се фокусираат на менаџментот на квалитет како еден од аспектите на процесот на континуирано подобрување преку примена на концептите за менаџмент на квалитет, бидејќи квалитетот е препознаен како најважен фактор за диференцијација и конкурентност на глобалните светски пазари. Организациите инвестираат сериозни ресурси и капитал за имплементација на концептите за менаџмент на квалитет кои најдобро ќе одговорат на напорите за подобрување на квалитетот на производите/услугите и подобрување на брзината на процесите, преку минимизирање на оперативните трошоци и зголемување на добивката.

Денес постои мноштво од филозофии, стратегии, методологии и техники за подобрување на квалитетот на производите/услугите и задоволството на корисниците. Total Quality Management (TQM), Six Sigma (6σ), Lean Management (LM) и во последно време Lean Six Sigma (L6σ) се меѓу оние што се усвоени и имплементирани во најголем обем во светски најразвиените компании.

Концептот на L6σ се јавува како еден од најпопуларните концепти за менаџмент на квалитет во денешно време. Додека некои автори сметаат дека L6σ е методологија добиена како резултат на комбинирање на две методологии, 6σ и Lean, со цел да се подобри квалитетот, да се елиминира отпадот и да се намали варијацијата, за други тоа е повеќе систематски пристап за редизајнирање на бизнис, интеграција на две стратегии што води кон остварување поголем квалитет и продуктивност и намалување на трошоците или, пак, бизнис стратегија која создава култура и средина за иновации.

General Electric (GE) се смета за прва компанија во светот каде што е имплементирана L6σ. По успешната имплементација на 6σ, GE воведува LM и забележува огромни подобрувања во остварените резултати со примената на интегрираниот пристап. Во подолг временски период, двата пристапа, 6σ и LM постоеле паралелно и имале посебни развојни патишта. Развојот на 6σ бил воден од потребата за подобрување на квалитетот на комплексните производи во индустриското производство, додека отстранувањето на отпадот бил главен мотив за развој на LM. Комбинирањето на двата концепта било категоризирано како повеќе "филозофска" врска бидејќи во практика, некомпатибилноста помеѓу двата концепта водела кон неможност да се оптимизираат процесите како во случајот кога LM ќе ги отстрани сите извори на некорисна информација создавајќи на тој начин огромен проблем за контролната фаза на DMAIC (Define, Measure, Analyze, Improve, Control) методологијата на 6σ.

Сепак, интеграцијата на двата концепта произлегла од искуството на експертите кои директно учествувале во проектите за подобрување на процесите и имплементацијата на концептите за менаџмент на квалитет кои заклучиле дека всушност двата концепта се комплементарни. LM - концептот придонесува со воведување на филозофијата за оптимизација на елементите на секој процес кои додаваат вредности и постојаната евалуација на системите за награда со цел да се осигура глобална оптимизација и носење на одлуки базирани на ефектот кон корисникот. 6σ придонесува со воведување на математички модел за носење одлуки, базиран на методологија со користење на податоци, да ги минимизира варијациите на карактеристиките на квалитет.

Од друга страна, менаџментот со човечки ресурси исто така претставува многу важен фактор за создавање на конкурентска предност на компаниите на пазарот. Повисоките бизнис достигнувања се во тесна корелација со поуспешното имплементирање и користење на политиките и практиките на менаџментот со човечки ресурси. Со цел придонесот на човечкиот капитал на организацијата во остварувањето на бизнис целите на компанијата да биде поголем, стратешкиот менаџмент со човечки ресурси мора да креира и да имплементира множество на интерно конзистентни политики и практики. Постоењето на организациска култура, водена од принципите на квалитет, претставува неопходен услов за имплементација на која било филозофија, пристап или методологија бидејќи успехот на имплементацијата на системите за подобрување на квалитетот директно зависи од степенот на интеграција на сите вработени во сите организациски аспекти. Таквата организациска култура предизвикува позитивни промени кои стимулираат иновативност и претставува поддршка на способноста на организацијата да се справи со бариерите и предизвиците во периодот на имплементација.

Тренингот или обуките претставуваат важен фактор за имплементацијата, пред сè од два аспекта. За да постои успешна имплементација на L6σ, вработените мора да се стекнат знаење за L6σ методологијата преку интензивни систематски обуки реализирани во повеќе фази. Вториот аспект е користењето на практични примери за примена на L6σ како дел од обуката уште од самиот нејзин почеток.

Сепак, компаниите низ светот имаат различни искуства при имплементацијата на различни концепти за менаџмент на квалитет. Земајќи предвид дека успехот на концептот за менаџмент на квалитет зависи во најголем број случаи од самиот процес на имплементација, а не од содржината, главното прашање од аспектот на менаџментот е успешната имплементација на овие

концепти во различни организации и индустриски сектори. Со оглед на фактот што услужните дејности доминираат во светската економија денес, учествувајќи со повеќе од 80% од бруто домашниот производ во САД и вработувајќи повеќе од 90% од работната сила на Европа и САД, концептите за менаџмент на квалитет се повеќе го пренасочуваат фокусот од производството во услужниот сектор. Секторот на телекомуникациски услуги се смета за бизнис област со најголеми промени во поглед на технологија, регулатива, барања од корисниците и конкурентни активности. Квалитетот на телекомуникациските услуги е единствениот извор на конкурентност бидејќи намалувањето на цените и следењето на најновите технолошки достигнувања не се веќе доволни за опстанок сами по себе. Иако областа на телекомуникациски услуги претставува значителна компонента на денешната економија, сепак прашањата поврзани со имплементација на концептите за менаџмент на квалитет во компаниите кои нудат телекомуникациски услуги многу малку се истражени во светската литература. Во литературата постои анализа на случаите на успешна имплементација на L6σ во областа на кориснички услуги, здравствениот сектор, IT - секторот, воените организации, локалната самоуправа и авиоиндустријата. Иако има голем број на случаи од различни области каде што L6σ е имплементирана, сепак само мал број на автори се обиделе да го консолидираат множеството на критични фактори за успешна примена на L6σ, а посебно од аспект на влијанието на политиките за менаџмент со човечки ресурси.

Затоа, целта на оваа докторска дисертација е аналитички да ги истражи прашањата поврзани со влијанието на политиките за менаџмент со човечки ресурси врз имплементацијата на L6σ во телекомуникацискиот сектор.

## 3. Цели на докторската дисертација

Основна цел на оваа докторска дисертација е да се развие мултифакторен модел за креирање на ефикасни и продуктивни политики и практики на менаџментот на човечки ресурси кои поддржуваат успешна имплементација на концептите за менаџмент на квалитет, посебно L6σ, а со тоа да се овозможи подобрување на организациската продуктивност и ефикасност.

## 4. Методологија на истражувањето

Со оглед на фактот дека докторската дисертација има за цел да го испита влијанието на политиките и практика на менаџментот на човечки ресурси врз имплементацијата на L6σ, како најсоодветна методологија за истражувањето кандидатот ќе користи истражување на случај во практика, односно приказ на повеќе случаи на телекомуникациски компании кои имаат имплементирано L6σ во практика. Квалитативниот методолошки пристап е префериран во однос на квантитативниот од повеќе причини. Квалитативниот пристап е корисна алатка за истражување на комплексните релации во услужниот сектор и најсоодветна алатка за истражување на влијанието на различни институционални и фактори специфични за одредена област врз оперативните менаџмент - алатки и техники.

Дополнително, земајќи ги в предвид карактеристиките на услугите, квалитативните методи за истражување се сметаат за посоодветни.

Кандидатот примарните податоци ќе ги добие преку интервјуа со врвните менаџери, прволиниските менаџери и вработени директно вклучени во процесите во компаниите. Дополнително, секундарните податоци кандидатот ќе ги добие преку анализа на документацијата, процедурите и политиките за менаџмент на човечки ресурси и менаџмент на квалитет.

Кандидатот докторската дисертација ќе ја реализира во неколку фази, при што кај некои од фазите ќе има паралелно извршување и повратни врски на повеќе нивоа од фазите:

1. преглед на стручна литература поврзана со темата на дисертација;
2. концептуална анализа на политиките за менаџмент на човечки ресурси и дефинирање на потенцијалните критични фактори од таа област кои имаат влијание на имплементацијата на L6σ во светот;
3. истражување на имплементацијата на L6σ и политики и практики на менаџментот со човечки ресурси во компаниите кои нудат телекомуникациски услуги во Република Македонија;
4. компаративна анализа на резултатите од истражувањето и дефинирање на влијанието на политиките и практики на менаџментот со човечки ресурси врз имплементацијата на L6σ;
5. дизајнирање на мултифакторен модел за креирање на ефикасни и продуктивни политики и практики на менаџментот на човечки ресурси кои поддржуваат успешна имплементацијата на L6σ.

## 5. Очекувани резултати од истражувањето

Како главен резултат од истражувањата спроведени за потребата на докторската дисертација, кандидатот ќе дизајнира мултифакторен модел за креирање на ефикасни и продуктивни политики и практики на менаџментот на човечки ресурси кои поддржуваат успешна имплементација на L6σ. Се очекува кандидатот детално да ги опише чекорите, методологијата на спроведување, методите и алатките за најуспешно користење на моделот во практика. Исто така, како дополнителен резултат од оваа докторска дисертација, кандидатот се очекува да ги систематизира и знаењата за:

- политиките и практиките на менаџментот на човечки ресурси во организациите;
- имплементацијата на L6σ и факторите поврзани со менаџментот на човечки ресурси кои влијаат на неа;
- методологиите, методите и средствата за решавање на идентификуваните проблеми.

Се очекува оваа докторска дисертација да даде голем придонес во интеграцијата на политиките на менаџмент на човечки ресурси и концептите за подобрување на ефикасноста и продуктивноста на работењето во организациите, а со тоа да ја збогати базата на научни сознанија не само во областа на менаџментот на човечки ресурси, туку и областа на менаџмент на квалитет и стратешкиот менаџмент.

# ЗАКЛУЧОК

1. Комисијата е на мислење дека кандидатот м-р Јане Атанасовски, врз основа на досегашниот степен на образование, научноистражувачката и стручна работа, располага со потребните знаења и оспособеност за изработка на предложената тема за докторска дисертација и ги исполнува условите предвидени со Правилникот за стекнување докторат на Машинскиот факултет во Скопје.

2. Врз основа на образложението на пријавената тема, методологијата на истражувањето, обемот, целите и очекуваните резултати, Комисијата смета дека предложената тема за изработка на докторска дисертација со наслов: „Влијанието на политиките за менаџмент на човечки ресурси врз имплементацијата на Lean Six Sigma во телекомуникацискиот сектор" е подобна и претставува релативно ново, актуелно и современо истражување во областа на индустриското инженерство и менаџментот и ги исполнува потребните критериуми за изработка на докторска дисертација.

3. За ментор на кандидатот при изработувањето на докторската дисертација се предлага проф. д-р Радмил Поленаковиќ од Машинскиот факултет во Скопје.

Комисија

1. Проф. д-р Роберт Миновски, Машински факултет – Скопје с.р.

2. Проф. д-р Ванчо Донев, Машински факултет – Скопје с.р.

3. Проф. д-р Радмил Поленаковиќ, Машински факултет – Скопје с.р.

Скопје, 12.3.2012 год.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ПОДОБНОСТА НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА И ОСПОСОБЕНОСТА НА КАНДИДАТОТ м-р ГЛИГОР СТОЈКОВ ЗА НАУЧНА РАБОТА

Со одлука број 02-2608/2 на Наставно - научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, донесена на седницата одржана на 1.12.2011 година, формирана е комисија во состав:

1. проф. д-р Радмил Поленаковиќ, Машински факултет, УКИМ – Скопје,
2. проф. д-р Ванчо Донев, Машински факултет, УКИМ – Скопје,
3. проф. д-р Љубомир Дракулевски, Економски факултет, УКИМ – Скопје,

со задача да ги прегледа пријавата и доставените материјали од м-р Глигор Стојков и да даде оцена за оспособеноста на кандидатот за научна работа и за подобноста на темата за изработка на докторска дисертација под наслов:

**„Споредба на лидерските компетенции и стилови на менаџмент на менаџерите од јавниот и приватниот сектор“**

По прегледот на пријавата и доставените материјали, врз основа на членовите 63 и 174 од Законот за високото образование и член 49 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Оспособеност на кандидатот за научна работа

Кандидатот, м-р Глигор Стојков е роден на 2 октомври 1969 година во Скопје, каде што го завршува основното и средното образование со одличен успех. Високото образование го завршил на Машинскиот факултет во Скопје, на насоката производно машинство, обработка со деформација во 1995 година. Врз основа на стипендија од германската влада (преку организацијата за академска размена ДААД), постдипломските студии ги завршува на Универзитетот за економија и бизнис во Нуртинген, Германија, надградувајќи го своето техничко универзитетско образование, со соодветно во областа на економијата и менаџментот.

Во текот на последните месеци од додипломските студии е ангажиран во „Раде Кончар – Алатница“ врз волонтерска основа на работно место - конструктор на алати, а по завршувањето на студиите започнал да работи во ФаСТО Инженеринг како одговорен за продажба на програмата на течни конструктивни материјали Локтајт (Loctite). Во текот на 1997 година преминал да работи во Рафинеријата за нафта во Скопје како асистент на директорот за одржување. По две години поминати во ОКТА, добил стипендија и заминал на постдипломски студии. По нивното завршување во 2000 година, започнал со работа како Комерцијален директор во „Раде Кончар – Алатница“, а од таму преминал во Германското друштво за техничка соработка - ГТЗ, каде што е ангажиран како консултант - специјалист за поддршка на мали и средни претпријатија – МСП во техничките дејности (машинство, електро-производи и информатичка технологија). По ГТЗ, работи во Програмата за развој на Обединетите нации – УНДП како мониторинг - координатор, а во текот на 2003 година е ангажиран како раководител на Секторот за инвестициски проекти во проектот за развој на општините финансиран од Светска банка.

По завршувањето на работата во проектот финансиран од Светска банка, се посветува целосно на работа како самостоен консултант во областа на регионалниот / локалниот развој и поддршка на МСП, со давање на консултантски услуги во делот на управување и планирање на развојот, пристапот до финансиски средства за МСП, креирање и надградување на развојна политика за МСП, организација на работењето и управување со производните и продажните процеси итн. Во овој период (од 2004 година до денес) професионално е ангажиран како советник - консултант од „Раде Кончар", ГТЗ, Светска банка, УНДП ,Австриската развојна агенција, Швајцарската развојна агенција, Шведската развојна агенција, АППРМ, општините Берово и Велес, ЕВН Македонија, Европската агенција за реконструкција - ЕАР, Агенцијата за меѓународен развој на САД - УСАИД), но и вон Македонија во Палестина, Турција, Бугарија, Србија, Ерменија, Косово и Босна и Херцеговина. Во 2010 година се стекнал со сертификатот PMP – Project Management Professional на Американскиот институт за проектен менаџмент.

Во текот на неговото досегашно искуство има подготвено и изработено повеќе студии, истражувачки извештаи, прирачници, стратегии и акциони планови, главно за потребите на меѓународните развојни институции, компаниите и локалните самоуправи во Македонија. Од нив би можеле да се издвојат, ревизија на „Стратегијата за развој на МСП 2006-2012" во рамките на Проектот за развој на МСП, „Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на МСП 2011 – 2013" за Министерството за економија и АППРМ, „Анализата на тешкотиите во управувањето и системите за следење на структурните фондови на земјите - членки на ЕУ" за Европскиот парламент (како член на тимот задолжен за Бугарија), „Оцена на рамковните услови за бизнис" во 4 македонски плански региони и во регионот на Шумадија во Србија, „Стратегијата за регионален развој на РМ 2009 – 2019 (како дел од тимот задолжен за изградба на капацитетите), „Оценка на Индексот на капацитет на локалните самоуправи за поддршка на развојот во Македонија" за ГТЗ, анализата „Како до подобро спроведување на стратегиските планови за локален економски развој во Македонија" за Институтот отворено општество во Будимшешта, итн.

На високо професионално ниво ги владее англискиот, германскиот и српскиот јазик, додека со бугарскиот и италијанскиот јазик се служи разговорно.

## 2. Образложение на предлог - темата за докторска дисертација

За феноменот на лидерството, во имплицитна или експлицитна форма, било заинтересирано човештвото уште од самите почетоци на цивилизацијата. Ова е последица на фактот дека луѓето, уште од времето на најниско ниво на развој на света, забележале одредени случки на нееднаквост, во кои поединци се истакнувале како лидери, додека други биле принудени да ги следат и покорно да ги слушаат. Суштината на почетокот на поимот на лидерството се сведува на разбирањето дека лидерите се родени со одредени карактеристики, квалитети и способности, кои ќе им дозволат да дејствуваат како лидери, односно дека во остварувањето на лидерските вештини постои одредена „судбина".

Врз основа на овие и слични концепти, развиени се „теориите на голем човек" кои доминираат во раните фази на истражување на лидерството. Овие теории ја претставуваат и ја бранат идејата дека луѓето се раѓаат како водачи односно лидери, и дека сите големи лидери, како Александар, Цезар, Наполеон итн. едноставно биле родени со одредени предиспозиции кои ги промовирале во големи историски личности. Како потврда на овој пристап се користени ситуации во кои извесни лидерски способности и карактеристики се приметуваат кај деца во првите години од животот или кај некои семејства е приметлив големиот број на членови со изразени лидерски тенденции, што сугерира генетски предизпозиции. Оваа теорија доведува до формулирање на теории на личноста (trait theories) кои феноменот на лидерството го објаснуваат исклучиво низ група на лични особини на нивните носители, односно лидери.

Интересирањето за теоријата на личноста кулминира во триесеттите и четириесеттите години на минатиот век, а истражувањата се насочени кон регистрирање на особини кои ги разликуваат лидерите од „обичните луѓе", односно кон оние лични компетенции кои ги прават исклучителни во однос на другите или „следбениците". Со развојот на науката за менаџментот се јавуваат и теориски пристапи кои се базирани на проучување на однесувањето на поединците и промовираат идеја дека соодветното однесување е клучната димензија на лидерството. Од првите студии на однесувањето на лидерите произлегла денес една од најпопуларните класификации на лидерските стилови: автократски, демократски и слободен - "laissezfaire", при што резултатите имаат покажано дека најдобро функционирале оние групи каде што лидерот усвоил демократски стил, додека групите на чие чело се наоѓал автократски лидер имале далеку полоши резултати. Современата литература на менаџментот препознава бројни нови теории за лидерството.

Иако истражувањата најчесто се фокусирале пред се на лидерството низ призма на приватниот сектор и воените структури, основните поставки важеле долго време и за феноменот на лидерството во институциите на јавната администрација. Сепак, во текот на последните неколку децении на овој план се развиваат одвоени истражувања кои дополнително го прецизираат овој сегмент, а посебно напорите врзани за предизвиците на новиот јавен менаџмент како доминантен пристап во последниот период од триесет години. Новиот јавен менаџмент е всушност начинот на кој техниките за управување од приватниот сектор се пренесуваат во јавниот.

Истражувања спроведени во областа на јавниот менаџмент на Балканот покажуваат дека постојат големи недостатоци во исполнувањето на улогата на власта во општините во целиот регион, вклучително и Македонија. И покрај тоа, постојат општини каде што промените се успешни како резултат на проактивниот пристап и волјата на локалните лидери за започнување на различни активности и иницијативи. Успешно водените општини не само што успеале да ги надминат проблемите со кои се соочувале, туку си создале и опции и можности за развој. Имајќи предвид дека процесот на децентрализација е важен дел од процесот на транзиција и поширока модернизација на земјите од регионот, истражувањата покажуваат дека нов, модерен тип на локални лидери се појавуваат во првите години на XXI век. Овие лидери се луѓе со визија и енергија која ги инспирира нивните соработници, поединци кои ја креират реалноста и ги менуваат границите над очекувањата, зрачат со енергија и ја водат нивната околина исклучиво во еден правец – напред.

Со оглед на фактот дека фокусот на досегашните истражувања е поставен исклучиво на градоначалниците како лидери во јавната администрација, неговото проширување со вклучување на лидери од приватниот сектор ќе донесе нов квалитет во оваа сфера во обидот да дојде до докази дека во двата света (јавна администрација и приватен сектор) успешните лидери имаат слични црти на успех, односно слични лидерски компетенции.

Истражувањето на спецификите на примерите на успешно лидерство и управување со локалната власт заедно со споредбата на слични успешни случаи од приватниот сектор во Европа е подрачје за кое стручната литература не дава значаен број на истражени примери. Таа изобилува со студии во кои се анализира јавниот сектор, неговата природа на работа, вработените и начинот на кој е управуван, а постојат и голем број на трудови во кои се прави споредба на јавниот и приватниот сектор по различни критериуми: профилите на вработените, соработката помеѓу градоначалниците и извршните директори, перцепцијата за одговорноста во јавниот сектор, како и тешкотиите со кои се соочуваат лидерите од приватниот сектор кои својата кариера ја продолжиле во јавниот. Иако постои приближување до темата на ова истражување, обемната анализа на литературата и обидот да се евидентираат научни споредбени сознанија за лидерските компетенции во јавниот и приватниот сектор вродува со минимален плод. Имено, постојат споредби на менаџерите од јавниот и приватниот сектор, но постојат занемарливо мал број истражувања за сличностите и разликите во нивните лидерски стилови, како на пример две истражувања во северна Европа и едно во Грција. Соодветно на тоа, спроведувањето на истражувањето за потребите на оваа

докторска дисертација ќе ја пополни празнината која постои во стручната литература во областа на лидерските стилови во јавниот и приватниот сектор со нивна споредба.

## 3. Цели на докторската дисертација

Основни цели на докторската дисертација се следните:

i. да ги испита и да ги анализира главните проблеми и предизвици пред кои е исправено лидерството при успешното управување со трансформацијата на единиците на локалната самоуправа, од една страна, и управувањето со мали и средни претпријатија, од друга страна;

ii. да подготви предлог - модел за развој на проактивното и одговорно локално лидерство базирано врз споредбата на лидерските компетенции, карактеристики и стилови на успешните лидери во јавната администрација и приватниот сектор, односно врз проценката на влијанието на личниот лидерски стил врз успехот на процесот на трансформација.

Потцели на докторската дисертација се:

- идентификување на компетенциите, карактеристиките и стиловите на успешните лидери во институциите на локалната јавна администрација на Република Македонија, како лидери на непрофитни институции, и на успешните претприемачи и сопственици на мали и средни претпријатија, како лидери на профитни организации во приватна сопственост,
- споредба на компетенциите на успешните лидери од институциите на јавната администрација и лидерите од приватниот сектор и оцена на сличностите и разликите на лидерските компетенции и стилови во двете групи на лидери;
- оцена на влијанието кое разликите во лидерските компетенции, карактеристики и стилови го имаат врз различното ниво на успех кое лидерите го оствариле во својата организација.

Се очекува дека кандидатот одговор со изработката на докторската дисертација ќе даде одговор на прашањата:

1. На кој начин најдобрите лидери во Македонија ги решаваат проблемите и се судираат со предизвиците на управување на единиците на локалната самоуправа и приватните претпријатија (кои пристапи, со какви идеи, кој е типот на лична инволвираност, кои дејствија, итн.)?
2. Дали компетенциите, карактеристиките и стилот на успешните лидери се различни во јавниот и приватниот сектор?
3. Кое е влијанието на личниот лидерски стил на успехот на процесот на трансформација во единиците на локалната самоуправа?

## 4. Методологија на истражувањето

Методологијата на истражувањето се потпира на два столба. Првиот дел од истражувањето ќе се фокусира на истражување на стручната литература поврзана со темата на дисертацијата, со посебен осврт на модерните теории и пристапи на лидерството во јавната администрација кои се применливи во Македонија.

Вториот сегмент ќе се концентрира на две групи лидери како предмет на истражувањето: а) успешни лидери во институциите на локалната јавна администрација, како лидери на непрофитни институции, и б) успешни претприемачи и сопственици на мали и средни претпријатија, како лидери на профитни организации во приватна сопственост. Влез во вториот сегмент на истражувањето ќе биде компаративна анализа на професионалните средини, врз основа на која ќе бидат идентификувани соодветни успешни средини и претставници на двете групи лидери. Изборот на успешни средини, односно лидери ќе биде направен врз основа на сет од критериуми, и тоа: растот на компанијата (финансиски, персонален и пазарен), профитабилноста и други финансиски параметри кај компаниите, односно задоволството на граѓаните како корисници на услугите, избегнати

загуби и остварување на целите согласно со поставените планови во јавната администрација.

Истражувањето кандидатот ќе го реализира со користење на предефиниран прашалник специјално за потребите на ова истражување, подготвен со комбинација на прашања од: ILM Trust Index Questionnaire, Organizational Leadership Assessment (OLA), кратка верзија на Minnesota Satisfaction Questionnaire (MSQ) и Multifactor Leadership Questionnaire (MLQ), а врз основа на анкета со учество на најмалку 40 учесници, односно 20 учесници од секоја група. Посебна тежина кандидатот ќе даде на Organizational Leadership Assessment (OLA) и делот за трансформационо лидерство на Multifactor Leadership Questionnaire (MLQ) заради нивната висока валидност и сигурност при користењето во истражувачки проекти за лидерство, како и при организациски развој.

Статистичката анализа на податоците ќе биде направена со користење на програмот СПСС. Покрај описната статистика, во обработката на податоците ќе се користи корелациона и регресиона анализа. Со корелационата анализа ќе се утврди силината и насоката на зависноста помеѓу променливите, односно ќе се утврди дали со промената на некоја променлива во некоја насока, друга променлива ќе се промени во истата или во спротивна насока, како и интензитетот на таа зависност. Со регресионата анализа ќе се отиде еден чекор подлабоко во испитувањето на зависностите на променливите, на тој начин што една или повеќе променливи се сметаат за независни и одговорни за промената на една, зависна променлива.

Понатаму, врз основа на структурирани интервјуа со селектираните лидери во рамките на фокус – групи, кандидатот ќе направи квалитативна анализа на нивната улога во процесот на трансформација на организациите каде што се активни. Дополнително, со употреба на релациони дијаграми ќе биде прикажана зависноста помеѓу лидерските компетенции како фактори, и резултантните состојби. На тој начин ќе биде можно да се идентификуваат оние фактори кои што имаат најсилно влијание врз останатите фактори или симптоми.

Конечно, врз основа на податоците добиени со истражувањето, кандидатот ќе направи анализа на карактеристиките и стиловите присутни во двете групи на лидери, споредба на нивните сличности и разлики, како и анализа на ограничувања за лидерството во јавната администрација и приватниот сектор, што ќе биде основа за подготовка на предлог - рамка за развој на проактивното и одговорно локално лидерство во Македонија.

### 5. Очекувани резултати од истражувањето

Се очекува докторската дисертација да има повеќе излезни резултати. Најпрво, дисертацијата ќе резултира со подготовка на предлог - модел со општи и специфични компетенции кои треба да ги поседува еден успешен лидер /менаџер, а кој ќе биде базиран врз споредбата на лидерските компетенции, карактеристики и стилови на успешните лидери во јавната администрација и приватниот сектор, односно врз проценката на влијанието на личниот лидерски стил врз успехот на процесот на трансформација. Моделот ќе биде направен во вид на матрица со главните компетенции и карактеристики на еден трансформационен лидер, при што во матрицата ќе биде поместен и еден дополнителен дел кој ќе овоможи оценување или самооценување на секој корисник на матрицата. Врз основа на резултатите од (само)оценувањето се очекува секој корисник да може да развие индивидуален план на активности за подигнување на сопствениот лидерски капацитет, самостојно или во рамките на институција за образование или изградба на капацитетите.

Истовремено, резултат на дисертацијата ќе биде и предлог - рамка за развој на проактивното и одговорно локално лидерство која ќе придонесе за подобрување на процесот на локалното управување во Македонија, посебно во однос на квалитетот на општинските услуги и придобивките за локалните жители, и ќе обезбеди дополнително влијание за подобрување на демократизација и реформа на локалната администрација во земјата.

Дополнително на тоа, истражувањето кое ќе се спроведе за споредба на лидерските компетенции и стилови на менаџмент присутни во јавната администрација и приватниот сектор ќе биде прво вакво истражување во Македонија и меѓу првите вакви истражувања во Европа. Таа ќе биде корисна основа за понатамошни подлабоки истражувања во областа, како и во процесот на подигнување на јавната и професионална свест за прашања поврзани со лидерството и неговото значење во процесот на промена и трансформација.

Иако докторската дисертација ќе има теоретски концепт кој во голема мера ќе зависи од резултатите и заклучоците од направените истражувања и анализи, таа би можела да биде искористена и во процесот на подготовка на наставни планови и програми на универзитетите каде што ќе бидат понудени студии за јавна администрација. Конечно, докторската дисертација ќе има свој придонес во научниот свет и ќе ја пополни празнината која постои во стручната литература во областа на лидерските стилови во јавниот и приватниот сектор со нивна споредба.

## ЗАКЛУЧОК

1. Комисијата е на мислење дека кандидатот м-р Глигор Стојков, дипл. маш. инж., врз основа на досегашниот степен на образование, научноистражувачката и стручна работа, располага со потребните знаења и способност за изработка на предложената тема за докторска дисертација и ги исполнува условите предвидени со Правилникот за стекнување докторат на Машинскиот факултет во Скопје.

2. Врз основа на образложението на пријавената тема, методологијата на истражувањето, обемот, целите и очекуваните резултати, Комисијата смета дека предложената тема за изработка на докторска дисертација со наслов: „Споредба на лидерските компетенции и стилови на менаџмент на менаџерите од јавниот и приватниот сектор“ е подобна и претставува актуелно и современо истражување во областа на менаџментот и ги исполнува потребните критериуми за изработка на докторска дисертација.

3. За ментор на кандидатот при изработувањето на докторската дисертација се предлага проф. д-р Радмил Поленаковиќ од Машинскиот факултет во Скопје.

Скопје, 9.12.2011 г. Комисија

1. Проф. д-р Радмил Поленаковиќ, Машински факултет, УКИМ – Скопје с.р.

2. Проф. д-р Ванчо Донев, Машински факултет, УКИМ – Скопје с.р.

3. Проф. д-р Љубомир Дракулевски, Економски факултет, УКИМ – Скопје с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ПОДОБНОСТ НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА И ЗА ОСПОСОБЕНОСТ НА КАНДИДАТКАТА

## М-р НАТАЛИЈА ДИМИТРОВСКА ЗА НАУЧНА РАБОТА

Со одлука бр. 02-2965/2 на Наставно - научниот совет на Машинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на седницата одржана на 1.12.2011 година, формирана е комисија во состав:

1. проф. д-р Радмил Поленаковиќ, Машински факултет – Скопје,
2. вонр. проф. д-р Валентина Гечевска, Машински факултет – Скопје,
3. вонр. проф. д-р Атанас Кочов, Машински факултет – Скопје,

со задача да ги прегледа пријавата и доставените материјали од м-р Наталија Димитровска и да даде оцена на оспособеноста на кандидатката за научна работа и за подобноста на темата за изработка на докторска дисертација со наслов:

**"Интегриран модел за донесување на одлуки во функција на намалување на ризиците при имплементација на различни бизнис - процес алатки".**

По прегледот на пријавата и доставените материјали, врз основа на членовите 63 и 174 од Законот за високото образование и член 49 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### 1. Оспособеност на кандидатот за научна работа

М-р Наталија Димитровска е родена на 29 мај 1981 година во Скопје. Основното и средното училиште го завршила во Скопје во ОУ "Ацо Шопов" и општата гимназија ДУСО „Орце Николов" со одличен успех.

Во 2000/2001 година се запишала на Машинскиот факултет во Скопје, на насоката индустриско инженерство и менаџмент. Дипломирала во јули 2006 година.

Во 2006/2007 година се запишала на постдипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје на Институтот за производно инженерство, на насоката Менаџмент. Сите испити на постдипломските студии ги положила со оценка 10 (десет). Магистерската работа со наслов: *Методологија на донесување одлуки при управување со животниот циклус преку проценка на ризиците во функција на одржлив развој* ја одбранила во јули 2010 година.

Работната кариера ја започнала во 2007 година во приватната организација „Бато и Дивајн“ како асистент на извршниот директор, со дополнителни задачи за воведување на системот за менаџмент на заштитата на животната средина ISO 14001. Во 2008 година кандидатката станала претставник на раководство за интегриран систем за квалитет и менаџмент на животна средина на системите за менаџмент со квалитет ISO 9001 и системот за животна средина ISO 14001 во „Дивајн“.

Во 2009 година се вработила е во приватната компанија „Полиестердеј“ (графичка индустрија и дигитално печатење) како менаџер за квалитет (претставник на раководство за квалитет ISO 9001 системот за менаџмент со квалитет), менаџер на човечки ресурси и ERP (Enterprise Resource Planning) менаџер.

Од 2011 година работела во консултантска компанија како консултант во областите на имплементација на ISO - стандарди, CE - знак, изработка на еколошки елаборати како и елаборати за заштита и спасување, проценка на загрозеност од пожари и природни непогоди и др.

Ангажирана била/е на повеќе меѓународни проекти финансирани од ЕУ – земји - членки како експерт за животна средина и проекти финансирани од УСАИД за изработка на бизнис - планови.

Во 2010 год. учествувала и копретседавала (Co - Chairman) на сесијата насловена "*Life Cycle Management: putting life cycle thinking into practice*, на 20 Конференција на SETAC Europe, која се одржа на 23-27 мај 2010 год. во Севиља, Шпанија. Позначајни трудови објавени во странство се:

- Н. Димитровска, В. Гечевска, B. Buchmaister, *Environmental Performance and Liability for Business Industry Purpose,* Proceeding of the International Scientific Conference: Management of Technology – Step to Sustainable Production (MOTSP'2009), Sibenik, Croatia, Jun, 2009.
- N. Dimitrovska, V. Gecevska, "*The role of environmental tools in sustainable development tools,* Innovative production key to future intelligent manufacturing, University of Maribor, Maribor, 2010.

Кандидатката посетувала повеќе семинари, обуки и работилници за кои добила соодветни сертификати: Промовирање на концепт на почисто производство – JICA проект, (МАЦ – JAMS), Leader project entrepreneurship program", (Richard Ivey School of Business, The University of Western Ontario), ISO 9001:2000 систем за управување со квалитет и ИСО 14001: 2005 систем за управување со заштитата на животната средина, продажба и методи на маркетинг - стратегии, задоволство на купувачите (Стопанска комора на РМ). Во 2007 година добила II награда за најдобар бизнис план од Бизнис старт-ап центарот, во проект финансиран од Австриската агенција за развој.

Во текот на работниот ангажман во компаниите, најголемиот дел од работните задачи ѝ е насочен на анализа на процесите, нивна оптимизација и постојано подобрување, како и менаџирање на отпорот на човечките ресурси кон промените.

Активно ги користи компјутерските програмски алатки за анализа и презентирање на податоци, како и за графичко претставување и моделирање на процеси кои ќе ги користи и при изработка на докторската дисертација. Активно ги владее англискиот, српскиот/хрватскиот јазик, а разговорно се служи со бугарскиот јазик. Има основни познавања од германскиот и грчкиот јазик.

## 2. Образложение на предлог - темата за докторска дисертација

Во втората половина од првата декада на 21 век бизнисот во Европа и низ светот се соочува со процесот на рецесија, каде што голем број на институции и организациии одеднаш изгубија голем дел од својата вредност. Загриженоста за падот на економијата и влегувањето во нова рецесија сè повеќе расте. Истовремено, постои голем број на изнесени податоци во литературата дека некои од филозофиите и методологиите кои се користат за менаџирање на организациите не покажуваат добри резултати. Така, и бизнис - процес моделирањето бележи бројни неуспеси во својата имплементација. Ова е, пред сé, е резултат на комплексноста на опкружувањето во кое егзистираат компаниите, разноликоста на процесните методи, употребата на несоодветни алатки и техники кои се аплицираат во компаниите од различни индустрии, без претходна анализа на системот во кој се применуваат и резултатите кои се очекуваат.

Оваа состојба на намалување на моќта на бизнис - менаџерите и консултантите во областа на донесувањето на правилна одлука во изборот на бизнис - процес алатката е резултат на се поголемата комплексност на бизнис - процес моделирањето, големиот број на бизнис процес алатки кои се на располагање и несоодветната анализа во процесот на планирање и развојот на алатката.

Потребно е да се направи квантитативен и квалитетативен скок при бизнис - моделирањето, особено во фазата на одлучување каде што ќе се изразат (откријат) ризиците на имплементацијата на бизнис - процес алатките, со што ќе се овозможи посигурно и побезбедно донесување на одлука во изборот на бизнис - алатката која е најсоодветна за одредена индустрија/институција/организација.

Токму во оваа празнина, кандидатката ја согледува потребата од изработка на предложената докторска дисертација со наслов *Интегриран модел за донесување на одлуки во функција на намалување на ризиците при имплементација на разни бизнис - процес алатки,* која ќе овозможи донесување на ефективни и ефикасни одлуки како на консултантските компании при воведувањето, така и на врвното раководство при изборот на бизнис - процес алатките, со цел ризиците од успешна имплементација да се редуцираат или, ако е тоа можно, целосно да се отстранат. На овој начин организациите ќе ја употребат вистинската процесна алатка како за планирањето на новите, така и за имплементацијата и постојаното унапредување на тековните процеси.

Бизнис - процесот е комбинација на сет од активности во едно претпријатие со структура која ја опишува логичката поставеност и зависноста чија цел е да се постигне посакуваниот резултат. Бизнис - процес моделирањето овозможува заедничко разбирање и анализа на деловните процеси, дедека процесниот модел обезбедува сеопфатно разбирање на процесот. Претпријатието може да се анализа и интегрира преку своите деловни процеси, па оттука произлегува и значајноста за правилното моделирање на неговите процеси.

Употребата на вистинскиот модел вклучува земање предвид на целта на анализата и знаења за достапните техники и алатки за процесно моделирање. Бројот на референци за бизнис - моделирањето иако е голем, сепак ова подрачје претставува релативно нова и недоволно истражена тема од областа на бизнис - процес алатките.

Бизнис - процес алатки се употребуваат за да се креира апликација која е корисна во дизајнирањето на процесни модели, модели на процесни дијаграми, модели на тек на податоци, а исто така се корисни и при симулирање, оптимизирање, следење и одржување на различни процеси во организацијата.

Независно од координацијата на процесите, бизнис - процес алатките исто така помагаат и при овозможувањето едноставно да се следат правилата дефинирани за процесите, симулацијата на бизнис - процесите, извршување на процесите во последователен начин на работната компонента, следење на бизнис процесите од активната компонента на бизнис - мониторингот и креирање на резултати за клучните индикатори на перформанси што му помага на менаџментот во донесувањето на подобри одлуки.

Постојат голем број на бизнис - процес пристапи, како што се: интегрирано планирање на ресурсите (ERP - Enterprise Resource Planning), бизнис - процес нотификации (BPN – Business Process Notification) и многу други, кои можат да се употребат за подобрување на ефикасноста и ефективноста на претпријатијата и нивните процеси. Со цел да се донесе правилна одлука во изборот на оптималното решение, кандидатот во оваа докторска дисертација ќе користи квалитативни и квантитативни модели на одлучување и проценка на ризиците, како што се: видови на грешки и анализа на ефектите (Failure Mode and Effect Analysis - FMEA), матрица на донесување на одлуки (Decision Matrix), дрво на одлуки (Decision Trees), парето дијаграм (Pareto diagram) и др.

Бизнис - процес алатките се од суштинско значење за многу бизниси, без оглед на обемот, големината, видот и структурата на бизнис. Сепак, има еден аспект според кој различните бизниси не можат да се поистоветат, а тоа е според тоа како го моделираат процесниот пристап за менаџирање на нивните организации – што, пак, претставува предизвик за реализација на оваа докторска дисертација.

## 3. Цели на докторската дисертација

Основна цел на докторската дисертација е да креира *интегриран модел за донесување на одлуки кој ќе ги намали ризиците за успешна имплементација на различни бизнис - процес алатки.* Моделот ќе комбинира повеќе методологии, техники, квантитативни и квалитативни алатки на одлучување и проценка на ризиците, притоа разгледувајќи параметри на успешна имплементација на бизнис - процес алатки како што се: време потребно за имплементација, потребни финансиски средства, отпор при имплементација на алатка, потребни промени кои треба да се случат со воведувањето на алатката, излезни резултати по имплементацијата (профит, продуктивност, задоволство од работата, зголемен пазарен удел и др.) и сл.

Овој модел ќе треба да им овозможи на донесувачите на одлуки (менаџерите од врвното раководство и/или консултантите) да донесат правилна одлука за имплементација на соодветна бизнис - процес алатка за ефективно и ефикасно менаџирање на процесите, што вклучува имплементација на процесен систем базиран на бизнис - процес алатка, негово одржување и постојано унапредување.

Основна намена на овој модел е да промовира успешна политика на работење во динамична средина со можности за постојано унапредување при итеративен процес на планирање и развој. Негова најсилна страна треба да биде елиминацијата на можните ризици кои се јавуваат при имплементација на процесни бизнис - алатки.

## 4. Методологија на истражувањето

За да се постигнат поставените цели при истражувањето, кандидатката ќе ја примени следнава методологија:

1. анализа на литературата во однос на користени бизнис - процес алатки и ризиците кои се јавуваат при нивна имплементација;
2. класификација на бизнис - модел алатките;
3. класификација на различните видови на ризици;
4. анализа „на терен": определување на бизнис процес алатки кои се користат во македонски компании (во над 30 фирми) и нивно рангирање според фреквенција на користење. Анализа на ризичноста по применуван модел;
5. развивање на интегриран модел за донесување на одлуки во однос на применета бизнис - процес алатка / очекуван ризик;
6. имплементација на моделот „на терен" – во компанија;
7. следење на резултатите од однесувањето на моделот;
8. корекција (ако има потреба) на моделот;
9. анализа, интерпретација и коментар на резултатите од истражувањето;
10. текстуална изработка на дисертацијата;

## 5. Очекувани резултати од истражувањето

Финален резултат од оваа докторска дисертација ќе биде: <u>интегриран модел за донесување на одлуки во функција на намалување на ризиците при имплементација на различни бизнис - процес алатки.</u>

Основната улога на овој модел ќе биде успешната имплементација на бизнис - алатките што ќе се овозможи преку нивно истражување и детална анализа на можностите за нивна примена.

За да се обезбеди поголема сигурност на ефективната примена на интегрираниот модел, во него ќе се синтетизираат и методологии, техники и алатки за проценка на ризици и донесување на одлуки. Овој интегриран модел ќе биде претставен преку чекори на имплементација на методологијата, техники и алатки на спроведување со што ќе се обезбеди солидно разбирање и можност за ефикасна примена во практиката.

Примената на интегрираниот модел за донесување на одлуки во функција на намалување на ризиците при имплементација на различни бизнис процес алатки се очекува да овозможи:

1. избор на соодветна бизнис - алатка при процесното моделирање;
2. донесување на одлуки врз основа на анализа на критични фактори;
3. намалени ризици при имплементација на бизнис - алатка со импликација на факторите на ризик;
4. можности за контрола на развојот на бизнис - процесите и интегрирање на политика на постојаното подобрување на процесите;
5. позитивни импликации во стратешкиот развој на организациите;

Примената на интегрираниот модел ќе даде позитивни импликации во креирањето на стратешки политики на претпријатието, менаџирањето на развојот на процеси, производи и услуги, како и можностите за креирање на поголема конкурентност во динамичниот свет на бизнисот.

## ЗАКЛУЧОК

1. Комисијата е на мислење дека кандидатката м-р Наталија Димитровска во целост ги исполнува условите и располага со потребните знаења и оспособеност за изработка на докторска дисертација, врз основа на досегашниот степен на образование, стручната и научноистражувачката работа, како и условите предвидени со Правилникот за стекнување докторат на Машинскиот факултет во Скопје.
2. Врз основа на образложението на пријавената тема, методологијата на истражувањето, целите и очекуваните резултати, Комисијата смета дека предложената тема за докторска дисертација со наслов „Интегриран модел за донесување на одлуки во функција на намалување на ризиците при имплементација на различни бизнис - процес алатки" е подобна и претставува релативно ново, актуелно и современо истражување во областа на индустриското инженерство и менаџментот и ги исполнува потребните критериуми за изработка на докторска дисертација.
3. За ментор на кандидатката при изработување на докторската дисертација се предлага проф. д-р Радмил Поленаковиќ од Машинскиот факултет во Скопје.

Скопје, 9.12.2011

**Комисија:**

1. Проф. д-р Радмил Поленаковиќ,
   Машински факултет – Скопје, УКИМ – Скопје с.р.

2. Вонр. проф. д-р Валентина Гечевска,
   Машински факултет – Скопје, УКИМ – Скопје с.р.

3. Вонр. проф. д-р Атанас Кочов
   Машински факултет – Скопје, УКИМ – Скопје с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ОЦЕНА НА ПОДОБНОСТА НА ТЕМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА И ОСПОСОБЕНОСТА НА КАНДИДАТОТ м-р ИГОР КОСТОВСКИ ЗА НАУЧНА РАБОТА

Со одлука број 02-1597/2 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на седницата одржана на 1.12.2011 година, формирана е Комисија во состав:

1. проф. д-р Радмил Поленаковиќ, Машински факултет, УКИМ – Скопје,
2. проф. д-р Ванчо Донев, Машински факултет, УКИМ – Скопје,
3. проф. д-р Љубомир Дракулевски, Економски факултет, УКИМ – Скопје,

со задача да ги прегледа пријавата и доставените материјали од м-р Игор Костовски, дипл.маш.инж., и да даде оцена за оспособеноста на кандидатот за научна работа и за подобноста на темата за изработка на докторска дисертација под наслов:

**„Дефинирање на ефикасен модел за интегрирано планирање на економскиот развој на ниво на држава"**

По прегледот на пријавата и доставените материјали, врз основа на членовите 63 и 174 од Законот за високото образование и член 49 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Комисијата го понесува следниот

## ИЗВЕШТАЈ

### 1. Оспособеност на кандидатот за научна работа

Кандидатот м-р Игор Костовски е роден на 24 февруари 1974 година во Скопје, каде што со одличен успех ги завршил основното и средното образование. Високото образование го комплетира на Машинскиот факултет во Скопје, на насоката моторни возила во 2001 година.

Во почетокот на 2003 година, од страна на претседателот на Република Македонија доделена му е стипендија за млади бизнис – лидери, по што ги запишал постдипломските студии по извршна бизнис - администрација (насока: менаџмент) на Универзитетот во Шефилд (Сити колеџ – Солун). Магистерските студии ги завршил со одличен успех и почести (одликување од прва класа) во 2005 година, а со неговиот магистерскиот труд насловен како „Влијанието на ефектот на земја на потекло врз однесувањето на купувачите во Република Македонија", нашата држава се вклучува во редот на земји со направено истражување поврзано со концептот на земја на потекло.

Од 1999 година започнал професионално да се ангажира во меѓународни организации и агенции кои имаат свои канцеларии во Скопје. Најголемиот дел од работниот ангажман, околу 6 години, го поминал работејќи за проекти финансирани од страна на Американската агенција за меѓународен развој –

УСАИД, поврзани со прашањата на локалниот развој и локалното планирање. Од 2007 година започнал со давање на консултантски услуги на државни институции, локални самоуправи, приватни компании и странски развојни агенции, главно во делот на менаџментот, планирање, организација на работењето и управување со производните процеси.

Во почетокот на 2008 година, а по извршената промена на сопственичката структура во градежната компанија „Бетон", започнал да работи во оваа компанија на позицијата директор на механизација, од каде што на крајот на истата година се префрлува во Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија – Инвест Македонија, каде што работел на позицијата советник на директорот за маркетинг и истражување, со посебен акцент на координација на економската промоција на земјата во странство. Ангажманот во Инвест Македонија го прекинал на крајот на 2009 година, кога се вработил во Центарот за институционален развој во Скопје, како раководител на грант програмата CIVICA Mobilitas, финансирана од страна на Швајцарската агенција за соработка и развој, каде што работи и во моментот.

За целиот тек на неговиот ангажман активно посетува повеќе обуки и семинари, главно фокусирани на теми како проектен менаџмент и планирање и развој. Како резултат на неговиот досегашен работен ангажман, кандидатот има изработено повеќе прирачници, стратегии и софтверски апликации, главно за потребите на локалните самоуправи во Македонија, а негови најголеми остварувања се следните: координатор на трилатералниот комитет на УСАИД, Министерството за транспорт и врски и ЗЕЛС за стандардизирање, на национално ниво, на постапките за издавање на одобренија за градење и обрасците поврзани со нив, коавтор на софтверот за издавање на одобренија за градење, и автор и коавтор на повеќе стратегии на УСАИД за развој на локалните самоуправи во Македонија.

Во текот на досегашното работно ангажирање, добитник е на повеќе признанија и благодарници од: PolishAid, УСАИД, ЗЕЛС; Општините Штип, Битола, Струга, Прилеп и др.

Активно го владее англискиот јазик, разговорно се служи со шпанскиот и има основни познавања од германскиот јазик.

## 2. Образложение на предлог - темата за докторска дисертација

Поимањето, а следствено на тоа и дефинирањето на економскиот развој, се менувале и еволуирале како што се продлабочувале интересот и истражувањата поврзани со оваа тема. Многу е тешко точно да се лоцира почетокот на проучувањето на економскиот развој, но може да се каже дека првите напори што се направени, но и политики што се носени од страна на владите на државите во светот на ова поле датираат уште од периодот на најраната индустријализација. На своите почетоци, на економскиот развој му биде придавани исклучиво економски карактеристики и најчесто бил тесно поврзуван со растот на локалната или националната економија. Со „еволуирањето" на темата, како и со зголемувањето на теоретската база на знаење за неа, покрај економските аспекти, како составни делови на локалниот економски равој биле уважени и просторниот развој, како и социјалната благосостојба, односно квалитетот на живеењето.

Денес сѐ уште постојат повеќе различни гледања и дефинирања на економскиот развој, но сите автори се сложуваат дека економскиот развој е мултидисциплинарна категорија која во себе покрај економските аспекти,

вклучува и делови од менаџментот, просторното планирање, финансиите, но и регионалните аспекти (или, како што современо ги нарекуваат, регионална наука).

Економскиот развој претставува еден од главните предизвици за секоја власт, независно дали таа е на централно (национално), регионално или на локално ниво. Македонија, како членка на некогашната Југословенска федерација, разви систем на развојно планирање што се базираше на прокламираните социјалистички вредности, додека, пак, западниот дел од континентот својот систем го базираше на отворениот пазар и на силите што владеат во него. По осамостојувањето на Македонија во 1991 година, земјата направи многу реформи во огромен број области, но системот на развојното планирање (веројатно сфатен како систем од второстепена важност) го стави во втор план, или, пак, поточно речено, не се ни обиде темелно да го реформира. Така, наследениот систем за планирање од едно минато време веќе две децении неуспешно се обидуваме да го ставиме во функција и очекуваме од него да даде добри резултати и денес, кога основата на тој систем е целосно изменета. Сè уште Република Македонија се наоѓа во состојба на една недовршена транзиција на системот на планирање на развојот, што претставува и најдобар аргумент за потребата од дизајнирање на ефикасен менаџмент - систем за планирање на развојот, што ќе биде интегриран и применлив како на централно, така и на регионално и локално ниво.

Трите основни карактеристики на секое планирање, па така и на развојното се: опфатот, хоризонтот и хиерархијата на планирањето. Без нивно прецизно дефинирање, планирањето би било само процес без резултати и ефект. Опфатот на планирањето во моментот се разликува од општина до општина, што го прави неконзистентно и неефикасно. Она што е особено интересно во врска со опфатот на развојното планирање е неговото точно дефинирање, што е навистина тешко да се направи со оглед на нецелосното дефинирање на самата тема. Ова е еден од очекуваните резултати на докторскиот труд, при што особено ќе биде земено предвид истражувањето на над 30 студии од САД, Велика Британија и останатите европски држави, а кои се однесуваат на факторите што се влијателни за локалниот економски развој.

Слично како и опфатот, така и хоризонтот на планирањето значително се разликува од случај до случај (од еден план до друг), што говори дека тој воопшто не е стандардизиран. Дополнителен проблем е што во најголемиот број случаи, хоризонтите на планирањето во јавниот сектор ја следат фискалната, односно буџетската година, или пак се однесуваат на изборниот циклус, наместо на среднорочни или долгорочни цели кои треба да се постигнат. Згора на ова, интеракцијата и поврзаноста помеѓу различните (секторски) планови речиси и да непостои, што наведува на заклучок за непостоење на хиерархија во процесот на планирање.

При дизајнирање и конструирање на ефикасен систем на развојно планирање, едно од клучните прашања е дали истот треба да се базира на движење на политиките од долу-нагоре (целосна децентрализација на планирањето) или пак од горе-надолу (целосна централизација на планирањето). Целосната централизација во планирањето беше карактеристика на државите што практикува социјалистички модел на управување. И двете крајности се неповолни како решенија, а некои светски автори сугерираат трето решение во кое централното планирање би ги претставувало „вените“, а локалното „артериите“ на еден ист крвоток. Почетна точка при дефинирањето на ефикасно избалансиран модел за развојно планирање во докторската дисертација ќе претставува токму тврдењето дека

„артериите“ на децентрализираноста носат одговорност и авторитет до многу чинителни на локално ниво, а пак „вените“ на централизацијата нив ги враќаат повторно во центарот. Она што е клучно, е квалитетно да се одмери балансот помеѓу овие две крајности, за процесот да може да биде пропулзивен и максимално ефикасен.

Уште еден важен сегмент на кој мора да се обрне соодветно внимание е компатибилноста на моменталната организациска поставеност (на централно и локално ниво) за потребите на планирање на развојот, како и екипираноста и капацитетот на локалните самоуправи и на државните органи за практикување на ефикасно развојно планирање. Една од можностите што стојат на располагање за премостување на евентуалниот недоволен капацитет и несоодветната организациска поставеност на главните чинители во процесот е формирањето на национална, регионални и/или локални развојни агенции, што е многу чест случај во „западните земји“.

## 3. Цели на докторската дисертација

Главна цел на докторската дисертација е да го проучи постојниот систем (или, поточно речено, независните компоненти на еден невоспоставен систем) за планирање на развојот во Република Македонија, и аргументирано да предложи нов, современ и сеопфатен модел на систем за менаџирање на развојото планирање со цел да се промовира континуиран и одржлив развој.

Моделот треба да овозможи единствен и интегриран процес на планирање на развојот што обединува политики на повеќе институции на централно, регионално и локално ниво. Тој има за задача да ги елиминира сите постојни недоследности и недостатоци на развојното планирање во Македонија, како и да биде компатибилен со европските стандарди со цел да обезбеди лесно прифаќање на средства од европските развојни фондови.

Покрај ова, моделот треба да овозможи поголема пропулзивност на релевантните податоци помеѓу институциите, елиминирање на тесните грла во процесот, воспоставување на јасна хиерархија во системот, за да може да резултира со драматично зголемена меѓуинституционална синергија, а развојното планирање да го усогласи и насочи во ист правец.

## 4. Методологија на истражувањето

Методологијата на истражувањето ја сочинуваат неколку главни компоненти. Како појдовна точка во методологијата предвидено е проучување на постојниот систем на планирање на развојот на национално, регионално и локално ниво во Република Македонија, како резултат на кое треба да се идентификуваат слабите страни и точките на нефункционалност на постојниот систем. Истражувањето на постојниот македонски модел предвидено е да обедини неколку различни видови истражувања со цел да се добие целосна, реална и релевантна слика на моделот. Како составен дел од овој процес, предвидено е да се изврши истражување на законската регулатива што го регулира делот на планирање на развојот, да се анализираат полињата на кои се однесуваат сите стратешки документи усвоени на локално, регионално и национално ниво, да се проучи нивниот опфатот и хоризонтот на планирање, како и механизмите што се предвидени за реализација на овие документи.

Понатаму, со помош на стручната литература што се однесува на планирањето на економскиот развој, како и со истражување на повеќе национални модели за развојно планирање што во моментот се практикуваат

во САД и европските земји, да се добие јасна слика околу главните атрибути на еден ефикасен модел за развојно планирање.

Врз основа на наодите од извршените истражување, завршниот дел од методологијата ќе овозможи изработка на детален модел за ефикасно менаџирање на процесот на планирање на развојот.

## 5. Очекувани резултати од истражувањето

Главен резултат на оваа докторска дисертација ќе биде дефинирање на ефикасен модел за развојно планирање применлив за национална употреба. Системот на интегрирано развојно планирање прецизно ќе ги дефинира опфатот (темите), хоризонтот, хиерархијата на развојното планирање, меѓусебната поврзаност на планските документи, механизмите за извршување на развојните планови и главните чинители во процесот на развојно планирање. Тој ќе ја дефинира улогата и учинокот на секоја институција одделено, детално ќе ги определи областите и темите што се од интерес и важност за економскиот развој на сите три нивоа (локално, регионално и национално) и ќе ја воспостави неопходната хиерархија помеѓу нив заради функционалност и ефикасност на самиот систем.

Покрај ова, проценка е дека резултатите и заклучоците од направените истражувања ќе претставуваат драгоцен прилог кон сè уште незаокружената и недоволна теоретска основа што се однесува на економскиот развој, како и на моделите за негово планирање. Ова се однесува како за Македонија, така и на ниво на светската литература каде што нема голем број на истражувања поврзани со оваа проблематика Дополнителна вредност од докторската дисертација ќе биде обезбедувањето дополнителен импулс за проучување и понатамошен развој на оваа тематика во Македонија.

# ЗАКЛУЧОК

1. Комисијата е на мислење дека кандидатот м-р Игор Костовски, дипл.маш.инж., врз основа на досегашниот степен на образование, научно-истражувачката и стручна работа, располага со потребните знаења и способност за изработка на предложената тема за докторска дисертација и ги исполнува условите предвидени со Правилникот за стекнување докторат на Машинскиот факултет во Скопје.

2. Врз основа на образложението на пријавената тема, методологијата на истражувањето, обемот, целите и очекуваните резултати, Комисијата смета дека предложената тема за изработка на докторска дисертација со наслов: „Дефинирање на ефикасен модел за интегрирано планирање на економскиот развој на ниво на држава“ е подобна и претставува актуелно и современо истражување и ги исполнува потребните критериуми за изработка на докторска дисертација.

3. За ментор на кандидатот при изработувањето на докторската дисертација се предлага проф. д-р Радмил Поленаковиќ од Машинскиот факултет во Скопје.

Скопје, 8.12.2011

Комисија

1. Проф. д-р Радмил Поленаковиќ, Машински факултет – Скопје с.р.

2. Проф. д-р Ванчо Донев, Машински факултет – Скопје с.р.

3. Проф. д-р Љубомир Дракулевски, Економски факултет – Скопје с.р.

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ МОТОРНИ ВОЗИЛА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, бр. 02-1292/1 од 26.4.2012 година, одредени сме за рецензенти по пријавите на конкурсот, објавен во дневните весници "Дневник" и "Коха" од 4 април 2012 година, за избор на еден наставник во наставно-научно звање во научната област моторни возила.

На конкурсот се пријави само еден кандидат, д-р Александар Костиќ, дипл. маш. инж. Звањето за кое конкурира кандидатот е доцент.

Врз основа на доставената конкурсна документација и личното познавање на кандидатот, Комисијата до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Александар Костиќ е роден на 19.3.1979 година во Скопје. Основно образование завршил во ОУ „Иван Горан Ковачиќ" во Скопје, со одличен успех. Средното образование го завршил во УСО „Орце Николов" со одличен успех и бил избран за првенец на генерацијата.

Во 1997 година се запишал на Машинскиот факултет во Скопје, на насоката моторни возила. Во 1999 година реализирал тримесечен студентски престој во Италија, на Универзитетот во Каљари, во склоп на ЈЕР-проектот под наслов „Воведување на комплексни системи за моделирање и симулации и континуирано образование на професионалците од малите и средните претпријатија" од програмата TEMPUS. Дипломирал во 2002 година како најдобар студент во генерацијата со среден успех 10,00.

Во март 2003 година се запишал на постдипломски студии на Машинскиот факултет во Скопје, на истражувачкото подрачје моторни возила. Истата година се вработил на Машинскиот факултет во Скопје како помлад асистент на Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила.

Магистрирал во август 2006 година на Машинскиот факултет во Скопје, со труд под наслов: „Теоријата на хаосот како метод за истражување на динамичкото однесување на возилата". Истата година бил избран за соработник со соработничко звање - асистент на Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила.

Во периодот од 2005 до 2008 година ја извршувал функцијата секретар на Институтот за машински конструкции, механизациони машини и возила, а во 2008 година е избран за раководител на Лабораторијата за возила.

Во 2009 година престојувал на Врије - универзитетот во Брисел, Универзитетот во Штутгарт и фирмата „Биро веритас" во Париз, во рамките на TEMPUS-проектот под наслов „Нумерички симулациски програми во машинското инженерство" (TEMPUS JEP NSP-ME 19017).

Во 2009 и 2010 година активно учествувал во проектот FP7 TRANSBONUS.

Докторирал на 19.12.2011 година на Машинскиот факултет во Скопје, со докторската дисертација под наслов „Примена на техниката на интелигентни транспортни системи (ITS) за зголемување на протокот на возилата и на безбедноста во сообраќајот во урбани средини", со што се стекнал со академски степен - доктор на технички науки.

## НАСТАВНА АНГАЖИРАНОСТ

Во текот на изминатиот период, од неговото вработување на Машинскиот факултет во Скопје па сè до денес, активно учествувал при спроведувањето на наставните активности на Факултетот. Во тој период успешно ги спроведувал вежбите по следниве наставни предмети:

1. машински елементи I
2. машински елементи II
3. машински елементи во енергетиката
4. конструирање и CAD
5. основи на конструирањето и CAD
6. инженерска графика
7. графичко комуницирање
8. транспортни уреди и возила
9. транспортни машини
10. транспортни средства
11. средства за транспорт
12. теорија на движење на моторните возила
13. конструкција на моторните возила
14. пресметка на моторните возила
15. уреди и опрема кај моторните возила
16. моторни возила
17. автоматизација на постапки на проектирање на моторни возила
18. проектирање и конструкција на МВ
19. влечни машини
20. проектирање и анализа на автоматизирани системи кај МВ
21. автоматизирани постапки на испитување.

# НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

Во текот на изминатиот период, покрај големото наставно ангажирање, кандидатот учествувал во реализацијата на повеќе научни и стручни трудови меѓу кои можат да се издвојат:

1. Kostic A., Kosevski M., Danev D., Gjurkov I.: "Analyses of the dynamical behavior of vehicle sprunged and unsprunged mass through virtual simulation and experiments", International Congress Motor Vehicles & Motors 2008, Kragujevac, Serbia, October 2008, Conference Proceedings.

Следејќи ги современите трендови, истражувањето во овој труд е спроведено со креирање на виртуелен четвртински динамички модел на возило и негова експериментална верификација. Експерименталното истражување е спроведено на патничко возило, марка SEAT TOLEDO, со побудување на само едно тркало, земајќи ги предвид деловите од потпрената и непотпрената маса кои отпаѓаат на тоа тркало. Тркалото е побудувано со синусно вертикално движење, со различна фреквенција од 3 до 20Hz и амплитуда од 3mm. На овој начин е постигната симулација на движење со различна брзина по патна подлога со иста бранова должина или движење со иста брзина по патна подлога со различна бранова должина. За време на експериментите, мерени се поместувањето и забрзувањето на потпрената и непотпрената маса на возилото и релативното поместување помеѓу овие две маси. Со анализа на експерименталните резултати и резултатите од симулациите утврдено е неочекувано динамичко однесување на потпрената маса на возилото.

2. Kostic A., Kosevski M., Kocarev Lj., Danev D., Gjurkov I., "Chaotic Behavior of Mechanical Vibro-impact System with Two Degrees of Freedom and Possibilities of Chaotic Behavior of Quarter Vehicle Model", 22nd JUMV International Automotive Conference "Science and Motor Vehicles 2009", April 2009, Belgrade, Serbia, Proceedings Paper Code: JUMV_SMV_09/72.

Во овој труд е извршена анализа на механички виброударен систем со два степена на слобода. Динамичкото однесување на системот е определено со употреба на различни алатки од теоријата на динамичките системи, вклучувајќи бифуркациони дијаграми, Љапунови експоненти и Поанкареови попречни пресеци. Во зависност од аголната брзина на побудата, утврдено е периодично и хаотично однесување на системот. Истата постапка потоа е применета со цел да се утврди евентуалната појава на хаотично однесување на четвртински динамички модел на возило.

3. A. Kostic, M. Kosevski, Challenges and Possibilities for Enhanced Vehicle Flow and Safety on Urban Traffic, 23rd JUMV International Automotive Conference "Science and Motor Vehicles 2011", April 2011, Belgrade, Serbia, Proceedings pp. 199-214 - Paper Code: NMV11SAF06.

Истражувањата кои се презентирани во трудот се во насока на утврдување на можностите за зголемување на безбедноста и протокот на возила во урбана средина. Во трудот е анализирана актуелната состојба на

ACC (Adaptive Cruise Control) системите во поглед на контролните алгоритми, дизајнот на контролерите, моделите и стратегиите на следење на возила, комбинациите на овие системи со други системи за асистенција на возачот и нивната надградба во кооперативни ACC и Stop and Go системи. Во трудот е претставен и првичен, едноставен модел на сообраќајна раскрсница во урбана средина, развиен во Матлаб. Со примената на овој модел се добиени прелиминарни квалитативни резултати во поглед на протокот на возила и времето на патување низ сообраќајна раскрсница во урбана средина.

4. Kostikj Aleksandar, Kjosevski Milan, Challenges and Possibilities for Enhanced Vehicle Flow and Emission in Urban Traffic in WBC Region, 13th European Automotive Congress EAEC 2011, June 2011, Valencia, Spain, Proceedings Paper Code: EAEC13/EAEC2011_E54.

Овој труд претставува продолжение на претходниот. Во него е претставен првичен модел на сообраќајница со неколку раскрсници во урбана средина, развиен во Матлаб. Со примена на овој модел се добиени прелиминарни квалитативни и квантитативни резултати во поглед на протокот на возила, времето на патување, брзината и забрзувањето на возилата во урбана средина, потрошувачката на гориво и издувната емисија.

5. Aleksandar Kostikj, Milan Kjosevski, Ljupcho Kocarev, Identification of Dominant Human Factors as Important Microscopic Traffic Parameters in Urban Environment, 20$^{th}$ International Symposium on Electronics in Transport, March 2012, Ljubljana, Slovenia, Proceedings Paper Code: R3.

Во трудот се претставени доминантните човечки фактори како значајни микроскопски сообраќајни параметри во урбана средина. Идентификацијата на овие фактори е извршена врз основа на експериментални истражувања во урбана средина и анализа на предметната литература. Акцентот е ставен на растојанието меѓу возилата кои стојат на раскрсница за времетраење на црвеното светло. Со примена на соодветни алатки за статистичка анализа утврдена е распределбата на растојанието меѓу возилата како случајна големина. Во рамките на трудот се презентирани и методи за намалување на ова растојание во насока на зголемување на протокот и капацитетот на сообраќајниците во урбана средина.

6. Александар Костиќ, Примена на техниката на интелигентни транспортни системи (ITS) за зголемување на протокот на возилата и на безбедноста во сообраќајот во урбани средини, докторска дисертација, декември 2011, Машински факултет - Скопје.

Докторската дисертација е од областа на интелигентните транспортни системи (ITS). Тие се современа техничка област која се стреми кон оптимирање на сообраќајот од аспект на проток, енергетска ефикасност, намалување на штетната емисија и подобрување на безбедноста. Оваа област сè уште се наоѓа во фазата на развој, кој се потпира на изнаоѓање на иновативни и креативни решенија потпрени на научни истражувања со соодветни верификации. Истражувањата што се

спроведени во докторската дисертација се фокусирани на можноста за зголемување на протокот на возила и безбедноста во сообраќајот во урбани средини, преку соодветна надолжна контрола на движењето на возилата. Тие се реализирани со современ мултидисциплинарен пристап кој се потпира на експериментален и аналитички дел. Со спроведување на експерименталните истражувања се утврдени параметрите на сообраќајниот тек во урбана средина. Понатаму, тие се употребени за калибрација и верификација на виртуелниот модел на сообраќаен тек кој е развиен во рамките на докторската дисертација. Со примена на верифицираниот виртуелен модел е извршена оптимизација на сообраќајниот тек во урбана средина и е развиен модел на оптимиран-хармоничен сообраќаен тек. Паралелните симулации на реален и оптимиран-хармоничен сообраќаен тек укажуваат на придобивки од оптимизацијата во областа на подобрувањето на протокот на сообраќајот, енергетската ефикасност, смалувањето на емисијата и подобрувањето на безбедноста во сообраќајот. Во трудот се истакнати и можностите за унапредување на урбаниот сообраќај во постојните услови заради негово приближување кон оптимиран-хармоничен сообраќаен тек.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија констатира дека д-р Александар Костиќ, дипл. маш. инж, е квалитетен, професионален, исполнителен и преспективен научен работник кој од своето вработување па до денес активно учествувал во повеќе научноистражувачки и стручно-апликативни активности при Машинскиот факултет во Скопје, а во наставата учествува со посветеност и примерено ангажирање по голем број на предмети.

Во досегашната работа како асистент препознатлива е неговата сериозност во пристапот кон извршувањето на наставните и другите обврски, како и коректноста кон студентите, колегите и вработените на Факултетот. Неговите достигнувања на професионален план говорат дека кандидатот ги поседува неопходните квалитети за работа во академска средина.

Врз основа на изнесеното, ни претставува особена чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, кандидатот д-р Александар Костиќ да биде избран за наставник во научната област моторни возила, во наставно-научно звање - доцент.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Милан Ќосевски, Машински факултет - Скопје с.р.

2. Вонр. проф. д-р Дарко Данев, Машински факултет - Скопје с.р.

3. Вонр. проф. д-р Игор Ѓурков, Машински факултет - Скопје с.р.

**АНЕКС 2**

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Александар Звонимир Костиќ**

(име, татково име и презиме)

**Институција: Машински факултет - Скопје / МКММВ**

(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: моторни возила**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд)** | |
| 1 | Инженерска графика (зимски 2003/2004) | 4.5 |
| 2 | Графичко комуницирање (зимски 2003/2004) | 2.7 |
| 3 | Машински елементи 1 (зимски 2003/2004) | 1.8 |
| 4 | Машински елементи 2 (летен 2003/2004) | 1.8 |
| 5 | Машински елементи во енергетиката (летен 2003/2004) | 1.8 |
| 6 | Основи на конструирањето и CAD (летен 2003/2004) | 0.9 |
| 7 | Инженерска графика (зимски 2004/2005) | 6.75 |
| 8 | Графичко комуницирање (зимски 2004/2005) | 1.35 |
| 9 | Машински елементи 1 (зимски 2004/2005) | 1.8 |
| 10 | Конструирање и CAD (зимски 2004/2005) | 0.9 |
| 11 | Машински елементи 2 (летен 2004/2005) | 1.8 |
| 12 | Машински елементи во енергетиката (летен 2004/2005) | 1.8 |
| 13 | Основи на конструирањето и CAD (летен 2004/2005) | 0.9 |
| 14 | Транспортни машини (летен 2004/2005) | 0.9 |
| 15 | Транспортни уреди и возила (летен 2004/2005) | 0.9 |
| 16 | Инженерска графика (зимски 2005/2006) | 5.4 |
| 17 | Графичко комуницирање (зимски 2005/2006) | 0.9 |
| 18 | Машински елементи 1 (зимски 2005/2006) | 1.8 |
| 19 | Конструирање и CAD (зимски 2005/2006) | 0.9 |
| 20 | Машински елементи 2 (летен 2005/2006) | 1.8 |
| 21 | Машински елементи во енергетиката (летен 2005/2006) | 1.8 |
| 22 | Основи на конструирањето и CAD (летен 2005/2006) | 0.9 |
| 23 | Транспортни машини (летен 2005/2006) | 0.9 |
| 24 | Транспортни уреди и возила (летен 2005/2006) | 0.9 |
| 25 | Инженерска графика (зимски 2006/2007) | 5.4 |
| 26 | Графичко комуницирање (зимски 2006/2007) | 0.9 |
| 27 | Машински елементи 1 (зимски 2006/2007) | 1.8 |
| 28 | Конструирање и CAD (зимски 2006/2007) | 0.9 |
| 29 | Машински елементи 2 (летен 2006/2007) | 1.8 |
| 30 | Машински елементи во енергетиката (летен 2006/2007) | 1.8 |

| | | |
|---|---|---|
| 31 | Основи на конструирањето и CAD (летен 2006/2007) | 0.9 |
| 32 | Транспортни машини (летен 2006/2007) | 0.9 |
| 33 | Транспортни уреди и возила (летен 2006/2007) | 0.9 |
| 34 | Инженерска графика (зимски 2007/2008) | 5.4 |
| 35 | Графичко комуницирање (зимски 2007/2008) | 0.9 |
| 36 | Машински елементи 1 (зимски 2007/2008) | 1.8 |
| 37 | Конструкција на МВ (зимски 2007/2008) | 0.9 |
| 38 | Машински елементи 2 (летен 2007/2008) | 1.8 |
| 39 | Машински елементи во енергетиката (летен 2007/2008) | 1.8 |
| 40 | Теорија на движење на МВ (летен 2007/2008) | 0.9 |
| 41 | Пресметка на МВ (летен 2007/2008) | 0.9 |
| 42 | Уреди и опрема кај МВ (летен 2007/2008) | 0.9 |
| 43 | Инженерска графика (зимски 2008/2009) | 3.6 |
| 44 | Графичко комуницирање (зимски 2008/2009) | 0.9 |
| 45 | Конструкција на МВ (зимски 2008/2009) | 0.9 |
| 46 | Моторни возила (зимски 2008/2009) | 0.9 |
| 47 | Теорија на движење на МВ (летен 2008/2009) | 0.9 |
| 48 | Пресметка на МВ (летен 2008/2009) | 0.9 |
| 49 | Уреди и опрема кај МВ (летен 2008/2009) | 0.9 |
| 50 | Средства за транспорт (летен 2008/2009) | 0.9 |
| 51 | Транспортни средства (летен 2008/2009) | 0.9 |
| 52 | Инженерска графика (зимски 2009/2010) | 3.6 |
| 53 | Графичко комуницирање (зимски 2009/2010) | 0.9 |
| 54 | Конструкција на МВ (зимски 2009/2010) | 0.9 |
| 55 | Моторни возила (зимски 2009/2010) | 0.9 |
| 56 | Теорија на движење на МВ (летен 2009/2010) | 0.9 |
| 57 | Пресметка на МВ (летен 2009/2010) | 0.9 |
| 58 | Уреди и опрема кај МВ (летен 2009/2010) | 0.9 |
| 59 | Средства за Транспорт (летен 2009/2010) | 0.9 |
| 60 | Транспортни средства (летен 2009/2010) | 0.9 |
| 61 | Инженерска графика (зимски 2010/2011) | 1.8 |
| 62 | Графичко комуницирање (зимски 2010/2011) | 0.9 |
| 63 | Конструкција на МВ (зимски 2010/2011) | 0.9 |
| 64 | Моторни возила (зимски 2010/2011) | 0.9 |
| 65 | АППМВ (зимски 2010/2011) | 0.9 |
| 66 | Теорија на движење на МВ (летен 2010/2011) | 0.9 |
| 67 | Пресметка на МВ (летен 2010/2011) | 0.9 |
| 68 | Уреди и опрема кај МВ (летен 2010/2011) | 0.9 |
| 69 | Проектирање и конструкција на МВ (летен 2010/2011) | 0.9 |
| 70 | Конструкција на МВ (зимски 2011/2012) | 0.9 |
| 71 | Моторни возила (зимски 2011/2012) | 0.9 |
| 72 | АППМВ (зимски 2011/2012) | 0.9 |
| 73 | Теорија на движење на МВ | 0.9 |
| 74 | Пресметка на МВ | 0.9 |
| 75 | Уреди и опрема кај МВ | 0.9 |
| 76 | Средства за Транспорт | 0.9 |
| 77 | Транспортни средства | 0.9 |
| 78 | Проектирање и конструкција на МВ | 0.9 |
| 79 | Влечни машини | 0.9 |
| 80 | Проектирање и анализа на автоматизирани системи кај МВ | 0.9 |
| 81 | Автоматизирани постапки на испитување | 0.9 |
| | **Консултации со студенти** | |

| | | |
|---|---|---|
| 82 | Консултации со студенти 2003/2004 (275 студенти) | 0.55 |
| 83 | Консултации со студенти 2004/2005 (410 студенти) | 0.82 |
| 84 | Консултации со студенти 2005/2006 (420 студенти) | 0.84 |
| 85 | Консултации со студенти 2006/2007 (425 студенти) | 0.85 |
| 86 | Консултации со студенти 2007/2008 (345 студенти) | 0.69 |
| 87 | Консултации со студенти 2008/2009 (280 студенти) | 0.56 |
| 88 | Консултации со студенти 2009/2010 (270 студенти) | 0.54 |
| 89 | Консултации со студенти 2010/2011 (210 студенти) | 0.42 |
| 90 | Консултации со студенти 2011/2012 (260 студенти) | 0.52 |
| 91 | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (14)** | 1.4 |
| | **Вкупно** | **125.09** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Учесник во меѓународен научен проект** | |
| 1 | PHARE Multi-Country Tempus JEP-13571-98 Project: Introducing introduction of complex modeling systems in industrial engineering high education and continuous training of SME professionals. (1999-2000) | 5 |
| 2 | TEMPUS Joint European Project - 19017: Numerical Simulation Program in Mechanical Engineering. (2006-2009) | 5 |
| 3 | European Project under Seventh Framework Programe (FP7): Transport EU-Western Balkan network for training, support and promotion of cooperation in FP7 research activities - TRANSBONUS, 2009-2011, Grant agreement number: 218699 | 5 |
| | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 4 | Kostic A., Kosevski M., Danev D., Gjurkov I.: "Analyses of the dynamical behavior of vehicle sprunged and unsprunged mass through virtual simulation and experiments", International Congress Motor Vehicles & Motors 2008, Kragujevac, Serbia, October 2008, Conference Proceedings. | 1.8 |
| 5 | Kostic A., Kosevski M., Kocarev Lj., Danev D., Gjurkov I., "Chaotic Behavior of Mechanical Vibro-impact System with Two Degrees of Freedom and Possibilities of Chaotic Behavior of Quarter Vehicle Model", 22nd JUMV International Automotive Conference "Science and Motor Vehicles 2009", April 2009, Belgrade, Serbia, Proceedings Paper Code: JUMV_SMV_09/72. | 1.8 |
| 6 | A. Kostic, M. Kosevski, Challenges and Possibilities for Enhanced Vehicle Flow and Safety on Urban Traffic, 23rd JUMV International Automotive Conference "Science and Motor Vehicles 2011", April 2011, Belgrade, Serbia, Proceedings pp. 199-214 - Paper Code: NMV11SAF06. | 2.7 |
| 7 | Kostikj Aleksandar, Kjosevski Milan, Challenges and Possibilities for Enhanced Vehicle Flow and Emission in Urban Traffic in WBC Region, 13th European Automotive Congress EAEC 2011, June 2011, Valencia, Spain, Proceedings Paper Code: EAEC13/EAEC2011_E54. | 2.7 |
| 8 | Aleksandar Kostikj, Milan Kjosevski, Ljupcho Kocarev, Identification | 2.4 |

| | | |
|---|---|---|
| | of Dominant Human Factors as Important Microscopic Traffic Parameters in Urban Environment, 20th International Symposium on Electronics in Transport, March 2012, Ljubljana, Slovenia, Proceedings Paper Code: R3. | |
| | **Учество на научен/стручен собир со реферат - усна презентација** | |
| 9 | A. Kostik, M. Kosevski, V. Stojkovski, Z. Kostik: "Modelling of the flow domain around a motor vehicle as a way to determine the drag coefficient using FLUENT", SOUTEAST EUROPE FLUENT USERS GROOP MEETING 2002, Thessaloniki, R. Greece, November 2002. | 1 |
| | **Вкупно** | **27.4** |
| | | |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, проценка на капитал, систематизација, методологија** | |
| 1 | Александар Костиќ, Звонимир Костиќ, Структурна статичка анализа на кранска греда во виртуелна средина, сработено за потребите на ХПА Скопје, септември 2008 (технички извештај). | 1 |
| 2 | Александар Костиќ, Звонимир Костиќ, Структурна статичка анализа на фиксна потпора за кранска греда во виртуелна средина, сработено за потребите на ХПА Скопје, септември 2008 (технички извештај). | 1 |
| 3 | Александар Костиќ, Подготовка на техничка документација за производство на специјална приколка за превоз на еталони, сработено за потребите на ХПА Скопје, декември 2008 (елаборат). | 1 |
| 4 | Александар Костиќ, Звонимир Костиќ, Структурна статичка анализа и анализа на замор на хидрауличен вентил во виртуелна средина, сработено за потребите на Металинвест - Кавадарци, јуни 2010 (технички извештај). | 1 |
| | **Учество во промотивни активности на факултетот/институтот** | |
| 5 | Учество во промотивни активности на факултетот/институтот (2 години) | 1 |
| | **Раководител на лабораторија** | |
| 6 | Раководител на лабораторија за возила (2008 - ...) | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | **Студиски престој во странство - до три месеци** | |
| 7 | Универзитетот во Каљари (август - октомври 1999) | 0.5 |
| 8 | Слободен универзитет во Брисел (јануари 2009) | 0.5 |
| 9 | „Биро веритас" - Париз (јануари 2009) | 0.5 |
| 10 | Технички универзитет во Штутгарт (јануари - февруари 2009) | 0.5 |
| 11 | Слободен универзитет во Брисел (февруари 2009) | 0.5 |
| | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект - соработник** | |
| 12 | INNOVATIVE ENGINEERING through VIRTUAL TESTING and VISUALIZATION - IEVTV - 159031 - TEMPUS-BE-TEMPUS-JPHES | 1 |

| | **Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)** | |
|---|---|---|
| 13 | Technical assistance to the Government of Macedonia for the transposition of technical EU directives, Project No:02.3515.0-013.00 GTZ<br>1. Правилник за одобрување на тип на моторни возила со две и со три тркала (Сл. весник на РМ 131/2009)<br>2. Правилник за единечно одобрување на возило (Сл. весник на РМ 16/2010)<br>3. Правилник за одобрување на нови моторни и приклучни возила, системи, составни делови и самостојни технички единици наменети за таквите возила (Сл. весник на РМ 132/2009)<br>4. Правилник за одобрување на земјоделски и шумски трактори (Сл. весник на РМ 134/2009)<br>5. Правилник за техничките барања за системите, составните делови, самостојните технички единици, опремата, димензиите и вкупните маси и осното оптоварување на возилата (Сл. весник на РМ 21/2010) | 10 |
| | **Вкупно** | **19.5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **125,09** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **27,4** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **19,5** |
| **Вкупно** | **171,99** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Милан Ќосевски, Машински факултет - Скопје с.р.

2. Вонр. проф. д-р Дарко Данев, Машински факултет - Скопје с.р.

3. Вонр. проф. д-р Игор Ѓурков, Машински факултет - Скопје с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЛЕКАРСТВО ВО ИНСТИТУТОТ ЗА АНИМАЛНА БИОТЕХНОЛОГИЈА ПРИ ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, на својата XXXVIII седница одржана на 10.4.2012 година, со решение бр.02-765/10, избра Рецензентска комисија во состав:

- **проф. д-р Соња СРБИНОВСКА**, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје,
- **проф. д-р Владимир ЏАБИРСКИ**, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, и
- **проф. д-р Тихомир ЧИЖБАНОВСКИ**, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, во пензија,

со задача да изврши преглед и да даде оцена на стручните и научните трудови пристигнати по конкурсот за **избор на асистент на научната област млекарство** во Институтот за анимална биотехнологија при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

По прегледот на доставената документација, Рецензентската комисијата го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на 21.3.2012 за избор на еден соработник во соработничко звањето асистент во научната област млекарство во Институтот за анимална биотехнологија при Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје се пријавија двајца кандидати и тоа: м-р Душица САНТА и м-р Маја СЛАВКОВА.

Со оглед на тоа дека кандидатката м-р Маја Славкова во утврдениот рок недостави комплетна документација по конкурсот, Рецензентската заклучи поднесената пријава да не ја разгледува и рецензира.

Комисијата ја разгледа поднесената пријава и изврши оцена на стручните и научните трудови на другиот пријавен кандидат, м-р Душица Санта, која уредно ги достави сите неопходни документи согласно со конкурсот.

**Кандидат: м-р Душица Санта**

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Кандидатот м-р Душица Санта е родена на 3.5.1979 год. во Скопје. Во 1997 год. завршила средно образование природно-математичка гимназија во Скопје. Дипломирала на Технолошко-металуршкиот Факултет во Скопје во јуни 2004, при што се здобила со звањето дипломиран технолог инженер по прехранбено и биотехнолошко инженерство. Потоа се запишала на меѓународните постдипломски студии по квалитет и безбедност на храната при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ Скопје и во јули 2007 год се здобила со звањето магистар по квалитет и безбедност на храната. Магистерската тема под наслов „Анализа на безбедноста на увозната храна во Република Македонија“ ја изработила под

менторство на проф. д-р Соња Србиновска. Од 2005 до 2008 работела во Дирекцијата за храна при Министерството за здравство како соработник за научно-советодавни работи и меѓународна соработка во Секторот за развој.

Во октомври 2008 се вработила како помлад асистент на Технолошко-техничкиот факултет во Велес, Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, и во ноември 2011 е избрана во звањето асистент на истиот Факултет.

Во 2009 год. ја пријавува докторската дисертација со наслов "Технологија и динамика на зреење кај традиционален овчи кашкавал" на Факултетот за земјоделски науки и храна, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

## РАБОТНО ИСКУСТВО

**(2011- )** **Универзитет „ Св. Климент Охридски " -Битола**
**Технолошко-технички факултет** - Велес
***Асистент на насоките***: прехранбена технологија и биотехнологија и нутриционизам

*Предметни целини:*
1. Технологија на млеко и млечни производи
2. Суровини во прехранбената индустрија
3. Квалитет и безбедност на храната
4. Технологија на месо, живина и јајца.

**(2008- 2011 )** **Универзитет „Св. Климент Охридски" -Битола**
**Технолошко-технички факултет** - Велес
***Помлад асистент на насоките***: прехранбена технологија и биотехнологија и нутриционизам

*Предметни целини:*
1. Технологија на млеко и млечни производи
2. Суровини во прехранбената индустрија
3. Квалитет и безбедност на храната
4. Технологија на месо, живина и јајца.

**(2005-2008)** Соработник за научно-советодавни работи и меѓународна соработка
Сектор за развој, **Дирекција за храна, Министерство за здравство**

**(2006- 2008)** Член на Техничкиот комитет за прехранбени производи за ревизија на законодавството од областа на храната
**Секретаријат за европски прашања, Влада на Република Македонија**

## УЧЕСТВО ВО ПРОЕКТИ

- **(Јануари 2005-јули 2005) EAR** проект: **„Food Safety Policy and Program Development" (CARDS 2001 programme)** - Политика за безбедност на храна и развој на програмата.

- **(Февруари 2008- )** Претпристапната програма на Европската Агенција за безбедност на храна – ЕФСА: „**Preparatory measures for the participation of the Candidate and Potential Candidate countries in EFSA**", асистент-координатор
- **(Јануари 2010 - ) Joint TEMPUS_158 714:** "Improving academia – industry links in food safety and quality (FOODLINKS)".

**ПУБЛИКАЦИИ**

- *Dusica Santa, Sonja Srbinovska* (2011) Border control Assessment of food of nonanimal origin, Journal of Hygienic enginerering and desing; World Congress on Hygienic Engineering & Design, Macedonia 2011

**ОБУКИ И СЕМИНАРИ:**

- Третман на отпадни води (три недели), Центар за сензорна технологија на Факултетот за машинско инженерство, Универзитет во Марибор, Словенија, 26.9-15.10.2004;
- Политика за безбедност на храна и развој на програмата, проект: Food Safety Policy and Program Development, 15.3.2005;
- Улогата на лабораториите при службена контрола на прехранбени производи и акредитација во согласност со ISO 17025 во РМ, проект: Food Safety Policy and Program Development, 7.4.2005;
- Опции на политика за контрола на безбедност на храната во Македонија, 21.4.2005;
- Семинар за дијалогот и заедничките активности помеѓу земјите-членки на ОИЕ од ЕУ и останатите земји-членки на регионалната комисија за Европа; 4-5.04.2006;
- Правила за хигиена на храна и HACCP - организирана од ЕАР проект: CARDS 2005 - Preparation of General Food Hygiene and HACCP Regulations, Општи принципи за хигиена на храна и HACCP, 6.9.2005;
- Законот за храна во Македонија - Запознавање на новата ЕУ-легислатива за хигиена на храната - СЗО, 27-28.9.2005;
- Мисија на ФВО - Food and Veterinary Office, Организација за храна и ветеринарство 20-24.3.2006;
- Вовед во ЕУ, Секретаријат за европски прашања, 8-10.5.2006;
- Анализа на ризик, организирана од ЕАР – проект: CARDS 2006 – проект: Зајакнување на контролата на безбедноста на храната 1.2.2008;
- Семинар на ЕФСА за БСЕ и други ТСЕ, Загреб 26-27.3.2008;
- Семинар за Советодавниот форум и Управниот одбор на ЕФСА, Измир, Турција, 24-25.4.2008;
- Справување со кризи по безбедноста на храната, ЕФСА 27-28.5.2008, Скопје;
- Советодавен форум на ЕФСА, 12-13.6.2008, Осло, Норвешка;
- Советодавен форум на ЕФСА, Париз, Франција 18-19.9.2008;
- ЕФСА и проценка на ризик на ГМО, Охрид, 25-26.9.2008;
- Микробиолошка проценка на ризик, Загреб, Хрватска, 26-27.11.2008;
- Учество на мали и средни претпријатија во FP7-програмата, Европска мрежа на компании, Скопје, 4-5.02.2009;
- Институционална рамка на ЕФСА, Брисел, Белгија, 11-12.3.2009;

- Здравје и благосостојба на животните, ЕФСА, Скопје, 17-18.6.2009;
- Семинар на ТЕМПУС-проект: „Подобрување на врските образование-индустрија во квалитет и безбедност на храната", Скопје, 12-17.4.2011;
- Светски конгрес за хигиенски инженерство и дизајн, Охрид, 22-25.9.2011.

## ПОЗНАВАЊЕ СТРАНСКИ ЈАЗИК

- ***Англиски јазик*** – активно
- ***Грчки јазик*** – пасивно
- ***Француски јазик*** – пасивно

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија, разгледувајќи ја расположливата документација на пријавените кандидати за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент, заклучи дека кандидатката м-р Душица Санта ги исполнува условите и критериумите пропишани со Законот за високото образование и Статутот на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје.

Комисијата констатираше дека се работи за кандидатката која со својата досегашна насоченост и ангажираност во научно - истражувачките, едукативните и апликативните активности се здобила со значајни референци. Изборот на докторска теза на оваа кандидатка оди во прилог на нејзиното понатамошно усовршување во областа.

Врз основа на горе изложеното, Рецензентската комисија има посебно задоволство и чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", да му ја предложи кандидатката м-р Душица Санта за избор во звањето **асистент во научната област млекарство** на Институтот за анимална биотехнологија.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Соња СРБИНОВСКА с.р.**

**Проф. д-р Владимир ЏАБИРСКИ с.р.**

**Проф. д-р Тихомир ЧИЖБАНОВСКИ с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ:

**РЕЛИГИОЗНИТЕ МОТИВИ ВО МАКЕДОНСКАТА НАРОДНА ПОЕЗИЈА**

ОД М-Р БЛАГИЦА ХАЏИ ЈОВАНОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ" ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 13 од Статутот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" – Скопје и член 241 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, Научниот совет на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" на седницата одржана на 25 април 2012, донесе одлука за формирање на Комисија за одбрана на докторската дисертација на тема: **„Религиозните мотиви во македонската народна поезија"** од кандидатката м-р. Благица Хаџи Јовановска.

Комисијата во состав: проф. д-р Вера Стојчевска Антиќ, проф. д-р Катерина Кузмановска Петровска, проф. д-р Весна Петреска, проф. д-р Зоранчо Малинов и проф. д-р Лидија Стојановиќ Лафазановска, по проучувањето на дисертацијата, го поднесе следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на м-р Благица Хаџи Јовановска, ***Религиозните мотиви во македонската народна поезија***, ги содржи следниве делови: 1. Вовед, 2. Корени на христијанството, 3. Аврамова парадигма, 4. Жртва. Грев. Жртвување, 5. Градбени жртви, 6. Алегориска интерпретација на песната бр. 40 од Миладиновци, 7. Светецот ја убива ламјата, 8. Дојчиновите гревови, 9. Апокрифна

литература, 10. Религиозни песни, 11. Нашите Божји светии, 12. Православните празници, 13. Додаток: теренски записи, 14. Заклучок, како и селектирана библиографија.

Научниот интерес на кандидатката беше насочен на релацијата жртвување и религиозност, жртвата како дар (принципот do ut des), и односот помеѓу светото и насилството кое се открива во христијанството со цел укинување на човековата жртва. Оттука, кандидатката ги анализираше примерите од народната поезија во кои се открива двојната функција на жртвувањето: неговата создавачка моќ (космогоноското начело) и жртвувањето како казна, што неминовно води кон борба против жртвувањето, или создавање жртвен супститут. Назначените моменти не се секогаш најексплицитно прикажани во разните примери од народната поезија. Понекогаш се јасно дадени, а понекогаш е потребно одгатнување на симболите кои се производ на подоцнежните религиски претстави: замена на човечка жртва со животинска, вградување на сенки, или жртвен супститут во облик на бескрвна жртва, како и појавата на змејоубиството. Токму врз основа на овие сознанија, кандидатката посветува во својата дисертација големо внимание на феноменот Аврамова жртва, светецот ја убива ламјата (познатиот христијанизиран мотив на змејоубиството).

Како втор значаен момент, кој е застапен во анализата на народното творештво во оваа дисертација е концептот на гревот и казната во христијанската религија. Во овој контекст е посветено цело поглавје на случајот Болен Дојчин – еден многу редок случај во светската народна литература кој е казнет поради некрофилија.

Во првиот тип, во т.н. реминисценции на првобитното жртвување, во основата на овој ритуал кандидатката ја препознава сотериолошката и опстетричка функција, која може да помогне да се дојде до вистинската смисла на принесување жртва, која толку пати била занемарувана, прикривана или, пак, била толку очигледна што воопшто не морала да биде толкувана.

Непобитен е фактот дека човекот, независно од тоа на кој историски период му припаѓа или на кое ниво се јавува неговата религиозност, носи во своето однесување со природата и со универзумот белези кои како специфични се јавуваат веќе во последните фази од неговата „хоминизација".

Светото и религијата се нераздвојни и заемно се условуваат. Во најстарите слоеви на културата самиот чин на живеење како човеково битие, веќе само по себе, претставува религиозен чин, затоа што прехранувањето, сексуалниот живот и работата на тој стадиум добиваат сакраментална вредност. А за меѓуусловеноста помеѓу жртвувањето и светото, доволно е да го наведеме латинскиот израз sacrificium – кој претставува постапка на правење свето. Жртвувањето на извесен начин претставува оска на секоја религија, а како обред едноставно претставува манифестација на светото. Со оваа определба кандидатката се оддалечува од Ибер-Мосовата теза во која принесувањето жртва се јавува како потекло на целокупната религиозност. Жртвата е координатор помеѓу човекот и природата, отелотворени во силите во кои тој верува. А врз основа на Ибер-Мосовата констатација не се согледува делотворноста на жртвувањето, од проста причина што „кому и заради што се повторувало принесувањето жртва под сè уште празното небо? (Жирар).

Жртвувањето ни овозможува да ја воочиме суштинската врска што се јавува помеѓу човекот и универзумот, претставувајќи чин на испосредувана комуникација, при што доаѓа до една високо ценета преобразба како на оној што го спроведува жртвувањето, така и на самата жртва. Главната цел на жртвениот обред е воспоставување заедништво, како меѓу членовите на заедницата, така и меѓу заедницата и силите во кои тој верува.

Следната димензија која се врзува со насилството, беше анализирана на релација - насилство и свето. Тука се согледува парадоксот на првобитното насилство. Според социолошко-антрополошката ориентација на Жирар, оние што работат на производството на светото преку сопственото насилство, неспособни се да ја согледаат вистината.

Кандидатката преку обредните, календарските, митолошките и црковните песни, всушност успешно ја разоткри двојната функција на првобитното жртвување: нејзината креативна (Елијаде, Јаниќијевиќ, Павловиќ) и насилна димензија (Жирар).

На овој начин, кандидатката преку народните песни доаѓа до дефинирање на преодот од жртвата согледана како дар (благослов) кон сите негативни импликации

кои ги содржи, фокусирајќи се на гревот и казната, согледано како преод од паганството кон христијанството.

Кандидатката Благица Хаџи Јовановска на овој начин ја поврзува жртвата со гревот и казната, што постапно води до борбата против жртвувањето кое се препознава во подоцнежните фолклорни творби: познатиот мотив на т.н. змејоубиство во типот песни „светецот ја убива ламјата" (познатите хипостази на св. Ѓорги или св. Илија). Преку убивањето на ламјата од страна на св. Ѓорги се спасуваат сите жртви кои се наоѓаат во нејзината утроба. Преку убивањето на чудовиштето се врши симболично реинтерпретирање на обновата на светот. Најчесто овој тип на двобои ги извршуваат св. Илија и св. Ѓорги: првиот е наследник на богот Перун, а вториот се јавува како заменик на претхристијанските аграрни и сточарски култови, претставувајќи се како заштитник на стоката и посевите.

Во основата на жртвувањето лежи метафората на расплодувањето и создавањето нов живот. Затоа може да се изврши поделба на жртвувањето според схемата на оплодувачкиот акт и породувачкиот чин. Оние што треба да ја принесат жртвата се, пред сè родителите, не поради тоа жртвата да добие грозоморен и стравотен карактер, туку за да може преку човековото родителство да се активира родителството на елементите: земјата –мајка, водата-мајка(...) Самата жртва која се принесува во себе ја носи метафората на семето. Таа содржи во себе потенција да се развие како семе, и во себе го носи веќе однапред дадениот лик што треба да се повтори и намножи. Земјата (матка) изискува „смрт" на семето, со што се обезбедува ново раѓање.

На овој начин кандидатката ги открива реминисценциите на *првобитното жртвување* во митолошките, обредно-магиските и календарските обредни песни.

Асоцијациите што се јавуваат во најстарите обредни (пагански) обичаи и кои упатуваат на кореспонденцијата на човекот со другите делови на универзумот, пред сè помеѓу небото и земјата, оваплотени во божествените ликови се неисцрпни: тука се јавуваат можните асоцијации на додолите и пеперудите со Перун, а на поврзаноста на додолите и пеперудите со обредот на жртвување најдобро укажува трансферниот обред – правење и закопување на Герман. Симболичното преправање на додолите и пеперудите во лисја и растенија во некој вид демони на вегетацијата,

кои се даруваат и полеваат за да се обезбеди родна година и дожд, придонесува да се сфати Герман како дух на вегетацијата што умира и воскреснува, а самите додоли и пеперуди се сметаат како замена за првобитната човекова жртва упатена кон водата.

Едно посебно поглавје кандидатката им посвети на апокрифните текстови и хагиографиите за св. Илија (сп. Вера Стојчевска Антиќ), како и на хагадата, која во македонската фолклористика беше многу малку истражувана (Х. Поленаковиќ и Блаже Петрески).

Предмет на емпириското истражување на кандидатката, покрај народната поезија од објавените зборници (Миладиновци, Цепенков, Шапкарев, Верковиќ, Икономов, и др.), претставуваа нејзините сопствени теренски истражувања од доменот на народната поезија во која се среќаваат варијанти на различните религиозни мотиви (претежно од охридско-струшкиот регион). Всушност, најновите теренски матерјали кои ги презентира кандидатката во својата дисертација претставуваат најинтересен момент од едно вакво истражување, затоа што ни се открива најновата состојба (прежитоци, трансформации, ревитализација на архаични мотиви) кои се дел од современата народна книжевност и култура на Македонија.

## Заклучок

Проникливиот пристап на кандидатката Благица Хаџи Јовановска, како и солидното теренско искуство укажуваат на нејзините компетенции за работата во научноистражувачкиот процес.

Структурата и содржината на докторската дисертација „Религиозните мотиви во македонската народна поезија“ укажуваат на тоа дека Благица Хаџи Јовановска успеала да ја реализира научноистражувачката работа, особено на релација: народната митологија, архајски религиозни претстави и трансформациите кои се јавуваат со христијанството. Според тоа, токму назначените врски се воочени во народната поезија и во апокрифната книжевност. Особено значајни за

фолклористиката, покрај теориските становишта претставуваат и емпириските, теренски истражувања, на кои кандидатката им посветила големо внимание. Тоа дава уште една димензија на оваа дисертација, така што се добива една дијахрона слика во согледување на динамиката на културните процеси преку воочување на причините за присутноста или отсутноста на одредени мотиви кои беа предмет на ова истражување. Пред сè, тука станува збор за следење на трансформациите во периодот од првите објавени зборници кои датираат од средината на 19 век, па сè до најновите современи теренски записи спроведени од самата кандидатка.

## ПРЕДЛОГ

Врз основа на презентацијата, анализата и заклучокот, Комисијата позитивно ја оценува докторската дисертација „Религиозните мотиви во македонската народна поезија" од м-р Благица Хаџи Јовановска и има чест на Наставно-научниот совет на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" да му предложи да ја прифати и да одреди датум за нејзина одбрана.

Скопје, 7.5.2012

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Вера Стојчевска Антиќ, с.р.
2. Проф. д-р Лидија Стојановиќ Лафазановска, с.р.
3. Проф. д-р Катерина Петревска Кузманова, с.р.
4. Проф. д-р Весна Петреска, с.р.
5. Проф. д-р Зоранчо Малинов, с.р.

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ - АСИСТЕНТ – ИСТРАЖУВАЧ ОД ОБЛАСТА НА ЕТНОМУЗИКОЛОГИЈАТА

Советот на Институтот за фолклор "Марко Цепенков" во Скопје, на седницата одржана на 4.4.2012 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија за избор во звањето асистент-истражувач од областа на етномузикологијата.

По конкурсот објавен во весникот "Нова Македонија" од 14.3.2012 година за избор во соработничко звање асистент-истражувач од областа на етномузикологијата, се пријави само кандидатката Велика Стојкова Серафимовска, магистер по етномузикологија.

По разгледувањето на пријавата и поднесената документација од кандидатката, ни претставува задоволство до Советот на Институтот да го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци и стручно усовршување на кандидатката

Велика Стојкова Серафимовска е родена 1973 година во Скопје, каде што завршила основно и средно образование. Во 1997 година дипломирала на Факултетот за музичка уметност во Скопје, отсек етномузикологија (просек 9,60), а во 2007 година магистрирала на Факултетот за музичка уметност во Белград, Србија, на отсекот по етномузикологија (просек 10,00) и се стекнала со звањето магистер по етномузикологија. Во процес е на изработка на докторска дисертација пријавена на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" во Скопје, на тема: "Транзиција во музичката традиција". Има посетувано семинари од областа на културата и уметноста: семинари за менаџмент во областа на културата и уметноста во организација на НВО „Мултимедија" (1998, 1999 год.) и семинар за пополнување на апликации за европски грантови од областа на културата, организатор - Министерство за култура на Р. Македонија (2007, 2008, 2009 год.). Активно ги познава и ги користи англискиот јазик и компјутерите, а се користи и со германскиот и рускиот јазик. Активно работи со PC – Microsoft Office Programs, Internet и Web administration.

Досега кандидатката има работено на повеќе интердисциплинарни области од полето на науката, образованието, културата и уметноста:

- 2012 - проектен менаџер на III меѓународен симпозиум на студиска група при ICTM (Интернационален совет за традиционална музика) за музика и танц во Југоисточна Европа (Берово, Македонија, април – 2012);
- 2011 - автор на апликацијата за заштита на „Гласоечките песни од Тетовско" во Репрезентативната листа на дела од нематеријално наследство на УНЕСКО (предлог на Министерството за култура на Република Македонија);
- 2010/2011 - селектор на манифестацијата „Струшка музичка есен" – СОКОМ;
- 2009/2010 – проектен менаџер на II меѓународен симпозиум на студиска група при ICTM за музиката и танцот во југоисточна Европа, Измир, Турција, април – 2010;
- 2010 - сценарио и учество во реализација на претставата „2012 – последните Македонци", режија Сашо Миленковски, НУ Драмски театар – Скопје;

- 2009 – проектен менаџер на „Струшка музичка есен“ – септември, 2009;

- 2008, септември - проект менаџер на меѓународна манифестација “Струшка музичка есен“ во организација на СОКОМ и Прв симпозиум на студиска група при ICTM за музиката и танцот во Југоисточна Европа;

- од април 2007 – вработена како Маркетинг соработник, веб администратор и референт за меѓународни односи во НУ Драмски театар – Скопје;

- 2007, септември - проектен менаџер - меѓународна конференција “Балканот како музички крстопат”, Струга, Р. Македонија, СОКОМ;

- 2005/06, 2006/07 - хонорарно ангажирана како асистент на Факултетот за музичка уметност во Скопје по предметот етномузикологија;

- 2005/2007 - основач и раководител на вокално инструменталниот етносостав “Бистри води“, кој изведува изворни вокални и вокално-инструментални македонски народни песни. Досегашни одржани самостојни целовечерни концерти во Виена, Љубљана, Струга, Москва, Панчево, Скопје, Велес;

- февруари - мај 2004 година, музички соработник во дневниот весник „Дневник“, објавени рецензии за концертите на Македонската филхармонија во истиот период;

- од 2001 до 2007 година - етномузиколог во Ансамблот за народни игри и песни на Македонија “Танец”, Скопје;

- од 2004 до 2007 – раководител на вокалната група при НУ Ансамбл “Танец” со акцент на ревитализација и реконструкција на вокалната техника на рустикалното селско македонско пеење;

- тимска работа на неколку мултимедијални проекти од областа на културата и уметноста (Ансамбл „Танец“, Министерство за култура на Р. Македонија, Институт ЕВРО БАЛКАН, Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, Research Centre for European Multipart Music, Vienna, Austria);

- сценарио за резализирани проекти: сценарио за документарен филм “Свадба”, 2005; сценарио, подготовка и реализација на концертите на Ансамбл “Танец“ во рамките на манифестацијата Денови на македонска музика - “Бистри води“, 2003 “Изнедрени звуци“, 2004; “За здравје и бериќет“ - етнокореодрама, 2005;

- учество во тимот за подготвување на материјалот за заштита на орото „Тешкото“;

- реконструкција на изворни ора “Женско чамче”, “Копачка”, “К’лцнога”;

- 1999 - 2000 - професор по музичка уметност во Американско интернационално училиште во Скопје;

- 1998 - 2002 година - професор по музичка уметност во ПСУ “Јахја Кемал” во Скопје;

- јуни-јули 1997, соработник во музичката редакција на МРТВ,

- Септември - Декември 1997, соработник во редакцијата за народна музика во Македонско радио.

Како етномузиколог, кандидатката има реализирано повеќе теренски истражувања во Македонија и тоа во следниве региони: Радовишко, Малешевија, Делчевско (Пијанец), Мариово, Горна Река, Долна Река, Дебарско, Жупа, Тетовско, Велешко (Клепа), Скопска Блатија и други предели и рурални средини во Македонија. Овие истражувања резултираа со регистрирани значајни материјали од областа на етномузикологијата, фолклористиката и етнологијата.

- *Кон проучувањето на дел од македонските и турските песни од Радовишко*
- *Зголемената секунда како ориентален елемент разгледуван во рамките на тонските низи на мелодиите од Радовиш и Радовишко*
- *Превод и осврт на трудот на Родерик Ланге "Семиотика и игра"*
- *Превод и осврт на дел од уредничкиот вовед од Том III од "Југословенски музички фолклор" од Бела Барток, уреден од Benjamin Suchoff, Stete University of NY, 1978*
- *"Свадбен глас" како народен термин разгледуван преку компаративна анализа на обредно-обичајните песни од Македонија*
- *Дел од вокалната свадбена обредно-обичајна традиција од централниот дел на источна Македонија со компаративна анализа помеѓу Источна, Западна и Пиринска Македонија* - Дипломска работа, УКИМ, ФМУ - Скопје, отсек Етномузикологија
- *Кон проучувањето на турските народни песни од с. Конче, Радовишко*
- *Слоевите на вокалната традиција во Порадеш, Радовишко*
- *Односот фолкор - композитор во хорското творештвото на македонските композитори (некои теориски аспекти)*
- *Кон функционалноста и естетиката во македонското обредно пеење*
- *Музичкиот живот во Македонија*
- *Старите и новите лазарички песни во с. Јаргулица, Радовишко*
- *Тажачките од Мариово, Р. Македонија*
- *Кон некои варијанти во третманот на македонскиот фолклор во делата на македонските композитори*
- *Проблемот на мултиетницизимот во музичкиот фолкор на Р. Македонија*
- *"Глас или Песна"*
- *Односот фолклор - сцена - некои теориски аспекти*
- *Македонското повеќегласно пеење*
- *Културната политика во оформувањето на програмската дејност на Ансамблот за народни игри и песни на Македонија "Танец"*
- *Потеклото на зголемената секунда во македонското народно пеење - византиско или отоманско влијание?*
- *Развојот на македонската етномузикологија - проблем на континуитет*
- *Осврт кон развојот на македонската етномузикологија и политиката на државата кон заштита на македонското музичко наследство*
- *Зурлаџиската тајфа Мајовци - културни медијатори во мијачкиот регион*
- *Функционалност и естетика во македонското обредно пеење* - магистерска работа, Факултет за музичка уметност, Белград, СР Југославија, 2007
- *Свадбени песни* - текст во мултимедијална енциклопедија "Македонски музички фолклор", издание во подготовка, СОКОМ
- *Печелбарски песни* - текст во мултимедијална енциклопедија "Македонски музички фолклор", издание во подготовка, СОКОМ
- *Додолски песни* - текст во мултимедијална енциклопедија "Македонски музички фолклор", издание во подготовка, СОКОМ
- *Пчеларски песни* - текст во мултимедијална енциклопедија "Македонски музички фолклор", издание во подготовка, СОКОМ

**Учество на симпозиуми и конференции**

1. 2011 год., 41 Интернационална конференција на ICTM, St John's, Newfoundland, Canada, July 2011
2. 2011 год., Интернационална конференција на ИРАМ и Институтот за социологија и политички науки на тема „Култура и музика", јануари 2011, Скопје, Македонија
3. 2010 год., Интернационален симпозиум, на Студиската група при ICTM, „Music and dance in southeastern Europe", April 2010, Izmir, Turkey
4. 2010 год., модератор на сесијата за традиционално пеење на Конгресот на ISPA (International society of performing Arts), Загреб, јуни 2010
5. 2009 год., Меѓународен симпозиум „Струшка музичка есен", Струга, септември 2009
6. 2008 год., Convention *From Field Research to Concert*, Bologna, Italy
7. 2008 год., International symposium „Theatre in Folk Culture", Istanbul, Turkey
8. 2007 год., Интернационален симпозиум за "Нематеријално културно наследство", Бугарија, организација на UNESCO
9. 2007 год., 39. Интернационална конференција на ICTM, Виена, Австрија
10. 2007 год., Интернационална конференција „Балканот како музички крстопат", Струга, Р. Македонија
11. 2007 год., Интернационален симпозиум „Instruments in Folk Music" - Koaceli, Турција
12. 2006 год., Интернационален симпозиум „Balkan Urban Music", Dures, Albania
13. 2005 год., Интернационален симпозиум на ИРАМ на тема „Културната политика и образованието", Скопје
14. 2005 год., Интернационален симпозиум „Multipart singing on Balkan and Mediterranean, Vienna", Austria
15. 2004 год., Интернационален регионален конгрес на CID – UNESCO во Скопје
16. 2004 год., Интернационален симпозиум на ИРАМ „Трендови во Музикологија и етномузикологијата", Струга, Р. Македонија
17. 2001 год., Интернационален симпозиум „Музика - фолклор – дело", Белград, СР Југославија
18. 2001 год., 36. Светска конференција на ICTM, Рио де Женеиро, Бразил
19. 2001 год., Интернационален симпозиум „Обединета Европа - обединета музика?", Љубљана, Р. Словенија
20. 2001 год., Интернационален симпозиум „Rigas Chart - Музичкиот фолкор на балканските земји", Солун, Р. Грција
21. 1999 год., 35. Светска конференција на ICTM (Интернационален совет за традицонална музика), Хирошима, Јапонија
22. 1999 год., Интернационален симпозиум Струшка Музичка Есен, Струга, Р. Македонија
23. 2000 год., Интернационален симпозиум „Музика во контекст на социјалните и политичките промени во земјите на поранешна СФРЈ", Будимпешта, Унгарија
24. 1998 год., Интернационален симпозиум „Балкански музички форум", Макриница, Р. Грција
25. 1998 год., Интернационален симпозиум „Струшка музичка есен", Струга, Р. Македонија
26. 1997 год., Интернацонален симпозиум „Турски пролетни фолклорни свечености", с. Чалакли, Валандово, Р. Македонија

Во текот на изминатите години има активна соработка со повеќе професори етномузиколози од светски универзитети - UCLA Los Angeles – Prof. Elsie Dunin и Prof. Timothy Rice; Columbia University New York – Prof. Dr. Dieter Christensen; Берлинскиот фоноархив - Dr. Sussana Zeiegler; Факултет за музичка уметност, Катедра за етномузикологија во Белград СР Југославија - проф. д-р Димитрије Големовиќ, проф. д-р Оливера Васиќ, проф. д-р Селена Ракочевиќ и Факултет за музичка уметност - Љубљана, Р. Словенија - проф. д-р Сванибор Петтан; Институт за музика и изведувачки уметности, оддел за етномузикологија во Виена, Австрија - проф д-р Урсула Хеметек, проф. д-р Ардијан Ахмедаја; Факултет за музичка уметност, Тирана, Албанија - проф. д-р Сокол Шупо; Бугарија - проф. д-р Димитрина Кауфман, д-р Лозанка Пејчева и многу други. Досегашните учества на интернационални симпозиуми и конференции придонесоа за остварување на контакти и врски со светски организации, учество и покани во проекти од областа на етномузикологијата, како и успешно презентирање на македонското музичко фолклорно богатство во светот.

Како претставник на Македонија, член е на повеќе меѓународни ораганизации:

- 2011, иницијатор и основач на ICTM National Committee in Macedonia;
- од 2008, претседател на студиската група при ICTM - Музиката и танцот во Југоисточна Европа при ICTM / http://www.ictmusic.org/group/music-and-dance-southeastern-europe;
- 1999, официјален офицер за врски на единствената светска организација ICTM (Интернационален Совет за Традиционална музика) за Р. Македонија, ICTM Liaison officer for Macedonia / http://www.ictmusic.org/general-information/liaison-officers;
- 2008, селектор и организатор на манифестацијата "Струшка музичка есен" – СОКОМ;
- 2008, член на претседателството на СОКОМ;
- организатор на меѓународната конференција „Балканот како музички крстопат“ – Струга, 2007;
- организатор на I, II и III средба на Студиската група при ICTM - Музиката и танцот во Југоисточна Европа;
- член на Форумот за духовно културно наследство на Југоисточна Европа – УНЕСКО;
- член на Балканскиот музички форум (БМФ) и претставник на Македонија во Балканската етномузиколошка секција (БЕС);
- член на студиска група при ICTM "Музика и малцинства";
- член на БМИН (Балканска музикчка информатциона мрежа);
- член на СОКОМ (Сојуз на композиторите на Македонија).

Во текот на последниве години, освен посветеноста на своите докторски студии, Велика Стојкова Серафимовска покажува и зрелост како научен работник, преку учество на значајни научни симпозиуми во Македонија и во странство, на кои се претставува со реферати, кои се објавени во соодветните научни гласила или во моментот се наоѓаат во печат.

**Печатени трудови**

1. *Music life in Macedonia*, 2000, MUSIC - Past and present, Budapest, International Musicological Society

2. *The origin of the enlarged second in the macedonian folk singing – Byzantine or Ottoman influence?,* 2006, BALKAN URBAN MUSIC, "Documentation and Communication Center for Regional Music", Tirana, Albania.
3. *Music life in Macedonia,* United Europe – United Music? Diversity and Social Dimensions in Central and Southeastern Europe, Articles of an international Conference in Ljubljana (Slovenia), Vienna, 2001.
4. Macedonian Ethnomusicology - a problem of continuity, VIENNA AND THE BALKANS: Papers from the 39th, World conference of the ICTM, Vienna 2007.
5. *Свадбен Глас како народен термин разгледуван преку етномузиколошка анализа,* 1998, МУЗИКА бр. 2-3, СОКОМ, Скопје, стр. 81-90.
6. *Функционалност и естетика во македонското обредно пеење,* 1999, МУЗИКА бр. 4, СОКОМ, Скопје, стр. 85-94.
7. *Функционалност и естетика во македонското обредно пеење - 2 дел,* 1999, МУЗИКА бр. 5, СОКОМ, Скопје, стр. 81-94.
8. *The Functionality and the Aesthetic in the Macedonian Rite Singing,* 1999, Macedonian Music, No 1, special edition, SOKOM, Skopje, pg. 89-98.
9. *Тажачките од Мариово,* 2001, МУЗИКА бр.7, СОКОМ, Скопје,стр.75-84.
10. *The Laments of Mariovo,* 2001, Macedonian Music, No 2, special edition, SOKOM, Skopje, pg. 89-98
11. *Релација фолклор - сцена,* некои теоретски аспекти, 2004, МУЗИКА бр. 11, СОКОМ, Скопје, стр. 95-102.
12. *Relation Folklore – Stage, some theoretical aspects,* 2004, Macedonian Music, No 4, special edition, SOKOM, Skopje, pg. 84-92.
13. *Кон некои варијанти во третманот на македонскиот фолклор во делата на македонските композитори,* 2001, Македонска музика бр. 7, СОКОМ, Скопје.
14. *The Principles of Building of the National Institution Ensemble for Folk Dances and Songs "Tanec" - Basic Program Policy,* IRAM, Institute for research and archiving of music, Cultural Policy and Music Education, II Skopje Conference, Skopje – Macedonia, January 24-25th, 2005.
15. *A VOICE or A SONG,* IRAM, Institute for research and archiving of music, Contemporary Trends in Musicology and Ethnomusicology, *III Struga Conference,* Struga, September 22 -24, 2004.
16. Собирање, поготовка, стилска и техничка класификација на библиографски податоци за македонските композитори - материјал издаден во "Biographical Dictionary of Balkan Composers", издание на "Documentation and Communication Center for Regional Music", Тирана, Албанија 2006.
17. Доставени податоци за клучни зборови во областа на етномузикологијата за Wieser Encycklopaedia for the European East (WEEO), Institut fur Geschichte, Klagenfurt, 2002.

**Трудови презентирани на научни собири**

- *Keeping tradition up to date – Macedonian experience*
- *Musicality as a Factor of the Evolution in the Music Tradition*
- *Свадбените обредно-обичајни песни од Беровско*
- *From Field Research to Concert - Macedonian experience*

27. 1997 год., Интернационален симпозиум „Мокрањчеви дани“ Неготин, СР Југославија

**Заклучок и предлог**

Кандидатката Велика Стојкова Серафимовска има покажано интерес кон научно-истражувачката работа во областа на етномузикологијата уште за време на студиите на Факултетот за музичка уметност во Скопје. Таквиот интерес на кандидатката уште повеќе се продлабочува во текот на постдипломските студии, особено при изработката на магистерската теза, при нејзините теренски истражувања, како и со учеството во научноистражувачките проекти. Постдипломските студии, теренските истражувања, како и користењето на обемна стручна литература неопходна за изготвувањето на магистерскиот труд и докторската дисертација, заедно со објавените научни трудови, беа пресудни во оформувањето на личноста на еден млад истражувач од областа на етномузикологијата.

Врз основа на гореизнесеното, а во согласност со чл. 37 од Законот за научно-истражувачката дејност (Сл. весник 46/08 на РМ) и чл. 44 од Статутот на Институтот, ни претставува особена чест и задоволство да му предложиме на Советот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, м-р Велика Стојкова Серафимовска да биде избрана во звањето асистент-истражувач од областа на етномузикологијата.

**Рецензентска комисија:**

1. Проф. д-р Родна Величковска с.р.

___________________________

2. Проф. д-р Владимир Талевски с.р.

___________________________

3. Проф. д-р Зоранчо Малинов с.р.

___________________________

# РЕЦЕНЗИЈА

на докторската дисертација ,,ПРОЦЕНА НА ВЛИЈАНИЕТО НА ПОВРШИНСКАТА ОБРАБОТКА НА КЕРАМИЧКИ НАДГРАДБИ И НИВНИОТ ЕФЕКТ НА ФРАКТУРНАТА РЕЗИСТЕНТНОСТ НА ЕНДОДОНТСКО ТРЕТИРАНИ ЗАБИ" ОД Д-Р САШО ЈОВАНОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на својата 24. редовна седница одржана на 22.5.2012 година, по предлог на Научниот одбор донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија за оцена на докторскиот труд под наслов ,,Процена на влијанието на површинската обработка на керамички надградби и нивниот ефект на фрактурната резистентност на ендодонтско третирани заби" од д-р Сашо Јовановски, во состав:

1. проф. д-р Ерол Шабанов
2. проф. д-р Драгољуб Велевски
3. проф. д-р Елена Петкова
4. проф. д-р Лазе Трајковски
5. проф. д-р Љубо Марион.

По разгледувањето на готовиот докторски труд, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторскиот труд под наслов ,,Процена на влијанието на површинската обработка на керамички надградби и нивниот ефект на фрактурната резистентност на ендодонтско третирани заби" од д-р Сашо Јовановски е презентиран на 169 страници, кои содржат вкупно 20 табели, 12 графикони, 78 фотографии, 234 цитирани референци од странски и домашни автори од понови години и кратка содржина на македонски и на англиски јазик

Обработениот материјал е поделен во следните 8 поглавја: Вовед, Литературен преглед, Цел на трудот, Материјал и методи на работа, Резултати, Дискусија, Заклучоци и Литературен преглед.

**Во воведот,** д-р Сашо Јовановски го истакнува фактот дека ендодонтски третираните заби (ЕТЗ) се повеќе подложни на биомеханички неуспех во споредба со виталните заби. Тие често бараат надградба за сигурна поддршка на дефинитивната реставрација. Со леаните колчиња, корените на забите се подложни на фрактура заради високиот еластичен модул на металите спореден со дентинскиот. Естетските особини на овие надградби исто така се лимитирани. Потребата за подобра естетика и биокомпатибилност на реставрациите придонела за пронаоѓање на транслуцентни безметални надградбени системи и нивно унапредување.

Поглавјето **Литературен преглед** опфаќа бројна литература во која може да се сретне фактот дека леаните метални надградби имаат долга историја на успешна примена, но новите префабрикувани коренски системи денес сѐ повеќе се применуваат и се најчесто изработени од керамички или, пак, од фибер колчиња. Во последните 20 години денталните материјали постигнале голем напредок.

Естетските квалитети на zirconium, glass и qartz fiber колчињата, како и атхезивните сили со композитните надградби, ги прават супериорни во однос на металното колче и композитната надградба.
За реставрацијата да биде што поприродна се применуваат различни дентални материјали кои се поделени во три основни групи: керамика, метали и полимери.
Современата технологија и светските трендови овозможиле изработка на полнокерамички реставрации најпрво во фронталната регија, а во последните 10 години сѐ почесто и во моларната регија со примена на Zircon oxide ($ZrO_2$), стабилизиран со 3mol% Yttrium oxide ($Y_2O_3$), кој е дел од монолитната поликристална керамика. Заради добрите механички својства, 3mol% **Y**ttria-stabilized **T**etragonal **Z**irconia **P**olycrystaline (**Y-TZP**) има широко подрачје на примена во медицината и современата рестаративна стоматологија. Примената на овој вид керамика како биоматеријал првпат била опишана во 1969 година. Пред клиничката примена на $ZrO_2$ керамиката направени се бројни студии со што е потврдена нејзината биокомпатибилност.
За да се добие перфектно прилегање меѓу протетската работа и препарираната забна структура вообичаено е потребна дополнителна дообработка на керамиката, а пескирањето се применува за подобрување на врската помеѓу цементот и протетскиот материјал.
Во 1999 и 2000 година за првпат е опишано позитивното влијание на пескирањето со заботехничка пескара на механичките особини на новата Y-TZP керамика. Пескирањето е лабораториска постапка воведена за подобрување на ретенционата површина на керамиката и подобрување на ретенцијата при адхезиското цементирање. Бројните цитирани автори во прегледот на литературата за оваа проблематика укажуваат дека опсегот на топографските промени е зависен од големината на зрната, нивната геометрија, притисокот на пескирање и аголот под кој зрната паѓаат на површината. При пескирањето, покрај создавањето на моноклински слој со мартензитна трансформација од тетрагонален во моноклински слој, можно е да настанат и микропукнатини, кои со долготрајна клиничка употреба се шират во длабочина.
Респектирајќи ги бројните литературни и научни сознанија кои ја потенцираат улогата на овие постапки на површинска обработка на циркониум оксидната керамика преку нивната способност за предезвикување Т-М мартензитна трансформација, авторот ја поставил **основната цел:**
Да се изврши споредба на различните начини на површинската обработка кои влијаат на фазните трансформациски промени на циркониум оксидната керамика во различни услови на воден медиум, потоа да се спореди должината, дијаметарот и методот на надоградба како и употребата на „Ferrule Effect", кои влијаат на фрактурната резистентност на ендодонтско третирани заби (ЕТЗ) .
Понатаму, д-р Сашо Јовановски ги формулира следните посебни цели на овој труд со кои се утврдува влијанието на предизвиканите пукнатини за време на механичката обработка со дијамантски борери на керамичките колчиња од Y-TZP керамика (Zircon oxide ($ZrO_2$), стабилизиран со 3mol% Yttrium oxide ($Y_2O_3$)), врз фрактурната резистентност на ЕТЗ:

1. да се испитаат вредностите на фрактурна сила на Y-TZP керамичките колчиња по пескирањето на површината со алуминиум оксид во споредба со необработените керамички колчиња и нивниот ефект на фрактурната резистентност на ЕТЗ;
2. да се изврши квантитативна оцена на влијанието на водената средина врз цврстината на интактната, механички обработената површина на циркониум оксидните колчиња цементирани во ЕТЗ, споредени со опитите во сува средина;

3. да се спореди отпорноста на авиталните заби реставрирани со циркониум оксидни колчиња во зависност од различната ширина на препарацијата на коренскиот канал поради различниот дијаметар на керамичките колчиња;
4. да се испита фрактурната резистентност на циркониум оксидните колчиња со надградби, изработени по директен и индиректен метод и нивното влијание на фрактурната резистентост на ЕТ3;
5. да се утврди влијанието на внатрешниот и надворешен „Ferrule Effect" на ЕТ3, реставрирани со Y-TZP керамички колчиња и литиум дисиликатни коронки, како и на ЕТ3 реставрирани со леани метални надградби и коронки;
6. да се изврши проценка кој од начините на механичка обработка, потоа кој од применетите методи на изработка на коронарниот надградбен дел на Y-TZP керамичките колчиња и „Ferrule" дизајн ќе резултира со најдобар ефект на фрактурната резистентност, што воедно претставува апликативна цел на докторската дисертација.

Поглавјето **Материјал и методи на работа** ни дава експлицитен преглед на материјалите и применуваните методи.

Прво, целиот надворешен дебрис од селектираните заби е отстранет со ултразвук. Анатомските коронки се отстранети 2 mm над емајлово цементната граница со фисурен дијамантски борер и водено ладење со воздушна турбина (300 000 вртежи/мин). Каналите на ендодонтски третираните заби на сите групи се третирани хемиско-механички, почитувајќи ги сите стандарди на современиот ендодонтски третман. За препарација на просторите за колчињата во каналот на забот, применувани се посебни бојтерлоци кои се со одговарачки димензии според префабрикуваните циркониум оксидни колчиња со кои се реставрираат. Сите керамички колчиња биле цементирани со композитен цемент, придржувајќи се на препораките на производителот. Преку апликација на сила на оптоварување со универзална тестирачка машина, карактеризирана е фрактурната резистентност и начинот на фрактура на ендодонтски третираните корени со различна подготовка на преостанатиот дентин (Ferrule Efect) и реставрирани со Y-TZP керамички колчиња подложени на различна површинска обработка и различни услови на стареење, со различни димензии и метод на надоградба.

Керамичките колчиња се изработени од $ZrO_2$ прав, стабилизиран со 3 mol% Y2O3, (TZ-3YS-E), (Tosoh-Tokio,Japan) со големина на зрната од 0.57 μm. Како истражувачки примерок на оваа студија селектирани се 528 свежо екстрахирани централни инцизиви со слична големина, без кариес и фрактури.

**Прв дел**

Во првиот дел од ова истражување се вклучени 288 заби, поделени во 2 групи од по 144 (2x144) заби. Секоја од групите по 144 заби поделена е на 2 подгрупи од по 72 ендодонтски третирани заби **n=288=2x144=2x(2x72)**, реставрирани и цементирани со Y-TZP керамички колчиња подложени на различна површинска обработка :

1. интактни керамички колчиња – контролна група
   n=2x(2x24), односно n=2x(2x12 Ø-1.4mm и 2x12 Ø-1.6mm)
2. соструживани керамички колчиња
   n=2x(2x24), односно n=2x(2x12 Ø-1.4mm и 2x12 Ø-1.6mm)
3. пескирани керамички колчиња
   n=2x(2x24), односно n=2x(2x12 Ø-1.4mm и 2x12 Ø-1.6mm).

**Првата група (n=144) од првиот дел** на истражувањето се состои од ендодонтско третирани, декоронирани заби реставрирани и цементирани со Y-TZP (IJS-MF) Post со надограден коронарен дел по директна метода со композитен материјал. Првата група од 144 експериментални примероци е поделена во две подгрупи (2x72) според хидротермалните услови на стареење. Потоа, поделени се во 3x2 групи од по 24 (n=3x(2x24)) интактни, брусени и пескирани примероци во зависност од дијаметарот на колчињата (n=3x(2x(2x12 Ø - 1.4mm и 2x12 Ø - 1.6mm)):

1. Хидротермалните услови на стареење (n=144=**2x72**):
   - водена бања / 37°C / 24h (n=72 примероци)
   - термоциклирање / 5°C - 55°C/15 sek. /24000 cikl. (n=72 примероци)
2. Површинската обработка на керамичките колчиња (n=144=2x72=**3x(2x24)**:
   - интактни керамички колчиња – контролна група (n=2x24)
   - соструживани експериментални примероци (n=2x24)
   - пескирани експериментални примероци (n=2x24)
3. Дијаметарот на колчињата (n=144=2x72=3x(2x24)=**3x(2x(2x12)**):
   - No. 1: length 17.5/11mm, Ø 1.4mm (n=2x(2x12))
   - No. 2: length 15/8.5mm, Ø 1.6mm (n=2x(2x12))

**Втората група од првиот дел** на истражувањето (n=144) се состои од истата поделба по групи (2x72) поделени во 3x(2x24) ендодонтско третирани, декоронирани заби, реставрирани и цементирани со Y-TZP (IJS-MF) керамички колчиња со различна површинска обработка (интактни, брусени и пескирани), во две различни димензии (n=3x(2x(2x12 Ø - 1.4mm и 2x12 Ø - 1.6mm) и за разлика од првата група од овој прв дел на истражувањето, во втората група не е надограден коронарниот дел на Y-TZP керамичките колчиња (БЕЗ НАДОГРАДБА).

**Втор дел**

Во вториот дел од испитувањето се вклучени 96 заби поделени во 4 групи од по 24 заби **n=96=4x24=4x(2x12)** во две димензии керамички колчиња чиј коронарен-надградбен дел е изработен по директен или индиректен метод.

Првите две групи заби се реставрирани со Y-TZP керамички колчиња со ретенционен коронарен дел, надограден со композитен материјал и стаклокерамика. Третата група ЕТЗ се реставрирани со Y-TZP керамички колчиња со рамен коронарен дел, додека четвртата група се леаните надградби со истите две димензии.

**Трет дел**

Во третиот дел од испитувањето е направена компарација на фрактурната резистентност и начинот на фрактура на забите реставрирани со (Y-TZP) керамички и метални леани колчиња со и без внатрешен и надворешен „FERRULE Effect". Во овој дел од истражувањето се вклучени n=144 експериментални примероци заби кои се поделени во две основни групи.

Во првата фаза од третиот дел се вклучени n=72=(3x24) на кои се испитуваше влијанието на 0mm, 1mm, и 2 mm внатрешен-радикуларен »Ferrule« на керамички колчиња две димензии:

Ø = (1.4mm и 1.6mm) Y-TZP (IJS-MF) Post / MultiCore, композитна надградба.

Во втората фаза од третиот дел се вклучени (n=72) ЕТЗ реставрирани со керамички колчиња со надградби и коронки поделени во две подгрупи:

Прва група внатрешен/надворешен дентински обрач (Internal/External Core Ferrule) (n=48=2x24):

1. **0mm/0mm** БЕЗ „FERRULE" :

- Ø=1.6mm Y-TZP (IJS-MF) Post / MultiCore / IPS e.max Press Crown

- Ø=1.6mm леани надградби со метални коронки
2. **0/2 mm** „EXTERNAL CORE FERRULE":
- Ø=1.6mm Y-TZP (IJS-MF) Post / MultiCore / IPS e.max Press Crown
- Ø=1.6mm леани надградби со метални коронки

Втора група n=(2x12):
3. **2/0mm** „INTERNAL CORE FERRULE"
- Ø=1.6mm Y-TZP (IJS-MF) Post / MultiCore / IPS e.max Press Crown
4. **2/2mm** „INTERNAL / EXTERNAL CORE FERRULE".
- Ø=1.6mm Y-TZP (IJS-MF) Post / MultiCore / IPS e.max Press Crown

Експерименталните примероци се подложени на оптоварување со универзална тестирачка машина (Instron 4301) на инцизалниот ретенциски прстен на коронарниот дел од керамичкото колче под агол од 45°. Компресивната сила е аплицирана се додека не настане оштетување на експерименталниот примерок, кое е дефинирано како сила на оптоварување доволна за да настане фрактура на коренот, коренскиот или коронарниот дел на керамичкото колче. Силата за неуспех измерена е во N (њутни). Проценката на фрактурната линија кај сите испитувани примероци е направена со оптички микроскоп (Carl Zeiss Stereomicroscope system SteREO Discovery. V8) на Отсекот за инженерска керамика при Институтот „Јожеф Стефан" во Љубљана. Фрактурите се поделени на репарабилни фрактури:

1. Попуштање на атхезивната врска
2. Фрактури во коронарен дел на колчето
3. Фрактури локализирани на преод меѓу коренски и коронарен дел на колчето
4. Фрактури локализирани на коренскиот дел на колчето, и тоа во:
   - цервикална третина на колчето
   - средна третина на колчето
   - апикална третина на колчето
5. Фрактури локализирани на коренот на забот, и тоа во:
   - цервикална третина на коренот

Нерепарабилни фрактури:
   - средна третина на коренот
   - апикална третина на коренот

Микроструктурната анализа, микропукнатините и топографските промени на циркониумовите колчиња со различна механичка обработка на површините, авторот ги проучувал со Scanning Electron Microscope - JEOL JSM – 5800 (SEM/EDAX) (Tokyo, Japan), во лабораторијата за микроструктурна анализа на Институт Јожеф Стефан (IJS), Љубљана. Дигиталните фотографии се направени на зголемувања x 500, x 2000, x 7000, x 8000 и x10000.

Во понатамошното истражување, авторот ја применил и дифрактометриската метода, која е многу значаен податок во карактеризација на Y-TZP керамиката, која всушност претставува утврдување на односот помеѓу тетрагоналната и моноклинската фаза. Ова се утврдува со помош на рендгентска метода која ја опишале (Garvie и Nicolon 1972). Оваа рендгентска дифрактометриска метода овозможува приказ на поединечни M-T кристални фази и пресметување на релативниот удел на поединечната кристална фаза на површината на таа керамика. Се изведува со дифрактометар ("Jeol") со Cu-Kα-зрачење.

Резултатите добиени од ова истражување, авторот ги обработил со статистички софтверски програм (SPSS 8.0 за MS Windows). При тоа ги применил следниве методи: анализирање на сериите со нумерички белези со определување на мерки на централната тенденција: (± σ),определување проценти на структурата, разликата меѓу двата параметра во серии со нумерички белези е тестирана со Tuckey HSD тест за зависни и независни примероци (t), $x^2$ тест, определување на

коефициентите на линеарната корелација. За компарација и детерминирање на разликите помеѓу групите е применета двонасочна анализа на варијација (ANOVA). Во согласност со критериумите за биомедицински истражувања, нивото на веројатност е 0,05. Податоците од истражувањето се прикажани табеларно и графички.

Поглавјето **РЕЗУЛТАТИ** обилува со податоци добиени од испитувањето, при што сумарно може да се прикаже дека: во **првиот дел** од докторската дисертација, прикажаните резултатите од испитуваната фрактурна резистентност на ЕТЗ реставрирани со брусените и пескирани Y-TZP керамички колчиња со и без надградба во коронарниот дел, пред и по термоциклички замор, имаат намалена и зголемена фрактурна резистентност во однос на ЕТЗ, реставрирани со необработени колчиња.

Кај групата примероци ставени во **водена бања 24h/37°C** пред оптоварувањето, за фрактура на ЕТЗ реставрирани со Ø=(1.4mm/1.6mm) Y-TZP Post (IJS-MF) **СО НАДГРАДБА** на коронарниот дел на колчето од MultCore композитен материјал, биле измерени сигнификантно повисоки вредности за пескирани (757.43 (±193.82) и 859.1 (±208.82) N) во однос на брусените (366.21 (±105.02) и 428.67 (±121.41) N) и интактни примероци (475.74 (±190.41) и 543.59 (±199.61) N) (табела и графикон 5.2.1.).

Исти примероци само **БЕЗ НАДГРАДБА** на коронарниот дел на колчето, покажале сигнификантно повисоки вредности за пескирани (252.86 N (±29.45)) и 273.58 (±68.05)) во однос на брусени (162.28 N (±48.04)) и 165.2 N (±49.61)) и интактни примероци (191.85 N (±71.23) и 200.21 N (±68.96)). (табела 5.3.1. и графикон 5.3.3.).

Кај групата **термоциклирани примероци** пред оптеретувањето, за фрактура на ЕТЗ реставрирани со Ø=(1.4mm/1.6mm) Y-TZP Post (IJS-MF) **СО НАДГРАДБА** на коронарниот дел на колчето од MultCore композитен материјал, биле измерени сигнификантно повисоки вредности за пескирани 421.28 N (±146.17) и 574.6 N (±136.75) во однос на брусените (231.24 (±108.16)) N и (284.51 (±87.98)), N и интактни примероци 284.27 N (±109.69) и 339.82 N (±160.75) (табела и графикон 5.2.2.).

Групата термоциклирани примероци пред оптеретувањето, за фрактура на ЕТЗ реставрирани со Ø=(1.4mm/1.6mm) Y-TZP Post (IJS-MF) **БЕЗ НАДГРАДБА** на коронарниот дел на колчето, покажале сигнификантно повисоки вредности за пескирани ((232.04 (±29.34) и (253.27 (±85.23) N) во однос на брусени ((122.38 (±62.46) и 176.27 (±55.7) N) и интактни примероци ((168.44 (±43.32) и (178.26 (±35.99) N) (табела 5.3.3. и графикон 5.3.3.).

**Во вториот дел**, резултатите добиени од групите ЕТЗ реставрирани со **леани надградби** и за двете димензии колчиња Ø = 1.4 mm (712.08 (±345.25) и Ø = 1.6 mm (751.92 (±284.96) N) покажале највисоки измерени вредности за фрактура на ЕТЗ кои се сигнификантно повисоки при споредба со Ø = (1.4 mm (425.73 (±165.31) и 1.7 mm (512.13 (±209.15) N) **Cosmopost** (Ivoclar)/MultiCore ($p<0.05$), додека разликата е несигнификантна во однос на примероците, Ø = (1.4 mm 475.74 (±190.41) и 1.6 mm 543.59 (±199.61) N) Y-TZP **(IJS-MF) Post** / MultiCore ($p>0.05$).

При споредба на Ø = 1.4 mm Y-TZP Post (IJS-MF) со Cosmopost (Ivoclar) разликите не се сигнификантни ($p>0.05$), исто како и споредбата на Ø = 1.6 mm Y-TZP Post (IJS-MF) со Ø = 1.7 mm Cosmopost (Ivoclar ($p>0.05$).

При споредба помеѓу Ø = 1.4 mm (475.74 N (±190.41)) Y-TZP Post (IJS-MF) / MultiCore надоградени по **директна метода** и Ø = 1.4 mm (693.01 N (±264.25)) Y-TZP Post (IJS-MF) / E-MAX PRESS примероци надоградени по **индиректна метода**, биле измерени сигнификантни разлики ($p>0.05$).

При споредба помеѓу Ø = 1.6 mm (543.59 N (±199.61)) Y-TZP Post (IJS-MF) / MultiCore надоградени по директна метода и Ø = 1.6 mm (710.93 N (±144.95)) Y-TZP Post (IJS-

= **0/2mm и 2mm/0mm »Ferrule«**

При споредба помеѓу 1.6 mm (638.61 N (±164.64)) Y-TZP (IJS-MF) Post / MultiCore Надградби / E-MAX PRESS коронки со 2 mm надворешен *»Ferrule«* и 1.6 mm (712.49 N (±174.03)) Y-TZP (IJS-MF) Post / MultiCore надградби / E-MAX PRESS коронки со 2 mm внатрешен »Ferrule« не е верифицирана сигнификантна разлика ($p>0.05$) .

= **0mm/2mm и 2mm/2mm »Ferrule«**

Споредбата помеѓу 1.6 mm (638.61 N (±164.64)) Y-TZP (IJS-MF) Post / MultiCore надградби / E-MAX PRESS коронки со 2 mm надворешен *»Ferrule«* и 1.6 mm (772.49 N (±134.91)) Y-TZP (IJS-MF) Post / MultiCore надградби / E-MAX PRESS коронки со 2 mm внатрешен и 2 mm надворешен »Ferrule« покажала сигнификантна разлика ($p<0.05$).

= **2mm/0mm и 2mm/2mm »Ferrule«**

Споредба помеѓу 1.6 mm (712.49 N (±174.03)) Y-TZP (IJS-MF) Post / MultiCore надградби / E-MAX PRESS Коронки со 2 mm внатрешен »Ferrule« и 1.6 mm (772.49 N (±134.91)) Y-TZP (IJS-MF) Post / MultiCore надградби / E-MAX PRESS Коронки со 2 mm внатрешен и 2mm надворешен »Ferrule« не покажала сигнификантна разлика($p>0.05$)

Во табели и дијаграми прикажани се бројот на фрактурите за сите групи примероци со и без препарација на 2 mm надворешна стапалка со Ø = 1.6 mm Y-TZP (IJS-MF) Post / MultiCore / E-MAX PRESS коронки и леани надградби со метални коронки и % на репарабилни и нерепарабилни фрактури на ЕТЗ.

Во поглавјето **ДИСКУСИЈА** можеме да констатираме дека авторот ги коментира и споредува своите резултати со испитувањата на повеќе автори и напоменува дека навиките за брусење на изработките од циркониум оксидна керамика треба да се избегнуваат како постапка, додека пескирањето поради индуцираната мартензитна трансформација и понатаму останува препорачана припремна постапка пред цементирање, бидејќи кај сите пескирани експериментални примероци добиени се сигнификантно највисоки вредности во однос на брусените и интактните примероци. Разликата помеѓу брусените и интактните примероци е несигнификантна кај сите групи примероци ($p>0.05$).

За разлика од постапката на брусењето кај која се јавува 3-5% моноклински слој, пескирањето овозможува трансформирање поголема сума на моноклински слој (околу 13-15%) на површината на YTZP керамиката што придонесува за зајакнување на површината пред и по термоциклирање.

Сигнификантно повисоки вредности се добиени и за двете димензии колчиња со надградба поставени во водена бања 24h/37°C пред оптоварувањето, во однос на термоциклираните колчиња. Несигнификантна е разликата помеѓу колчињата без надградба пред и по термоциклирањето, што укажува на фактот дека водената средина нема сигнификантно влијание на циркониум оксидната керамика. Намалените вредности кај групите со надградба по термоциклирањето се должат на впивањето вода во композитните надградби.

Затоа се препорачува изработка на заштитни коронки кои ќе ја заштитат композитната надградба до изработката на дефинитивната протетска конструкција.

Меѓусебната споредба на различниот дијаметар Ø = (1.4 mm и 1.6 mm) за сите примероци со и без надградба поставени во водена бања 24h/37°C или термоциклирани пред оптоварувањето, не покажала сигнификантни разлики. Сигнификантна е разликата при споредбата на методите на надоградба каде што индиректната метода дава повисоки вредности за фрактурна сила на ЕТЗ цементирани со Y-TZP (IJS-MF) колчиња, што укажува на фактот материјалот и методата на надоградување имаат сигнификантно значење.

MF) / E-MAX PRESS примероци надоградени по индиректна метода, исто така биле измерении сигнификантни разлики (p >0.05).

При споредба помеѓу Ø = 1.4 mm (475.74 N (±190.41)) и Ø = 1.6 mm (543.59 N (±199.61)) Y-TZP Post (IJS-MF) / MultiCore примероци надоградени по директна метода, не биле измерении сигнификантни разлики (p>0.05).

При споредба помеѓу Ø = 1.4 mm (693.01 N (±264.25)) и Ø = 1.6 mm (710.93 N (±144.95)) Y-TZP Post (IJS-MF) / E-MAX PRESS примероци по индиректна метода, исто така не биле измерении сигнификантни разлики (p>0.05).

Во првата фаза од **третиот дел = 0 mm / 1 mm / 2 mm »Internal Ferrule«** прикажани се вредностите за 1.4 mm (475.74 (±190.41)) и 1.6 mm (543.59 (±199.61)) Y-TZP (IJS-MF) Post без »Ferrule« и 1.4 mm (501.78 (±73.52)) и 1.6 mm (553.73 (±201.98)N) со 1mm внатрешен »Ferrule«. Меѓусебната споредба не покажала сигнификантни разлики и за двете димензии керамички колчиња (p>0.05). Највисоки вредности биле измерени за фрактурна сила на ЕТЗ со препариран 2mm внатрешен »Ferrule« и за двете димензии Ø = (1.4mm (783.91 N (±129.82)) и 1.6 mm (968.3 N (±334.45)) керамички колчиња, кои покажале сигнификантна разлика при споредба со вредностите измерени за 1mm внатрешен »Ferrule« како и со Ø = (1.4 и 1.6 mm) без »Ferrule« (p<0.05).

Во втората фаза од третиот дел се испитувани следните варијабли на препариран внатрешен и надворешен »Ferrule«:

= **0mm/0mm и 0mm/0mm »Ferrule«**

При споредба помеѓу Ø = 1.6 mm (478.07 N (±84.53)) Y-TZP (IJS-MF) Post / MultiCore Надградби / E-MAX PRESS коронки без »Ferrule« и (531.74 N (±184.05)) леани надградби / метални коронки без »Ferrule« разликата е несигнификантна (p>0.05).

= **0mm/2mm и 0mm/2mm »Ferrule«**

При споредба меѓу 2 mm надворешен »Ferrule« Ø = 1.6 mm (638.61 N (±164.64)) Y-TZP (IJS-MF) Post / MultiCore надградби / E-MAX PRESS коронки и (763.01 N (±217.19)) леани надградби / метални коронки исто така не е верифицирана сигнификантна разлика (p>0.05) .

= **0mm/0mm и 0mm/2mm »Ferrule«**

При споредба помеѓу Ø = 1.6 mm (531.74 N (±184.05)) леани надградби / метални коронки без »Ferrule« со Ø = 1.6 mm (763.01 N (±217.19)) леани надградби / метални коронки со 2mm »Ferrule« верифицирана е сигнификантна разлика (p<0.05).

= **0mm/0mm и 0mm/2mm »Ferrule«**

При споредба помеѓу Ø = 1.6 mm (478.07 N (±84.53)) Y-TZP (IJS-MF) Post / MultiCore надградби / E-MAX PRESS Коронки без »Ferrule« со 1.6mm (638.61 N (±164.64)) Y-TZP Post (IJS-MF) / MultiCore надградби / E-MAX PRESS коронки со 2 mm надворешен »Ferrule« верифицирани се сигнификантно повисоки вредности за втората група примероци (p<0.05).

= **0mm/0mm и 2mm/0mm »Ferrule«**

При споредба помеѓу Ø = 1.6 mm (478.07 N (±84.53)) Y-TZP (IJS-MF) Post / MultiCore надградби / E-MAX PRESS коронки без »Ferrule« со 1.6 mm (712.49 N (±174.03)) Y-TZP Post (IJS-MF) / MultiCore надградби / E-MAX PRESS коронки со 2 mm внатрешен »Ferrule« верифицирана е сигнификантна разлика (p<0.05).

= **0mm/0mm и 2mm/2mm »Ferrule«**

При споредба помеѓу 1.6 mm (478.07 N (±84.53)) Y-TZP Post (IJS-MF) / MultiCore надградби / E-MAX PRESS Коронки без »Ferrule« со 1.6 mm (772.49 N (±134.91)) Y-TZP Post (IJS-MF) / MultiCore надградби / E-MAX PRESS коронки со 2 mm внатрешен и 2 mm надворешен »Ferrule«, исто така верифицирана е сигнификантна разлика (p<0.05).

При споредбата со леаните метални надградби, основна разлика е во добивањето нерепарабилни фрактури во 100%, во однос на фрактурите со циркониумови колчиња кои се 60-90% репарабилни зависно од групата.

Споредбата на керамичките колчиња со ретенционен коронарен дел со колчињата со рамен коронарен дел ја покажува сигнификантноста на ретенционите прстени при употребата на внатрешниот „Ferrule".

Авторот ја докажува сигнификантноста на внатрешниот и надворешниот „Ferrule" во реставррањето на ЕТЗ со употреба на Y-TZP (IJS-MF) колчиња со кои се зголемува фрактурната резистентност.

Поглавјето **ЗАКЛУЧОЦИ,** врз основа на добиените резултати од испитувањата, авторот го дели на три дела во кои се содржани сите карактеристики на различните подготвителни постапки при ендодонтското реставрирање, со керамички колчиња со ретенционен коронарен дел, и тоа:

- При изработка на современи, безметални протетски естетски реставрации, потребен е нов пристап во реставрирањето на ЕТЗ со воведување Y-TZP керамички колчиња со ретенциони прстени кои сигнификантно ја зголемуваат фрактурната резистентност на радикуларно-коронарниот дентален комплекс.
- Пескирањето и понатаму останува препорачана метода за подготовка на површината на оксидните керамики, како и надградувањето на коронарниот дел на Y-TZP керамичките колчиња по директна и индиректна метода со помал дијаметар, со максимално задржување на забна супстанција во радикуларниот и коронарниот дел на забот и формирање дентински обрач за создавање протективен »Ferrule effect« и
- Улогата на надворешната и внатрешна стапалка во создањето »Ferrule effect« кај ЕТЗ со Y-TZP колчиња и безметални коронки, како и нивното сигнификантно влијание на фрактурната резистентност на целокупниот денто-пародонтален комплекс е истражувана од страна на авторот со цел да се воведат нови подобрени методи, концепти и доктринарни ставови во постендодонтското реставрирање, кои ќе придонесат за поквалитетни безметални естетски и функционални реставрации, што воедно претставува апликативна цел на докторската дисертација.

Важно е да се напомене дека авторот на оваа докторска студија има развиено препарација на нов вид тн. внатрешна стапалка за создавање внатрешна површина на дентинскиот обрач, која овозможува налегнување на првиот ретенционен прстен на керамичкото колче и создавање внатрешен ефект на обрач тн. „Internal Ferrule Effect" кој дополнително го зголемува вкупниот „Ferrule Effect".

Овој вид на препарација на внатрешна и надворешна стапалка со формирање дентински обрач со внатрешна и надворешна страна, досега не е презентиран во литературата.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Докторскиот труд под наслов ,,Процена на влијанието на површинската обработка на керамички надградби и нивниот ефект на фрактурната резистентност на ендодонтско третирани заби" од д-р Сашо Јовановски е значаен придонес во решавањето на секојдневното ендодонтско реставрирање и дилемите кои произлегуваат за време на овој тип реставрирање со протетски надоместоци.

Добиените резултати се произлезени од современите експериментални методи и материјали кои се применети за реализација на поставените цели за потврдување или отфрлање на поставените хипотези, при што се добиени и прецизни одговори на сите поставени дилеми.

Имајќи ја предвид подготвеноста на кандидатот за изработка на самостоен, оригинален и автентичен научноистражувачки труд, како и горенаведените коментари за добиените резултати, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје да ја усвои позитивната рецензија на подготвениот докторски труд на ас. д-р Сашо Јовановски и да дозволи негова јавна одбрана.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Ерол Шабанов с.р.
2. Проф. д-р Драгољуб Велевски с.р.
3. Проф. д-р Елена Петкова с.р.
4. Проф. д-р Лазе Трајковски с.р.
5. Проф. д-р Љубо Марион с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОСНОВИ НА НАДВОРЕШНОПОЛИТИЧКАТА И ДИПЛОМАТСКО-БЕЗБЕДНОСНАТА СТРАТЕГИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ТОНИ ПЕТРЕСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

Наставно–научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата XXI редовна седница одржана на 19.X 2011 година, донесе одлука за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација со наслов „Основи на надворешно–политичката и дипломатско–безбедносната стратегија на Република Македонија“, поднесена од кандидатот м-р Тони Петрески, во состав: проф. д-р Зоран Нацев, проф. д-р Билјана Ванковска, проф. д-р Оливер Бакрески, проф. д-р Лидија Георгиева и проф. д-р Ванчо Кенков. Комисијата во наведениот состав со внимание го разгледа приложениот докторски труд и на Наставно–научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Во академската 2008/2009 година, кандидатот пријави докторат на Институтот за одбранбени и мировни студии, сега Институт за безбедност, одбрана и мир, и со помош на менторот проф. д-р Зоран Нацев изготви докторска дисертација на претходно одобрената тема: „Основи на надворешнополитичката и дипломатско-безбедносната стратегија на Република Македонија“.

Интегралниот текст на дисертацијата содржи вовед, девет засебни дела кои меѓусебно се надополнуваат, заклучок и преглед на библиографски единици, односно основниот текст на докторската дисертација е изложен на 287 страници, со 240 фусноти. При изработката на трудот, кандидатот користел 104 библиографски единици, потоа доктринарни документи, нормативи и податоци, ставови на одредени политичари, дипломати и експерти од разни области кои беа пренесени во печатените и електронските медиуми, со употреба на соодветни истражувачки техники и инструменти. Во истражувањето како методолошка техника за прибирање на податоци, користено е и полуструктурирано интервју.

**Во воведниот дел** на трудот кандидатот ги изложува мотивите кои доведоа до спроведување на истражувањето. Тие лесно можат да се лоцираат во политичките, економските, територијално – безбедносните и други промени кои настанаа во Европа и во светот на крајот од 20 век и првата деценија од 21 век. Во тој контекст, Република Македонија на крајот на 20 век се соочи со предизвиците на суровоста на реалниот свет изразен преку дипломатијата и дипломатскиот притисок. Тој дипломатски импулс беше искажан на разни начини, а Република Македонија го почувствува во целата негова тежина. Во воведниот дел на трудот, кандидатот ја презентира и хипотетичната рамка на неговиот истражувачки интерес, го елаборира проблемот на истражување, целите на истражувањето, методите и техниките што се применуваат.

**Во првиот дел** станува збор за поимот стратегија. Во објаснувањето на овој поим, земени се голем број на дефиниции уште од времето на Античка Грција, стариот Рим, преку воените теотичари од 19 век, па сè до денес. Потоа, во овој дел е истражуван односот помеѓу стратегијата и политиката, но и односот помеѓу стратегијата и економијата. Од истражувањето се утврдува дека со текот на општествениот развој, терминот стратегија еволуирал во поимна и содржинска смисла, но притоа задржувајќи ја својата првобитна врска со војската и војувањето. Значи стратегијата се инкорпорира и во областа на политиката, стопанството, дипломатијата, науката, менаџментот и во други дејности. Оттаму и многу честата употреба на терминот стратегија во современиот живот, при што денес е вообичаено да се говори и да се пишува како за воена, така и за политичко – дипломатска стратегија, стратегија за национална безбедност, економска стратегија, стратегија за управување со ресурси, геостратегија, стратегија за стопански развој, еколошка стратегија, стратегија за интеграција во Европската унија и сл. Во таа смисла, во истражувањето се заклучува дека стратегијата мора да се разбере како целокупен план за утилизација на капацитетите за вооружена принуда во соработка со економските, дипломатските и психолошките инструменти на моќ, и најефикасно поддржување на странските политики преку јавни, тајни и премолчени средства.

**Во вториот дел** станува збор за поимот надворешна политика. Надворешната политика претставува стратегија или плански спроведуван процес од страна на највисоките органи на власт на една држава спрема други држави и други субјекти на меѓународната заедница, поради постигнување на специфични цели определени од утврдените национални интереси. Гледано низ призмата на меѓународното право, се смета дека субјекти на надворешната политика се носителите на меѓународно – правниот субјективитет, а тоа се државите, меѓународните организации, црквата и во одредена истанца и поединецот. Во делот за надворешната политика на малите држави извршена е и компаративна анализа меѓу Швајцарија и Хрватска со Република Македонија.

Во овој дел проучуван е и поимот глобализација, кој претставува процес, односно процеси на поврзување на светот по сите основи и создавање на сè поголема меѓузависност. Истражувањето покажало дека базата на процеси на глобализацијата во принцип е содржана преку поврзана или светска политичка економија, систем на национални држави со пренесени делови од сувереност, на национални организации, светски безбедносно – воен систем или поредок и меѓународна поделба на трудот. Всушност, процесите на глобализација ги зафаќаат сите домени на животот (политиката, безбедноста, економијата, културата и др.) .

**Во третиот дел** станува збор за дипломатијата. Имено, поимите надворешна политика и дипломатија често се употребуваат во идентична смисла, но истражувањето покажува дека тоа е погрешно. Понатаму се констатира дека целта на дипломатијата е исполнување на националните интереси, односно создавање на поповолни услови за нивно реализирање. Тоа подразбира зачувување на независноста, безбедноста и територијалниот, политичкиот и економскиот интегритет и развој на државата. Значи дипломатијата треба да ѝ

обезбеди на сопствената држава што поголема слобода на активност и на надворешен план. Воената дипломатија која е компонента на општата дипломатија, е директно врзана за Министерството за одбрана, затоа што Министерството за одбрана е единствено од институциите кое директно и самостојно општи со странство. Но воената дипломатија е поврзана и со амбасадорот кој ја исполнува својата јурисдикција како шеф на дипломатската мисија. Истражувањето посочува дека всушност воената дипломатија преставува воено – дипломатска организација – институција која ги планира, ги организира и ги води воените односи со странство користејќи соодветна методологија ( методи, сили и средства) во реализација на задачите од воена природа во меѓународните односи. Заради специфичноста на овие прашања, подготвен е специјален кадар, т.е. воени дипломати или воени аташеа.

**Четвртиот дел** од докторската дисертација е посветен на безбедноста. Самиот поим безбедност заради своето исклучително значење е доста објаснуван, образложуван и разгледуван од различни аспекти. Со истражувањето се констатира дека во зависност од тоа од каде доаѓа загрозувањето, ризиците и опасностите, безбедноста може да биде надворешна и внатрешна. Надворешната безбедност во суштина се однесува на заштита на независноста, суверенитетот на земјата и територијалната целокупност. Внатрешната безбедност се однесува на непречено функционирање на конкретниот уставен поредок, односно функционирањето на општествено – политичкиот и економскиот систем на државата, како и заштитеноста на другите вредности, добра и објекти.

**Петтиот дел** на докторската дисертација е посветен на надворешната политика на Република Македонија. Од истражувањето може да се заклучи дека Република Македонија прашањето на меѓународните односи го издига на високо ниво. Имено, фактот дека Глава VI од Уставот е посветена токму на ова прашање, е потврда за изречената констатација. Но покрај во Уставот, оваа област е утврдена и во Законот за надворешни работи и во Законот за склучување, ратификација и извршување на меѓународните односи. Но истовремено, Република Македонија преку својата надворешна политика на билатерален и мултилатерален план, ги промовира своите национални вредносни и цели. Земјата докажа дека е доволно зрела за да аплицира во градењето на европските стандарди и демократскиот поредок.

**Шестиот дел** на докторската дисертација е посветен на дипломатијата на Република Македонија. Од 1991 година, кога Република Македонија ја прогласи својата независност, македонската дипломатија и дипломатите имаа задача да се справат со сите политички, економски и воени закани, и да се изборат за меѓународно признавање на државата. Резултатот на тоа е воспоставени односи со 167 земји, од кои 133 ја имаат признаено Република Македонија под уставното име. Задачите што стојат пред дипломатијата и понатаму ќе бидат многубројни и сложени. Република Македонија е со ограничено влијание во меѓународните односи, што ја наметнува потребата од кадровско, материјално и просторно опремување на институциите, како и созревање што ќе ја смести во афирмираните дипломатии.

Истражувањето покажа дека воената дипломатија на Република Македонија со својата активност придонесува да се развиваат и да функционираат вооружените сили и да се етаблира одбранбено – заштитниот систем на Република Македонија во колективните системи за безбедност и одбрана. За кус временски период се постигнати забележителни резултати во воспоставувањето, кадровското опремување и меѓународното етаблирање во воената дипломатија. Со 9 воени аташеа се покриени 16 држави, а во САД има и цивил – одбранбен советник.

**Седмиот дел** е насловен „Општата и воената дипломатија во функција на интегрирањето во ЕУ и НАТО". Имено, една од најважните цели на Република Македонија е полноправното членство во ЕУ и во НАТО. Во таа насока, постои широк политички и општествен консензус, и истражувањето во докторската дисертација покажува дека надворешната политика и општата и воената дипломатија на Република Македонија имаат дадено голем придонес во остварувањето на овие стратегиски цели.

**Осмиот дел** е посветен на националната безбедност на Република Македонија под која се подразбира состојба со која се обезбедува заштита на темелните вредности на општеството и на неговите институции, а сите безбедносни ризици се сведени на минимум. Темелните вредности, пак, се утврдени со Уставот на Република Македонија и од нив произлегуваат македонските национални безбедносни интереси.

Република Македонија исто така е силно посветена на борбата против сите видови на тероризам. За таа цел постојано ги унапредува своите капацитети, согласно со националните потреби и развојот на меѓународните инструменти кои ја унапредуваат заедничката борба на меѓународната заедница против тероризмот.

**Деветтиот дел** е носечки и во него е дадена проекција на надворешнополитичката и дипломатско – безбедносната стратегија на Република Македонија. На самиот почеток од овој дел, дадено е објаснување која е основната научна цел на истражувањето, а тоа е дека таа произлегува од формулацијата на проблемот и самиот предмет на истражување, односно да се утврди улогата и ефикасноста на надворешнополитичката и дипломатско – безбедносната стратегија на Република Македонија и нејзиното влијание врз заштитата на уставните вредности и интереси, како и реализацијата на националните вредности и цели.

Општествено – практичното значење на истражувањето, кандидатот го гледа во користа што би ја имала државата, Владата, Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи во остварувањето на целите и интересите на Република Македонија.

Всушност, кандидатот дава едно свое видување како треба да изгледа надворешнополитичката и дипломатската стратегија и стратегијата за национална безбедност, вклучувајќи ги во себе внатрешната безбедносна

политика, одбранбената политика, економската политика и политиката за заштита на животната средина.

Кандидатот смета дека предложената стратегија во значителна мера може да се искористи за подобрување и за поголема функционалност како на постојните, така и за идните стратегии на национална безбедност, одбрана и за стратешките планови на Министерството за надворешни работи на Република Македонија.

**Заклучокот на трудот** претставува резиме на истражувањето, односно пресек на сознанијата за резултатите од истражените содржини.

## Предлог и заклучок

Гледано пошироко, се работи за сложен проблем и предмет на истражување за чие адекватно анализирање и проучување беа потребни многу усилби, интердисциплинарен пристап во толкувањето на видувањата и отстранување на субјективизмот во искажувањата. Кандидатот покажа респективна научна и стручна подготвеност во комбинирањето на повеќе методи и техники на истражувањето да дојде до релевантни показатели кои се мошне солидно вклопени во едно хармонизирано четиво со јасен и прецизен јазик и стил на пишување. Затоа, меѓу другото, важен придонес имаат и членовите на Комисијата кои преку совети, коментари и упатства дополнително го подигнаа нивото на квалитетот на текстот. Содржината на трудот е сериозен научен исчекор и придонес во инаку скромниот фонд на литература од оваа проблематика во земјата и тој во одделни сегменти претставува база за понатамошни попродлабочени истражувања.

Оттука, Комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да го прифати позитивниот извештај и да го допушти кандидатот на јавна усна одбрана.

Скопје, 9 мај 2012 год.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Зоран Нацев, с.р.
2. Проф. д-р Билјана Ванковска, с.р.
3. Проф. д-р Оливер Бакрески, с.р.
4. Проф. д-р Лидија Георгиева, с.р.
5. Проф. д-р Ванчо Кенков, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА ПРЕДМЕТИТЕ ОСНОВИ НА МУЗИЧКАТА КУЛТУРА СО МЕТОДИКА, МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ И МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТИ 2 НА ТУРСКИ НАСТАВЕН ЈАЗИК НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, на седницата одржана на 26.4.2012 година, донесе решение за формирање Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Димитрије Бужаровски, проф. м-р Тодор Светиев и проф. м-р Љупчо Соколов, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за предметите основи на музичката култура со методика, музички инструменти и музички инструменти 2 на турски наставен јазик. На конкурсот објавен во весниците „Дневник“ и „Koha” на 4.4.2012, се пријави само кандидатката д-р Аида Ислам.

По разгледувањето на доставената документација, Рецензентската комисија го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

## *БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ*

Аида Ислам е родена во Скопје на 25.1.1966 година. Паралелно со основното училиште, на осумгодишна возраст го започнала и музичкото образование на инструментот пијано во МБУЦ „Илија Николовски – Луј” во Скопје. Уште од најрана возраст земала активно учество на сите училишни концерти, семинари и натпревари. По завршувањето на средното образование се запишала на Факултетот за музичка уметност во Скопје, инструментален оддел - пијано. Дипломира во 1987 година во класата на проф. Бранко Цветковиќ. Во 2000 година Аида Ислам се запишала на постдипломските студии при ФМУ во Скопје, на одделот Теорија на интерпретацијата. Магистерските студии на тема „Методолошките аспекти на снимената музика за пијано од македонски автори” ги завршила во 2002 година под менторство на проф. д-р Димитрије Бужаровски. Во 2005 година докторирала на темата „Одразите на отоманската музичка култура во современата музичка култура на турската заедница во Р. Македонија” на Факултетот за музичка уметност во Скопје, под менторство на проф. д-р Димитрије Бужаровски.

Во периодот 1987-2001 година, таа работела во МБУЦ „ИлијаНиколовски – Луј” во Скопје како наставник по предметот пијано. Во текот на долгогодишниот ангажман во областа на пијанистичката педагогија, Аида Ислам постигнува забележителни успеси со нејзините ученици кои земаат активно учество на јавните настапи и натпревари во државава и во странство, како на пр. Рим, Париз, Истанбул, Софија, Белград и др. Многумина од нив се добитници на високи државни награди. Покрај педагошката, д-р Аида Ислам активно се занимава и со научноистражувачката дејност. Зема учество на голем број меѓународни конференции и има објавени трудови во меѓународни списанија.

Од 2001 година, таа работи на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје каде што ги предава предметите музички инструменти, основи на музичкото образование со методика и хор и оркестар на турски наставен јазик. Во 2007 година, д-р Аида Ислам е избрана во наставно-научното звање вонреден професор.

## *НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ*

Д-р Аида Ислам е избрана во звањето вонреден професор на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје, со одлука бр. 02-371/1 од 10.10.2007 година за следниве предмети на првиот циклус студии од областа на музиката уметност и педагогија за студиските групи одделенска настава и предучилишно воспитување на турски наставен јазик:

- **задолжителни предмети**: познавање на музички иструменти I (2+2), музички инструменти со клавијатура II (1+2); основи на музичко воспитување со методика I (1+1), основи на музичко воспитување со методика II (1+1), основи на музичко воспитување со методика III (1+2), основи на музичко воспитување со методика IV (2+2)
- **изборни предмети**: хор и оркестар (2+2) и музички инструменти 2 (2+2).

Со започнувањето на вториот циклус студии на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски", д-р Аида Ислам ги покрива изборните предмети: методски модели на наставата по музичко образование и истражувања од областа на музичкото образование.

Д-р Аида Ислам е автор на учебник и практикум по предметот основи на музичкото образование со методика, насловени ***Методика на музичкото образование*** кои се рецензирани и објавени во Универзитетскиот билтен бр. 1023 од 16.1.2012.

Во периодот 2007-2011 година, д-р Аида Ислам била член на комисии за одбрана на 188 дипломски работи. Покрај ова, таа во овој период била член во комисии за одбрана на следниве магистерски трудови:

- кандидат: Ваљон Круезиу, ФМУ/УКИМ 2008; и
- кандидат: Викица Костоска-Пенева, ФМУ/УКИМ 2009.

Исто така, д-р Аида Ислам била член и на комисиите за одбрана на следниве докторски дисертации:

- м-р Марија Ѓошевска, ФМУ/УКИМ, 2007;
- м-р Викторија Коларовска-Гмирја, на ФМУ/УКИМ, 2008;
- м-р Владимир Талевски, ФМУ/УКИМ, 2010;
- м-р Трена Јорданоска ФМУ/УКИМ, 2011;
- м-р Милена Ѓурковиќ-Пантелиќ, ФМУ/УКИМ, 2011.

Воедно, таа е одредена за член на комисија за оцена на докторските трудови на следниве кандидати:

- м-р Александар Трајковски, ИСППИ/УКИМ, 2011;
- м-р Христо Стојаноски, ИСППИ/УКИМ, 2011;
- м-р Емилија Ристевска-Стефановска, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" Битола, 2012.

Д-р Аида Ислам била рецензент на следниве учебници:

- рецензент на универзитетски учебник на проф. д-р МилицаШкариќ, *Пијано, детски и други музички инструменти* (Одлука бр. 1902-30/7 од 19.01.009)

- рецензент на универзитетски учебник: *Методика на музичкото образование* од Владимир Талевски (Одлука бр. 02-560/8 од 22.12.2011).

## *НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ*

Во периодот 2007-2011, д-р Аида Ислам има објавено две книги:

1. *Културната улога на редакцијата на турската програма на Радио Скопје,* 2009, Скопје: ДОК Копру, Диван;

2. *Македонската пијанистичка уметност и педагогија*, 2011, Скопје: Педагошки факултет „Св. Климент Охридски".

Под менторство на вонр. проф. д-р Аида Ислам има магистрирано кандидатката Викица Костоска-Пенева (2009 година) на Факултетот за музичка уметност во Скопје.

Во 2011 година, кандидатката д-р Ислам има одржано предавања на два универзитета:

1) ИТУ-Истанбул, Оддел за музикологија, на тема *Музичката култура во Македонија и румелиските песни,* 3. 6. 2011;

2) Државниот универзитет во Тетово на тема *Културните и социјалните детерминанти во обликување на музичкиот живот во Скопје*, 26.12.2011.

Кандидатката д-р Аида Ислам, како доцент и вонреден професор, континуирано работи на своето научно и стручно усовршување преку објавување на повеќе трудови и учество на низа меѓународни научно-стручни собири.

***Објавени научни трудови:***

1) *The Role of Music Education in Preserving Traditions in a Multiethnic Society*, International Journal of Multidisciplinary Thought, CD-ROM. ISSN: 2156-6992: 1(06): 159-163 (2011).

2) *Influence of Social Determinants in Preference of Public Audience at Music Performances in the Republic of Macedonia,* Sociology Study ISSN 2159-5526, January 2012, Volume 2, Number 1, p.33-42.

3) *Spiritual Islamic Music Tradition In The Balkans at the Time of the Ottoman State,* Journal of Academic Studies ISSN: 1302-2431, Vol. 14, Nr. 52, February-April, 2012, p.1-18.

4) *Музичките ансамбли – форми за културна комуникација меѓу младите,*Просветно дело 64, бр. 5, 2011, стр. 53-60.

5) *Зачувување на турската музичка традиција преку изучување на народните инструменти,* Просветно дело бр. 4, 2009, стр.65-74.

6) *Односот на идниот наставен кадар кон предметот музичко образование во одделенска настава,* Просветно дело бр. 5, 2009, стр. 47-54.

7) *Значењето на изучувањето на музичките инструменти за развојот на децата,* Годишен зборник, Педагошки факултет 2012 (во печат).

8) *The Reflections of the Ottoman Culture in the Contemporary Music Culture of the Turkish Community in R. of Macedonia,* Macedonian Music, No. 6, Special Edition, 2008, p.41-52.

9) *Македонската хорска традиција преку дејноста на диригентите Ивица Зориќ и Сашо Татарчевски,* Macedonian Music, Year 14, No.17, 2012, p.141-150.

10) *Kodzadzik – Birthplace of Ataturk Family – The Bulwark of Time in the Preservation of the Authentic Rumelian Music,* 2011, *7th International Atatürk Congress,* Skopje (во печат).

11) *Потребата од интегрирање на современи е-методи во изучувањето на предметот музичко образование во Република Македонија, 2011,* VI меѓународен балкански конгрес за образование и наука *Современото општество и образованието,* Педагошки факултет, Скопје.

12) *Музичкото образование како конструктивен фактор во континуитетот на музичкото наследство,* Научен стручен собир *Initial Training of Preschool and Primary School Teachers,* Педагошки факултет, Охрид, 2011 (во печат).

13) *Circumstances in the Music Tradition in Sadi Dervish Order in Skopje in XXI Century,* 2011, Четврти меѓународен конгрес *Исламската цивилизација на Балканот* во организација на МАНУ-Скопје (во печат).

14) *Continuity of the Ottoman Music in the Music Culture of the Turkish Community in Macedonia Today,*International Balkan Annual *Conference-IBAC,* ITU-Istanbul, Skopje, 2011, p.67-73.

15) *Модели за музичко едуцирање во трето доба – изучување музички инструменти,* Меѓународен научен симпозиум *Воспитанието и образованието меѓу традиционалното и современото,* Институт за педагогија, 22-24 септември 2011 (во печат).

16) *Улогата на музичката едукација во функција на спроведување на предметот музичко образование во одделенската настава,* Годишен зборник, година I, бр. 1, ФМУ, Универзитет „Гоце Делчев" Штип, ISSN 1857-7296, 2010.

17) *Нови трендови во музичката култура кај младата популација во Скопје, Република Македонија,* Годишен Зборник, бр. 2, ФМУ, УГД Штип, ISSN 1857-7296, 2012.

18) *Традиционалната музичка практика во Република Македонија во услови на доминација на глобалната музичка култура денес,* Етнолошко друштво на Р. Македонија, (МЕД), 2010.

19) *Младинските оркестри – стимулативни средини за креативен развој и мултикултурен соживот во Скопје* (Youth Orchestras-Stimulating Environments for the Creative Development and Multicultural Co-existence in Skopje), V научен собир *Образование за хумано општество,* Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје, 2010.

20) *Attitude of the Future Teaching Staff Towards the Subject Music Education in the Elementary Education,* The 5th International Balkan Education and Science Congress. Edirne: Trakya University, Turkey, 2009.

21) *Мултикултурализмот и апликацијата во музичката традиција,* Четврти меѓународен балкански научен конгрес Современи интенции во образованието. Скопје: Педагошки факултет/УКИМ, 2008.

***Учество на конференции со свој реферат/ труд***

Со свои излагања, предлози и сугестии, д-р Аида Ислам има остварено активно учество на повеќе научни собири и конференции од меѓународен карактер, одржани во Република Македонија и во странство:

1) *International Conference of Academic Disciplines* – Vienna, Austria, 2012 (труд на тема: *Impact of Economic Determinants on the Production of New Art Musical Works).*

2) Конференција за Балканот на Евлија Челебија во организација на МАНУ и Центарот за цивилизациски студии при Универзитетот Бахчешехир (МЕДАМ) Истанбул, 16-22 април 2012, Скопје (труд на тема: *Ottoman Music in Macedonia During the 17th Century Through the Prism of Travel Writer Evliya Celebi*).

3) VII меѓународен Ататурк-конгрес во организација на МАНУ и Истражувачкиот центар Ататурк (АТАМ)-Истанбул, Скопје, 17 октомври 2011 (труд на тема: *Kodzadzik – Birthplace of Ataturk Family – The Bulwark of Time in the Preservation of the Authentic Rumelian Music)*.

4) VI интернационален балкански конгрес за образование и наука *Современото општество и образованието*, Охрид, 30-01 октомври 2011 (труд на тема: *Потребата од интегрирање на современи е-методи во изучувањето на предметот музичко образование во Р. Македонија*).

5) Меѓународен научен симпозиум *Воспитанието и образованието меѓу традиционалното и современото,* Институт за педагогија, 22-24 септември 2011 (труд на тема: *Модели за музичко едуцирање во трето доба – изучување музички инструменти*).

6) *International Conference of Academic Disciplines* – Prague, Czech Republic, June 21-24, 2011 (труд на тема: *The Role of Musical Education of Tradition in the Multiethnic Society*).

7) *International Conference of Academic Disciplines* – Prague, Czech Republic, June 21-24, 2011 (труд на тема: *Influence of Social Determinants in Preferences of Public Audience at Music Performances*).

8) *International Balkan Annual Conference* – IBAC, Скопје, мај 9-13, 2011 (труд на тема: *Continuity of the Ottoman Music in the Music Culture of the Turkish Community in Macedonia Today*).

9) XVII интернационална конференција *Културата и музиката* во организација Институтот за истражување и архивирање музика - ИРАМ и Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања - ИСППИ, 20-21 јануари, 2011, Скопје (труд на тема: *The Cultural Identity and its Reflection on the Mystical Spiritual Music Tradition in the Republic of Macedonia*).

10) III International Conference *Children and Youth in Changing Societies*– Thessaloniki, 3-4 December, 2010 (труд на тема: *Youth in the Changing Society – Sociocultural Influence Upon Cultural Life in Skopje)*.

11) Четврти меѓународен конгрес *Исламската цивилизација на Балканот* во организација на МАНУ и Центарот за истражување на исламската историја, уметност и култура (IRCICA) - Истанбул, Скопје, 13-16 октомври 2010 (труд на тема: *Circumstances in the Music Tradition in Sadi Dervish Order in Skopje in XXI Century*).

12) Научен симпозиум организиран од Македонското етнолошко друштво на тема *Популаризација на етнолошкото културно наследство*, Штип, 20 септември 2010 (труд на тема: *Традиционалната музичка практика во Р. Македонија во услови на доминација на глобалната музичка култура, денес*).

13) Петти меѓународен научен собир *Образование за хумано општество,* во организација на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" Скопје, 28 - 30 мај 2010 Охрид, (труд на тема: *Youth Orchestras - Stimulating Environments for the Creative Development and Multicultural Co-existence in Skopje).*

14)Научно-стручен собир *Улогата на музиката во образовниот процес,* во организација на Факултетот за музичка уметност при УГД-Штип, 9.2.2010 (труд на тема: *Улогата на музичката едукација во функција на наставата)*

15) XVI ИРАМ-ова конференција *Современите трендови во музикологијата и етномузикологијата* - 16th Skopje Conference: *Contemporary Trends in Musicology and Ethnomusicology*, 2010. Скопје: ИРАМ (труд на тема: *Перспективите на музичката традиција во експанзија на новите музички тенденции*).

16) The 5th International Balkan Education and Science Congress, 2009. Edirne: Trakya University, Turkey (труд на тема: *Attitude of the Future Teaching Staff Towards the Subject Music Education in the Elementary Education).*

17) The 4th International Balkan Education and Science Congress for *Contemporary Intentions in Education,* 2008. Skopje: Pedagogical faculty/UKIM (труд на тема*: Multiculturalism and Application in the Music Tradition).*

18) *Society for Musicology in Ireland, Annual Conference, Waterford Institute of Technology* (труд на тема: *Modifications of the Urban Music Culture of the Turkish Community in Republic of Macedonia*), May 9-11 2008. Waterford, Ireland.

19) XIV IRAM Conference *Researches in Musicology and Ethnomusicology*, Skopje, January 24, 2007 (труд на тема: *Музиката во обредите на Бекташите во с. Канатларци*).

***Анализа на дел од научните и стручни трудови на кандидатката:***

***Youth Orchestras-Stimulating Environments for the Creative Development and Multicultural Co-existence in Skopje,*** Петти меѓународен научен собир *Образование за хумано општество,* 28 - 30 мај 2010 Охрид.

Трудот претставува опсервација на вонучилишните музички состави како младинските оркестри во кои сопствениот избор за партиципирање ги поттикнува младите на спонтано дружење и споделување на различните културни вредности, со што оркестрите стануваат креативни и стимулативни средини за учење, развој и

мултикултурен соживот. „Повисоките цели“, односно квалитетот на музичката изведба кај овие ансмабли го претопуваат „индивидуалното“ во „заедничкото“ и истовремено создаваат култивирана публика со профилирани критериуми за етничко-естетските вредности.

***The Role of Music Education in Preserving Traditions in a Multiethnic Society***, International Journal of Multidisciplinary Thought, CD-ROM. ISSN: 2156-6992: 1(06): 159-163 (2011).

Главната тема на трудот е улогата на музичкото образование во одржувањето на традицијата кај турската популација и покрај сигнификантното намалување на бројот на заедницата. Според резултатите од истражувањето спроведовено во текот на 2010 година во Скопје, единствените фактори кои се најзаслужни за континуитетот на традицијата се формалните и неформалните начини на образование. Музичката активност кај овие институции се реализира преку инструментални, вокални и танцувачки состави. Нивните заеднички карактеристики се од суштинско значење во употребата на традиционалните инструменти, изведба на традиционалниот репертоар специфичен за локалната заедница и примената на автохтониот тонски систем.

***Потребата од интегрирање на современи е-методи во изучувањето на предметот музичко образование во Р. Македонија,*** *2011,* VI меѓународен балкански конгрес за образование и наука *Современото општество и образованието*, Педагошки факултет, Скопје.

Во овој труд авторката се осврнува на потребите од воведувањето современи е-методи во изучувањето на предметот музичко образование во основното образование во Р. Македонија. Ваквите потреби налагаат промени на компетенциите на самите едукатори кои веќе мораат да бидат обучени за примена на новите технолошки алатки. Тоа подразбира интердисциплинарно поврзување на повеќе научни области со редефинирање на дидактичко-методските пристапи. Ваквата состојба ја наметнува потребата идниот наставен кадар во текот на својата едукација задолжително да ги изучува информациско-комуникациските технологии со употреба на различни софтвери и хардвери применливи во наставните содржини по предметот музичко образование.

***Youth in the Changing Society – Sociocultural Influence Upon Cultural Life in Skopje,*** *III International Conference Children and Youth in Changing Societies– Thessaloniki*, 3-4 December, 2010.

Рефлексиите на глобалните светски промени предизвикуваат перманентно проширување на социо-културните елементи во образовниот систем во општествата во транзиција како што е нашето. Како резултат на оваа состојба се прошири системот на високото формално музичко образование кај нас преку отворање на нови оддели. Целта на овој труд е презентирање на новините во оваа сфера како можности за слобода во изборот за креативно изразување на младите.

***Kodzadzik – Birthplace of Ataturk Family – The Bulwark of Time in the Preservation of the Authentic Rumelian Music***, 2011, VII Меѓународен конгрес Ататурк, МАНУ, Скопје, 2011.

Овој труд е еден од многуте во кои се обработува прашањето на состојбите и перспективите на музичкото наследство и степенот на неговата презервација во современите услови на живеење. Се работи за музичката традиција на припадниците на јуручката заедница која се одликува со повисок степен на физичка, културна и лингвистичка изолација. Иако во текот на последнава деценија и во овој регион се менуваат условите на живеење како резултат на светската глобализација, музиката во Коџаџик претставува духовен монумент на настаните и емоционалните состојби поради што до ден-денес ја задржува својата автентичност.

***Модели за музичко едуцирање во трето доба – изучување музички инструменти,*** Меѓународен научен симпозиум *Воспитанието и образованието меѓу традиционалното и современото,* Институт за педагогија, 22-24 септември 2011, Охрид.

Во овој труд е обработено прашањето околу учењето во трето доба како еден сегмент од перманентното образование кое во последниве децении е актуелна практика и се применува во развиените земји. Од областите кои се податливи за изучување е и музиката која се реализира преку базичните форми на музичкото изразување: свирење музички инструменти и пеење. Во таа смисла, во трудот се претставени модели за музичкото едуцирање во трето доба, конкретно изучување музички инструменти со клавиши. Примената на овој модел има повеќекратно значење како за поединецот така и за општеството: конструктивно исполнување на слободното време, подобрување на психо-физички способности на целната група, зголемување на едуцирана публика, отворање на нови работни места и сл.

***Улогата на музичката едукација во функција на спроведување на предметот музичко образование во одделенската настава***, Годишен зборник – Универзитет „Гоце Делчев" Штип, ФМУ, ISSN 1857-7296, година I, бр. 1, 2010.

Трудот е значаен поради сознанијата кои произлегуваат од истражувањето за улогата на музичкото образование во успешното спроведување на наставата по музичко образование во одделенската настава. Резултатите покажуваат дека музичката едукација во текот на студиите ги проширува музичките знаења и вештини, како на пр. музичкото описменување, свирењето на пијано и орфовите инструменти, проширување на музичкиот репертоар итн., што претставува значаен фактор за надминување на бариерата од апстрактноста на музиката. Сепак, незадоволителниот став кон предметот музичко образование кај идните наставници е резултат на влијанието на свеста на целокупната средина за значењето на предметот генерално во рамките на образовниот систем.

***Spiritual Islamic Music Tradition in the Balkans at the Time of the Ottoman State***, Journal of Academic Studies, February-April, Volume. 14, Number 52, 2012, p.1-18.

Во овој труд е направена реконструкција на исламската духовна традиција на територијата на Македонија во времето на османлиското владеење. Со оглед на тоа дека религијата била составен дел од државната политичка власт, формите на духовната богослужба имале официјален статус. Духовната музика имала церемонијален карактер и се одвивала во две гранки, музиката во џамиите и во текињата. Генерално, според заклучокот, исламската духовна музичка традиција во богослужбите дала голем придонес за развитокот на целокупната музичка култура во оваа средина.

***Македонската хорска традиција преку дејноста на диригентите Ивица Зориќ и Сашо Татарчевски***, Macedonian Music, Year 14, No. 17, 2012, p. 141-150.

Уметноста на хорското диригирање има долга традиција во Република Македонија. Таа започнува во XIX век со формирањето на првите црковни хорови. Дејноста на првите школски и градски музички друштва го претставува јадрото на севкупниот музички живот долги децении. Целта на овој труд е да се прикаже денешната состојба на хорската уметност преку двајца реномирани хорски диригенти и нивната дејност во услови на опаѓање на интересот кон хорската уметност во оваа средина. Преку професионалниот пристап и ентузијазмот, тие успеваат да ја продолжат повеќедецениската хорска традиција со хорската практика и педагогија.

Во научноистражувачката дејност на д-р Аида Ислам спаѓаат и ***двата одобрени проекта од национален интерес од страна на Министерството за култура на Република Македонија за 2011 и 2012 година, на тема:***

1) *Традиционална инструментална музика во Р. Македонија и изработката на музичките инструменти, бр.11-4037/1, 2011;*

2) *Музичката традиција во с. Коџаџик родното место на претците на Ататурк*,бр. 11-4904/1 од 20.3.2012 и ЦД - *Музичката традиција во с. Коџаџик*, бр. 16-5375/1 од 27.3.2012.

## *СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ*

Д-р Аида Ислам била член на следниве комисии:

- член на Комисија за давање на мислење за одобрение за употреба на прирачна литература во детски градинки – Министерство за образование и наука (Решение бр. 22-1599/1 од 25.11.2011);

- заменик-претседател на Рецензентска комисија при МОН за рецензирање на учебници за основно образование по предметот *музичко образование* за IV и VII одделение, 2009 год.
- член на рецензентска комисија за изготвување реферат за избор во сите звања (Одлука бр. 02-291/1 од 2.6.2009, Одлука бр. 02-290/1 од 2.6.2009, Одлука бр. 02-235 од 16.4.2010, бр. 05-10/56 од 31.5.2010, 1907-сл од 28.4.2011, 1907-сл од 28.4.2011);
- Комисија за изготвување Елаборат за Центарот за перманентно образование (Одлука бр. 02-148/1 од 12.3.2010);
- Работна група за осмислување на работата на Дидактичко-методичкиот центар на Педагошкиот факултет во Скопје (Одлука бр. 02-345/2 од 13. 10. 2010);
- член на Изборна комисија за избор на декан на Факултетот (Одлука бр. 02-511/4 од 24.11.2011);
-раководител на Комисијата за тесно-стручна уметничка група на предмети во рамките на Комисијата за дополнување и промена на студиските програми на Факултетот (Одлука бр. 02-596/1 од 29.12.2008);
- член на Комисијата за дополнување и промена на студиските програми на Факултетот за методска група на предмети (Одлука бр. 02-596/1 од 29.12.2008);
- член на Комисија за изготвување елаборати за нови модули за проширување на дејноста на Педагошкиот факултет (Одлука бр. 02-417/1 од 31.10.2007);
- член на Комисија за изработка и печатење на Монографијата за св. Климент Охридски (Одлука бр. 02-449/3, 2010);
- член на работната група за натамошен развој на Факултетот и изнаоѓање други проекти, Педагошки факултет (Одлука бр. 02-149/1 од 10.3. 2011);
- рецензент на ракописи за Годишниот зборник на Учителскиот факултет во Врање (Потврда бр. 199/9 од 17.3.2011);
- рецензент на ракописи за Годишниот зборник на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје (Одлука бр. 20-603/3 од 29.12.2011);
- член на Организациониот одбор за организирање на 6. Научен собир, Педагошки факултет, Скопје (Одлука бр. 02- 388/9 од 14.9.2011);
- член на Редакцискиот одбор за 7. Меѓународниот конгрес Ататурк, МАНУ, Скопје, октомври 2011;
- член на Организациониот одбор за организирање на 5. Научен собир, Педагошки факултет, Скопје (Одлука бр. 02-350/1 од 10.7.2009);
- член на Редакцискиот одбор за уредување на списанието *Педагошка практика*, Педагошки факултет - Скопје (Одлука бр. 02-249/1 од 7.5.2009);
- член на уредувачки одбор на списание со меѓународен уредувачки одбор „Хикмет", 2012 (Рег. бр. 16/8/21, 23/2012 од 6.3.2012);
- член на редакцискиот одбор на меѓународно онлајн-списание "*Müzik ve Bilim Dergisi*", "*Journal of Music and Science*" - Турција (веб-страница: http://www.artacademia.net/notice/list/id/115);
- член на Организацискиот комитет на Меѓународната конференција на Балканот *Евлија Челеби* во организација на МАНУ-Скопје и МЕДАМ-Истанбул, Скопје, април 2012;
- одобрен проект од Министерството за култура од издавачката дејност: „*Коџаџик –родното место на семејството на Ататурк – бедем на времето во*

*зачувувањето на автентичната румелиска музика"* (Договор бр. 12-5654/1 од 30.3.2012).

Д-р Аида Ислам е добитник и на Награда за достигнувањата во научната дејност на организација за развој на медиуми - МТМГД, 2007 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на увидот во активностите на д-р Аида Ислам, Рецензентската комисија без дилеми заклучи дека пред себе има кандидат кој во целост ги задоволува критериумите за избор во наставно-научното звање редовен професор. Со нејзиното континуирано вложување во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, што е видно и во референците класифицирани според категориите на анексот со поени, д-р Ислам се етаблира како исклучително значаен професор, истражувач, писател и оптештествен деец не само во македонската музичка култура, и посебно музичката култура на турската заедница во Република Македонија, туку многу пошироко во стручните кругови во Република Турција, земјите од Европа и од светот. Во оваа смисла, посебна научна вредност имаат нејзините трудови од повеќе области на музикологијата, од кои највпечатливи се нејзините истражувања во музичката педагогија, пијанизмот, зачувувањето на културното наследство и музичката култура на турската заедница во Република Македонија.

Имајќи го предвид погоре изнесеното, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката ги исполнува сите услови за избор во наставно-научно звање и има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" во Скопје да ја избере д-р Аида Ислам во звањето редовен професор по наставните предмети: основи на музичката култура со методика, музички инструменти и музички инструменти 2 на турски наставен јазик.

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Димитрије Бужаровски, претседател с.р
2. Проф. м-р Тодор Светиев, член с.р
3. Проф. м-р Љупчо Соколов, член с.р

# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
д-р Аида Реџеп Ислам

**Институција:**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"- Скопје, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" - Скопје

**Научна област:**
основи на музичката култура со методика, музички инструменти и музички инструменти 2 на турски наставен јазик

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Настава I циклус студии: познавање на музички инструменти I (одделенска настава – турска група), 2+2 | 1.2 |
| 2. | Настава I циклус студии: музички инструменти- клавијатура II (одделенска настава - турска група), 1+2 | .6 |
| 3. | Настава I циклус студии: основи на музичко воспитување со методика I (одделенска настава - турска група), 1+1 | .6 |
| 4. | Настава I циклус студии: основи на музичко воспитување со методика II (одделенска настава- турска група), 1+1 | .6 |
| 5. | Настава I циклус студии: основи на музичко воспитување со методика III (одделенска настава- турска група), 1+2 | .6 |
| 6. | Настава I циклус студии: основи на музичко воспитување со методика IV (одделенска настава- турска група), 2+2 | 1.2 |
| 7. | Настава I циклус студии: хор и оркестар – изборен (одделенска настава- турска група), 2+2 | 1.2 |
| 8. | Настава I циклус студии: музички инструменти 2 - изборен (одделенска настава - турска група), 2+2 | 1.2 |
| 9. | Настава I циклус студии: познавање на музички инструменти I (предучишно воспитување- турска група), 2+2 | 1.2 |
| 10. | Настава I циклус студии: музички инструменти- клавијатура II (предучишно воспитување- турска група), 1+2 | .6 |
| 11. | Настава I циклус студии: основи на музичко воспитување со методика I (предучишно воспитување турска група), 1+1 | .6 |
| 12. | Настава I циклус студии: основи на музичко воспитување со методика II (предучишно воспитување - турска група), 1+2 | .6 |
| 13. | Настава I циклус студии: основи на музичко воспитување со методика III (предучишно воспитување- турска група), 1+2 | .6 |

| | | |
|---|---|---|
| 14. | Настава I циклус студии: основи на музичко воспитување со методика IV, 1+1 (предучишно воспитување- турска група), 2+2 | 1.2 |
| 15. | Настава I циклус студии: хор и оркестар – изборен (предучилишно воспитување - турска група), 2+2 | 1.2 |
| 16. | Настава I циклус студии: познавање на музички инструменти I (одделенска настава – албанска група), 2+2 (2 групи) | 2.4 |
| 17. | Настава I циклус студии: музички инструменти- клавијатура II (одделенска настава - албанска група), 1+2 (2 групи) | 1.2 |
| 18. | Настава I циклус студии: музички инструменти 2 - изборен (одделенска настава- албанска група), 2+2 (2 групи) | 2.4 |
| 19. | Настава I циклус студии: познавање на музички инструменти I (предучишно воспитување- албанска група), 2+2 (2 групи) | 2.4 |
| 20. | Настава I циклус студии: музички инструменти- клавијатура II (предучишно воспитување- албанска група), 1+2 (2 групи) | 1.2 |
| 21. | Вежби I циклус студии: познавање на музички инструменти I (одделенска настава – турска група), 2+2 | 1.2 |
| 22. | Вежби I циклус студии: музички инструменти- клавијатура II (одделенска настава - турска група), 1+2 | 1.2 |
| 23. | Вежби I циклус студии: основи на музичко воспитување со методика I (одделенска настава - турска група), 1+1 | .6 |
| 24. | Вежби I циклус студии: основи на музичко воспитување со методика II, 1+1 (одделенска настава - турска група), 1+1 | .6 |
| 25. | Вежби I циклус студии: основи на музичко воспитување со методика III, 1+1 (одделенска настава - турска група), 1+2 | 1.2 |
| 26. | Вежби I циклус студии: основи на музичко воспитување со методика IV, 1+1 (одделенска настава - турска група), 2+2 | 1.2 |
| 27. | Вежби I циклус студии: хор и оркестар - изборен (одделенска настава - турска група), 2+2 | 1.2 |
| 28. | Вежби I циклус студии: музички инструменти 2 - изборен (одделенска настава- турска група), 2+2 | 1.2 |
| 29. | Вежби I циклус студии: познавање на музички инструменти I (предучишно воспитување - турска група), 2+2 | 1.2 |
| 30. | Вежби I циклус студии: музички инструменти- клавијатура II (предучишно воспитување - турска група) 1+2 | 1.2 |
| 31. | Вежби I циклус студии: основи на музичко воспитување со методика I (предучишно воспитување - турска група) 1+1 | .6 |
| 32. | Вежби I циклус студии: основи на музичко воспитување со методика II (предучишно воспитување - турска група), 1+2 | 1.2 |
| 33. | Вежби I циклус студии: основи на музичко воспитување со методика III (предучишно воспитување - турска група), 1+2 | 1.2 |
| 34. | Вежби I циклус студии: основи на музичко воспитување со методика IV (предучишно воспитување - турска група), 2+2 | 1.2 |
| 35. | Консултации со студенти од I циклус (за еден семестар) 150×.002×8 | 2.4 |

| | | |
|---|---|---|
| 36. | Ментор на дипломски работи - 86×0,2 | 17.2 |
| 37. | Член на комисија за одбрана на дипломски работи - 188×.1 | 18.8 |
| 38. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторат - 8×.5 | 4 |
| 39. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура - 2×.3 | .6 |
| 40. | Позитивно рецензиран универзитетски учебник – *Методика на музичкото образование,* автор (Билтен на Универзитетот бр. 1023 од 16.1.2012; Одлука бр. 02-95/7 од 13.2.2012) | 8 |
| 41. | Позитивно рецензиран практикум (Билтен на Универзитетот бр. 1023 од 16.01.2012; Одлука бр. 02-95/7 од 13.2.2012) | 4 |
| 42. | Рецензент на универзитетски учебник на Милица Шкариќ: *Музички инструменти* (Одлука бр. 1902-30/7 од 19.1.2009) | 1 |
| 43. | Рецензент на универзитетски учебник на Владимир Талевски: *Методика по музичко образование* (Одлука бр. 02-560/8 од 22.12.2011) | 1 |
| | **ВКУПНО** | **94.8** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Ментор на магистерска работа:** кандидат Викица Костоска-Пенева, 2009 (Потврда бр. 03-131/1 од 7.3. 2012) | 1 |
| 2. | **Раководител на национален научен проект:** *Музичката традиција во с. Коџаџик родното место на прециите на Ататурк* (Договор бр. 11-4904/1 од 20.03.2012) | 6 |
| 3. | **Национален научен проект** *Традиционална инструментална музика во Р. Македонија и изработката на музичките инструменти* (бр. 11-4037/1, 2011) | 6 |
| 4. | **Монографии:** *Културната улога на редакцијата на турската програма на Радио Скопје.* 2009. Скопје: ДОК Копру, Диван. | 8 |
| 5. | *Македонската пијанистичка уметност и педагогија,* 2011, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје. | 8 |
| 6. | **Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет:** ИТУ-Истанбул Оддел за музикологија, на тема *Музичката култура во Македонија и румелиските песни,* 3. 6. 2011. | 3 |
| 7. | **Одржано предавање по покана на универзитет:** Државниот универзитет во Тетово, на тема *Културните и социјалните детерминанти во обликување на музичкиот живот во Скопје,* 26.12.2011. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 8. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научни/стручни списанија:**<br>*The Role of Music Education in Preserving Traditions in a Multiethnic Society*, International Journal of Multidisciplinary Thought, CD-ROM. ISSN: 2156-6992: 1(06): 159-163 (2011). | 3.6 |
| 9. | *Influence of Social Determinants in Preference of Public Audience at Music Performances in the Republic of Macedonia*, Sociology Study ISSN 2159-5526, January 2012, Volume 2, Number 1, p. 33-42. | 3.6 |
| 10. | *Spiritual Islamic Music Tradition in the Balkans at the Time of the Ottoman State,* Journal of Academic Studies, ISSN: 1302-2431, February-April, 2012,Volume. 14, Number 52, p.1-18. | 3.6 |
| 11. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручни/научно-популарни списанија со меѓународен уредувачки одбор:**<br>*Музичките ансамбли – форми за културна комуникација меѓу младите*, Просветно дело 64, бр. 5, 2011, стр. 53-60. | 2.7 |
| 12. | *Зачувување на турската музичка традиција преку изучување на народните инструменти*, Просветно дело бр. 4, 2009, стр. 65-74. | 3 |
| 13. | **Трудови со оригинални научни резултати објавени во стручни/научни-популарни списанија:**<br>*Односот на идниот наставен кадар кон предметот музичко образование во одделенска настава,* Просветно дело бр. 5, 2009, стр. 47-54. | 2.7 |
| 14. | *Значењето на изучувањето на музичките инструменти за развојот на децата,* Годишен зборник, Педагошки факултет, 2012 (во печат) (Потврда бр.12-96/5 од 9.3.2012). | 2 |
| 15. | *The Reflections of the Ottoman Culture in the Contemporary Music Culture of the Turkish Community in R. of Macedonia,* Macedonian Music, No. 6, Special Edition, 2008, p. 41-52. | 3 |
| 16. | *Македонската хорска традиција преку дејноста на диригентите Ивица Зориќ и Сашо Татарчевски,* Macedonian Music, Year 14, No. 17, 2012, str. 141-150. | 2.7 |
| 17. | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборници на трудови од научни/стручни собири**<br>*Улогата на музичката едукација во функција на спроведување на предметот музичко образование во одделенската настава*, Годишен зборник бр. 1, година I, Универзитет „Гоце Делчев" Штип, ФМУ, ISSN 1857-7296, 2010. | 1.8 |

| | | |
|---|---|---|
| 18. | *Потребата од интегрирање на современи е-методи во изучувањето на предметот музичко образование во република македонија,* VI меѓународен балкански конгрес за образование и наука *Современото општество и образованието*, Педагошки факултет, Скопје, 2011. | 2.7 |
| 19. | *Младинските оркестри – стимулативни средини за креативен развој и мултикултурен соживот во Скопје,* V научен собир *Образование за хумано општество,* Педагошки факултет „Св. КлиментОхридски", Скопје, 2010. | 2.7 |
| 20. | *Традиционалната музичка практика во Република Македонија во услови на доминација на глобалната музичка култура денес,* Етнолошко друштво на Р. Македонија (МЕД), 2010. | 1.8 |
| 21. | *Multiculturalism and Application in Treatment of Musical Tradition in Republic of Macedonia in 21st Century,*The 4th International Scientific Congress *Contemporary Intentions in Education,* Pedagogical faculty/UKIM, Ohrid, 2008. | 1.8 |
| 22. | *Музиката во обредите на Бекташите во с. Канатларци,* XIV IRAM Conference *Researches in Musicology and Ethnomusicology,* ФМУ Скопје, 2007. (http://www.mmc.edu.mk/IRAM/Conferences/XIVConf/XIVconfcont.html) | 2 |
| 23. | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во годишен зборник на трудови** *Нови трендови во музичката култура кај младата популација во Скопје, Република Македонија,* Годишен зборник, бр. 2, УГД Штип, ФМУ, ISSN 1857-7296, 2012. | 1.8 |
| 24. | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборници на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** *Kodzadzik – Birthplace of Ataturk Family – The Bulwark of Time in the Preservation of the Authentic Rumelian Music,* 7th International Atatürk Congress, MANU- Atatürk Araştırma Merkezi Başkanlığı ATAM, Skopje, 2011. | 2.7 |
| 25. | *Модели за музичко едуцирање во трето доба – изучување музички инструменти,* Меѓународен научен симпозиум *Воспитанието и образованието меѓу традиционалното и современото,* Институт за педагогија, 22-24 септември 2011 (во печат). | 2.7 |
| 26. | *Музичкото образование како конструктивен фактор во континуитетот на музичкото наследство,* Initial Trainig of Preschool and Primary School Teachers, Педагошки факултет, Охрид 2011 (во печат). | 2.7 |
| 27. | *Continuity of the Ottoman Music in the Music Culture of the Turkish Community in Macedonia Today,*International Balkan Annual Conference-IBAC, ITU-Istanbul, Proceedings Book 64, Skopje, 2011. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| 28. | *Circumstances in the Music Tradition in Sadi Dervish Order in Skopje in XXI Century*, $4^{th}$ International Congress on *Islamic Civilisaton in the Balkans*, MANU- IRCICA, Skopje, 2010. | 2.7 |
| 29. | *Attitude of the Future Teaching Staff Towards the Subject Music Education in the Elementary Education*, The $5^{th}$ International Balkan Education and Science Congress, Trakya University, Edirne, Turkey, 2009. | 2.7 |
| 30. | **Учество на научни собири со реферат:** *Конференција за Балканот на Евлија Челебија* во организација на МАНУ и Центарот за цивилизациски студии при Универзитетот Бахчешехир (МЕДАМ) Истанбул, 16-22 април 2012, Скопје (труд на тема: *Ottoman Music in Macedonia During the 17th Century Through the Prism of Travel Writer EvliyaCelebi*). | 1 |
| 31. | *International Conference of Academic Disciplines* – Vienna, Austria, 2012 (труд на тема: *Impact of Economic Determinants on the Production of New Art Musical Works)*. | 1 |
| 32. | *7th International Atatürk Congress*, во организација на МАНУ и Истражувачкиот центар Ататурк (АТАМ) -Истанбул, Скопје, 17-2 октомври, 2011 (труд на тема: *Kodzadzik – Birthplace of Ataturk Family – The Bulwark of Time in the Preservation of the Authentic Rumelian Music)*. | 1 |
| 33. | *Современото општество и образованието*, VI интернационален балкански конгрес за образование и наука во организација на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски", Охрид, 30-01, 2011 (труд на тема: *Потребата од интегрирање на современи е-методи во изучувањето на предметот музичко образование во Р. Македонија*). | 1 |
| 34. | *Воспитанието и образованието меѓу традиционалното и современото*, Меѓународен научен симпозиум во организација на Институтот за педагогија, 22-24 септември, 2011 (труд на тема: *Модели за музичко едуцирање во трето доба – изучување музички инструменти)*. | 1 |
| 35. | Учество на научен собир со реферат, *International Conference for Academic Disciplines* – Prague, Czech Republic, June 21-24, 2011 (труд на тема: *The Role of Musical Education of Tradition in the Multiethnic Society*). | 1 |
| 36. | *International Conference for Academic Disciplines* – Prague, Czech Republic, June 21-24, 2011 (труд на тема: *Influence of Social Determinants in Preferences of Public Audience at Music Performances*). | 1 |
| 37. | *International Balkan Annual Conference* - IBAC, ITU -Istanbul, Скопје, мај 9-13, 2011 (труд на тема: *Continuity of the Ottoman Music in the Music Culture of the Turkish Community in Macedonia Today*). | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 38. | *Културата и музиката* - XVII интернационална конференција во организација ИРАМ и ИСППИ, 20-21, јануари, 2011, Скопје (труд на тема: *The Cultural Identity and its Reflection on the Mystical Spiritual Music Tradition in the Republic of Macedonia*). | 1 |
| 39. | *III International Conference Children and Youth in Changing Societies,* Thessaloniki, Greece, 3-4 December, 2010 (труд на тема: *Youth in the Changing Society – Sociocultural Influence Upon Cultural Life in Skopje).* | 1 |
| 40. | Четврти меѓународен конгрес *Исламската цивилизација на Балканот* во организација на МАНУ и Центарот за истражување на исламската историја, уметност и култура (IRCICA) - Истанбул, Скопје, 13-16 октомври 2010 (труд на тема: *Circumstances in the Music Tradition in Sadi Dervish Order in Skopje in XXI Century*). | 1 |
| 41. | Научен симпозиум организиран од Македонското етнолошко друштво *Популаризација на Етнолошкото културно наследство,* Штип, 20 септември 2010 (труд на тема: *Традиционалната музичка практика во Република Македонија во услови на доминација на глобалната музичка култура денес*). | 1 |
| 42. | Петти меѓународен научен собир *Образование за хумано општество* во организација на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" Скопје, 28 до 30 мај Охрид, 2010. (труд на тема: *Youth Orchestras-Stimulating Environments for the Creative Development and Multicultural Co-existence in Skopje)* Info-5th international scientific conference, Ohrid 2010). | 1 |
| 43. | Научен-стручен собир *Улогата на музиката во образовниот процес,* во организација на Факултетот за музичка уметност при УГД-Штип, 9.2.2010 (труд на тема: *Улогата на музичката едукација во функција на спроведување на предметот музичко образование во одделенската настава*) | 1 |
| 44. | XVI ИРАМ конференција *Современите трендови во музикологијата и етномузикологијата* - 16th Skopje Conference: *Contemporary Trends in Musicology and Ethnomusicology*, 2010, Скопје: ИРАМ (труд на тема: *Перспективите на музичката традиција во експанзија на новите музички тенденции*). | 1 |
| 45. | The 5th International Balkan Education and Science Congress во организација на Trakya University, 2009, Edirne, Turkey (труд на тема: *Attitude of the Future Teaching Staff Towards the Subject Music Education in the Elementary Education).* | 1 |
| 46. | The 4th International Balkan Education and Science Congress for *Contemporary Intentions in Education,* Pedagogical faculty/UKIM, 2008, Skopje(труд на тема: *Multiculturalism and Application in the Music Tradition*). | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 47. | *Society for Musicology in Ireland, Annual Conference, Waterford Institute of Technology*, May 9-11 2008, Waterford, Ireland (труд на тема: *Modifications of the Urban Music Culture of the Turkish Community in Republic of Macedonia*) | 1 |
| 48. | XIV IRAM Conference *Researches in Musicology and Ethnomusicology*, 2007, Skopje: IRAM (труд на тема: *Музиката во обредите на Бекташите во с. Канатларци*) | 1 |
| 49. | **Секциски предавања:** *Музичките преферниции кај турската популација во Скопје*, научен собир со меѓународно учество *International Conference for Academic Disciplines*, Prague, 2011. | 2 |
| 50. | *The Music Taste of Students of the Pedagogy Faculty in Skopje*, научен/стручен собир со меѓународно учество *Children and Youth in Changing Societies*, Thessaloniki, Greece, 2010 | 2 |
| 51. | *Дигитализација на културното наследство*, научен/стручен собир со меѓународно учество "The 5th International Balkan Education and Science Congress", Trakya University, Edirne, Turkey, 2009. | 2 |
| 52. | **Апстракти објавени во зборник на конференцијата:** *III International Conference Children and Youth in Changing Societies*, Thessaloniki, Greece, 3-4 December,2010 (тема: *Youth in the Changing Society – Sociocultural Influence Upon Cultural Life in Skopje*). | 1 |
| 53. | XVI ИРАМ конференција *Современите трендови во музикологијата и етномузикологијата* - 16th Skopje Conference: *Contemporary Trends in Musicology and Ethnomusicology*, 2010, Скопје: ИРАМ (труд на тема: *Перспективите на музичката традиција во експанзија на новите музички тенденции*). | 1 |
| | **ВКУПНО** | **118** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Евалуација на прирачна литература во детски градинки – Министерство за образование и наука (Решение бр. 22-1599/1 од 25.11.2011) | 1 |
| 2. | Стручна ревизија на 3 ракописи за Годишниот зборник на трудови на Учителскиот факултет во Врање (Потврда бр.199/9 од 17.03.2011) | 3 |
| 3. | Рецензент на 3 ракописи за Годишниот зборник на Педагошкиот факултет (Одлука бр. 02-603/3 од 29.12.2011) | 3 |
| | **ВКУПНО** | 7 |

## Дејности од поширок интерес

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Член на редакцискиот одбор за уредување на списанието *Педагошка практика*, Педагошки факултет-Скопје (Одлука бр. 02-249/1 од 7.5.2009) | .5 |
| 2. | Член на редакцискиот одбор на меѓународно онлајн-списание: *"Müzik ve Bilim Dergisi", "Journal of Music and Science"* .Турција (http://www.artacademia.net/notice/list/id/115) | 1 |
| 3. | Член на уредувачкиот одбор за изработка на Монографијата за св. Климент Охридски, Педагошки факултет, Скопје (Одлука бр. 02-449/1 од 6.09.2010) | .5 |
| 4. | Член на редакциски одбор на списание со меѓународен уредувачки одбор „Хикмет" (Рег. Бр. 16/8/21, 23/2012 од 06.03.2012) | 1 |
| 5. | Член на организациониот одбор за организирање на 5-от научен собир, Педагошки факултет, Скопје (Одлука бр. 02-350/1 од 10.07.2009) | .5 |
| 6. | Член на организацискиот комитет на 7. меѓународен конгрес Ататурк во организација на МАНУ-Скопје и Истражувачкиот центар Ататурк-Истанбул, Скопје, октомври 2011 | 1 |
| 7. | Член на организацискиот комитет на Меѓународната конференција на Балканот - Евлија Челеби во организација на МАНУ-Скопје и МЕДАМ-Истанбул, Скопје, април 2012 | 1 |
| 8. | Член на организациониот одбор за организирање на 6-от научен собир, Педагошки факултет, Скопје (Одлука бр. 02-388/9 од 14.9.2011) | 1 |
| 9. | Награда за достигнувања во научната дејност, организација за развој на медиуми МТМГД, 2007 | 3 |
| 10. | Одобрен проект од Министерството за култура за издавање на ЦД *„Музичката традиција во с.Коџаџик"* (Договор бр. 16-5375/1 од 27.3.2012) | 1 |
| 11. | Одобрен проект од Министерството за култура од издавачка дејност: *Коџаџик–родното место на семејството на Ататурк – бедем на времето во зачувувањето на автентичната румелиска музика* (Договор бр. 12-5654/1 од 30.03.2012) | 1 |
| 12. | Раководител на Комисијата за тесно-стручна уметничка група на предмети во рамките на Комисијата за дополнување и промена на студиските програми на Факултетот (Одлука бр. 02-596/1 од 29.12.2008) | 1 |
| 13. | Член на Комисијата за дополнување и промена на студиските програми на Факултетот за методска група на предмети (Одлука бр. 02-596/1 од 29.12.2008) | .5 |
| 14. | Член на Комисија за изготвување елаборати за нови модули | .5 |

| | | |
|---|---|---|
| | за проширување на дејноста на Педагошкиот факултет (Одлука бр. 02-417/1 од 31.10.2007) | |
| 15. | Член на работната група за натамошен развој на Факултетот и изнаоѓање други проекти, Педагошки факултет (Одлука бр. 02-149/1 од 10.3. 2011) | ·5 |
| 16. | Комисија за одбележување на 8ми декември-патрониот празник на Факултетот (Одлука бр. 02-437/3 од 05.10.2011) | ·5 |
| 17. | Комисија за утврдување на состојбата со постојните клавири на Факултетот (Одлука бр. 02-645/1 од 10.12.2010) | ·5 |
| 18. | Конкурсна комисија за упис на нови студенти (2010) | ·5 |
| 19. | Кокурсна комисија за упис на нови студенти (Одлука бр. 02-278/6 од 27.5.2011) | ·5 |
| 20. | Комисија за изготвување Елаборат за Центарот за перманентно образование (Одлука бр. 02-148/1 од 12.03.2010) | ·5 |
| 21. | Работна група за осмислување на работата на Дидактичко-методичкиот центар на Педагошкиот факултет во Скопје (Одлука бр. 02-345/2 од 13. 10. 2010) | ·5 |
| 22. | Изборна комисија за избор на декан на Факултетот (Одлука бр. 02-511/4 од 24.11.2011) | ·5 |
| 23. | Комисија за полагање на предметот музички инструменти (Одлука бр. 02-292/1 од 2.6.2009) | ·5 |
| 24. | Комисија за полагање на предметот музички инструменти (Одлука бр. 02-209/2 од 30.4.2010) | ·5 |
| 25. | Комисија за полагање на предметот музички инструменти (Одлука бр. 02-60/1 од 1.2.2010) | ·5 |
| 26. | Член на Рецензентска комисија за изготвување реферат за избор во сите звања (Одлука бр. 02-291/1 од 2.6.2009) | .2 |
| 27. | Член на Рецензентска комисија за изготвување реферат за избор во сите звања (Одлука бр. 02-290/1 од 2.6. 2009) | .2 |
| 28. | Член на рецензентска комисија за изготвување реферат за избор во сите звања (Одлука бр. 02-235 од 16.4.2010) | .2 |
| 29. | Член на Рецензентска комисија за изготвување реферат за избор во сите звања (Одлука бр. 05-10/56 од 31.5.2010) | .2 |
| 30. | Член на Рецензентска комисија за изготвување реферат за избор во сите звања (Одлука 1907-сл од 28.4.2011) | .2 |
| 31. | Член на Рецензентска комисија за изготвување реферат за избор во сите звања (Одлука 1907-сл од 28.4.2011) | .2 |
| 32. | Заменик-претседател на Рецензентската комисија за рецензирање на учебници при Министерството за образование и наука, 2009 | ·5 |
| | **ВКУПНО** | **20.7** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 94,8 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 118 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 7 |
| **Дејности од поширок интерес** | 20,7 |
| **Вкупно** | 240,5 |

**Рецензентска комисија**

1. Проф. д-р Димитрије Бужаровски, претседател с.р
2. Проф. м-р Тодор Светиев, член с.р
3. Проф. м-р Љупчо Соколов, член с.р

РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ТРАНСПОЗИЦИЈАТА НА ЗАКОНОДАВСТВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО ОБЛАСТА НА СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕТО ВО ПРАВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р АНАСТАС ЏУРОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет "Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје на седница одржана на 27.4.2012 година донесе одлука за формирање Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов „Транспозицијата на законодавството на Европската унија во областа на социјалната политика и вработувањето во правото на Република Македонија“, од кандидатот м-р Анастас Џуровски, во состав: проф. д-р Тодор Каламатиев, проф. д-р Татјана Петрушевска, доц. д-р Зоран Илиевски, доц. д-р Васко Наумовски и доц. д-р Јасна Бачоска. Комисијата до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**I.**

**ТЕМА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА**

**Актуелност на проблематиката и научен придонес на истражувањето**

Република Македонија, како држава-кандидат за членство во Унијата, во голема мера го има имплементирано законодавството од областа на социјалната политика и вработувањето со што доби и позитивна препорака за започнување на преговори за членство. Иако со препораката е добиена потврда дека имплементацијата на *acquis communautaire* е на соодветното ниво, вклучувајќи го тука и законодавството

од областа на социјалната политика и вработувањето, законодавецот и општеството мораат да ја имаат предвид неговата еволуција изразена низ промените кои значат негово усовршување. Во оваа насока, имплементацијата на законодавството не може да се сфати како еднократен и завршен процес, туку напротив. Таа би требало да се заснова на следните столбови паралелно: примена на научно докажан механизам за соодветна проценка на влијанието на имплементацијата на законодавството од наведената област во националниот контекст, научна елаборација на најдобрите практики од имплементацијата на законодавството од областа (во фазата по започнувањето на преговори за членство и станувањето членка) и оптимизацијата на неговата примена од аспект на трошоците и користите. Со оглед на временскиот период во кој државата се наоѓа (од аспект на нејзиното членство во Унијата), давањето на научни факти и докази околу идниот менаџмент на транспозицијата, имплементацијата и примената на законодавството од областа на социјалната политика и вработувањето, е од исклучително значење.

Европскиот социјален модел интензивно се развивал во текот на 90-те години и бил дополнително развиван во новиот милениум. Тој факт наметнува потреба од нов поглед на усовршување на националната правна рамка од областа на социјалната политика и вработувањето на национално ниво. Проактивната улога на Унијата во делот на споменатата област (којашто се базира на отворениот модел на координација) е клучниот аспект на социјална Европа и како таков има силно влијание врз националното право.

Отворениот модел на координација имал специфично значење во фазите на претпристапниот процес на државите кои и се приклучија на Унијата во 2004 и 2007 година. Поради тоа, секоја држава, тековен кандидат за членство (како и државите аспиранти), треба да посвети посебно внимание на управувањето со процесот на примена и развој на европскиот социјален модел вклучувајќи го тука и отворениот модел на координација.

Поседувањето на стратегиски насоки, лидерство, широки консултации и јавна свест во социјалната сфера се наметнува како неопходност во процесот на имплементација и примена на законодавството од соодветната област. Работата на

тоа поле бара соодветна поддршка преку статистички податоци кои што ќе укажат на степенот на подготвеност во делот на исполнувањето на целите на социјалната инклузија, националните акциони планови против сиромаштијата и социјалната исклученост, како и исполнувањето на ЕУ-индикаторите за социјалната инклузја и социјалниот дијалог. Низ нив ќе може да се добие повратна врска за досегашното влијание на имплементираната и применета регулатива.

Поновите реформи во рамките на социјалната политика и вработувањето биле во насока на зајакнување на социјалната димензија на Лисабонскиот договор и потенцирање на отворениот метод на координација. Исто така, досега се забележани неколку критики во врска со споменатиот метод поради неговото влијание врз социјалната ексклузија. Имено, дел од истражувачите сметаат дека неолибералниот и неинтервенционистички модел на капиталистички развој влијае врз правната рамка и практиките на социјалната политика и вработувањето, во рамките на Унијата. Истата група на аналитичари сметаат дека со сегашниот модел, поддршката за најранливите групи е минималистичка и уште повеќе, дека тоа е вткаено во самата правна рамка. Според нив, на државите им е дадена преголема слобода на одлучување во контекст на спроведувањето на правната рамка од соодветната област (Begg и Bergham, 2002; Ferrera, Matsaganis и Sacchi, 2002).

Покрај нив, друга група на аналитичари сметаат дека во изминатите 20 години државите-членки на Европската унија направиле најмногу и повеќе од кога било на полето на социјалната политика и вработувањето. Таквиот став се однесува и на соодветната правна рамка (Graziano, 2003; Alber и Standing, 2000; Vaughan-Whitehead, 2003).

Поради горенаведеното, еден научно издржан пристап во усвојувањето на регулативата од областа на социјалната политика и вработувањето, кој ги зема предвид последните развојни тенденции, е потребен со цел да бидат идентификувани оптималните насоки на движење во текот на транспозицијата, имплементацијата и примената на законодавството од областа на социјалната политика и вработувањето. Воедно, потребна е проценка на трошоците и придобивките од усвојувањето на законодавството од предметната област.

## Предмет, цел и хипотеза на истражувањето

Предмет на истражувањето е процесот на усвојување на *acquis communautaire* во правото на Република Македонија во областа на социјалната политика и вработувањето. Тој процес треба да се „обезбеди“ од негово застранување низ издржана проценка на националниот интерес во овој дел и примена на досега научените лекции од државите кои веќе го изодиле истиот пат. Покрај тоа, недостига прецизна анализа на националнот контекст на усвојувањето на правната рамка од областа на социјалната политика и вработувањето од којашто ќе излезе понуда на оптимални решенија за изградба на функционален метод на транспозиција, имплементација и примена.

Целта на истражувањето се однесува на идентификација на специфичните фактори за успешна адаптација на *acquis communautaire* од соодветната област со посебен акцент на фазите на имплементација и примена во Република Македонија. Идентификацијата не е цел самата за себе, туку почеток на вреднувањето на тие фактори, а во таа насока и понуда на соодветните аргументи за нивно правилно менацирање заради имплементација на европскиот социјален модел. Таквата имплементација треба да биде во функција на социјалниот и економски развој, без да им наштети на обврските на државата кон Унијата во врска со соодветната област. Поради тоа, целта ќе биде проширена во делот на правилното разбирање на договорните обврски од страна на институциите на системот во потесен контекст и општествените стејкхолдери во поширок контекст.

Хипотезата на истражувањето е докажување дали може и како треба да се изгради оптимален механизам на функционирањето на правната рамка на европскиот социјален модел во Македонија. Со оглед на тоа што тој модел перманентно и брзо се развива (низ една силна иницијатива во Унијата), во потесна смисла хипотезата ќе се дефинира како барање на одговори на двете суштински прашања од областа: дали и како националната правна рамка може најдобро да одговори на таквите промени и дали и како имплементацијата може да биде оптимализирана во практиката на специфики на националниот контекст.

Истражувањето ќе се впушти и во потврда на тезата дали може да се зборува за повратна врска од страна на државата-членка (Република Македонија кон Унијата) во контекст на усовршувањето на европскиот социјален модел.

**Методолошката рамка**

При изработката на тезата во сите нејзини делови се користени методите на индукција и дедукција заради извлекување на заклучоци и факти во врска со процесот на хармонизација на домашното законодавство, од областа со која што се занимава дисертацијата, со она на Унијата, низ анализа на работата на надлежните државни институции и пошироко на улогата на различните групи на стејкхолдери. Во првиот и вториот дел од дисертацијата се применува контекстуалната анализа на документите на ЕУ. Воедно, применет е и методот на анализа на правните документи на Европската унија. Во вториот дел од дисертацијата се применети историско-правниот метод и компаративно правниот метод. Во третиот и четвртиот дел на дисертацијата се применуваат методот на проценка на влијанието на соодветната правна рамка врз општествените процеси. Во петтиот дел исто така се применуваат методите на емпириско истражување и економска анализа на правото.

**Структура на дисертацијата**

Коценпциски, докторската дисертација е поделена на вовед, пет дела и заклучок:

Во **воведниот дел** се разработува актуелноста на предметот на истражувањето, доменот во кој докторската дисертација претставува научен придонес и е даден релевантен преглед на актуелни придонеси на слични теми на истражување, пред сé во европски рамки.

Во **првиот дел** со наслов „Примарни акти на правото на Европската унија од областа на социјалната политика и вработувањето и развојот на социјалната и трудова политика", разработени се неколку основни етапи: од Договорот од Рим до затворањето на внатрешниот пазар во 80-те години; Договорот од Мастрихт; Договорот од Амстердам и Европскиот совет од Лисабон. Тежината на

истражувањето е насочена кон идентификација на факторите и околностите кои се движечка сила за еволуцијата на законодавството од споменатата област. Големо внимание во рамките на првиот дел се посветува на факторите кои влијаеле врз носењето на регулативата на Унијата од предметната област.

Во **вториот дел** во рамките на анализата на секундарните акти на Европската унија во врска со социјалната политика и вработувањето, анализирана е правната материја која што се однесува на социјалното осигурување и социјалната зашита на работниците, осигурувањето од невработеност, правото на информации и консултации со работниците, колективната заштита на правата на работниците, условите за вработување на лица кои не се државјани на Унијата, интеграцијата на лицата исклучени од пазарот на трудот, еднаквоста помеѓу мажите и жените, борбата со социјалното исклучување, подобрувањето на условите за работа, модалитетите на синдикалните здружувања, работното време, возраста на работење, времетраењето на работата, ограничувањата на опкружувањето и условите за работа, еднаквите можности за напредување, минималните услови и најдобрите практики при регрутирањето и отпуштањето на работници и друго.

Посебна анализа се прави на социјалниот дијалог и отворениот метод на координација, во нивниот правен контекст.

Во **третиот дел** „Политичките документи кои имаат влијание врз социјалната политика и вработувањето на Европската унија", се обработени неколку клучни документи како што се Европската социјална повелба, Повелбата за фундаметалните социјални права на работниците, Лисабонската стратегија и други. Во овој дел се елаборирани, истражени и анализирани клучните чинители на отворениот метод на координација: индикаторите на социјалната инклузија нивната функција, концепција и значење, заедничките цели на Унијата на патот на намалувањето на сиромаштијата и социјалната ексклузија, националните планови и извештаи на полето на имплементацијата на социјалната политика (со акцент на имплементацијата на соодветната легислатива) и конечно, улогата на заедничкиот меморандум за социјална инклузија.

Во **четвртиот дел,** „Специфичностите на имплементацијата на правото на Европската унија од обласга на социјалната политика и вработувањето во

Република Македонија", најпрво се започнува со анализа на националните практики на државите кои што беа примени во последните два брана на проширување на Унијата и екстракција на соодветните искуства.

Анализата оди кон оптоварувањето на државните ресурси за имплементација на долните и горните граници на барањата на Унијата на тоа поле низ преговарачкиот процес. Исто така, направено е истражување во контекст на евентуалното постоење на варијанти или, пак, алтернативи на одредени решенија од областа на транспозицијата, имплементацијата и примената на социјалната политика и вработувањето во националното законодавство.

Потоа се става посебен акцент на фазите на преземањето на обврските кон членство во специфичниот контекст на Република Македонија, како и истражување на нивните лимити, создадени од нејзините национални економски, социјални и правни интереси vis a vis барањата на Унијата.

Во понатамошниот тек, истражувањето во овој дел се сконцентрира врз изнаоѓањето на одржлив модел на апроксимација на законодавството од поглавјето социјална политика и вработување во Република Македонија, кој нема да наштети на економскиот развој ниту, пак, на развојот на социјалната држава. Во контекст на транспозицијата, се прави и анализа на неопходноста од сегашниот обем и начин на транспозиција на регулативата од предметната област во националното законодавство, но и критички осврт на механизмот кој бил применуван за таа намена.

Делот нуди и анализа на подзаконските акти во контекст на нивната улога според потребите за изградба на европскиот социјален модел во Република Македонија.

На крајот од овој дел, анализата се сконцентрира на прашањето како да се направи заштита од сувопарна транспозиција на законски решенија од наведената област кои што претставуваат сериозен товар за нивната примена.

Во **петтиот дел** од дисертацијата „Примена во праксата, функција и влијание на актите од областа на социјалната политика и вработувањето во Република Македонија", се тргнува од премисата дека суштинската анализа на апроксимацијата на законодавството и исполнувањето на барањата за обврските кои произлегуваат од членството бара да бидат споредени ефектите од примената

на законските решенија, со трошоците за нивната примена. Во овој контекст, истражувањето се фокусира на функционирањето на тековните законски решенија во практиката и механизмите за нивен мониторинг (директен и индиректен) од страна на Унијата и националните институции. Истражувањето прави обид да даде препораки за спроведувањето на контролниот механизам - врз примената на законските решенија од една страна и објективно мерење на нивното влијание врз националната економија, нејзината конкурентност, раст и развој од друга страна. Во така конципираната рамка, а врз основа на критериумот колку Република Македонија ја оддалечуваат или приближуваат од европскиот социјален модел на кракот, се дава систематизација на тековните и потенцијалните законски (и подзаконски) решенија од областа со користење на методите на економската анализа на правото.

Во **последниот**, заклучен дел од дисертацијата, презентирани се на синтетизиран начин наодите од истражувањето и релевантноста на анализираните фактори на транспонирањето, со критика на недостигот од економска анализа при инкорпорирањето на нормите на ЕУ и избегнувањето на проценката на влијанието на регулативата од делот на социјалната политика и вработувањето во домашното законодавство со понуда на ефектифен модел за негово избегнување во иднина.

## Заклучок и предлог

Докторскиот труд „Транспозицијата на законодавството на Европската унија во областа на социјалната политика и вработувањето во правото на Република Македонија“ од кандидатот м-р Анастас Џуровски обработува значајна тема за Република Македонија, која е актуелна и во пошироки европски рамки.

Поставената теоретска рамка ги следи современите европски тенденции, а применетиот богат методолошки инструментариум обезбедува релевантност и издржаност на сознанијата презентирани во трудот. Користен е богат обем на литература, што укажува на капацитетот на кандидатот за подготовката на дисертацијата.

Материјата е изложена на јасен начин, содржински богато, сеопфатно и темелно, а целиот труд е логично систематизиран. Кандидатот пристапува продлабочено и критички кон анализата на комплексното и сеопфатно прашање кое е предмет на истражувањето, покажувајќи способност да ги селектира и објективно да им пристапи на значајните проблеми од практиката, користејќи мноштво на емпириски податоци. За отворените прашања од практиката, кандидатот изразува сопствен и јасен критички став конзистентно со поставената теоретска рамка.

Трудот претставува самостоен стручно-научен труд, во кој кандидатот дава сопствен придонес за натамошното развивање на пристапот на Република Македонија кон инкорпорирањето на правото на ЕУ во правото на Република Македонија. Трудот истовремено претставува основа за натамошни истражувања во оваа област, што ја демонстрира неговата научна валидност и вредност.

Врз основа на изнесениот приказ и оцена, Комисијата констатира дека се работи за докторски труд што ги задоволува критериумите за подготвување на научни и стручни трудови од ваков вид, предвидени во соодветната законска регулатива и актите на Правниот факултет „Јустинијан Први“ и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од тие причини, на Комисијата и претставува задоволство едногласно да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ да го усвои овој извештај со позитивна оцена и да му овозможи на кандидатот м-р Анастас Џуровски да пристапи кон јавна одбрана на неговиот докторски труд.

КОМИСИЈА:

**1. Проф.д-р Тодор Каламатиев с.р.**

**2. Проф. д-р Татјана Петрушевска с.р.**

**3. Доц. д-р Зоран Илиевски с.р.**

**4. Доц. д-р Васко Наумовски с.р.**

**5. Доц. д-р Јасна Бачоска с.р.**

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ (ДИСЦИПЛИНИ): *ЕТИКА И ИСТОРИЈА НА ЕТИКАТА* НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Во врска со распишаниот конкурс од страна на Филозофскиот факултет во Скопје, објавен во дневниот печат („Дневник", 15.12.2011 година), за избор на наставник (во сите звања) за научните области (дисциплини): *етика* и *историја на етиката*, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXVII редовна седница одржана на 16.5.2012 годдина, определи Комисија во состав: проф. д-р Љубомир Цуцуловски, проф. д-р Вера Георгиева и проф. д-р Бранислав Саркањац.

Комисијата утврди дека на конкурсот се пријави само еден кандидат – д-р Иванчо Атанасовски, досегашен вонреден професор на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје. По спроведената анализа и оцена на пристигнатите материјали, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Биографски податоци

Кандидатот д-р Иванчо Атанасовски е роден на 12.5.1963 година во Битола. Своето средно образование го оформил 1982 година во гимназијата „Орце Николов" во Скопје. На Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје се запишал во академската 1983/1984 година. По дипломирањето се запишал на постдипломските студии на Институтот за филозофија во Скопје. Својата магистерска теза *Егзистенцијалистичкиот опус магнум,* ја одбранил во 1994 година. Три години подоцна, во 1997 година, го одбранил својот докторски труд: *Естетичките, културолошките и литературно-критичките концепции на Георги Старделов*, стекнувајќи се со академскиот степен доктор на филозофски науки.

Во 1991 година се вработил како библиотекар на Факултетот за физичка култура во Скопје. Во наставно-научното звање доцент по предметите *етика* и *историја на етиката* е избран во 2002 година на Филозофскиот факултет во Скопје. Од таа година, па сè досега, вработен е на Филозофскиот факултет: прво, како доцент, а потоа како вонреден професор. Во наставно-научното звање вонреден професор е избран во 2007 година.

Д-р Иванчо Атанасовски досега ги има објавено следниве книги: *Магија на егзистенцијализмот* (2006); *Животи и судбини* (2006); *Vita erratica* (2006); *Ренесансна панорама* (2006); *Цвеќето на Азија* (2011); *Појмовен бревијар на источната етика* (2011) и *Антички културолошки бедекер I* (2011).

## Наставно-образовна дејност

Од неговиот избор во звањето доцент, па сè досега, ја држел наставата, вежбите и консултациите по предметите *етика* и *историја на етиката* на следниве институти на Филозофскиот факуктет во Скопје: Институт за филозофија, Институт за одбранбени и мировни студии, Институт за историја и Институт за психологија. Во овој период ја држел наставата и по следниве предмети: *етика на новинарството* на Правниот факултет во Скопје и *етика* на Факултетот за физичка култура во Скопје. Преку овие дејности освоил 62,52 поена.

Во периодот од изборот во звањето вонреден професор бил ментор на дипломски работи; член на комисија за оцена и одбрана на дипломски работи, член на комисија за оцена и одбрана на докторски дисертации, член на комисија за оцена и одбрана на магистерски трудови, освојувајќи 6,5 поени.

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138, од 6 јули 2009 год.), може да се констатира дека д-р Иванчо Атанасовски од образовната дејност остварил 69,02 поена и со тоа во значајна мера го надминал минималниот број поени, неопходни за избор во звањето за кое се избира/реизбира.

## Научноистражувачка работа

Во периодот од избор во звањето вонреден професор до денес, д-р Иванчо Атанасовски објавил три книги: *Античко културолошки бедекер I* (Скопје, 2011), *Цвеќето на Азија: Источно духовна авантура* (Скопје, 2011) и *Појмовен бревијар на источната етика* (Скопје, 2011). Трите објавени трудови непосредно се однесуваат на проблемите кои се опфатени од научните области (дисциплини) за кои д-р Иванчо Атанасовски се избира/реизбира.

*Анализа на трудовите*:

Книгата *Античко културолошки бедекер I* (222 стр.) ја има следнава структура: *Вовед, Карактеристики на морето, почвата, климата и луѓето, Општествено-политичко уредување, Економскиот живот, Да се стане човек и Религија*. Макар што во својот наслов книгата го содржи терминот *бедекер*, таа е многу повеќе од обичен прирачник, кој читателот би го одвел во своевидна интелектуална прошетка низ античката култура. Една од основните карактеристики на книгата *Античко културолошки бедекер I* е во напорот на авторот преку прикажувањето на географските, економските и општествено-политичките односи, кои биле доминатни во античкиот свет, да се долови целината на човековото постоење, вклучувајќи го како неговиот обичен, секојдневен живот, така и неговата култура и религија. Притоа, авторот д-р Иванчо Атанасовски се служи со едноставен, меѓутоа не и симплифицирачки стил, повикувајќи се на повеќе релевентни библиографски референци. На тој начин, д-р Иванчо Атанасовски го доловува светот на антиката како во неговата

целина, така упатувајќи и на некои, само навидум, небитни детали од секојдневното живеење на тогашните луѓе.

Книгата *Цвеќето на Азија: Источно духовна авантура* (254 стр.) претставува приказ на некои значајни елементи на едно од најголемите етички, меѓутоа и религиозни учења – будизмот. Притоа, д-р Иванчо Атанасовски своето внимание не го задржува врз будизмот како целина, туку на една од неговите школи. Тоа е позната школа *зен-будизам*, која се развива во рамките на Махајана будизмот. Книгата е поделена на пет поглавја: *Post multum temporis, Мајка Индија, Земјата наречена „Сè под небото“, Местото од каде што сонцето излегува* и *Facere quod in se est*. Во секое поглавје, покрај наведувањето на учењата на изворните мислители на зен-будизмот, авторот д-р Иванчо Атанасовски ги изнесува сфаќањата и ставовите на бројни западни мислители. На тој начин се овозможува опсежен увид во суштината на зен-будизмот. Тоа значи дека со својата книга *Цвеќето на Азија: Источно духовна авантура* д-р Иванчо Атанасовски на македонската интелектуална јавност ѝ ги доближува филозофијата, етиката и религијата на ова значајно учење, меѓутоа и начинот на живеење, за кои во македонската јавност е малку пишувано.

Книгата *Појмовен бревијар на источната етика* (217 стр.) претставува речник во кој, според азбучен редослед, се објаснети клучните поими на источната етика. Д-р Иванчо Атанасовски во својот речник поимот *исток* не го редуцира само на Индија, туку во речникот се опфатени и толкувани се етички поими својствени и за кинеската филозофија, меѓутоа и за арапската, како и за староперсиската филозофија. Притоа, значајна одлика на овој речник е што секој поим, даден во македонска транскрипција, авторот го дава и во неговата изворна форма.

Во согласност со член 12 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 138, од 6 јули 2009 год.) може да се констатира дека д-р Иванчо Атанасовски од стручно-апликативната дејност остварил 22 поена.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

По направениот увид и анализата на севкупната активност на кандидатот д-р Иванчо Атанасовски, Комисијата констатира дека кај него, пред сè, до израз доаѓа наставно-образовната дејност, како и стручно-апликативната дејност за која говорат трите издадени книги и дека преку нив освоил 91,02 поена, кои се над минимумот од 40 поени, потребни за избор во вонреден професор. Меѓутоа, Комисијата констатираше дека кај д-р Иванчо Атанасовски во значајна мера е редуцирана научноистражувачката дејност, како и ангажираноста надвор од непосредната наставна дејност, како што е учеството во проекти, објавени текстови во стручната периодика или учество на научни конгреси, симпозиуми или стручни работилници.

Имајќи ги предвид достигнувањата, меѓутоа и забележливата неактивност надвор од образовната и стручно-апликативната дејност, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје д-р Иванчо Атанасовски да го *реизбере* во звањето вонреден професор за научните области (дисциплини) етика и историја на етиката. Наедно, членовите на Комисијата се надеваат дека посочените недостатоци д-р Иванчо Атанасовски ќе ги надмине и дека на тој начин ќе ги исполни условите за предвремен избор во највисокото звање – редовен професор.

**Рецензентска комисија**

Скопје,
18.5.2912 год.

1. Проф. д-р Љубомир Цуцуловски, с.р.
2. Проф. д-р Вера Георгиева, с.р.
3. Проф. д-р Бранислав Саркањац, с.р.

**АНЕКС 2**

## ОБРАЗЕЦ
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Иванчо Тома Атанасовски**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Филозофски факултет – Институт за филозофија**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **етика**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред бр. | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од прв циклус студии** | |
| | **Учебна 2007/2008 година** | |
| | **Зимски семестар** | |
| 1. | Историја на етиката 1 2+2 | **2,1** |
| 2. | Етика ( Институт за историја , V сем. ) 2+1 | **1,65** |
| 3. | Етика ( Институт за психологија , III сем) 2+0 | **1,2** |
| | **Летен семестар** | |
| 1. | Историја на етиката 2 2+2 | **2,1** |
| 2. | Етика (Институт за Одбранбени и мировни студии, II сем.) 3+1 ( само предавања) | **1,8** |
| | **Учебна 2008/2009 година** | |
| | **Зимски семестар** | |
| 1. | Историја на етиката 1 2+2 | **2,1** |
| 2. | Етика ( Институт за историја , V сем. ) 2+1 | **1,65** |
| 3. | Етика ( Институт за психологија , III сем.) 2+0 | **1,2** |
| 4. | Етика ( Катедра за македонски јазик , I сем. ) 2+0 | **1,2** |
| | **Летен семестар** | |
| 1. | Историја на етиката 2 2+2 | **2,1** |
| 2. | Етика (Институт за Одбранбени и мировни студии ,II сем. ) 3+1 ( само предавања) | **1,8** |
| 3. | Етика ( Правен факултет – новинарство, IV сем .) 3+2 ( само предавања) | **1,8** |
| | **Учебна 2009/2010 година** | |
| | **Зимски семестар** | |
| 1. | Историја на етиката 1 2+2 | **2,1** |
| 2. | Етика (Институт за историја, V сем. ) 2+1 | **1,65** |
| 3. | Етика (Институт за психологија, III сем.) 2+0 | **1,2** |

| | | |
|---|---|---|
| | **Летен семестар** | |
| 1. | Историја на етиката 2 2+2 | 2,1 |
| 2. | Етика ( Институт за историја – нова програма , II сем.) 3+2 | 2,7 |
| 3. | Етика ( Институт за психологија – нова програма , II сем.) 3+2 | 2,7 |
| | **Учебна 2010/2011 година** | |
| | **Зимски семестар** | |
| 1. | Историја на етиката 4+2 | 3,3 |
| 2. | Етика ( Институт за филозофија ) 2+2 | 2,1 |
| 3. | Етика ( Институт за историја – стара програма, V сем.) 2+1 | 1,65 |
| 4. | Етика (Институт за Безбедност , одбрана и мир- нова програма , III сем.) 3+2 | 2,7 |
| | **Летен семестар** | |
| 1. | Етика ( Институт за филозофија –нова програма , IV сем .) 4+2 | 3,3 |
| 2. | Практична етика (Институт за филозофија–стара програма, VI сем .) 2+2 | 2,1 |
| 3. | Етика ( Институт за историја-нова програма, II сем.) 3+2 | 2,7 |
| 4. | Етика ( Институт за психологија –нова програма, II сем.) 3+2 | 2,7 |
| | **Учебна 2011/2012 година** | |
| | **Зимски семестар** | |
| 1. | Историја на етиката 4+2 | 3,3 |
| 2. | Етика(Институт за безбедност, одбрана и мир- нова програма, III сем.) 3+2 | 2,7 |
| | **Консултации со студенти** | 2,82 |
| | **Ментор на дипломски работи** | 1 |
| | **Член на комисија за одбрана на докторска дисертација** | 3 |
| | **Член на комисија за одбрана на магистерски труд** | 1,5 |
| | **Член на комисија за одбрана на дипломска работа** | 1 |
| | **Вкупно** | **69,02** |
| | | |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. бр.** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. бр.** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. бр.** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | **Автор на две книги од стручна област** | **16** |
| | **Автор на речник** | **6** |
| | **Вкупно** | **22** |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| **Спортска дејност** | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | **Вкупно** | |

| **ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ** | **Поени** |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОТ** | **69,02** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **22** |
| **Вкупно** | **91,02** |

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Љубомир Цуцуловски, претседател, с.р.
2. Проф. д-р Вера Георгиева, член, с.р.
3. Проф. д-р Бранислав Саркањац, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ПОЛИФЕНОЛЕН СОСТАВ И АНТИОКСИДАНТНА АКТИВНОСТ НА ПЛАНИНСКИ ЧАЈ ОД РОДОТ *Sideritis* ОД БАЛКАНСКИОТ РЕГИОН И КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА МЕТАБОЛИТИ ОД ПОЛИФЕНОЛИ ВО УРИНА" ОД М-Р ЈАСМИНА ПЕТРЕСКА СТАНОЕВА, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет бр. 07-513/12 од 21.V 2012 год., донесена на седницата одржана на 17.V 2012 год., определени сме за членови на Рецензентската комисија за оцена на докторската дисертација под наслов ПОЛИФЕНОЛЕН СОСТАВ И АНТИОКСИДАНТНА АКТИВНОСТ НА ПЛАНИНСКИ ЧАЈ ОД РОДОТ *Sideritis* ОД БАЛКАНСКИОТ РЕГИОН И КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА МЕТАБОЛИТИ ОД ПОЛИФЕНОЛИ ВО УРИНА, поднесена од м-р Јасмина Петреска Станоева. По прегледувањето на поднесениот труд, чест ни е на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да му го поднесеме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наслов ПОЛИФЕНОЛЕН СОСТАВ И АНТИОКСИДАНТНА АКТИВНОСТ НА ПЛАНИНСКИ ЧАЈ ОД РОДОТ *Sideritis* ОД БАЛКАНСКИОТ РЕГИОН И КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА МЕТАБОЛИТИ ОД ПОЛИФЕНОЛИ ВО УРИНА е напишана на 180 страници и содржи 45 слики и 48 табели (18 од нив во прилог). Таа се состои од поглавјата: ВОВЕД (6 страници), ЛИТЕРАТУРЕН ПРЕГЛЕД (14 страници), ФЕНОЛНИ КОМПОНЕНТИ (10 страници), МЕТОДИ ЗА СЕПАРАЦИЈА И ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ФЛАВОНОИДИ (32 страници), ЕКСПЕРИМЕНТАЛЕН ДЕЛ (8 страници), РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА (76 страници), ЗАКЛУЧОК (4 страници), ЛИТЕРАТУРА (12 страници) и ПРИЛОГ (18 страници).

Во поглавјето ВОВЕД се дадени основни податоци за родот *Sideritis* (фамилија *Lamiaceae*) кој опфаќа повеќе од 150 видови распространети во медитеранскиот дел на Европа, а на територијата на Р. Македонија се застапени три вида: *Sideritis montana*, *Sideritis scardica* и *Sideritis raeseri*, од кои двата последни се ендемични за Балканскиот Полуостров. Видовите од родот *Sideritis* се користат за подготвување на чај, кој е познат како „планински" и „шарпланински" чај, а се користат и во традиционалната медицина при настинки, заболувања на системот за варење на храната и како диуретик. Досегашните истражувања на родот *Sideritis* укажале дека биолошката активност во голема мера се должи на присуството на флавоноиди и други фенолни компоненти. Но, и покрај големото значење, до денес малку е познато за структурните карактеристики, како и за содржината на фенолни компоненти кај видовите од родот *Sideritis* распространети во Р. Македонија. Заради ова, целта на оваа докторска дисертација е насочена кон идентификација и квантификација на полифенолните компоненти кај диворастечки и култивирани видови на *S. scardica* и *S. raeseri* од Македонија и регионот. За да се види распределбата на полифенолните компоненти во различните органи на растението, направена е карактеризација на фенолниот профил на одделни делови од лист, цвет и стебло. Проучувано е присуството на фенолни киселини, фенилпропаноидни гликозиди и флавоноиди, во примероци од различни видови од родот *Sideritis* (*S. scardica*, *S. raeseri*, *S. taurica*, *S. syriaca* и *S. perfoliata*) и од поширокиот регион на Балканскиот Полуостров и направена е корелација помеѓу

таксономијата и присуството на фенолни компоненти. Направена е и споредбена анализа за да се види како процесот на култивирање влијае врз фенолниот профил. Со цел да се проучат *Sideritis* видовите како извори на антиоксиданти, определени се вредностите на антиоксидантниот капацитет и тие се корелирани со содржината на фенолни компоненти. Дизајниран и реализиран е нутритивен експеримент со кој за првпат се добиени податоци за екскрецијата на фенолните компоненти од *S. scardica* во примероци од урина, од што се суди за нивниот метаболизам, апсорпција и трансформација по внесување во човечкиот организам. Оттука, треба да се потенцираат два важни аспекта на оваа дисертација: природата на фенолните компоненти кои се консумираат со свежо приготвен „планински чај“ и количеството на феноли кои се вклучуваат во метаболичките процеси во човечкиот организам. Конечно, добиена е експериментална поткрепа за одличните можности на масениот спектрометар со јонска стапица во квантитативната анализа на различни флавоноидни деривати во однос на селективноста и осетливоста, како и во однос на можноста за квантифицирање на различни флавоноидни деривати преку други достапни аналогни флавоноиди.

Во ЛИТЕРАТУРНИОТ ПРЕГЛЕД дадени се податоци за распространетоста на родот *Sideritis*, неговата ботаничка класификација и карактеристики, како и традиционалната употреба. Потоа се концизно презентирани досегашните сознанија од истражувањата на хемискиот состав на претставниците од овој род со осврт на терпените, етеричните масла, флавоноидите и други компоненти, како и сознанијата за фармаколошките активности (анти-инфламаторна, антимикробна и антиоксидантна).

Во поглавјето ФЕНОЛНИ КОМПОНЕНТИ дадена е поделбата и структурите на основните групи фенолни соединенија: фенолни киселини, флавоноиди и танини. Накусо е дискутирана врската помеѓу нивната структура и активност по што е даден подетален осврт на апсорпцијата и метаболизмот на флавоноидите, што е во последната деценија актуелна истражувачка тема и е од интерес и во оваа докторска дисертација.

Во поглавјето МЕТОДИ ЗА СЕПАРАЦИЈА И ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА ФЛАВОНОИДИ е укажано дека поради големата структурна разнообразност на флавоноидите (повеќе од 4000 различни флавоноиди во растенијата), голем предизвик за истражувачите е ефикасната сепарација, идентификација и квантификација на флавоноидите во нивните различни облици. Опишани се различните стратегии кои се користат за подготовка на примероците за анализа (екстракција со различни растворувачи, цврсто-фазна екстракција, цврсто-фазна екстракција во матрица, цврсто-фазна микроекстракција и сл.), како и методите на реверзно фазната течна хроматографија, која е техника на избор за сепарација на флавоноиди. Опишани се различните детектори кои се користат, а особено внимание е посветено на масената спектрометрија како техника за идентификација на флавоноиди во комбинација со течната хроматографија. Таа овозможува да се определат некои нови или непознати компоненти, за кои не се достапни стандарди, ниту референтни спектри, и во тој случај се користи т.н. тандем масена спектрометрија (MS/MS или $MS^n$) која се изведува во поголем број на последователни чекори во зависност од големината и комплексноста на непознатата компонента. Детално се опишани типовите на фрагментации и спецификите на масените спектри на флавоноидните агликони и нивните *O*-гликозиди и *C*-гликозиди, што укажува на солидната теоретска подготовка на кандидатката за истражувањата во дисертацијата.

Поглавјето ЕКСПЕРИМЕНТАЛЕН ДЕЛ содржи повеќе делови во кои се наведени користените реагенси и стандарди и примероците од различните видови *Sideritis*. Подробно се опишани: подготовката на растителните екстракти за анализа на фенолни компоненти, инструменталните услови за анализа со течна хроматографија врзана со UV-Vis и масена спектрометрија, методите за определување на антиоксидантната активност, нутритивниот експеримент и методите за карактеризација на метаболити од

полифеноли во урина, како и статистичката обработка на добиените резултати.

Најзначаен и сеопфатен дел од докторската дисертација на м-р Јасмина Петреска Станоева е поглавјето РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА. Тоа се состои од шест целини - потпоглавја во кои се презентирани резултатите од повеќе аспекти на истражувањето.

Во **првото потпоглавје** се опишани резултатите од идентификацијата на полифенолите присутни во видовите од родот *Sideritis* кои виреат на територијата на Република Македонија, при што е утврден комплексен профил на фенолни компоненти, како хидроксициметни киселини, фенилпропаноид гликозиди, ацетилирани и неацетилирани флавоноид 7-*O*-гликозиди кои се идентификувани метанолни и во водни екстракти. Во составот на *Sideritis* видовите влегуваат два типа на флавони, и тоа: 8-хидрокси флавони како хиполетин, изоскутелареин и нивните метокси деривати (3'-*O*-метилхиполетин, 4'-*O*-метилхиполетин и 4'-*O*-метилизоскутелареин) и 5,7-OH флавони како апигенин и лутеолин. Сите детектирани флавоноид гликозиди се од типот на 7-*O*-алозил(1→2)глукозиди на 5,8-дихидроксифлавони со различни супституции на прстенот B. Пет компоненти се моноацетилирани, а пет се диацетилирани деривати на флавоноид 7-*O*-алозил(1→2)глукозиди. За прв пат кај видовите од родот *Sideritis* се детектирани хидроксициметни киселини и комплексни фенилпропаноид гликозиди.

Во **второто потпоглавје** од РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА се дадени резултатите од квантификацијата на фенолните компоненти во примероци од *Sideritis scardica* и *Sideritis raeseri* од Македонија, при што се забележани разлики во видот и содржината на деривати на хидроксициметни киселини и флавоноид 7-*O*-гликозиди што се должи на влијание на генетските карактеристики, надворешните услови, како и типот на екстракција од друга страна. Со ова истражување е покажано дека *Sideritis* видовите се богат извор на полифеноли чија содржина е во опсег од 37 до 174 mg/g сув материјал. Во квантитативна смисла, метанолните екстракти се карактеризираат со повисока содржина фенолни компоненти во споредба со екстрактите добиени во вода што врие. При подготовка на планински чај со вриење доаѓа до незначителна загуба на хидроксициметни киселини и фенилпропаноид гликозиди. Спротивно на тоа, во водните екстракти се екстрахираат само 19 % од ацетилгликозидите од *S. scardica* (диворастечки и култивиран), 34 % кај *S. raeseri* (диворастечки) и 40 % кај *S. raeseri* (култивиран) споредено со нивната содржина во метанолните екстракти. Овие резултати се должат на процес на хидролиза за време на екстракцијата на овие компоненти во вода што врие и за таа цел присуството на флавоноид 7-*O*-дигликозидите во водните екстракти е значително поголемо во споредба со метанолните екстракти. Со анализата на содржината на фенолни компоненти во различни делови на растението, утврдено е дека најбогати со фенолни компоненти се листовите, потоа следат цветовите, а нивната содржина е најмала во стеблата.

Во **третото потпоглавје** се дадени резултатите од определувањата на антиоксидантната активност на испитуваните водни и метанолни екстракти. Утврдено е дека метанолниот екстракт од *S. raeseri* (диворастечки), како што е прикажано со сите три методи DPPH, ABTS и FRAP, се карактеризира со највисока антиоксидантна активност, која е во корелација со содржината на фенолни компоненти. Овие резултатите укажуваат дека водните екстракти од *Sideritis* видовите кои се користат за подготвување на чај треба и понатаму да бидат истражувани како извори на природни антиоксиданти со цел да се определи придонесот на секоја специфична компонента кон целокупната антиоксидантна активност.

Користејќи ги претходно воведените методи за идентификација и квантификација на фенолните компоненти, во **четвртото потпоглавје** е направена карактеризација на полифенолните компоненти на *Sideritis* видови од различни локации од Балканскиот

Полуостров, при што е покажано дека сите изучувани видови имаат сличен фенолен профил, што укажува на нивното слично потекло. Со помош на карактеристичната векторска анализа е покажано дека определувањето на типот и содржината на фенилпропаноид гликозиди и моноацетилирани флавоноид 7-O-гликозиди на 8-хидрокси флавоните може да послужи тие да се искористат како хемотаксономски маркери, особено кога станува збор за примероците од видот *S. scardica*, бидејќи се детектирани сличности за сите примероци од *S. scardica* собрани на различни локалитети на територијата на Р. Македонија. За разлика од *S. scardica*, утврдено е дека примероците од видот *S. raeseri* покажуваат поголема варијабилност во однос на фенолниот профил, кој главно зависи од локацијата на која виреат. Според карактеристичната векторска анализа најдена е врска помеѓу примероци од *S. raeseri* од Македонија и примероци од Албанија.

Во **петтото потпоглавје** од поглавјето РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА се презентирани добиените резултати од нутритивниот експеримент дизајниран и изведен со цел добивање на податоци за биорасположливоста на полифенолите од *S. scardica* преку карактеризација на трансформираните флавоноиди и фенолни киселини излачени во урината на доброволци вклучени во студијата. Во анализираните примероци од урина, по консумирање на стандардизиран екстракт од планински чај, идентификувани се 31 различен метаболит на апигенин, хиполетин, метилхиполетин, изоскутелареин и 4'-*O*-метилизоскутелареин и 32 метаболити на фенолни киселини. Вкупната содржина на различни метаболити излачени во урината по 24 h се определени како сума од деривати на хидроксициметни киселини, деривати на хиполетин, изоскутелареин и апигенин и е во опсег од 16,06 mg до 120,74 mg, што претставува од 2 % до 8,5 % од вкупната содржина на фенолни компоненти присутни во екстрактот од *S. scardica*. Фенилпропаноидните гликозиди покажуваат многу мала биорасположливост по ингестија на воден екстракт од *S. scardica* во кој е присутно значително количество од овие компоненти, што, како што и претходно било забележано, се должи на нивната слаба апсорпција низ системот за варење на храната. Од друга страна, утврдено е дека флавоноид гликозидите имаат значителна биорасположливост, што се должи на фактот дека хиполетин и изоскутелареин поседуваат хидроксилни групи на специфични позиции (3' и 4'). Од кривите на кумулативна уринарна екскреција е констатирано дека највисоки концентрации на фенолни компоненти се излачуваат во вториот, а некогаш и во третиот ден по консумирање на воден екстракт од *S. scardica*.

Особено значајно, од аналитички аспект, е **шестото потпоглавје** каде што се поместени резултатите и дискусијата на резултатите од тестирањето на масениот анализатор со јонска стапица, кои ја потврдуваат неговата способност за квантификација на различни деривати на флавоноидите. Добиените резултати се споредливи со оние добиени со HPLC-DAD што може да се суди врз основа на прецизноста, точноста, селективноста и осетливоста. Експериментите кои овозможуваат скенирање само на молекулските јони, или дополнително прават и $MS^2$ фрагментација се предложени како најпогодни, бидејќи овозможуваат добивање на податоци и за квалитативна и за квантитативна анализа со само еден експеримент. Проучуван е и изборот на најсоодветен стандард за квантификација на различни класи на флавоноиди со примена на MS-детектор во споредба со UV-детектор и покажано е дека, кога се користи MS-детектор, даден флавоноид може да се квантифицира со друга компонента (со голема точност) којашто има сличен профил на супституција (гликозилација, ацилирање), при што типот на агликон не е од пресудно значење, што е многу погодно за квантификација на флавоноиди кои се специфични и кои е тешко да се добијат во чиста форма.

Во поглавјето ЗАКЛУЧОК кандидатката накусо ги сумира најважните резултати што биле постигнати во текот на работата од каде што може да се видат главните

достигнувања презентирани и во резултатите и дискусијата.

Во поглавјето ЛИТЕРАТУРА се наброени вкупно 214 референци. Поголемиот дел од нив се однесуваат на трудови од понова и оригинална научна литература што укажува на систематскиот пристап и широкото познавање на областа од страна на кандидатката.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на анализата на докторската дисертација под наслов ПОЛИФЕНОЛЕН СОСТАВ И АНТИОКСИДАНТНА АКТИВНОСТ НА ПЛАНИНСКИ ЧАЈ ОД РОДОТ *Sideritis* ОД БАЛКАНСКИОТ РЕГИОН И КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА МЕТАБОЛИТИ ОД ПОЛИФЕНОЛИ ВО УРИНА, од м-р Јасмина Петреска Станоева, може да се заклучи дека таа разработила методи за идентификација и квантификација на фенолни супстанции во различни екстракти од планински чај од Македонија и балканскиот регион, како и нивни метаболити со примена на високоефикасна течна хроматографија и масена спектрометрија и добила, обработила и протолкувала досега непознати податоци за фенолниот профил на примероци од овој растителен вид и излачените нивни метаболити по консумирање. Проблемите со кои се сретнала во текот на работата успешно ги разрешила и притоа ползувала соодветни експериментални методи и теориски сознанија. Заклучоците се научно издржани и имаат значаен научен придонес во аналитичката хемија, фитохемијата и хемијата на храна. Овој заклучок е поткрепен со фактот дека дел од резултатите од дисертацијата се соопштувани на домашни и на меѓународни научни манифестации, а објавени се и 3 труда од проблематиката застапена во дисертацијата (во списанијата *Food Chemistry* и *Natural Products Communications*) и 2 труда се во постапка на рецензирање. Освен тоа, треба да се истакне дека овие истражувања се реализирани во 2 лаборатории, и тоа на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет во Скопје и во лабораторијата на Групата за квалитет, безбедност и биоактивност на растителна храна при Одделот за наука и технологија на храна (CEBAS) на Националниот совет за научни истражувања (CSIC) во Мурсија, Шпанија, каде што кандидатката оствари тримесечен престој.

Членовите на Рецензентската комисија со задоволство му препорачуваат на Наставно-научниот совет на ПМФ во Скопје да ја прифати докторската дисертација под наслов ПОЛИФЕНОЛЕН СОСТАВ И АНТИОКСИДАНТНА АКТИВНОСТ НА ПЛАНИНСКИ ЧАЈ ОД РОДОТ *Sideritis* ОД БАЛКАНСКИОТ РЕГИОН И КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА МЕТАБОЛИТИ ОД ПОЛИФЕНОЛИ ВО УРИНА, од кандидатката м-р Јасмина Петреска Станоева и да овозможи нејзина јавна одбрана.

Членови на Рецензентската комисија

1. Д-р Васја Банкова, ред. проф. на Институтот за органска хемија со Центар за фитохемија, Бугарска академија на науките, Софија, Бугарија, с.р.
2. Д-р Симка Петровска-Јовановиќ, ред. проф. на ПМФ, Скопје, с.р.
3. Д-р Светлана Кулеванова, ред. проф. на Фармацевтски факултет, Скопје, с.р.
4. Д-р Трајче Стафилов, ред. проф. на ПМФ, Скопје, с.р.
5. Д-р Марина Стефова, вонр. проф. на ПМФ, Скопје, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ФОРМИРАЊЕТО И РАЗВОЈОТ НА МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА“ ОД АВТОРОТ АКАДЕМИК АЛА ШЕШКЕН

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата дваесет и петта редовна седница одржана на 11.4.2012 година, за рецензенти на трудот „Формирањето и развојот на македонската литература“ од академик Ала Шешкен ги избра проф.д-р Димитрија Ристески и проф.д-р Весна Мојсова-Чепишевска.

По тој повод има чест да го доставам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Ракописот „Формирањето и развојот на македонската литература“ од академик Ала Шешкен е природно продолжение, поточно книжевно-научно надоградување на книгата „Студии за македонската литература“ (Скопје: „Дијалог“, 2005, 168) од истата авторка која е прва преведена книга на македонски јазик од еден руски автор.

Академик Ала Шешкен преку најновиот наслов кој е предмет на оваа рецензија ја потврдува својата афирмација на значаен познавач, толкувач и промотор на македонската литература, а со тоа и пошироко на македонската култура во Русија. Својот интерес за литературата и културата на овие простори академик Шешкен започнува да го покажува уште за време на своето факултетско образование најпрвин на Словенскиот оддел на Филолошкиот факултет при тогашниот Ленинградски универзитет (денес Санкт-Петербург), а потоа и на Филолошкиот факултет при Белградскиот универзитет. На овој Универзитет почнува да го изучува и македонскиот јазик кај реноминираните професори по македонистика – В. Илиќ и С. Марковиќ. Така, нејзиниот научен интерес денес е сè повеќе насочен кон проучувањето на македонската литература, но и кон белоруската и литературата на руската емиграција. Својот интерес го потврдува и со своето учество на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид, на научната конференција што се одржува во рамките на овој Семинар, како и на некои други меѓународни конференции организирани во Македонија кои третираат најразновидни прашања и проблеми од областа на макеонскиот јазик, литература и култура. Она што особено треба да се истакне е дека од 1994 година држи предавања и специјални курсеви од историјата на македонската литература, историјата на македонската култура, како и од историјата на македонската литературна критика на Катедрата за словенска филологија при Московскиот државен универзитет „Ломоносов“.

Секако треба да се нагласи и фактот дека Ала Шешкен ги поставува темелите на систематското концептуално предавање и проучување на македонската литература во Русија.

Ракописот „Формирањето и развојот на македонската литература“ е изградена врз релевантни факти и научни трудови од повеќемина руски, но и македонски автори, главно од поново време и како таква, таа е една мала историја на македонската современа литература, една сериозна претстава за развојот на оваа литература во полето на поезијата, прозата и драмата. Развиена

на околу 350 страници, со сериозна систематичност и организираност, оваа книга на академик Шешкен е конципирана низ неколку глави. Во искучителниот вовед се истакнува целта, но и потребата од еден ваков труд. Така, академик Шешкен нагласува:

„Проучувањето на карактеристиките во формирањето и развитокот на македонската литература претставува актуелна и важна задача. Поминувајќи низ долг и макотрпен процес во своето создавање, потоа низ бурна еволуција за краток историски рок (приближно за половина век) таа се претвора во современа појава со сложена синтеза од разни „поетики", вклучувајќи го и постмодернизмот."

Според размислувањата на авторката, овој труд треба да фрли светлина врз историјата на македонската литература од XX век, поточно да стави акцент на нејзините специфични развојни етапи.

Трудот „Формирањето и развојот на македонската литература" се развива низ неколку основни цели и задачи. Таа успешно одговара на прашањата врзани со:

1. спецификата на формирањето и развитокот на македонската литература во периодот од крајот на 1880 до 1991 г., како и со причините за нерамномерниот („забавен"/„забрзан") литературен процес;
2. влијанието на геополитичкиот и културниот простор на Балканот врз развојот на македонската литература, во прв ред на Србија (во XX век за време на Југославија) и Бугарија во различни историски периоди;
3. улогата на југословенската литературна заедница во еволуцијата на македонската литература од втората половина на XX век;
4. значењето на литературните врски во збогатувањето на современата македонска литература како и уметничкиот превод на македонски јазик (врз примери од руската литература);
5. дијалектиката на соодносот меѓу индивидуалните карактеристики на македонската литература и типолошки блиските појави во другите словенски литератури;
6. спецификата на формирањето на националниот уметнички систем и неговите составни компоненти;
7. историјата на македонската литература од XX век преку конкретни тематски, жанровски и стилски црти.

Трудот на академик Шешкен е развиена низ пет глави. Првата се однесува на спецификата во формирањето на македонската литература во отсуство на државност и го опфаќа периодот 1880-1945 година. Наредната глава се занимава со македонската литература и нејзиниот проблем на нерамномерен развој со посебен акцент на тн. „забрзан развој" како закономерност на литературниот процес на новата епоха. Третата глава ја следи македонска литература на македонски јазик за периодот 1945-1955 година. Наредните две глави се однесуваат на новите естетски задачи, при што се истакнуваат и зрелоста на македонската литература, но и нејзината жанровска и стилска разнообразност.

Во заклучокот кон ракописот „Формирањето и развојот на македонската литература", авторката Ала Шешкен доаѓа до неколку исклучителни поенти, од кои посебно ги истакнуваме следниве три:

1. „Историјата на формирањето на современата македонска литература на свој начин еуникатна", потенцира Шешкен. „Нејзината суштина не е во континуитетот, туку во скоковитиот развој, кој му овозможил на младиот

уметнички збор само за половина век да го надмине историски предизвиканиот застој. Нашите анализи покажаа дека застојот не се надминувал со брзо поминување на „пропуштените“ етапи, туку со решителни чекори напред, со „скоковито“ темпо. Ова создало услови за понатамошен синхроничен развиток со другите југословенски литератури, чиј дел половина век била и македонската литература. Творечката традиција од „пропуштените“ етапи таа не ги усвојува по хронолошки ред, туку на слободен начин, така, како што се восприема светската литературна традиција, чија актуализација е обусловена со конкретните потреби во конкретното време.“

2. „Во збогатувањето и забрзаното развивање на македонската литература, посебна улога игра брзиот развој на контактите со другите литератури“, нагласува Шешкен. „Сопственото скромно уметничко искуство (особено во првите повоени децении) на извесен начин се компензирало со усвојување на југословенската, европската и светската литературна традиција. Оваа културна синтеза претставува манифестација на подемот на националната свест, на ослободување на творечките сили, вкоренети во длабочините на народниот живот. Како што беше нагласено во досегашната анализа, на македонските автори имено таа им помогнала во краток рок да создадат литература од современ тип.“

3. „Нашите истражувања“, вели Шешкен, „потврдуваат дека литературните врски биле најважен фактор во формирањето и еволуцијата на самобитна македонска литература. „Забрзување“ на овој процес му овозможила заемната врска со „блиските“ и со „далечните“ литератури:

1) формирањето на посебна меѓулитературна заедница на Југославија, чиј составен дел станала македонската литература, нејзината отвореност кон светскиот литературен процес;

2) широката географија, богатите и разновидни врски на младиот уметнички збор со странската литература;

3) уметничкиот превод, како форма за збогатување на националниот уметнички збор и своевидна школа за литературно мајсторство;

4) никнувањето на типолошки сродни појави, што го стимулирале заемното зближување на македонската и литературите на други народи.“

Крајот на трудот е означен со библиографија која содржи дури 481 библиографска единица и која е организирана на следниов начин:

- Дела од македонски писатели издадени на руски јазик;
- Основни текстови на македонски јазик;
- Трудови за македонската литература, историја и култура на руски јазик издадени во Русија;
- Користена и цитирана литература (трудови на руски јазик);
- Користена и цитирана литература (трудови на македонски јазик);
- Користена и цитирана литература (трудови на други словенски јазик).

Сосем на крај да ја спомeнеме и добро завршената работа на преведувачката на овој труд – Роза Тасевска.

Со печатењето на трудот „Формирањето и развојот на македонската литература“ ни се овозможува да ја запознаеме одблиску оваа авторка и да увидиме дека со своите научни трудови, со своите точно и реално изградени ставови е вистински амбасадор на македонската литература, а со тоа и

пошироко на македонската култура во Русија и Руската Федерација и, секако, пошироко во славистичкиот книжевно-научен и книжевно-критички свет.

Печатената форма на ракописот „Формирањето и развојот на македонската литература" ќе има повеќеслојна намена и примена. Таа може да се користи и како учебно помагало при изучувањето на македонската литература и во редовната настава, но и во наставата која се изведува во рамките на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура. Така, оваа книга ќе биде подеднакво корисна и за студентите-филолози и за семинаристите, т.е. странските македонисти.

Врз основа на изнесените согледби слободна сум да го поддржам и препорачам за печатење трудот „Формирањето и развојот на македонската литература" од академик Ала Шешкен.

Рецензент

Скопје, 4.5.2012

Проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА РАКОПИСОТ „ФОРМИРАЊЕТО И РАЗВОЈОТ НА МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРА“ ОД АВТОРОТ АКАДЕМИК АЛА ШЕШКЕН

Со одлука на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје бр. 08-554/2 од 27.4.2012 година, избран сум за рецензент на трудот „Формирањето и развојот на македонската литература“ од академик Ала Шешкен. Заблагодарувајќи се за изборот, имам особена чест во продолжение да го доставам следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Трудот „Формирањето и развојот на македонската литература“ од академик Ала Шешкен е напишан на околу 350 компјутерски страници. Во него авторорката дава поширок историски пресек за формирањето и развојот на македонската литература од крајот на 19 до крајот на 20 век. Во таа смисла, овој труд, всушност, претставува книжевноисториско надградба на првата книга од истиот автор, „Студии за македонската литература“ (Скопје, „Дијалог“, 2005), која воедно претставува и прва објавена книга на македонски јазик од еден руски автор. Бидејќи своевремено и самиот на одреден начин бев вклучен во подготовката на таа книга, а во разни пригоди сум се произнесувал и за повеќето научни и стручни трудови за македонската литература од Ала Шешкен, со најновиот нејзин ракопис таа се докажува како досега најдобар проучувач и афирматор на македонската литература во Русија. Впрочем, таа од 1994 година, па се до денес, ја држи наставата по македонска литература и култура на Катедрата за словенска филологија при Московскиот државен универзитет „Ломоносов“.Освен тоа, таа е и редовен учесник на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура во Охрид и на научните конференции што се одржуваат во негови рамки.

Ракописот „Формирањето и развојот на македонската литература“ е пишуван со методолошки и фактографски издржана научна основа поткрепена со научни трудови, повеќемина руски и македонски автори. Во таа смисла, Ала Шешкен во овој свој труд дава заокружена и јасна книжевноисториска претстава за развојот на македонската поезија, проза и драма во изминатите две столетија.

Трудот на академик Ала Шешкен содржи пет глави. Во првата се разработуваат спецификите во формирањето и развојот на македонската литература од 1880 до 1945 година. Во втората глава авторката го проследува нерамномерниот и т.н. „забрзан“ развој на македонската литература, а во третата глава дава поширока претстава за македонската литература меѓу 1945-1955 година, односно за првите повоени години од развојот на нашата литература, кога таа почнува да се создава и гради во сопствена држава во рамките на југословенската федерација. Следејќи го понатамошниот развој на македонската литература, Ала Шешкен во четвртата глава го обработува периодот меѓу 1953-1960 година кој таа го насловува како „време на естетски промени“. Тогаш, според нејзината констатација, експериментирањето во уметничката форма помогнало за брз развиток на изразните можности на македонскиот јазик, за раѓање на метафорички исполнета и асоцијативно богата поетска фраза и за појава на композициски сложени структури во поезијата и во прозата. Во петтата глава од својот труд, авторорката ја обработува македонската литература меѓу 1970-1980 година. Тоа е време кога македонската

литература влегува во нов развоен стадиум, чија основна задача била достигнување стилска разновидност на уметничкиот збор и збогатување на неговата жанровска палета.

По сеопфатно обработениот материјал во петте глави, следува заклучокот во кој Ала Шешкен дава неколку констатации, од кои посебно би ги издвоил следниве:

1. „Историјата на формирањето на македонската литература, како што буквално вели Шешкен, на свој начин е уникатна. Нејзината суштина не е во континуитетот, туку во скоковиот развој, кој му овозможил на младиот уметнички збор само за половина век да го надмине историски предизвиканиот застој. Нашите анализи покажаа дека застојот не се надминувал со брзо поминување на „пропуштените" етапи, туку со решителни чекори напред, со „скоковито" темпо. Ова создало услови за понатамошен синхроничен развиток со другите југословенски литератури, чиј дел половина век билча и македонската литература. Творечката традиција од „пропуштените" етапи таа не ги усвојува по хронолошки ред, туку на слободен начин, така како што се восприема светската литературна традиција, чија актуализација е обусловена со конкретните потреби во конкретното време."
2. „Анализата на формирањето и патот до уметничката зрелост на македонската литература овозможува (за првпат во науката) да се истакнат основните фактори, кои имале клучна улога во реализацијата на неопходното „достигнувачко забрзување". Таквото забрзување на македонската литература и/ овозможило во краток рок, не губејќи ги врските со исконските народни и културни традиции, да ја усвои и да ја покаже современата уметничка мисла и да го каже својот збор во неа. Освен тоа, како што нагласува Шешкен, „во збогатувањето и забрзаното развивање на македонската литература, посебна улога игра брзиот развој на контактите со другите литератури. Сопственото скромно уметничко искуство (особено во првите повоени децении) на извесен начин се компензирало со усвојување на југословенската, европската и светската литературна традиција. Оваа културна синтеза претставува манифестација на подемот на националната свест, на ослободување на творечките сили, вкоренети во длабочините на народниот живот. Како што беше нагласено во досегашната анализа, на македонските автори, имено, таа им помогнала во краток рок да создадат литература од современ тип."
3. „Цврстата врска со фолклорот, променета и модифицирана, била неисцрпен извор во обновувањето на уметничкото творештво во сите етапи од формирањето и развојот на македонската литература. Истовремено, големиот интерес на македонските писатели кон уметничкиот експеримент кон уметничката форма придонесува за брз развој на изразните можности на литературниот јазик, за појава на метафорички згусната и асоцијативно богата поетска фраза, на композициски сложени поетски, прозни и драмски структури."
4. „Во последната деценија на XX век, македонскатра литература речиси не покажува „скокови". Таа влегува во нов мошне сложен период на својот развиток, кога се појавуваат многу разнонасочни општествени и културни процеси."

Ала Шешкен го завршува својот труд со библиографија во која се наведени 481 библиографска единица, систематизирани по сите научни стандарди. Тоа, само по себе, говори за широчината и разновидноста на литературата со која се служела авторката при подготовката на нејзиниот труд.

На крај би сакал да го спомнам и одличниот превод на ракописот на Ала Шешкен на македонски јазик што го направила Роза Тасевска.

Имајќи го сето погоре изнесено, имам особена чест и задоволство да му препорачам на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да го прифати за печатење трудот на академик Ала Шешкен - „Формирањето и развојот на македонската литература“.

Р е ц е н з е н т

Проф. д-р Димитрија Ристески, с.р.

15.5.2012 година
С к о п ј е

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03 - 871/1
29 - 5 - 2012 год.
СКОПЈЕ



РЕЦЕНЗИЈА

НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „КУЛТУРНИОТ ИДЕНТИТЕТ И ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА“ ОД КАНДИДАТКАТА М-Р ЕЛЕНА МИХАЈЛОВА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 27.4.2012 година, по предлог на Наставничкиот колегиум на постдипломските студии по меѓународно право и меѓународни односи, формира Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов „Културниот идентитет и делата од омраза“ на кандидатката м-р Елена Михајлова, во состав: проф. д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски, проф д-р Сашо Георгиевски, проф. д-р Татјана Петрушевска, проф. д-р Гордан Калајџиев и проф. д-р Тони Дескоски.

Комисијата во наведениот состав ја прочита и ја оцени изготвената докторска дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

1. **Осврт на трудот**

Докторската дисертација под наслов „Културниот идентитет и делата од омраза“ на кандидатката м-р Елена Михајлова се состои од вовед, три дела и заклучок напишани на 255 страници, со 520 фусноти и 175 библиографски единици сочинети од книги, статии и официјални документи.

*Првиот дел* се занимава со поимот и значењето на културниот идентитет, важноста на темата во современите општества (парламентарните демократии од постар и понов вид) и поодделно за темите на човековите индивидуални и колективни права (глобализација и мултикултура).

Веќе неколку децении, политичкиот и поширокиот јавен простор на современите демократии е континуирано запоседнат од идентитетските дискусии. Во светлото на ова, првиот дел започнува со приложување на дефиницијата на самиот поим идентитет и се обидува да го разјасни неговото значење за индивидуата во нејзиниот социјален контекст и во еден повнатрешен контекст на самоспознавање, самопотврдување и интимност. Идентитетот во оваа смисла е прикажан како израз на двата спротиставени човекови порива: оној да се припаѓа и оној да се биде посебен. Идентитетот, всушност, и се гради низ оваа дијалектика на приклонување и издвојување, низ ова двојно движење кон идентификација со другите и разликување во однос на нив.

Индивидуалната и општествената димензија на личниот идентитет покажуваат дека човекот не е единствениот креатор на смислата на своето битие, чие постоење се развива потполно слободно или во некаква општествена празнина. Културата делува заемно со спознајниот развој на човекот, истовремено вообличувајќи го неговиот дух. Членството во културата е значаен и конститутивен елемент на личниот идентитет. Прашањето за идентитетот на поединецот така неминовно упатува на значењето кое членството во културата го има за поединецот, со еден збор, на културниот идентитет на поединецот.

По анализирањето на значењето на културниот идентитет за индивидуата, првиот дел продолжува со идентификување на причините и начинот на кој тоа значење глобално беше рапидно истиснато на површината. Имено, подетално се приложени неколку глобални меѓународни развои кои одиграа суштинска улога во создавањето и стимулирањето на ова значење и го зголемија интересот за заштита на културниот идентитет - деколонијализацијата, глобализацијата, како и падот на

проектот на „модерната“ на градење на нација (nation-building). Сите тие отворија линии на ново навраќање на поимот „култура“.

*Вториот дел* ја отвора конфликтната сфера кај изразувањето на културниот идентитет во либералните демократии со „делата од омраза”. Имено, важноста на културниот идентитет опишана во првиот дел од трудот, во демократиите како и во транзиционите општества и земјите во развој, отвора две можни насоки на негова социјална акомодација - практики на хетерофилија и хетерофобија. За жал, хетерофобијата или одбивањето на другоста се јавува како почеста практика и извор на конфликти во овие општества. И трудот во овој дел објаснува зошто е тоа така. Ова одбивање на другоста се одвива драматично, во потез од геноциди, етнички чистења, до дела од омраза, демонизирање и стереотипизирање на другоста. Во овој дел, во детали и со аргументација од социјалните извори на правото се следат дебатите и заклучоците од овие дебати за концептот на кој се конституира себноста и другоста. Концептите ракуваат со „создавање на разлики“ како потврдување на себеси како културно битие. Со еден збор, во вториот дел се конституира концептот на делата од омраза како своевидна социјална патологија на правењето на разлика.

Како и да е, во овој труд кандидатката е упатена на теоретските образложувања кои се јавуваат во расправите во крилото на политичката филозофија и социологија на правото, антропологијата и теориите за идентитетите. Од нив, таа прави мост кон теориите на казненото право за вината и експресивната функција на казнувањето. Релативно малку се користат дебати за оваа тема непосредно од меѓународното право, бидејќи и ги нема. Имено, меѓународното право ги прифаќа решенијата кои се релативно резолутни. Со други зборови, препорачува казнување на делата од омраза, но нема големи теоретски образложувања зошто го прави тоа. Нив ги смета за апсолвирани во дебатата која ја споменавме претходно. Ова уште појасно се гледа во третиот дел од трудот, кој конкретно се занимава со структурата на делата од омраза.

*Третиот дел* започнува со релативно исцрпно приопштување на дефинициите на делата од омраза, за понатаму да ги проследи аргументациите за видот на повредата која тие ја прават, структурата на вината и престапот кај овие дела од казненоправен аспект и, конечно, нивното правно формулирање. Притоа се наведуваат стојалиштата на Европскиот суд за човекови права кој експлицитно признава дека делата од омраза бараат одговор на кривичната правда кој е пропорционален со повредата која е сторена. Дополнително, според актите на Европската унија, расистичкото и ксенофобично однесување претставуваат кривично дело во сите држави-членки и делата од омраза мора да бидат казниви со ефективни, пропорционални и одвраќачки казни.

Трудот во *заклучоците* кулминира со ставовите за тоа каков вид казниви дела се делата од омраза, зошто тие треба да бидат издвоени со посебно казнување и кое е влијанието на тоа казнување врз пошироката либерална демократска заедница во која почитувањето на различноста и принципот на еднаквост и еднаков третман се вредности кои се бранат.

## 2. Оцена на трудот

Докторската дисертација под наслов „Културниот идентитет и делата од омраза“ на кандидатката м-р Елена Михајлова е исклучително научно дело, а не само докторска дисертација. Таа за овој статус на трудот сериозно придонела во научната област во која предметот на истражувањето е сместен. Имено, феноменолошката анализа на делата од омраза, нивните правни квалификации и заклучоците кои се изнесени се вистински научен придонес во областа.

Трудот е поткрепен не само со богата, туку и исклучиво референтна библиографија која од фуснотите на трудот е и реално консултирана.

Пред себе Комисијата има исклучително квалитетен докторски труд за кој таа го напиша овој позитивен извештај. Со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет да го усвои овој извештај и да ѝ озовможи на кандидатката јавна одбрана на трудот.

Скопје, 22.5.2012

Комисија

1. Проф. д-р Љубомир Д. Фрчкоски с.р.

2. Проф. д-р Сашо Георгиевски с.р.

3. Проф. д-р Татјана Петрушевска с.р.

4. Проф. д-р Гордан Калајџиев с.р.

5. Проф. д-р Тони Дескоски с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

## „ОПТИМАЛНИ СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ХИДРОЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТИ",

ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ДАРКО БАБУНСКИ, ДИПЛ. МАШ. ИНЖ.,
ПРИЈАВЕНА НА МАШИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука бр. 02-1190/2 на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, донесена на 26.4.2012 год., формирана е Комисија за одбрана на докторската дисертација со наслов: „Оптимални системи за управување со хидроенергетски објекти", изработена од м-р Дарко Бабунски, дипл. маш. инж.

По прегледувањето на дисертацијата, Комисијата го поднесува следниов

# ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација на м-р Дарко Бабунски претставува самостоен научен труд од областа на системите за управување со хидроенергетски објекти, со посебен акцент на моделирањето на хидроенергетските постројки, проектирањето на закони на управување, како и изборот на оптимален закон на управување според однапред дефинирана функција на цел.

Дисертацијата е презентирана на 175 страници, при што обработуваната проблематика е сместена во следниве поглавја:

1. Вовед
2. Преглед и анализа на досегашните релевантни истражувања
3. Модели на хидропостројка
4. Верификација на моделите на хидропостројка
5. Проектирање на закони на управување со хидропостројки
6. Симулации на моделот на хидроенергетска постројка
7. Заклучоци, придонеси и препораки за понатамошна работа

Библиографија

Во дисертацијата се вклучени 125 слики и дијаграми, 9 табели и 325 означени аналитички изрази и формули. Списокот на користена литература содржи 74 наслови.

Воведниот дел на трудот е изложен во првата глава и во него се објаснети мотивацијата за направените истражувања, предметот, целите и применетата методологија на истражувања. Во воведот се наведени и подлогите што се користени при моделирањето на хидропостројките и законите на управување.

Во втората глава е даден осврт кон претходните релевантни истражувања во предметната проблематика. Притоа, најпрво се разгледани одредени истражувања што ја третираат проблематиката на моделирање на хидропостројките, додека во продолжението е посветено внимание на истражувањата што се однесуваат на проектирање на закони на управување.

Во третата глава е извршено моделирање на хидропостројка по препораките дефинирани во претходните истражувања. Моделите се ревидирани од својата основа, почнувајќи од основните равенки на еднодимензионално струење на компресибилен флуид низ цевковод. Диференцијалните равенки на струење на компресибилен флуид се решени и дефинирани се модели на хидропостројки што содржат хидраулична турбина, притисен цевковод, водостан, доводен тунел и акумулација со анализа на параметрите што влијаат на струењето и го дефинираат однесувањето на работниот флуид, и во случај кога струењето е идеално и кога флуидот е компресибилен. Изведените модели се во целост нелинеарни без ниту еден линеаризиран дел. Дефинирани се во целост нови модели на хидропостројка со две турбини што работат паралелно и делат заеднички притисен цевковод, водостан и тунел, дефинирани се меѓузависностите од хидрауличен аспект, и извршени се симулации што ги верифицираат добиените модели.

Во четвртата глава е извршена верификација на сите модели, преку споредување на статичките и динамичките карактеристики на моделите на хидропостројка и измерените статички карактеристики со моделски испитувања и извршени динамички мерења директно на објект. Врз основа на верификациските анализи, дефинирани се моделите на хидропостројка што се користени како објект на управување, т.е. модели за кои се проектирани закони на управување.

Во петтата глава се дефинирани и анализирани теоретските основи на линеарните и нелинеарните закони на управување применети во докторската дисертација. Анализирани се два линеарни закона: пропорционално-интегративно-деривативно (ПИД) управување и ПИД-управување со распределба на засилувањата (gain scheduling ПИД). Разгледувано е и нелинеарно управување во повратна врска преку парцијална линеаризација на векторот на состојба. Извршена е анализа на стабилноста на сите проектирани закони на управување, и воведена е функција на цел за да може да се изврши избор на оптимален закон на управување во однос на дефинираната функција на цел. Оптимизацијата е извршена по два параметра: девијацијата на фреквенцијата на произведената енергија која има основна важност при производството на електрична енергија и поместувањето на спроводниот апарат. Извршена е компаративна анализа на сите проектирани закони на управување применети на модели со и без водостан, дефиниран е оптимален закон на управување во однос на дефинираната функција на цел, и извршена е анализа на вредностите на функцијата на цел во зависност од работните точки на системот.

Во шестата глава е извршена интеграција на хидроенергетската постројка заедно со проектираните закони на управување, и извршени се симулации на неколку реални сценарија при управување со хидроенергетска постројка при што се опфатени, меѓу другото, и: вклучување во работа, исклучување од работа и брзо (хавариско) исклучување со симулација на побег. Дефинирани се и моделите на енергетскиот систем, електричните меѓузависности помеѓу два генератора што работат паралелно во една хидропостројка. Дефиниран е и модел на хидропостројка со две турбини и два генератора со распределба на оптоварувањето на мрежата на двете достапни турбини.

Во последната глава се дефинирани придонесите од докторската дисертација, кои се поделени на придонеси во моделирањето на хидропостројката и придонеси во проектирањето на законите на управување и дефинирањето на функцијата на цел. На крајот се сумирани заклучоците од дисертацијата и дефинирани се препораките за понатамошна работа во соодветната проблематика.

Во завршниот дел е приложен список на користена литература при изработката на трудот.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Дарко Бабунски претставува комплексно научно истражување во областа на оптималните системи за управување, и во неа се дефинирани сложени модели на хидроенергетски постројки, при што се опфатени сите фактори што влијаат на конверзијата на енергијата на водниот тек во механичка и електрична енергија, со давање на приоритет на квалитетот на добиената енергија. Кандидатот применува мултикритериумска анализа на влијанието на применетите модели и закони на управување при конверзијата на енергијата и притоа предлага функција на цел како критериум за оптималност. Добиените резултати се споредени и верифицирани со експерименти. Методологијата на споредба опфаќа неколку измерени екстремни работни услови кои се идеални за критички осврт и дефинирање на предностите и недостатоците на предложените модели на хидроенергетска постројка и управување со што ќе се придонесе кон дефинирање на нови и поусовршени модели, посебно за постројки со повеќе турбини. Во оваа смисла, дисертацијата отвора и дефинира редица нови истражувачки проблеми.

Докторската дисертација на м-р Дарко Бабунски претставува оригинален научен труд. Комисијата констатира дека од особено научно значење во трудот е следново:

1. Редефинирани се сите предложени модели на хидропостројка преку отфрлање на сите линеаризирани делови на предложените модели и дефинирање на целосно нови нелинеарни равенки што го опишуваат однесувањето на хидропостројката. Моделите се унифицирани во однос на променливите што се вклучени во нив, со што се поедноставува дефинирањето на базичните параметри во однос на кои се нормализираат моделите, односно сите модели имаат исти базични параметри.

2. Дефинирани се модели на хидропостројка со две турбини кои делат заеднички доводен тунел, водостан и притисен цевковод, и дефинирани се хидрауличните меѓузависности помеѓу двете турбини, повторно со користење на комплетно нелинеарни равенки што го опишуваат системот.

3. Предложени се карактеристични измерени работни параметри што најмногу одговараат за идентификација и верификација на моделите.

4. Проектиран е нелинеарен контролер во повратна врска со парцијална линеаризација на векторот на состојба за моделите со и без водостан, без еластични својства, и предложена е функција на цел која зема предвид два параметра во однос на кои се оценува оптималноста на проектираните интегрирани модели на хидроенергетска постројка.

Врз основа на изнесеното образложение, Комисијата го донесува следниов

## ЗАКЛУЧОК

Докторската дисертација со наслов „Оптимални системи за управување со хидроенергетски објекти", изработена од м-р Дарко Бабунски, дипл. маш. инж., претставува висококвалитетен и оригинален научен труд, кој дава значаен научен придонес во областа на оптималните системи за управување. Обемните аналитички и нумерички истражувања и верификацијата на моделите и даваат посебна вредност на дисертацијата.

Во дисертацијата е обработувана комплексна, мултидисциплинарна материја со практично значење. Авторот, користејќи оригинален пристап, успешно ги поврзал нумеричките со експерименталните истражувања и донел заклучоци што имаат практична примена.

Авторот покажал широко и фундаментално познавање на материјата и на третираната проблематика од областа на моделирањето на хидропостројки, проектирањето на закони на управување и избор на оптимален закон на управување.

Врз основа на наведените констатации, Комисијата заклучува дека трудот со наслов „Оптимални системи за управување со хидроенергетски објекти", изработен од м-р Дарко Бабунски, дипл. маш. инж., во целост ги исполнува критериумите и барањата за успешно изработена докторска дисертација и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје да го прифати овој извештај и да закаже јавна одбрана на дисертацијата.

**Комисија**

1. Проф. д-р Атанаско Тунески, с.р.
   Машински факултет, Скопје

2. Проф. д-р Предраг Поповски, с.р.
   Машински факултет, Скопје

3. Проф. д-р Лазе Трајковски, с.р.
   Машински факултет, Скопје

4. Проф. д-р Георги Димировски, с.р.
   Догуш-универзитет, Истанбул, Турција

5. Проф. д-р Миле Станковски, с.р.
   Факултет за електротехника и
   информациски технологии, Скопје

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ **ФОРМИРАЊЕ НА ПАУШАЛНИ ЦЕНИ НА ПАЗАРОТ НА ЖИВИОТ ДОБИТОК ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р КОНСТАНТИН КОЦЕВ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на одлуките бр. 02-2716/16 и 02-1034/9 на Наставно - научниот совет на Факултетот за земјоделски науки и храна, донесени на XXXV седница одржана на 23. 12. 2011 год. и XXXIX седница одржана на 17. 5. 2012 год., формирана е Комисија за преглед и оцена на докторската дисертација под наслов: „Формирање на паушалните цени на пазарот на живиот добиток во Република Македонија", пријавена и изработена од м-р Константин К. Коцев од Скопје.

Комисијата во состав: д-р Ненад Георгиев, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Миле Пешевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Драги Димитриевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, д-р Драган Ѓошевски, редовен професор на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје и д-р Александра Мартиновска Стојческа, доцент на Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје, ја прегледа докторската дисертација и го поднесува следниов

### **Извештај**

Докторската дисертација со наслов: „Формирање на паушалните цени на пазарот на живиот добиток во Република Македонија", изработена од м-р Константин К. Коцев, презентирана е на 105 страници текст со вообичаен проред во кој влегуваат една карта, 6 слики, 42 табели, 28 графикони и 13 прилози.

Трудот опфаќа седум поглавја: 1. Вовед, 2. Цел на истражувањето, 3. Материјал и метод на работа, 4. Досегашни истражувања и користената литература, 5. Резултати од истражувањето, 6. Заклучоци и 7. Литература.

Во Воведот се истакнува дека соодветно на понудата и побарувачката на производите, квантитативно и квалитативно насочување на добиточното производството дава можност за поширoки согледувања при креирањето на трговската политика и вкупните потенцијали за развој преку поголемо искористување на капацитетите. Формирањето на паушалните цени може да се дефинира како определување на различни цени на исти или различни купувачи за ист производ, при што во услови на непроменета технологија на производството производите се продаваат по различни цени.

Цел на истражувањето е да се утврди начинот на формирањето на цените на пазарите на живиот добиток во Република Македонија, неговата временска и просторна димензија, како и моменталната состојба на пазарот и други фактори кој влијаат на движењето на цените. Со поставување на целта на истражувањето се наметнува потребата од примена на анализа која е изведена преку индуктивни и дедуктивни методи во зависност која од методите имаше поголемо влијание на истражуваната појава и наметнатата потреба.

Во поглавјето Материјал и метод на работа се дава соодветен осврт на потребните податоци. Историскиот метод за прибирање на секундарните податоци од различни извори (Државен завод за статистика и учесници во

прометот со живиот добиток) овозможил создавање на серија податоци кои се предмет на понатамошна обработка. Методот на набљудување е користен за добивање на податоци од пазарите на кои се одвива прометот со живиот добиток. Материјалот кој е предмет на понатамошна обработка е надополнет и со директни интервјуа на учесниците во прометот, особено во делот за кој формирањето на паушалните цени е од најголемо значење. Освен индексните броеви и интерполирањето на линијата на трендот, обработени се и трите најчести мерки на централната тенденција - аритметичката средина, медијаната и модусот, како и мерките на дисперзија кои го изразуваат варијабилитетот во оние единици мерки во кои се дадени модалитетите на белегот. Во овој случај користени се: интервал на варијација, варијанса и стандардна девијација. Carlson & Thorne (2003).

Поглавјето Преглед на литература претставува обработка на досегашните истражувања од областа на темата. Traore D. (2010) укажува на потребата за подетален преглед на клучните параметри, вклучувајќи ги и коефициентите на аверзија кон ризик, разликата во пазарните цени на местото, коефициентот на очекувања и тежината на пазарната моќ на договорениот пазар при што извршил симулации со помош на табеларен модел. Hall D. (2003). ги опишува јаките и слабите страни на традиционалните и на психофизиолошките истражувачки методи. Традиционалните методи опфаќаат: фокус - групи, анкети, формирање на алтернативи за избор и набљудување. Психофизиолошките методи опфаќаат: откривање на емоциите преку изразот на лицето, следење на погледот, анализа на гласот и други. Akerlof A. G. and. Shiler J. R. (2009) даваат осврт на феноменот познат како парична илузија што претставува елемент кој недостасува во економијата. Паричната илузија се случува кога одлуките се под влијание на номиналните износи, а нивните одлуки не се водат по регуларните мерливи параметри, поврзани трошоци и друго.

Делот Резултати од истражувањето опфаќа значителен дел од трудот, во него кандидатот согледува дека формирањето на паушалните цени на живиот добиток на пазарите во Република Македонија е една комплексна материја кај која основна и главна карактеристика е психолошкиот момент кој се експлоатира од учесниците на побарувачката и понудата. Тука најчесто не важат правилата на пресметки на трошоците за производство и другите фактори кои придонесуваат на формирањето на реалната цена. Генерално, неинформираноста на производителите кои го нудат својот добиток на пазарите придонесува тие да бидат „лесна цел“, односно профитот да оди кај трговците. Друг фактор кој се користи од трговците се верските и други празници кога се зголемува побарувачката за одредена категорија на добиток, купувајќи на големо од производителот со пониска цена и продавајќи на мало по повисока цена. Исто така, поради близината на пазарите за жив добиток меѓу себе и различните денови на нивното одвивање, истиот добиток го носат од пазар на пазар и го продаваат и препродаваат два и повеќе пати.

Просечната цена на телињата до 150 килограми за време на целиот анализиран период (2003 – 2010 година) изнесува 128,48 денари, каде што сите месечни цени (големината на примерокот изнесува 96 – број на сите месечни цени од 2003 до 2010 цени), во просек, отстапуваат за ± 11,74 денари, додека разликата помеѓу највисоката (152,22 денари) и најниската цена (107,23 денари) во анализираниот период изнесува 44,99 денари.

Од 2004 година просечната годишна цена на јуниња од 150 до 450 килограми почнува да се зголемува до 2009 година, така што во 2009 година го достигнала својот максимум со зголемување од речиси 21% во однос на 2003 година. Во 2004, година цената на јуниња од 150 до 450 килограми се намалила во однос на 2003 година за речиси 7%.

Најзначајна разлика кај годишната цена на јуништата преку 450 килограми се среќава помеѓу 2003 и 2004 година, каде што цената во 2004 година се намалила за 6% од претходната година. Следните годишни цени на јуништата преку 450 килограми се стабилни со константен пораст до 2009 година, кога е забележано зголемување за 10% од претходната година. Покачувањето на годишната цена на јуништата преку 450 се намалува во 2010 година, каде што се бележи пад од 14% од претходната година .

Најзначајна разлика кај годишната цена на јагнињата и шилежињата се среќава помеѓу 2004 и 2005 година, каде што цената во 2005 година се намалила 6% од претходната година. Наредните годишни цени на јагнињата и шилежињата се варијабилни со пораст и пад до 2007 година, кога е забележано зголемување за 3% од претходната година.

Најзначајна разлика кај годишната цена на прасиња до 25 килограми се среќава помеѓу 2003 и 2004 година, каде што цената во 2004 година се намалила за14% од претходната година. Годишните цени на прасињата до 25 килограми се варијабилни со најголем пораст и во 2009 година се забележано зголемување за 33% од претходната година.

Разлика кај годишната цена на свињите од 80 до125 килограми се среќава помеѓу 2009 и 2010 година, каде што цената во 2010 година се намалила за 15% од претходната година.

Годишната цена покажува разлика и кај свињите преку 125 килограми помеѓу 2009 и 2010 година, каде што цената во 2010 година се намалила за 11% од претходната година.

Просечната цена на јарињата за време на целиот анализиран период (2003 – 2010 година) изнесува 115,10 денари, каде што сите месечни цени (големината на примерокот изнесува 96 – број на сите месечни цени од 2003 до 2010 цени), во просек, отстапуваат за ± 11,81 денари од просечната цена, додека разликата помеѓу највисоката (145,75 денари) и најниската цена (98,89 денари) во анализираниот период изнесува 46,86 денари.

Недостигот на сопствена добиточна храна влијае на моментот на одлуката на производителот да го продаде добитокот под услови кои не му одговараат, а одат во прилог на трговецот кој ги диктира тие услови.

Се констатира дека едукацијата е значајна околу изборот на добиток и раса која ќе ја чуваат за продавање како и однапред обезбеден пласман на добитокот.

Мобилноста на производителите кои директно го нудат добитокот по пазарите е слаба. Производителот најчесто добитокот го нуди на продажба на најблискиот пазар или посредниците директно го купуваат добитокот од нивните стопанства. При настапот на домашните добиточни пазари, се јавуваат разлики во цените по одделни пазари во истиот период. Тоа се јавува континуирано и во периоди пред празниците, кога добитокот има највисоки цени. Од интервјуата со учесниците во прометот во набљудуваниот период, може да се согледа дека овие разлики во своја полза најмногу ги користат посредниците.

<u>Заклучоците</u> како финален, шести дел опфаќаат резимеа од истражувањата во кои кандидатот ги согледува резултатите од истражувањето во трудот. Во

завршниот дел од заклучоците кандидатот за обработениот материјал во трудот, освен за неговото фундаментално значење, дава претстава за можно согледување на анализираните податоци и материјал којшто може да послужи како појдовен за преструктуирање на сите учесници во прометот со живиот добиток. Преку обработените статистички податоци, состојбата на пазарите и анализа на учесниците во прометот на самите пазари, особено делот што го обезбедува пазарот преку стимулирање на производството со поголемо искористување на постоечките капацитети и технологии, укажува на значењето на формирањето на паушалните цени на пазарот на живиот добиток.

Во поглавјето Литература се наведени 80 извори на користена литература, од домашни и странски автори.

Прилозите ја вклучуваат користената база на податоци, претставена со 13 прилози.

**Заклучок и оцена на Комисијата**

Комисијата детално го разгледа поднесениот текст на докторската дисертација со наслов: „Формирање на паушалните цени на пазарот на живиот добиток во Република Македонија", изработена од м-р Константин К. Коцев од Скопје, и констатира дека изработената докторска дисертација претставува оригинален самостоен научен труд. Кандидатот вложил соодветен труд за да ги постигне очекуваните резултати од предвидените цели во докторската дисертација, што успешно и ги остварил. Тој со изработената докторска дисертација покажа солидно познавање и владеење на материјата од областа на економиката на земјоделството и развојот.

Според сето наведено, се констатира дека изложената и проучената проблематика, со соодветната методологија и опфат на истражување, како и добиените резултати, овозможува да се оцени позитивниот придонес на докторската дисертација од аспект на науката, струката и практиката. Комисијата позитивно го оценува трудот и има чест да предложи изработената дисертација да биде прифатена.

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Ненад Георгиев с. р.
2. Проф. д-р Миле Пешевски с. р.
3. Проф. д-р Драги Димитриевски с. р.
4. Проф. д-р Драган Ѓошевски с. р.
5. Доц. д-р Александра Мартиновска Стојческа с. р.

До

Наставно – научниот совет и

деканот на Медицинскиот факултет во Скопје

**ПРИГОВОР**

НА РЕФЕРАТОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНОНАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ, ОБЈАВЕН ВО БИЛТЕНОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ БР. 1031 ОД 15.5.2012 ГОДИНА

Поднесувам приговор на објавениот реферат за избор во наставно-научно звање, како учесник во постапката за избор. Ценам дека ги исполнувам условите за избор, врз основа на сите критериуми кои би можеле да се земат предвид при одлучувањето.

Сметам дека при бодирањето на кандидатите се немало еднаков третман во оценувањето на фактите и аргументите, и тоа:

1)Во наставно – образовната дејност не се земени предвид часовите, предавањата и практичните вежби на ВМШ –акушерки.

2) За консултации со студенти на сите 5 кандидати им се доделени 7,2 бода и тоа за 6 студенти х 2 семестра х 3години х 0,2 = 7,2, секако без приложени докази, а јас по овој основ не сум добила ниту еден бод. Само по овој основ – корекции, бодовите во овој дел би биле повеќе од 20.

3) Научноистражувачка дејност

Предавање на семинарот Неонатологија за специјализанти по педијатрија " Кожни промени кај новородено дете",доставен е доказ, кој од страна на Комисијата не е бодиран.

Трудови in exstenso објавени во Medicus не се бодирани (за последните 5 години х 4 бода).

Последен труд во Medicus, списание со меѓународен уреднички одбор од 2012 година, за што е доставен доказ за рецензија на трудот – Јанчевска С: взаемна врска на кадмиумови крвни нивоа во дијадата мајка новородено дете. Medicus, Vol. XVIII(2) декември 2012, прифатен за печатење, а кој носи 6 бода, како и потврда дека е примен трудот во Medicus во XII-2012.

Како вработен педијатар на Одделението за неонатологија на Клиниката за гинекологија и акушерство имам законско право и ги исполнувам условите за држење настава по педијатрија.

Скопје, 22.5.2012

Подносител на приговорот

Снежана Јанчевска, с.р.

# Одговор

на приговорот на Рефератот за избор во наставно-научно звање објавен во Билтенот на УКИМ бр 1031 од 15. 5.2012 г.

Рецензентската комисија го разгледа приговорот од в.н. сор. д-р Снежана Јанчевска и го дава следниов одговор на аргументите од кандидатката:

1.Во наставно-образовната дејност кандидатката учествувала со предавања и практични вежби за БМШ-акушерки, но во период кој не е опфатен во сегашнава евалуација, односно пуред последниот избор во научно звање.

2. Бодовите за консултации со студенти се изведени од директното учество на директното учество на рецензираните кандидати во спроведување на задолжителниот стаж по завршување на студиите по медицина пред полагање на државен испит. Овие консултации од различните области на педијатријата се изведуваат исклучиво на Клиниката за детски болести, а во нив кандидатката не учествувала.

3. Споменатото предавање на семинар по Неонатологија е одржано пред периодот на евалуација и со тоа не е земено предвид

4. Трудовите објавени во Медикус не се бодирани бидејќи се публикувани пред периодот опфатен со евалуацијата.

5. За ниту еден од кандидатите не се земени предвид трудови кои се уште не се објавени.

Имајќи ги предвид наведените факти, Рецензентската комисија останува на својот предлог кандидатката да остане во своето звање-виш научен соработник.

Рецензентска комисија

1. Проф. д-р Мирјана Кочова, с.р.
2. Проф. д-р Љиљјана Пота, с.р.
3. Проф. д-р Стефанка Грујовска, с.р.
4. Проф. д-р Дафина Кузмановска, с.р.
5. Проф. д-р Катица Пиперкова, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ
**"ГЛОБАЛНАТА ФИНАНСИСКА КРИЗА И ЕФЕКТИТЕ ВО САД И ЕВРОПА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА"**
ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р БРАНКИЦА ЛАЗАРЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на седницата одржана на 27.4.2012 година, определени сме за Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на тема: **"Глобалната финансиска криза и ефектите во САД и Европа, со посебен осврт на Република Македонија"**, изработена од м-р Бранкица Лазаревска.

Врз основа на извршениот преглед и деталната анализа на докторската дисертација, Комисијата во состав: проф. д-р Михаил Петковски, проф. д-р Љубе Трпески, проф. д-р Горан Петревски, академ. Таки Фити и доц. д-р Ѓорѓи Гоцков го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Материјата елаборирана во докторската дисертација на кандидатката м-р Бранкица Лазаревска на тема **"Глобалната финансиска криза и ефектите во САД и Европа, со посебен осврт на Република Македонија"** е презентирана на вкупно 371 страница, во кои се содржани 349 страници основен текст со инкорпорирани бројни табели, графикони, слики и врамени делови, и 22 страници на кои се презентирани содржината, користената литература и прилозите.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Бранкица Лазаревска претставува самостоен научен труд, која структурно, покрај воведот, заклучните согледувања, прилогот и користената литература, содржи пет тематски целини (глави), во кои се обработуваат одделни прашања поврзани со глобалната финансиска криза и ефектите од неа, и тоа:

**Вовед**

**Глава 1** Причини за глобалната финансиска криза

**Глава 2** Финансиската криза во САД

**Глава 3** Финансиската криза во Европа

**Глава 4** Мерки за надминување на кризата во САД и Европа

**Глава 5** Ефекти од глобалната финансиска криза во Република Македонија

**Заклучок**

**Прилог 1** Табели

**Прилог 2** Графикони

**Прилог 3** Податоци за статистичката анализа

**Користена литература**

*Првиот дел* од трудот ги опфаќа воведните излагања на кандидатката во врска со глобалната финансиска криза, која започнува од средината на 2007 година како криза на пазарот на недвижности во САД и се претвора во глобална рецесија која ја разнишува довербата во финансискиот систем. Во овој дел кандидатката исто така го разоткрива и предметот на истражување, причините кои го навеле на анализа на оваа проблематика, задачите и целите кои треба да се постигнат со истражувањето, како и методологијата која ја користи при истражувањето во докторската дисертација.

Предмет на проучување на оваа докторска дисертација е проблематиката поврзана со глобалната финансиска криза, главно анализирана преку три аспекти: (1) причините за глобалната финансиска криза; (2) ефектите на кризата врз реалниот сектор, надворешниот сектор, фискалниот сектор, финансискиот пазар и банкарскиот сектор; (3) мерките за надминување на кризата. Сите овие аспекти се предмет на посебна теоретска и квантитативна анализа на случајот на Република Македонија. При анализа на ефектите од кризата предвид се земени разликите во економската состојба на повеќе земји пред почетокот на кризата, каналите на пренос на кризата, слабостите на економиите и улогата на монетарните и фискалните власти во ублажувањето на кризата. Во компаративните анализи и споредби направени во докторската дисертација, кандидатката посебна нагласка ставила на потенцијалните ризици со кои се соочува македонската економија во поглед на надворешно трговскиот сектор, увозот, извозот, трговскиот дефицит, движењето на стапката на инфлација, пазарот на капитал, инфраструктурата и препораките за управување со тие ризици.

*Вториот дел* (првата глава) од трудот е насловен како *Причини за глобалната финансиска криза.* Од голема важност е идентификувањето на причините за појавата на глобалната финансиска криза која кандидатката ја прави со цел потоа, прво, преку компаративна анализа на ефектите што глобалната финансиска криза ги има врз различни земји да се разбере на кој начин и во кој степен секоја од нив е погодена од кризата, второ, да се изнајдат и да се преземат адекватни мерки за излез од кризата и трето, да се намали можноста за повторување или ограничување на ефектите од евентуални идни финансиски кризи.

Подетално, во овој дел кандидатката врши дефинирање и класифицирање на поврзаните и комплексни фактори кои придонесоа за појавата на глобалната финансиска криза, со посебен акцент на две главни категории: (1) макроекономски причини; (2) микроекономски причини за појава на глобалната финансиска криза.

При тоа, *макроекономските причини* за појава на финансиската криза се анализирани преку два аспекта: (1) *глобалните дебаланси на тековните сметки* помеѓу земјите кои остваруваа висок дефицит од една, и оние што остваруваа суфицит од друга страна; (2) *глобалниот тренд на ниски реални каматни стапки*. При тоа во анализата е ставен акцент на главните причини за движењето на реалните каматни стапки во годините пред почетокот на глобалната финансиска криза: улогата на монетарната политика, промената на стапките на штедење и инвестиции на глобално ниво и промената на преференциите на инвеститорите за вложување во финансиски инструменти.

Во рамки на *микроекономските причини* за појавата на глобалната финансиска криза предмет на анализа се: "меурот" на пазарот на недвижности како централен елемент на глобалната финансиска криза, пазарот на хипотекарни кредити со лош квалитет, секјуритизацијата, кредитните рејтинг - агенции, финансискиот левериџ и банкарскиот систем во сенка. За секоја од овие категории, кандидатката врши прецизно дефинирање и категоризација, што е од круцијално значење за нивна идентификација и компаративна анализа во различни земји.

На крајот на оваа глава кандидатката подетално ја елаборира законската регулатива како една од причините која дала легитимитет, односно можност за агресивен начин на кредитирање од страна на финансиските институции.

Во *третиот дел* (втората глава), насловен како *Финансиската криза во САД*, презентирани се и анализирани: (1) почетокот на финансиската криза во САД; (2) финансиските институции во САД и финансиската криза; (3) деловниот циклус и економските индикатори; (4) ефектите од кризата во САД.

Најнапред, авторката го анализира почетокот на финансиската криза во САД, во чии рамки предмет на подетална анализа се кризата на хипотекарниот пазар и паниката на пазарите на пари. При тоа, кандидатката врши анализа на најразлични индекси, односно показатели кои укажуваат на почетокот на финансиската криза во САД, а при тоа користи стриктни и прецизни меѓународно прифатени методологии за нивно дефинирање. Како предвесник за појавата на глобалната финансиска криза, кандидатката ја посочува вредноста на ABX - индексот, кој претставува репер за тргувањата на хартиите од вредност издадени врз основа на хипотека. При анализата, кандидатката посебно внимание посветува на прелевањето на проблемите од хипотекарниот пазар на пазарот на пари, од каде што банките и другите финансиски институции се финансираат.

Во продолжение на докторската дисертација направен е осврт на финансиските институции кои финансиски најмногу се оштетени од првиот бран на кризата, при што посебно внимание е посветено на последиците од разорното дејство што глобалната финансиска криза го имала врз нив. При тоа, кандидатката ги анализира најголемите инвестициони банки, осигурителни компании и државно регулирани претпријатија, за кои се постоело верување дека се "премногу големи за да пропаднат". Во рамките на овој дел од дисертацијата направена е анализа на коефициентот на финансиски левериџ и

рочната структура на средствата и обврските на петте најголеми инвестициони банки во САД, воедно едни од системски најважните институции и на глобално ниво. Врз основа на анализираните податоци, кандидатката заклучува дека многу високото ниво на учество на долгот во вкупната капитална структура односно високиот коефициент на финансиски левериџ и големата рочна неусогласеност на средствата и обврските кај набљудуваните пет инвестициони банки во САД, претставуваат клучни фактори - прво, за изгубената доверба на инвеститорите, второ, проблемите со ликвидноста и солвентноста, како резултат на што, трето, само неколку од нив успеаа да ја преживеат финансиската криза.

Предмет на понатамошна анализа е влијанието кое капиталната структура го има врз пазарната капитализација на инвестиционите банки, при што е користена квантитативна анализа. Во анализата е применета проста праволиниска регресија со цел да се оцени влијанието на висината на финансискиот левериџ врз процентуалната промена на пазарната капитализација на инвестиционите банки. За потребите на анализата користени се податоци за 32 инвестициони банки од САД, Европа и Јапонија. За сите разгледувани банки користен е коефициент на финансиски левериџ со податоци од декември 2006 година, со цел да се прикаже капиталната структура на овие инвестициони банки во периодот пред почетокот на глобалната финансиска криза. Со цел да се пресмета процентуалната промена на пазарната капитализација на набљудуваните инвестициони банки, кандидатката користи податоци за пазарна капитализација од декември 2006 година (преткризен период) и март 2009 година (момент кога берзите ја достигнуваат својата најниска вредност од почетокот на кризата). Емпириски поткрепениот резултат е дека повисокиот коефициент на финансиски левериџ придонесува за поголемо намалување на пазарната капитализација на набљудуваните инвестициони банки. Добиените резултати укажуваат на позитивна праволиниска корелациона зависност од 61,4% помеѓу набљудуваните променливи.

Во продолжение, кандидатката посветува посебно внимание на проблематиката на деловниот циклус и економските индикатори, при што предмет на анализа се индустриите и перформансите кои ги остваруваат во даден момент од економскиот циклус.

Овој дел е заокружен со презентирање на ефектите од глобалната финансиска криза врз економијата на САД при што е направен посебен осврт на ефектите врз пазарот на капитал, реалниот, социјалниот, надворешниот и фискалниот сектор.

Во *четвриот дел* (трета глава), насловен како *Финансиската криза во Европа*, кандидатката ги истражува: (1) прелевањето на кризата во Европа; (2) ефектите од кризата во земјите - членки од еврозоната; (3) должничката криза во рамки на еврозоната; (4) Исланд и глобалната финансиска криза.

На почетокот на овој дел, кандидатката го анализира прелевањето на финансиската криза од САД во Европа. При тоа потенцира дека многу од

факторите кои се причина за појавата на финансиска криза во САД придонесоа и за појава на финансиската криза во Европа. Кандидатката потенцира дека појавата на ниски каматни стапки и експанзијата на финансиските и инвестиционите можности се резултат на агресивна кредитна експанзија, комплексноста на секјуритизацијата на хипотекарните кредити и олабавувањето на стандардите за издавање на хартии од вредност, а сè со цел да се поттикне економскиот раст. Во овој дел, кандидатката детално го анализира “меурот” на пазарот на недвижности во Европа и ширењето на финансискиот шок, при што акцент се става на недостигот од доларско финансирање и оценката за достапноста на финансиски средства на меѓубанкарскиот пазар преку анализа на ЛИБОР-ОИС распонот.

Во продолжение на овој дел се анализираат ефектите кои глобалната финансиска криза ги има врз земјите – членки на еврозоната, каде што во фокусот на вниманието се реалниот, социјалниот, надворешниот и фискалниот сектор. Ефектите врз наведените сектори, кандидатката ги истражува преку анализа на голем број макроекономски индикатори: бруто домашен производ, инфлација, стапка на невработеност, тековна сметка, девизен курс, буџетски дефицит и јавен долг.

Понатаму, предмет на елаборација претставува европската должничка криза при што се анализираат: (1) причините за појава на должничката криза во еврозоната; (2) почетокот на должничката криза во еврозоната; (3) должничката криза во Грција; (4) поврзаност на европската должничка криза и глобалната финансиска криза која започна во 2007 година.

Во делот за должничката криза во рамките на еврозоната, кандидатката детално ги истражува причините за појавата и почетокот на кризата преку анализа на движењето на каматните распони помеѓу државните обврзници во земјите - членки на еврозоната и пазарот на кредитни дифолт свопови.

Во рамките на делот за должничката криза во Грција направен е осврт на причините за почетокот на должничката криза преку анализа на домашните и меѓународните фактори. Истовремено, кандидатката прави анализа на преземените домашни и меѓународни мерки за справување со кризата во Грција.

Во овој дел кандидатката се фокусира и на двете меѓусебно поврзани кризи со кои во моментот на пишување на докторската дисертација се соочува Европа: (1) *банкарска криза*, која е резултат на загубите на европските банки од тргувањето со секјуритизирани хартии од вредност; (2) *европска должничка криза,* која е поттикната од рецесијата, трансферите за помош на банките и кај некои од земјите, несоодветното управување со фискалната политика, спротивно на одредбите од Мастришкиот договор. Со цел да се оцени во колкава мера европската должничка криза е резултат на глобалната финансиска криза од 2007 година, кандидатката врши анализа на улогата и значењето на европските банки за европските економии.

Овој дел е заокружен со истражување на ефектите од глобалната финансиска криза во Исланд, една од најголемите жртви на финансиската криза. Кандидатката прави детална анализа на периодот пред почетокот на

кризата, преку анализа на економската состојба, банкарскиот сектор, финансискиот пазар и задолжувањето на компаниите и домаќинствата.

Во *петтиот дел* (четврта глава) се презентираат и се анализираат *мерките за надминување на кризата во САД и во Европа.* Во овој дел анализирани се акциите преземени од страна на централните банки и владите на глобално ниво со цел одржување на пазарна ликвидност, намалување на системскиот ризик и стабилизирање на финансиските пазари и институции. Како резултат на глобалните димензии на кризата, кандидатката истакнува дека фискалните и монетарните власти на глобално ниво биле соочени со слични предизвици, истовремено приспособувајќи ги своите реакции на специфичните карактеристики на националните финансиски системи и економии.

Кандидатката детално ги елаборира монетарните интервенции надополнети со координирани фискални стимули насочени кон директна финансиска поддршка на реалната економија, поттикнување на потрошувачката и зголемување на ликвидноста на финансискиот систем. Во таа насока анализирани се државните гаранции и докапитализацијата на "проблематичните" банки, процес во кој дел од банките се национализирани.

Во оваа глава се анализираат преземените монетарни и фискални мерки од Централната банка и Конгресот на САД за надминување на кризата, а потоа и монетарните мерки преземени од страна на Европската централна банка и владите на земјите - членки на еврозоната. При тоа, кандидатката, процесот за справување со кризата го анализира преку три основни фази: (1) *прва фаза*, во која се врши анализа на преземените интервенции со цел спречување на пренесувањето на кризата и враќање на довербата во системот; (2) *втора фаза*, во која кандидатката врши анализа на начинот на кој земјите се справуваат со секундарните ефекти од кризата, посебно со глобалната рецесија и бегството на капитал од земјите во развој; (3) *трета фаза*, во која се анализираат промените во финансиските системи со цел минимизирање на ризикот и спречување на идни кризи.

Овој дел кандидатката го заокружува со анализа на улогата на меѓународните институции во справувањето со кризата. Тука се опфатени националните мерки за справување со кризата, кои делумно се одвиваа преку меѓународните институции и кои имаа за цел да ги координираат напорите на земјите за справување со кризата.

Шестиот дел (петта глава) на дисертацијата е нејзиниот суштествен дел и се однесува на *ефектите од глобалната финансиска криза во Република Македонија.* Во овој дел кандидатката анализира неколку значајни аспекти на проблематиката поврзана со глобалната финансиска криза во Република Македонија, и тоа: (1) состојбата на македонската економија пред почетокот на кризата; (2) прелевањето на кризата во Република Македонија; (3) ефекти од кризата во Република Македонија; (4) мерки за надминување на ефектите од кризата во Република Македонија; (5) потенцијални ризици и препораки за македонската економија.

На почетокот на овој дел, кандидатката прави детален осврт на состојбата на македонската економија, со посебен акцент на: (1) макроекономското окружување; (2) финансискиот систем. При тоа изведена е генерална оцена дека во годините пред почетокот на кризата, Македонија има здрави макроекономски фундаменти.

Во понатамошната анализа од овој дел, посебно внимание е посветено на каналите преку кои кризата се прелева во Македонија. Оцена на кандидатката е дека кризата ги истакнала структурните слабости на домашната економија и високата изложеност на глобалните ценовни промени. Во текот на кризата, кандидатката смета дека доаѓа до израз значењето на високата концентрација на извозот во само неколку преработувачки дејности зависни од странска побарувачка, високата енергетска зависност на земјата од увоз и условеноста на размената од движењата на цените на енергенсите и на металите на светските берзи.

Во овој дел, кандидатката детално ги анализира и ефектите од кризата врз: (1) реалниот сектор; (2) социјалниот сектор; (3) надворешниот сектор; (4) фискалниот сектор; (5) финансискиот пазар; (6) банкарскиот сектор. При анализата на ефектите од кризата врз реалниот, социјалниот и надворешниот сектор, кандидатката го анализира движењето на голем број макроекономски индикатори во периодот од почетокот на кризата до крајот на 2011 година, врз основа на што изведува заклучоци за ефектите од кризата врз македонската економија. Во делот кој е посветен на финансискиот пазар, кандидатката прави детална анализа на случувањата на пазарот на пари и краткорочни хартии од вредност, девизниот пазар и пазарот на капитал. Исто така, во овој дел детално се елаборирани и случувањата во банкарскиот сектор преку опсервација на активностите на банките за време на финансиската криза, при што акцентот е ставен на профитабилноста и банкарските ризици.

Во услови на непостоење на расположливи податоци и индикатори за рочната структура на средствата и обврските на македонските банки и висината на финансискиот левериџ, кандидатката врши самостојна пресметка и детална анализа на истите. Од извршената анализа, изведени се следниве заклучоци: (1) кај анализираните македонски банки нема изразена рочна неусогласеност помеѓу средствата и обврските; (2) анализираните македонски банки во годините пред почетокот на глобалната финансиска криза имаат ниски (адекватни) нивоа на финансиски левериџ. Ваквата состојба според кандидатката, во значителна мера придонесува за стабилноста на банкарскиот систем во текот на кризата, како резултат на што немаше банкрот на ниту една македонска банка. Врз основа на добиените податоци од анализата, кандидатката прави и меѓународна компаративна анализа за рочната структура и висината на финансискиот левериџ помеѓу анализираните македонски банки и инвестиционите банки во САД. За разлика од македонските банки, инвестиционите банки во САД пред почетокот на кризата се карактеризираат со висок финансиски левериџ и во голема мера неизбалансирана рочност на средствата и обврските, што според кандидатката доведе до банкрот на дел од

нив. Глобалната поврзаноста на банките и каскадниот ефект потоа доведоа до дестабилизација како на националниот така и на меѓународниот банкарски и воопшто, финансиски систем.

Понатаму, кандидатката ги анализира мерките за надминување на ефектите од кризата во Македонија главно поделени во две категории: (1) мерки преземени од страна на Народната банка на Република Македонија со детална анализа на монетарните инструменти кои се користени во текот на финансиската криза; (2) владини мерки, со детална анализа на донесените пакети антикризни мерки и нивните ефекти врз реалната економија.

На крајот од овој дел, врз основа на претходно добиените резултати од анализата и направените споредби, од страна на кандидатката елаборирани се потенцијалните ризици и врз основа на тоа дадени се препораки за македонската економија во поглед на надворешно трговскиот сектор, увозот, извозот, трговскиот дефицит, движењето на стапката на инфлација, пазарот на капитал и инфраструктурата.

Врз основа на горенаведеното образложение, Комисијата ги донесува следниве

## Оцена и предлог

Докторската дисертација на кандидатката м-р Бранкица Лазаревска под наслов *Глобалната финансиска криза и ефектите во САД и Европа, со посебен осврт на Република Македонија* обработува актуелна и значајна проблематика поврзана со ефектите од глобалната финансиска криза. Во Република Македонија, проблематиката поврзана со ефектите од глобалната финансиска криза е недоволно обработена и елаборирана. Посебно отсуствува литература во која е направена компаративна анализа помеѓу ефектите од финансиската криза во повеќе земји, зависно од специфичностите на нивните економии, законски регулативи и сл. Исто така, за прв пат во оваа докторска дисертација се обработува и се анализира рочната структура на средствата и обврските и висината на финансискиот левериџ на македонските банки, а во контекст на причините за појавата и ефектите од глобалната финансиска криза. Ова е од особено значење имајќи ги предвид искуствата на банките во САД кои пред почетокот на глобалната финансиска криза имаа висок финансиски левериџ и огромна рочна неусогласеност помеѓу нивните средства и обврски, што придонесе за банкрот на дел од инвестиционите банки и загрозување на стабилноста на националниот и глобалниот банкарски систем. Глобалната финансиска криза која од САД се прелеа во Европа доведе до банкротства и на неколку европски банки. Ова укажува на потребата од посветување на поголемо внимание од страна на монетарните власти на анализа на финансиските извештаи на банките, како и зацврстување на стандардите за работење и супервизија на банките.

Посебна придобивка од докторската дисертација претставува деталното елаборирање на ефектите што кризата ги имаше врз економијата,

финансиските пазари и банкарскиот систем во САД, Европа и Република Македонија, со што се влијае во насока на зголемување на аналитичката моќ и подобрување на анализата за макроекономските движења во Македонија. Утврдените податоци, сознанија и заклучоци, значајно ќе придонесат при донесувањето на конкретни, јасни и исправни насоки и политики од страна на македонските монетарни и фискални власти во насока на справување со тековната односно идните финансиски кризи.

Особен придонес претставува и идентификацијата на каналите за пренос на кризата во Република Македонија. На тој начин се даваат сугестии кои носителите на фискалната и монетарната политика можат да ги искористат при донесувањето на проактивни мерки, а се со цел спречување на прелевањето на негативните ефекти од постојната или евентуално нова криза.

Докторската дисертација кандидатката ја обработил методолошки коректно и содржински успеала да опфати релевантни прашања од областа на глобалната финансиска криза. Темата е обработена на концизен начин при што кандидатката користела релевантна домашна и странска литература. Тоа и овозможило да дојде до одредени релевантни заклучоци и ставови за обработената тема. Презентираната структура на докторската дисертација ја остварува својата основна цел, а тоа е преку сублимирање на извршените анализи на ефектите што глобалната финансиска криза ги имаше врз економиите на САД, Европа и Македонија во периодот 2007-2010 година, да даде еден концепт чии препораки се применливи првенствено од носителите на фискални и монетарни политики во Република Македонија и пошироко.

Врз основа на погоре изнесените констатации и оцени за научниот придонес, Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов: "Глобалната финансиска криза и ефектите во САД и Европа, со посебен осврт на Република Македонија", поднесена од кандидатката м-р Бранкица Лазаревска, заклучува дека кандидатката адекватно владее со истражуваната материја и дека поднесениот труд ги задоволува критериумите за докторска дисертација. Со оглед на тоа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје:

1. да го прифати извештајот за позитивна оцена на докторската дисертација под наслов: "Глобалната финансиска криза и ефектите во САД и Европа, со посебен осврт на Република Македонија", и

2. да и одобри на кандидатката м-р Бранкица Лазаревски јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 15. 5.2012 год.

**КОМИСИЈА ЗА ОЦЕНА И ОДБРАНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА**

______________________________с.р.
Проф. д-р Михаил Петковски

______________________________с.р.
Проф. д-р Љубе Трпески

______________________________с.р.
Проф. д-р Горан Петревски

______________________________с.р.
Академ. Таки Фити

______________________________с.р.
Доц. д-р Ѓорѓи Гоцков

Правен факултет "Јустинијан Први"
Бр. 03-827/1
30-05-2012 год.
СКОПЈЕ



**РЕЦЕНЗИЈА
НА ЧИТАНКАТА ПО ПРЕДМЕТОТ СПОРЕДБЕНО УСТАВНО ПРАВО
ОД ПРОФ. Д-Р ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА-ДАВКОВА И
ПРОФ.Д-Р РЕНАТА ДЕСКОСКА**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје, на својата седница одржана на 27.4.2012 година, утврди потреба за издавање читанка по предметот споредбено уставно право и донесе Одлука за определување на рецензенти.

Рецензентската комисија во состав: д-р Саво Климовски, редовен професор и д-р Марика Ристовска, вонреден професор, до Наставно-научниот совет го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

1. Читанката по споредбено уставно право подготвена од проф.д-р Гордана Силјановска-Давкова и проф.д-р Рената Дескоска е обемен зборник на текстови распределени во десет тематски целини, во чии рамки постои поделба на содржаните текстови на задолжителна и дополнителна литература. Наменета е за предметот споредбено уставно право (код на предметната програма: 5081401) - задолжителен предмет од 8. семестар на магистерските студии по уставно право на правните студии при Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, кој носи 8 кредити (75 часа).

Првата тематска целина содржана во читанката е посветена на потребата од изучување споредбено уставно право, содржината на наставната дисциплина и на повеќе прашања кои отвораат научни дилеми, како што е прашањето дали компаративното право е метод, дисциплина или наука, матрицата за уставни споредби и сл. Во рамките на оваа тематска целина, како задолжителна литература на увид на студентите им се ставени текстовите „Изучување на компаративното уставно право" од Франсоа Вентер и „Неколку размислувања за методот на поредбеното уставно право" од Марк Тушне. Во дополнителната литература застапени се текстови од Парадел Труи, Доналд Комер и Гунтер Франкенберг.

Втората тематска целина е посветена на прашањето на создавањето на уставот. Во овој дел, подготвувачите на оваа читанка ги поставуваат прашањата: Што влијае на процесот на создавање на уставот? Како се одвивал процесот на созавање на уставите на Франција, САД и земјите во Централна и Источна Европа, вклучувајќи ја и Македонија, како и прашањето: Какви постапки се применуваат за донесување на уставот? Во рамките на оваа тема понудени се текстовите: „Сили и механизми во процесот на донесување на уставот" од Џон Елстер, „Конституционализмот во Источна и Централна Европа: некои негативни искуства од американското искуство" од Стенли Катз и „Создавање на уставот: принципи, процеси и практика" од Едвард Мехвини. Во дополнителната литература се понудени текстови од Брус Акерман, Виктор Осијатски, Улрих Преус и Мајкл Розенфилд.

Третата тема е посветена на прашањето за филозофските основи на уставните системи, при што се поставени прашањата за владеењето на правото, предвидливоста наспроти правдата и правичноста и сл. Во овој дел, во рамките на задолжителната литература се понудени текстовите: "Rule of law, etat de droit and rechsstaat" од Рајнер Гроте, „Владеење на правото и неговото значење" од Раз, „Парадоксите во револуцијата на владеењето на правото" од Рути Тејтел и „Унгарскиот Уставен суд и социјалните промени" од Ласло Солум. Во дополнителната литература е дадена релевантна одлука на Уставниот суд на Германија (Princess Soraya Case), како и текстови од Хог, Звибел и Теитл.

Четвртата тематска целина е посветена на слободата на говорот, при што подготвувачите на читанката го поставуваат прашањето за споредба на американската и европската перспектива на слободата на говор, прашањето за слободата на печатот и прашањето за клеветата и уставната заштита на изразувањето. Во задолжителната литература презентирани се тектовите на Мајкл Розенфилд и Андраш Сајо „Ширење на либералниот конституционализам", и дел од книгата „Европско право за човекови права" од Јанис, Кеј и Бредли. Во рамките на дополнителната литература се содржани релевантни случаи од Врховниот суд на САД и Европскиот суд за човекови права.

Петтата тема е посветена на правото на приватност и семеен живот при што фокусот е насочен на европската и американската перспектива на правото на приватност и неговото ограничување. Во рамките на задолжителната литература дадени се релевантни пресуди на Европскиот суд за човекови права, како и толкувањата на овие пресуди од страна Јанис, Кеј и Бредли. Дополнителната литература попродлабочено се фокусира на британското и американското видување на правото на приватност.

Шестата тематска целина е посветена на глобализацијата на уставното прво по 9/11, при што го поставува прашањето за балансирање на правата и безбедноста, борбата против криминалот и зачувувањето на безбедноста и нивното значење за уставното право. Во рамките на задолжителната литература содржани се текстовите: „Мигрирање на антиуставни идеи: пост- 9/11 глобализација на јавното право и меѓународна воена состојба", „Уставот од 9/11" од Кас Сустеин. Во рамките на дополнителната литература се содржани текстови од Хелен Фенвик, Конрад Лакмејер и Кристијан Комплак.

Седмата тематска целина е посветена на слободата на вероисповед, при што се поставуваат прашањата за обемот на слободата на вероисповед, проблемот на државната религија, секуларизмот и односот меѓу религијата и образованието. Во задолжителната литература претставени се тектовите: „Природа на религиознаа слобода" од Риверс, „Homo religious меѓу верата и државата" од Г.Силјановска-Давкова, „Перспективите на религиозната слобода: компаративна рамка" од Дурхам, „Секуларизмот и слободата на вероисповед" од Р. Дескоска и одлука на Уставниот суд на Република Македонија во оваа област. Во рамките на дополнителната литература се содржани релевантни судски одлуки и тоа од Уставниот суд на Германија, Врховниот суд на САД и Европскиот суд за човекови права.

Осмата тематска целина го разработува прашањето на уставното судство, при што посебен акцент е даден на моделите на уставносудска заштита во

Централна и Источна Европа, прашањето на легитимитетот на уставните судови и уставната тужба. Во рамките на задолжителната литература се содржани текстовите: „Легитимитетот на уставното судство и демократија“ од Кристијан Старк, „Уставниот суд на Русија: тежок пат до држава со владеење на право“ од Богдановскаја и „За уставното судство“ од Доналд Хоровитц. Во дополнителната литература се дадени текстови од Скач и Бел.

Деветтата тема е посветена на поделбата на власта, нејзиниот историски развој, современата доктрина и примената на принципот. Во задолжителната литература на овој дел содржни се текстовите: „Нова поделба на власта“ од Брус Акерман и „Демократија без мрежа?...“ од Геднер. Во рамките на дополнителна литература содржани се текстови од Комерс и Барнет.

Десетата тема е посветена на организацијата на власта, при што во фокусот е односот парламентаризам наспроти президенцијализам, моделите на организација на власта во Централна и Источна Европа: “copy-cuts” и спецификите, како и слабостите на уставните решенија за организација на власта. Во рамките на задолжителната литература се содржани текстовите „Поделба на власта во парламентарните системи“ од Гај Питерс и „Ниту президенцијализам ниту парламентаризам“ од Сартори. Во рамките на дополнителната литература се содржани текстови од Степан. Скач и Бунце.

Во зборникот на текстови по предметот споредбено уставно право, од проф.д-р Гордана Силјановска-Давкова и проф.д-р Рената Дескоска, содржани се најрелевантни, современи и провокативни текстови за темите кои се обработени. Оваа читанка им нуди на студентите увид во актуелната странска литература од областа на споредбеното уставно право. Подготвената читанка е наменета за студентите на предметот споредбено уставно право, кој е задолжителен предмет на магистерските студии по уставно право на Правниот факултет и по својата содржина и обем одговара на усвоениот силабус и на усвоените правила за студирање.

Во својство на рецензенти сакаме да истакнеме дека пристапот кој го одбрале подготвувачите на читанката, а кој подразбира директно учење од страна на студентите на релевантна и современа странска литература, претставува пристап кој заслужува пофалба бидејќи им дава можност на студентите да стекнат квалитетно знаење кое ги прави конкурентни на студентите од најреномираните странски факултети.

Од тие причини со задоволство му препорачуваме на Правниот факултет „Јустинијан Први“ да ја одобри за користење на читанката од проф.д-р Гордана Силјановска-Давкова и проф.д-р Рената Дескоска во наставата по предметот споредбено уставно право.

РЕЦЕНЗЕНТИ:

1. Д-р Саво Климовски, редовен професор, с.р.
2. Д-р Марика Ристовска, вонреден професор, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК
# „УВОД ВО СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ“
# ОД АВТОРИТЕ
# ПРОФ. Д-Р НАТАША АНГЕЛОСКА- ГАЛЕВСКА И ПРОФ. Д-Р БОРИС КОЖУХ

Согласно со одлуката на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, донесена на XXVI редовна седница одржана на 18. IV 2011 година, ја поднесувам следната рецензија на ракописот за учебник „Увод во статистичка обработка на податоци“ од авторите проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска и проф. д-р Борис Кожух.

## ИЗВЕШТАЈ

Учебникот *Увод во статистичка обработка на податоци* е втор заеднички труд на авторите Галевска и Кожух. Станува збор за двајца истакнати професори од областа на методологијата на научните истражувања и статистиката. Проф. д-р Наташа Ангелоска-Галевска е редовен професор на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а проф. д-р Борис Кожух е редовен професор на Универзитетскиот колеџ во Краков и Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана.

Учебникот *Увод во статистичка обработка на податоци* е наменет за поширока популација на корисници, студенти, постдипломци, докторанди и сите други кои се занимаваат со истражувачка работа во педагогијата и другите општествени науки. Учебникот содржи упатства за примена на статистички постапки од дескриптивната и инференцијалната статистика. Пишуван е на разбирлив и прецизен научен јазик со соодветна стручна терминологија и илустриран со слики за алгоритамско водење на корисникот низ одделните чекори на статистичката анализа.

Според својата цел и намена, учебникот ќе служи како задолжителна литература за предметите: статистичка анализа на податоци на втор циклус студии по педагошки науки на Филозофскиот факултет во Скопје (втор семестар на втор циклус студии, 12 часа, 4 ЕКТС) и предметот анализа и интерпретација на податоци на трет циклус студии од групата изборни предмети за сите студенти на Школата за докторски студии при Универзитетиот „Св. Кирил и Методиј“ (втор семестар на трет циклус студии, 30 часа). Учебникот може да се користи и како помошна литература за поширока популација корисници на прв, втор и трет циклус студии во рамките на предметите од областа на методологијата, статистиката и анализата на податоци, како и за сите други кои се занимаваат со истражувачка работа во областа на општествените и хуманистичките науки.

Содржински е структуриран во десет глави, библиографија и прилози со постапно водење на читателот од основните операции за подготовка и средување на емпирискиот материјал до пoсложените параметриски и непараметриски постапки за тестирање на значајност на разлики согласно со природата на добиените податоци. Последните глави во учебникот содржат корисни упатства за начините на складирање, пренесување и повторно користење на создадените датотеки.

Учебникот содржи упатства за користење на PSPP-програмата која е направена по пример на најкористената програма за статистичка анализа на податоци од општествени истражувања, програмата SPSS (Statistical Package for Social Sciences). Предноста на PSPP е што е бесплатна и достапна за сите корисници, а овозможува лесно и едноставно средување на обемен емпириски материјал добиен од истражувањата, без претходни познавања на оваа или други програми. Развивањето на нови верзии на програмата во иднина, нема да го менува базичниот пристап на работа, па затоа сметаме дека овој учебник ќе биде корисен уште низа години.

**Заклучок и предлог:**

Учебникот *Увод во статистичка обработка на податоци* од авторите Наташа Ангелоска-Галевска и Борис Кожух ќе биде од исклучително значење за развивање на вештините на студентите за компјутерска анализа на статистичките податоци, што посредно значи придонес кон повисок квалитет на научноистражувачката работа во областа на педагогијата и другите општествени науки. Со овој учебник се компензира дефицитот на учебничка литература од областа на методологијата и статистиката во педагогијата кој беше присутен изминатиов период и ќе овозможи поефикасно совладување на целите и содржините од овие предмети на сите три циклуси на студирање. Согласно со сите наведени причини, топло препорачуваме негово печатење и користење во универзитетската настава.

Скопје, 28. V 2012

Рецензент

Проф. д-р Зоран Велковски, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНИК „УВОД ВО СТАТИСТИЧКА ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИ"
# ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р НАТАША АНГЕЛОСКА- ГАЛЕВСКА И ПРОФ. Д-Р БОРИС КОЖУХ

Врз основа на член 38 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 16 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXVI редовна седница, одржана на 18. IV 2011 година, донесе одлука за назначување Рецензентска комисија за учебникот „Увод во статистичка обработка на податоци", во состав: проф. д-р Зоран Велковски и доц. д-р Елизабета Томевска-Илиевска.

Со особена чест за укажаната доверба, по опсежното разгледување на ракописот, рецензентот до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Учебникот **Увод во статистичка обработка на податоци** е исклучително сериозен труд, како во однос на начинот на претставување на поставената проблематика, така и во однос на степенот на неговата актуелност и применливост.

Учебникот е актуелен со оглед на тоа што следи современи трендови во областа на истражувачката работа, давајќи можности за развивање вештини за за статистичка обработка на податоци добиени од истражување со примена на една од најсовремените програми - PSPP-програмата. Овој процес е дидактички обликуван како совладување на одделни чекори, при што е запазен принципот од поедноставно кон посложено. При тоа авторите градат конзистентен систем на развиен модел на информатичко описменување. Запазени се дидактичките барања за современо обликување на учебникот преку користење на слики (прозорци) од конкретни фази од процесот на статистичка обработка на податоците.

Значајно е да се истакне посебната примена на овој учебник, и тоа како задолжителна литература за предметите: статистичка анализа на податоци (втор семестар на втор циклус студии, 12 часа, 4 ЕКТС), на втор циклус студии по педагошки науки на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје и предметот анализа и интерпретација на податоци (втор семестар на трет циклус студии, 30 часа), на трет циклус студии од групата изборни предмети за сите студенти на Универзитетиот „Св. Кирил и Методиј". Учебникот може да се користи и како помошна литература за поширока популација корисници на

прв, втор и трет циклус студии во рамките на предметите од областа на методологијата, статистиката и анализата на податоци, како и за сите други кои се занимаваат со истражувачка работа во областа на општествените и хуманистичките науки.

Учебникот не е пишуван само за статистичари, туку тој дава можности за општа примена и за секојдневните корисниците на статистичките методи во рамките на сопствените истражувања и во стручната работа во која било област.

Многубројните педагошки истражувања продуцираат голем емпириски материјал чија статистичка обработка е ефективна само со помош на компјутерска обработка. Тоа, пред сé, се однесува на компјутерската обработка со висок степен на самостојност на истражувачот во процесот на обработка на податоците, при што е значајно да се истакне дека содржините од овој учебник се во функција на ефектуирање на овој процес.

Во процесот на статистичка обработка на податоците најмногу користена, најцелосна и најпопуларна е програмата наречена SPSS, што е кратенка од англискиот јазик-Статистички пакет за општествени науки (Statistical Package for Social Sciences), која бележи постојана развојност.

Во прилог на оваа констатација се вбројува и фактот дека авторите на овој учебник уште во 2008 година издадоа прирачник за користење на SPSS под назив Статистичка анализа на податоци (ISBN-978-608-4508-06-9; CoBISS.MK-ID 73761290).

Учебникот ќе биде во функција на поддршка на користењето на PSPP-програмата за статистичка обработка на податоци, како економичен модел корисен за самостојна обработка на податоци од истражувањата добиени на различни таргет-групи како: додипломци, магистранди и докторанди.

Учебникот првенствено е наменет за учење и користење на најновите верзии на програмата PSPP. Не е потребно никакво познавање на старите програми на PSPP, ниту на SPSS.

Ракописот е со обем од 145 страници печатен текст, прилози и литература. Тој е солидно методолошки структуриран во 10 (десет) глави, поглавја и потпоглавја, меѓу кои има логичка поврзаност и редослед. Карактеристика по која е специфичен учебникот е алгоритмизираниот пристап во објаснувањето на фазите на обработката на податоците преку наведената програма, целовремено проследен со концизни упатства за корисниците, поддржан со бројни слики од конкретни "прозорци", табели и графикони. Ваквиот пристап овозможува висок степен на самостојно учење на студентите за примена на PSPP програмата.

Првата глава, **Програмата PSPP**, на студентите им дава општи информации по однос на достапноста на PSPP-програмата и нејзината применливост во процесот на изработка на дипломски и магистерски трудови. Во овој дел се даваат инструкции за пребарувачот на интернет кој овозможува бесплатна употреба, при што треба да се избере најновата верзија на програмата и по што следува нејзино пренесување на компјутер. Користењето на програмата PSPP се одвива низ следниве чекори: подготовка на податоците

за обработка, внесување на податоци, опис на податоците, обработка на податоци, преглед на резултатите од обработката, дополнително средување на податоците и повторна обработка и преглед на резултатите.

Во втората глава, **Подготовката на податоците,** се објаснува фазата на средување и подготвување на податоците пред нивната статистичка обработка. Посебен осврт се дава на подготовката на податоците за атрибутивни варијабли и за податоците на нумерички варијабли. Во овој дел се објаснува подготовката на податоците за компјутерска обработка во делот на собирање податоци, листа на варијабли, пишување на вредности, податоци кои недостасуваат и непосредно и посредно внесување на податоци.

**Внесувањето на податоците,** поточно избирањето на програмите во кои што ќе се внесуваат податоци за статистичка обработка, како и деталниот преглед на фазите при внесувањето на податоци со помош на PSPP се предмет на излагањето во третата глава. По опширното претставување на можностите за избирање на соодветни програми за внесување на податоци во компјутерот, авторите опширно ги изнесуваат упатствата за секоја наредна активност и потреба за внесување на поединечните податоци со помош на PSPP.

По прегледот на резултатите честопати е потребно враќање кон појдовните податоци и нивно дополнително опишување. Авторите во четвртата глава насловена **Опишување на податоците** се осврнуваат на трите постапки за опишување на варијаблите, и тоа: Label, Values, Missing. Постапката Label овозможува давање на подолги називи на варијаблите со што се овозможува поекономичен и прегледен пристап во процесот на обработка и интерпретација на резултатите. Со постапката Values се определуваат називите на вредностите на варијаблата (категориите). Со користење на функцијата Missing се овозможува дефинирање на податоците кои недостасуваат, односно се овозможува одговорите што недостасуваат да бидат испишани во посебна рубрика или таквите одговори воопшто да не бидат вклучени во процесот на обработката на резултатите.

Авторите во петтата глава насловена како **Обработка на податоци** се осврнуваат на статистички постапки погодни за обработка на податоци добиени од истражување. Покрај едноставните мерки за пресметка како што се: модот, аритметичката средина, стандарна девијација и варијансата, во PSPP-програмата може да се користат и посложени постапки од инференцијалната статистика, како што се: коефициенти на корелација, парцијална корелација, мултипла корелација, т-тест, анализа на варијанса, непараметриски проценки итн. Авторите многу успешно, преку конкретни примери, успеваат да го опишат користењето на следните програми во процесот на обработка на податоците, и тоа: Descriptive Statistics и Non-Parametric Statistics, и потпрограми: Frequencies, Descriptives, Crosstabs, Bivariate Correlations, Chi Square Test.

Содржините во однос на **средувањето на податоците** пред процесот на конечната обработка се сместени во шестата глава во учебникот. Во овој дел, авторите многу успешно ја објаснуваат постапката за креирање на новите варијабли како збирови од постојните варијабли. Во оваа глава, авторите со голема јаснотија ги објаснуваат двете постапки за соединување на категориите, а на читателот му овозможуваат сликовит увид за сите конкретни постапки за

на крај да се објасни процесот на избирање на испитаници за крајната обработка на податоците.

Наредната глава е особено значајна поради тоа што разработува содржини од областа на **резултатите.** Во оваа глава авторите ги анализираат поединечните потпрограми, од аспект на преглед на добиените резултати: Frequencies, Descriptives, Crosstabs, Bivariate Correlations, Chi Square Test.

Осмата глава од учебникот е посветена на **складирање на датотеки.** Посебна тежина на ова поглавје дава пристапот на авторите, нивната систематичност и прегледност при опишувањето на процесот на подготовка на складирањето на датотеките, датотеките со податоци, датотеки со упатства за обработка и во делот кој се однесува на извоз на датотеки со резултати.

Деветтата глава од учебникот го обработува процесот за **повторна употреба на датотеките,** и тоа: датотеки со податоци, датотеки со упатства за обработка и датотеки со резултати.

Во последната, десеттата глава авторите користат обединувачки и интегративен пристап за графичко претставување на сите фази од процесот на статистичка обработка на податоците со користење на PSPP-програмата со што го олеснуваат процесот на учење, што на учебникот му дава посебен квалитет.

Од приложената библиографија на крајот од учебникот може да се заклучи дека авторите користеле богата и релевантна, пред сè, странска литература, што говори за пристапот до квалитетни извори на современи сознанија и трендови во практиката на истражувачката работа.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ:

Земајќи ги предвид сите претходно изнесени констатации за квалитетот и актуелноста на обработуваната проблематика, како и оригиналноста на предложените решенија за подобрување на академската настава во областа на истражувањето, со посебена чест и задоволство му предложувам на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да го одобри објавувањето на учебникот **„Увод во статистичка обработка на податоци“**.

Скопје, 14.V 2012 Рецензент

Доц. д-р Елизабета Томевска-Илиевска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СИСТЕМОТ НА РЕЛИГИСКИ ВРЕДНОСТИ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА И ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА" ОД М-Р ХРИСТИНА ИГНАТОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на членовите 56, 57 и 58 од Правилникот за единствените основи за организирање на постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и член 53 од Статутот на Филозофскиот факултет, Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXVII редовна седница одржана на 16.5. 2012 година, донесе одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација поднесена од м-р Христина Игнатовска со наслов „Системот на религиски вредности во Европската унија и во Република Македонија", во состав: проф. д-р Зоран Матевски, проф. д-р Ѓорѓе Младеновски, проф. д-р Антоанела Петковска, проф. д-р Илија Ацески и доц. д-р Татјана Стојаноска. По прегледувањето на приложениот труд Комисијата има чест да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација **Системот на религиски вредности во Европската унија и во Република Македонија,** поднесена од м-р Христина Игнатовска, е презентирана на 281 страница со вовед, пет глави, користена литература и додаток. Содржината на главите е поделена на поглавја се со цел за поаналитичко и пообемно истражување и објаснување на научната проблематика.

Во воведот на својот докторски труд, м-р Христина Игнатовска се осврнува на улогата на вредностите за постигнување и одржување на кохезија во современото општество на Република Македонија и во современите општества на ниво на Европската унија. Прашањето кое неминовно се наметнува од страна на научната јавност, која се занимава подлабоко со оваа проблематика, се однесува на барањето одговор на дилемата за доминантноста на вредностите во општества со различни уредувања. Кандидатката прецизира дека надворешната слика на општеството укажува на скалата на доминантните внатрешни општествени вредности. Во таа насока, кога од системот вредности што се застапени во некои земји-членки на Европската унија, ќе се издвојат оние што се најзначајни за кохабитацијата во Република Македонија, како во историјата така и денес, би можеле да дојдеме до она што за Република Македонија е од суштинско значење и кое треба да се сочува, да потврди и да одржи. Во крајна инстанца, гледано од социолошка перспектива, Република Македонија претставува интеркултурна конструкција во која доминираат вредносните аспекти на религијата и етничката припадност.

Првиот дел од трудот ја определува основната поимна рамка на истражувањето. Кандидатката м-р Христина Игнатовска наведува дека цел на ова истражување е да проучи одредени теориски ставови кои се однесуваат на религијата, религиските системи и на религиските вредности и норми во Европската унија, со посебен осврт на некои од земјите-членки, и во Република Македонија како земја-кандидат. За истражувачката техника - анализа на содржина се употребува целен и тоа сеопфатен примерок. Основна маса на примерокот се легислативата на Европската унија (акти на ниво на Унија) и соодветни документи од легислативата на Република Македонија. За полуструктурираните интервјуа се користи целен примерок. Беа избрани експерти за религиски прашања во Република Македонија, од религиската, академската и политичката елита во државата. Во однос на теориската поткрепеност на истражувањето, петтиот дел на ова поглавје ја дава апликативно корстената рамка развиена од Грејс Дејви. Според наведеното, при одредувањето на спецификите на европскиот религиозен живот и неговите односи со европската историја и култура, религијата е концептуализирана како форма на колективна меморија и специфичен модел на верување.

Во второто поглавје кандидатката своето внимание го насочува кон основните карактеристики на религиските профили во Европа и во Република Македонија. Проблематиката се однесува на социолошко третирање на религиските вредности, т.е. карактеристиките на религиозниот живот во Западна Европа, гледан во целост и поединечно во рамки на некои од државите-членки. Во тој контекст, м-р Христина Игнатовска со право истакнува дека популацијата на Европа денес во голем број станува сè повеќе нецрковна или религиозна на специфичен начин, наместо едноставно секуларна. Религијата има посебен примат токму поради историската димензија од причина што без разлика дали гледаме синхрониски или дијахрониски, без неа не постои начин да се разбере европската култура и традиција, односно европското нематеријално наследство земено во целина или, пак, партикуларно во рамките на националните држави кои ѝ припаѓаат на Европа. Ова понатаму остварува реперкусии на многу други нивоа, а истовремено е во директна поврзаност со остварувањето на основните човекови права и слободи.

На крајот од првиот дел, во третото поглавје кандидатката ја објаснува нераскинливата релација помеѓу религиските заедници и државата. Оваа влијание помеѓу државата и религијата, односно религиската заедница е заемно и иреверзибилно. Во рамките на една држава, односот кон религијата не произлегува исклучително од страна на државните институции. Влијание и корелација воспоставуваат и политичките партии. Кандидатката забележува дека религиските заедници и државите можат да имаат позитивен однос, но и конфликтен. Државата може да ја игнорира религиската заедница, но може да има и државна црква. Идеален е односот во кој сите религиски заедници имаат подеднакви права без какви било разлики. Кандидатката потенцира дека Советот на Европа, кон крајот на деведесеттите години на сите земји-членки им предложи да овозможат сите религиски заедници да се развиват под исти услови. Демократските држави во кои се загарантирани еднакви права за

сите религии и религиски заедници, не го загрозуваат интересот на ниту една религиска заедница

Практичниот дел е составен од две поглавја во кои кандидатката м-р Христина Игнатовска ги анализира и ги интерпретира резултатите од полуструктуираното интервју, како и соодветната правна легислатива. Во првиот дел од ова поглавје, кандидатката ги анализира ставовите на соговорниците од религиската елита во Република Македонија за влијанието на религиските вредности во современото општество на Република Македонија и во современите општества на Европската унија. Во вториот дел на ова поглавје кандидатката ги анализира ставовите на соговорниците од академската елита во Република Македонија, а во третиот - на соговорниците од политичката елита. Добиените податоци се доследно уредени, и логички и содржински анализирани. Од позначајните сознанија до кои дојдовме за односот на религиските вредности во современото европско општество воопшто и во современото македонско општество посебно, во извештајот од истражувањето, односно дел седум се наведуваат оние што се посебно индикативни, инструктивни и релевантни. Кандидатката констатира дека соговорниците веруваат во извесна заедничка перцептивност во поглед на специфичноста и иманентноста на Унијата (како што е вреднувањето на основните човекови права и слободи). Овој факт е од исклучително значење од причина што доведува до поврзување со Европската конвенција за човекови права, чиј круцијално заштитен елемент е секако религијата и посебно дава придонес во потврдувањето на генералната хипотеза на дисертационото истражување. Во рамките на интерпретацијата кандидатката констатира дека религиските вредности на комунитарно ниво имаат традиционално значење. Тие денес ги детерминираат демократските права и слободи (праведност, еднаквост и рамноправност), врз кои се градат принципите на примерна демократија, на владеењето на правото и на социјалната правда. Религиозните вредности имаат извонредно големо влијание во општеството на Република Македонија од причина што нивното традиционално влијание е огромно. Заедно со политичките вредности влијаат врз амбивалентниот карактер на општеството, најмногу поради сложените и противречни процеси и недефинираноста на социо-културниот контекст во минатото, но и денес.

Практичниот дел на трудот ја содржи анализата на соодветната комунитарна и македонска легислатива во два засебни раздела. Надлежните тела за оваа проблематика, своите ингеренции ги реализираат преку регулативите кои постојат на ниво на Европската унија. Истото се однесува и за Република Македонија и законската регулатива која што е воспоставена врз основа на религискиот систем во земјата, а е во согласност со европските стандарди и норми и со стандардите и нормите на соодветните меѓународни заедници. Во овој тек се разгледуваат актуелните прашања во Европската унија што се однесуваат на религијата, со посебен осврт на Повелбата за основните човекови права. Согласно со начелните насоки предодредени за целите на истражувањето, Договорот од Лисабон е подетално разгледан. Паралелно со него се разгледани и основните принципи на Европската унија, т.е. „принципот на супсидијарност“ и „принципот на пропорцијалност“, кои во согласност со широчината на

своето дејствување го опфаќаат подрачјето на човековите права, а со тоа и тесното грло на правата и слободите кои се однесуваат на религијата. Вака поставеното дедуктивно разгледување дава јасна претстава за коресподенцијата на состојбата на религиозните права и слободи во Унијата и во Македонија. Во тој контекст, м-р Игнатовска потврдува дека организациите на граѓанскиот сектор отсекогаш имале улога на критичари како катализатори за изготвување и прифаќање на конвенциите за човекови права, а исто така дејствувале и како посматрачи при спроведувањето на спогодбите.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата смета дека докторската дисертација на м-р Христина Игнатовска со наслов „Системот на религиски вредности во Европската унија и во Република Македонија" по својот пристап, теоретска анализа и истражувачки резултати дава придонес во социолошката наука кај нас, особено ако се има предвид фактот дека во нашата научна средина има недоволно истражувања на овој план. Кандидатката успешно го операционализира предметот на истражувањето, има јасна формулација на научноистражувачкиот проблем и прецизно ги формулира научните и општествено-практичните цели и задачи на истражувањето. Исто така, кандидатката јасно ја гради хипотетичката рамка на истражувањето и се определува за методи и методски постапки кои се соодветни на предметот на истражувањето. Оттука, дисертацијата на м-р Христина Игнатовска е сериозен и интересен научен труд, во кој преку испитувањето на ставовите на елитните групи (религиската, академската и политичката) во Република Македонија и компаративната анализа на таргетната комунитарна и македонска легислатива утврдува пресликувања на религиските вредности помеѓу современите општества на земјите членки на Европската унија и современото општество на Република Македонија како земја-кандидат за членство.

Имаме чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да ги усвои извештајот и оцената за предложената докторска дисертација на кандидатката м-р Христина Игнатовска како позитивни, со што кандидатката би пристапила кон одбрана на докторската дисертација.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Зоран Матевски, с.р.
Проф. д-р Ѓорѓе Младеновски, с.р.
Проф. д-р Антоанела Петковска, с.р.
Проф. д-р Илија Ацески, с.р.
Доц. д-р Татјана Стојаноска, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „СОЦИЈАЛНИОТ СТАТУС НА СЕМЕЈСТВОТО И ПОЈАВАТА НА ЗАВИСНОСТИ КАЈ ЧЛЕНОВИТЕ“, ПОДНЕСЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р АФРИМ ЛЕЛА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на својата XXIV редовна седница одржана на 16.II 2012 година, донесе одлука за формирање на Комисија за оцена на докторскиот труд на м-р Африм Лела под наслов: **Социјалниот статус на семејството и појавата на зависности кај членовите,** во состав: проф. д-р Верица Стаменкова Трајкова, проф. д-р Димитар Трајковски, проф. д-р Сунчица Димитријоска, проф. д-р Дивна Лакинска и проф. д-р Нелко Стојановски.

Комисијата ја проучи структурата и содржината на докторскиот труд и има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје да му го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторскиот труд на м-р Африм Лела под наслов**: Социјалниот статус на семејството и појавата на зависности кај членовите** е презентиран на 231 страница, од кои: основниот текст е презентиран на 222 страници компјутерски обработен текст, 6 страници библиографија и 5 страници прилози.

Трудот е поделен во седум поглавја. Во првите шест се обработуваат теоретските прашања во врска со основниот проблем на истражувањето. Седмиот дел е посветен на истражувањето, методологијата на истражување која се користи во трудот, добиените резултати и дискусија на резултатите, заклучоците и предлозите.

Трудот завршува со библиографија со повеќе од 60 библиографски единици, користени документи и закони.

Основните наслови, по воведот, кои ја чинат структурата на секое поглавје, се: Семејство – теоретски концепции и функции на семејствотото; Законски одредби кои се однесуваат на заштитата на семејство; Зависности - средства на зависност, фактори на ризик, видови зависности, методи на лечење, превенција на зависностите; Превенција и лекување на наркоманијата; Национална стратегија за droги на Република Македонија; Релевантни истражувања за користењето на droги во Република

Македонија; Истражување- поврзаноста помеѓу социјалниот статус на семејството и појавата на зависност кај членовите.

Во **Воведот**, кандидатот дава опис на содржината на трудот со краток опис и на поглавјата од секој дел. Истакнувајќи го влијанието на општествените фактори врз функционирањето на семејството и положбата и улогата на родителите како основен агенс на социјализацијата на децата, кандидатот се обидува да ги открие основните општествени и семејни фактори кои можат да бидат причина за појава на нарушено однесување кај членовите во семејството и појавата на зависничко поведение кај некој од нив.

**Првото поглавје** од теоретската обработка под наслов: „Семејство – теоретски концепции и функции на семејството“, акцентот е ставен на семејството како основен агенс на социјализација, дефинирањето на семејството, класификацијата на основните теоретски пристапи во истражувањето на семејството и функциите на семејството. Посебен ацент во трудот е даден на односите во семејството, функционалните и дисфункционални семејни односи во рамките на кои во истражувањето се бараат и дел од причините за појавата на зависничко поведение кај еден или повеќе членови. За одбележување е освртот кон прашањето за моделите на одгледување и воспитување на децата како причина и последица за појава на нарушено однесување и зависности кај членовите. Како нешто релативно ново кое ретко се среќава во концепцијата за семејството, кое е обработено како посебен дел во ова поглавје, се кризите во семејството, развојни и неразвојни, и нивната поврзаност со зависноста кај семејствата. Во посебен дел направен е осврт и кон едно исклучително значајно прашање: ефектите од разводот врз детското приспособување или нарушено однесување кое води подоцна до зависност.

Во **второто поглавје** кандидатот прави осврт на законската регулатива на ова подрачје, законските одредби кои се однесуваат на заштитата на семејството во: Законот за социјална заштита, Законот за семејство, Законодавство во врска со дрогите во РМ и посебно се осврнува на институциите за спроведување на законот. Објаснувањето на законските регулативи во врска со семејството, всушност, претставува вовед во третиот дел од трудот насловен како: Зависности - средства на зависност, фактори на ризик, видови зависности, методи на лечење, превенција на зависностите. Посебно внимание е посветено на психолошките механизми на дејствување на средствата на зависност, основните причини и факторите кои придонесуваат за појавата на зависничкото однесување. Теоретски се обработени зависноста од алкохол и посебно зависноста од droги. За практиката е од особено значење, истакнува кандидатот, откривањето на причините поради кои во семејството е нарушено функционирањето и препознавањето на симптомите кај поединците, кои упатуваат на дисфункционалност на семејниот систем, при што дисфункционалноста така се поврзува со патолошкото однесување на еден или повеќе членови. Големите промени во семејната структура и функција, како што веќе истакнавме, имаат сериозни социјални и психолошки последици врз

животот на неговите членови, заради што посебен акцент во трудот е ставен на превенцијата од дрога.

Во **петтиот дел** м-р Лела дава приказ на Национална стратегија за дроги на Република Македонија, со посебен осврт на водечките принципи и цели на Националната стратегија за дрога. Анализирајќи ја стратегијата, кандидатот дава свој осврт кон функционалните делови на оваа стратегија, но и на оние за кои смета дека треба да бидат поапликативни. Голем дел од младите, како пробатори или уживатели, повремено или стално пушат или пијат, користат различен вид дрога, со што сериозно го загрозуваат своето здравје, физичкото и психичкото. Знаејќи дека во градењето на личноста на децата и младите е најзначајна улогата на семејството, кандидатот ќе констатира дека кругот се затвора од каде што почна: ризик во семејството - ризични развојни кризи - ризични општествени промени - ризично однесување на младите, зависност. Поаѓајки од оваа констатација, во следниот, шести дел од трудот насловен како: „Релевантни истражувања за користењето на дроги во Република Македонија", направен е приказ на постојните истражувања на овој проблем, за кои кандидатот констатира дека нивниот број е мал и недоволно поврзан со факторите во семејството. Прикажани се истражувањата кои го обработуваат прашањето во врска со бројноста на корисници на различни видови дрога, морталитетот и морбидитетот, посебните групи, ранливи кои се поизложени на ризик од зависност и потребата од примарна превенција на припадниците на овие групи.

Имајќи предвид дека во рамките на социјалниот статус на семејството влијаат повеќе фактори и тоа дека влијанието на секој од нив е малку истражувано не само кај нас туку и во светот, било основна причина заради која кандидатот се определил за истражувањето на поврзаноста на овие две појави, очекувајќи дека со резултатите ќе овозможат да се потврдат или отфрлат некои од досегашните сознанија, како и дека ќе се придонесе во откривањето на нови и досега недоволно истражени влијанија на семејните фактори во рамките на социјалниот статус на семејството врз појавата на зависности кај неговите членови. Посебен акцент во истражувањето е ставен на специфичностите на појавата на зависности во семејствата во недоволно развиени средини како што е општината Дебар, која е специфична и по тоа што е територија низ која поминува главниот транспорт на дрога од азиските земји наменета за италјанскиот пазар. Дел од транспортот на дрога останува во Македонија, а се дистрибуира преку ситни дилери кои живеат на територијата на општината Дебар. На тој начин дрогата станува лесно достапна до жителите на оваа општина, а посебно до младите. Имајќи ја предвид вулнерабилноста на подрачјето, очекувано е дека бројот на уживатели на дрога од различен вид ќе биде значајно поголем отколку во другите подрачја во државата. Меѓутоа, имајќи го предвид сè уште традиционалниот начин на живот на најголем број семејства во општината, се очекува и мал број на лица кои се зависници од дрога. Дали е така, и колку семејството и условите во него (социјалниот статус, традиционалниот начин на живот и функционалноста на

семејството), покрај вулнерабилноста на подрачјето, се одговорни за појавата на зависност кај некои членови, е основно прашање на кое се обидува да одговори во истражувањето. Една од главните задачи на овој труд е да се испита степенот на поврзаност помеѓу социјалниот статус на семејството и појавата на различен вид зависност кај еден или повеќе членови и ако постои, кои семејства се најпогодени – дали се тоа семејствата со низок, среден или висок социјален статус? Испитувањето се базира на објективни показатели преку кои се оценува социјалниот статус како што се материјалната состојба, вкупниот приход, вработеноста на членовите и образованието, како и на објективни показатели во однос на структурата на семејствата (целосни или нецелосни).

Покрај објективните показатели, во истражувањето се анализирани и субјективните показатели кои пред сè се однесуваат на функционалноста на семејството, проценка која ќе ја направат самите членови на семејството.

Резултатите од истражувањето се добиени со употреба на квантитативна и квалитативна истражувачка стратегија. За потребите на ова истражување се користат следниве техники:

- анализа на содржина на официјален документ добиен од МВР за карактеристиките на примерокот зависници од дрога евидентирани на подрачјето на општината Дебар во периодот до 30.7.2009 год.

- анкетен прашалник, подготвен специјално за ова истражување, со кој се опфатени семејствата кои се целна група на ова истражување. Анкетниот прашалник е дизајниран за добивање на основни податоци за семејството, неговата целосност –нецелосност и за односите во семејството.

-неструктурирано интервју, кое се користи заедно со прашалникот.

Податоците се статистички обработени со примена на Hi-квадрат тест и двострук семантички диференцијал, како техника се користи за оценка на односите помеѓу членовите во семејството.

Од проверката на 4 посебни хипотези, кандидатот ги истакнува следниве резултати:

- постои значајна разлика во бројот на зависници од семејства со различен социо-економски статус;
- бројот на зависници кои потекнуваат од нецелосни семејства е поголем од бројот на оние што потекнуваат од целосни семејства (се потврди);
- бројот на зависници кои потекнуваат од дисфункционални семејства е значајно поголем отколку од функционалните семејства;
- постојат значајна разлики во бројот на зависници меѓу припадниците од различни етникуми.

Врз основа на добиените резултати заклучено е дека постои поврзаност помеѓу социјалниот статус, структурата и функционалноста на семејството и појавата на зависност кај некои од членовите во семејството. Проблемот со појавата на зависност меѓу популацијата во општината Дебар, според бројот на евидентирани зависници од страна на МВР, не е

распространет во широки димензии. Меѓутоа, ако се послужиме со усвоената проценка која се среќава во литературата, според која на секој евидентиран зависник доаѓаат уште најмалку двајца неевидентирани, тогаш според бројот на жители во општината проблемот не е занемарлив и треба да му се посвети посебно внимание со цел да се спречи, а потоа и да се отстрани. Заради ризичноста на општината, како транзитна територија низ која минува дрогата и претпоставката дека дел од дрогата останува тука, станува актуелно прашањето за превенција на семејството, а посебно на младите со цел да се спречи злоупотребата на кој бил вид дрога. На семејствата со зависник им е потребна психосоцијална помош која ќе го зајакне семејството и ќе им даде поддршка на неговите членови особено во текот на лекувањето и во периодот на апстиненција. Бидејќи општината нема институции специјализирани за работа со зависници, улогата на советници за семејството, според мислењето на кандидатот би требало да ја преземе Центарот за социјална работа. Заклучоците изведени на мал примерок како што е примерокот во ова истражување не можат да се генерализираат, но можат да послужат како основа за понатамошни истражувања на појавата на зависност особено меѓу младата популација кај која трендот на пораст на бројот на зависници од хероин е во пораст, што се потврдува и во други истражувања.

## ЗАКЛУЧОК

Докторскиот труд на кандидатот м-р Африм Лела претставува обид да се добијат сознанија за влијанието на одреден сет од психо-социјални и социјално-економски фактори во семејството, како и општествените промени и проблеми кои се одразуваат врз семејството, а особено врз младите, а се поврзани со појавата на зависност од дроги кај одредени членови. Бидејќи најголем број од досегашните истражувања, истражувањето на овој проблем го лоцираат претежно во средината, влијанието на врсничката група и други социјални фактори, добиените сознанија во овој труд се новина во проучувањето на проблемот во една ваква постава на влијание на претежно психо-социјални фактори. Резултатите кои се добиени, особено во врска со нарушените интеракциски врски меѓу родителите и децата, влијанието на негативните вредности кои родителите ги формираат кај децата, постојната патологија во семејството и појавата на нарушувања во однесувањето на децата од тие семејства, се од посебно значење за идните истражувања во оваа област. Како посебен квалитет на трудот можеме да го истакнеме успешното поврзување на повеќе релевантни фактори кои имаат влијание на појавата на зависност, како што се: родителските пораки, односите меѓу родителите и децата и вредностите кои се формираат во долгиот развоен процес на младите и поведението (позитивно или негативно) кај детето. За истакнување е и тоа што кандидатот се осврнува и на неопходноста од превенцијата на

зависноста со вклучувањето на семејството, центрите за социјална работа и Министерството за внатрешни работи и други релевантни министерства во намалување на појавата на зависности кај младите. Имајќи го предвид претходното, Комисијата позитивно го оцени докторскиот труд на м-р Африм Лела, под наслов: **Социјалниот статус на семејството и појавата на зависности кај членовите,** и на Наставно –научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје со задоволство му предлага да го прифати овој извештај и да определи термин за негова одбрана.

**Комисија**

Проф. д-р Верица Стаменкова Трајкова, с.р.
Проф. д-р Димитар Трајковски, с.р.
Проф. д-р Сунчица Димитријоска, с.р.
Проф. д-р Дивна Лакинска, с.р.
Проф. д-р Нелко Стојановски, с.р.

Скопје, 3.5.2012

**РЕЦЕНЗИЈА**
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
„ЕКОНОМСКИТЕ АСПЕКТИ НА ЕВРОАТЛАНТСКИТЕ ИНТЕГРАЦИИНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РЕФОРМИТЕ ВО БЕЗБЕДНОСНИОТ СЕКТОР ПО 2001 ГОДИНА ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЈАСМИНА ПЕТРЕСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XX редовна седница одржана на 14.9.2011 година, донесе Одлука за формирање Комисија за оцена на докторската дисертација поднесена од м-р Јасмина Петреска под наслов „Економските аспекти на евроатлантските интеграции на Република Македонија и реформите во безбедносниот сектор по 2001 година", во состав: проф. д-р Трајан Гоцевски, проф. д-р Митко Котовчевски, проф. д-р Оливер Бакрески, проф. д-р Марина Митревска и проф. д-р Тони Милески.

По прегледувањето на приложениот труд, Комисијата има чест и задоволство до ННС на Филозофскиот факултет да го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Докторската дисертација „Економските аспекти на евроатлантските интеграции на Република Македонија и реформите во безбедносниот сектор по 2001 година", поднесена од кандидатката м-р Јасмина Петреска, претставува научен труд структуриран во пет дела, и тоа: вовед, три засебни дела и заклучоци.

Во воведниот дел, авторката на трудот ни дава една поширока рамка во којашто го лоцира проблемот на истражувањето, хронолошки го опишува текот на настаните и почетоците на определбата на Република Македонија својата национална политика за безбедност и одбрана да ја заснова врз сопствените можности со сопствени вооружени сили и врз членството во колективните системи за безбедност и одбрана, НАТО и ЕУ, како и економските аспекти на евроатлантските интеграции на Република Македонија.

Научната цел е да се даде придонес кон остварувањето на нашата стратешка цел за евроатлантско интегрирање на Република Македонија, односно да се направи анализа на состојбите и да се нотираат позитивните влијанија и бенефитите од евроатлантските интеграции на земјата од безбедносен и економски аспект.

Практичната цел е да се дојде до сознанија за тоа во кој правец треба да се да се движи Република Македонија на патот кон евроатлантските интеграции, односно со компаративна анализа на состојбите во земјите-членки на НАТО и ЕУ, посебно во новите земји-членки и во земјите од нашето соседство, да се дојде до вистината, т.е. фактичката состојба (изразена низ бројки и официјални податоци на релевантните институции на земјите-членки) за ефектите и влијанието на евроатлантските интеграции врз напредокот во

земјите-членки непосредно пред и по членството во НАТО и ЕУ пред сè од економски аспект.

Имено, често се поставува прашањето за тоа што добива Република Македонија од членството во НАТО и ЕУ, кои се бенефитите од членството наспроти вложениот труд и финансиски средства за спроведување на реформите. Потоа, дали има доволно финансиски средства за овие цели, колку финансиски средства изискува самото членство на Република Македонија во НАТО и ЕУ, односно колкав ќе биде влогот на Република Македонија во НАТО и ЕУ- буџетите и сл.

Одговорот на ова прашање се обиде да ни го даде овој труд, кој истовремено ги вклучува и видувањата на авторката по овие прашања.

**Првиот дел** дава опис на структурата, целите и начинот на функционирање на НАТО и ЕУ, со цел да се даде целосна претстава за тоа како функционираат овие две организации, како се донесуваат одлуките и како настапуваат при исполнувањето на поставените цели и задачи. Притоа, обработени се реформите што се спроведени во Република Македонија во безбедносниот сектор по 2001 година, посебно во делот на одбраната и АРМ во контекст на евроатлантските интеграции, поделени во два четиригодишни периода, и тоа: период од 2002 до 2006 година и од 2006 до 2010 година, како и фискалните импликации за нив.

Притоа, е дадена детална анализа на буџетот на Министерството за одбрана, како и на буџетите на органите, кои согласно со реформите произлегоа од Министерството за одбрана, како што се Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи. Имено, се анализира распределбата на финансиските средства по категории и ставки внатре во самите буџети, како и финансиските средства кои се издвоени на посебните програми на Владата на Република Македонија за потребите на реформите во одбраната, пред сè Програмата В-унапредување на одбраната и безбедноста и Програмата К- реформа во јавната администрација, односно К4-реформа во администрацијата на одбраната, како и финансиските средства за учеството на единиците на АРМ во мировните мисии. Целта е да се даде одговор на прашањето за издвоените финансиски средства од Буџетот на Република Македонија за потребите за одбраната, односно за имплементацијата на реформите во одбраната во контекст на евроатлантските интеграции.

Исто така, авторката на трудот дава и сопствени видувања за начинот на трошењето на финансиските средства од буџетот на одбраната, потребите од правилна распределба (менаџирање) на средствата, како и за планирањето на финансирањето на приоритетите во рамките на годишниот буџет (повеќегодишно буџетирање за финансирање на капиталните инвестиции во одбраната).

**Вториот дел** ги обработува реформите кои се спроведени во Република Македонија во безбедносниот сектор по 2001 година, во делот на Министерството за внатрешни работи и полицијата во контекст на евроатлантските интеграции, исто така поделени во два четиригодишни

периода, и тоа: период од 2002 до 2006 година и од 2006 до 2010 година, како и фискалните импликации за нив.

Како и во првиот дел, и тука е дадена детална анализа на буџетот на Министерството за внатрешни работи и полицијата, се анализира распределбата на финансиските средства по категории и ставки внатре во самиот буџет, како и финансиските средства кои се издвоени на посебните програми на Владата на Република Македонија за потребите на реформите во полицијата, пред сè Програмата В- унапредување на одбраната и безбедноста со Потпрограмата В1- Гранична полиција и Б2-Интеграција во НАТО. Потоа, Програмата Г1- Борба против корупцијата и организираниот криминал, Г2- Борба против трговијата со луѓе, К-2 стручно оспособување на персоналот и МА- помош при транзиција и институционална надградба. Со иста цел, да се даде одговор на прашањето за издвоените финансиски средства од Буџетот на Република Македонија во буџетот на Министерството за внатрешни работи, односно колку ја чинеа Република Македонија реформите во полицијата во контекст на евроатлантските интеграции.

Исто така, и во овој дел авторката на трудот дава и сопствени видувања за начинот на трошењето на финансиските средства од буџетот на Министерството за внатрешни работи, потребите од правилна распределба (менаџирање) на средствата, како и за планирањето на финансирањето на приоритетите во рамките на годишниот буџет (повеќегодишно буџетирање за финансирање на капиталните инвестиции во полицијата).

**Третиот дел** од трудот ги обработува економските аспекти на евроатлантските интеграции на Република Македонија. Тука, прво е направена анализа и збирен преглед на вкупните финансиски средства кои се издвоени од Буџетот на Република Македонија за имплементацијата на реформите во безбедносниот сектор по 2001 година, во контекст на евроатлантските интеграции, како и анализа на вкупните финансиски средства за учеството на нашите вооружени сили во мировните мисии кои беа реализирани во периодот што е предмет на ова истражување.

Воедно, направен е и осврт за влогот на финансиски средства (трошоци) за Република Македонија кои ќе произлезат од членството во НАТО и ЕУ со компаративна анализа со земји-членки на НАТО и ЕУ кои според територијата и бројот на население се колку и Република Македонија, со што се дава одговор на прашањето колкави финансиски средства изискува членството во НАТО и ЕУ, односно колкави финансиски средства треба Република Македонија да издвои, со цел учество во НАТО и ЕУ- буџетите.

Потоа, анализирани се економските интереси од евроатлантските интеграции на Република Македонија, со посебен акцент на странските директни инвестиции, односно влијанието (позитивното влијание) на евроатлантските интеграции како еден од најзначајните фактори на влијание врз странските директни инвестиции и врз одлуката на еден странски инвеститор да инвестира во Република Македонија.

Во тој контекст е направена компаративна анализа на приливот на странските директни инвестиции во Република Македонија, во соседните земји кои станаа членки на НАТО и ЕУ и во некои од новите земји-членки на НАТО и

ЕУ. Воедно, анализирани се директните и индиректните ефекти од странските директни инвестиции, како и ефектите врз надворешната трговија и трговските односи во земјите-членки на НАТО и ЕУ.

На крајот, анализирани се движењето на бруто домашниот производ-БДП во земјите-членки на НАТО и ЕУ, вработувањето и стандардот (куповната моќ) на населението во земјите-членки пред и по влезот во НАТО и ЕУ.

Врз основа на компаративната анализа на состојбите во Република Македонија и во земјите кои во поново време станаа членки во НАТО и ЕУ, како и врз основа на добиените податоци до кои се дојде при ова истражување се изведуваат заклучоците за економските аспекти на евроатлантските интеграции на Република Македонија и за цената на реформите во безбедносниот сектор по 2001 година.

**Заклучоците на трудот** претставуваат резиме од истражувањето кое го направи кандидатката за време на изработката на докторскиот труд, и со нив кандидатката прави пресек на сознанијата до кои дошла во врска со економските интереси на Р. Македонија од интеграцијата во ЕУ и полноправното членство во НАТО. Исто така, во заклучоците кандидатката ги презентира и резултатите од истражуваните содржини, презентирани во докторската дисертација.

## ОЦЕНА И ПРЕДЛОГ

Членовите на Комисијата за оцена на докторската дисертација поднесена од м-р Јасмина Петреска, врз основа на соодветните критериуми, го анализираа текстот од стручно-содржински, методолошко, јазично-стилски и други аспекти и се неподелени во мислењето дека станува збор за сериозен и самостојно изработен научен труд.

На трудот можат да се упатат и одредени забелешки од методолошки карактер, во структурирање на одделни делови, и сл., но тоа не ја намалува вредноста на овој труд.

Имајќи го предвид напред изнесеното, Комисијата за оцена на овој докторски труд, има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при УКИМ во Скопје, да го прифати извештајот за овој докторски труд и кандидатката да ја допушти на јавна одбрана на својот докторски труд.

Скопје, мај 2012 год.

**Членови на Комисијата**

Проф. д-р Трајан Гоцевски, с.р.
Проф. д-р Митко Котовчевски, с.р.
Проф. д-р Оливер Бакрески, с.р.
Проф. д-р Марина Митревска, с.р.
Проф. д-р Тони Милески, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА КОМПЛЕМЕНТАРНАТА УПОТРЕБА НА ПОВЕЌЕ МЕТОДИ ВО СОЦИОЛОШКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТЕЛЕВИЗИСКИТЕ ВЕСТИ“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р СНЕЖАНА ТРШЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ

Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, на својата XXVI редовна седница одржана на 18. IV 2012 година, донесе *Одлука* за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација **Карактеристиките на комплементарната употреба на повеќе методи во социолошкото истражување на телевизиските вести,** подготвена од **м-р Снежана Трпевска,** во состав: проф. д-р Петре Георгиевски (ментор), проф. д-р Амалија Јовановиќ. проф. д-р Зоран Матевски, проф. д-р Димитар Мирчев и проф. д-р Весна Шопар. Комисијата се заблагодарува на изборот и на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет го доставува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### *Кратка анализа на текстот на докторската дисертација*

Докторската дисертација **Карактеристики на комплементарната употреба на повеќе методи во социолошкото истражување на телевизиските вести** има 336 страници текст, 23 страници користена литература, 11 страници прилози или вкупно 371 страница.

Структурата на текстот на дисертацијата содржи, покрај вовед, и три дела со по неколку поглавја. Во воведниот дел авторката, покрај другото, ги изнесува целите и предметот на истражувањето, дефиниции на поимите и хипотезите, методолошкиот приод и кус преглед на деловите што следат во текстот на докторската дисертација.

Првиот дел, *Карактеристики на квантитативниот и квалитативниот приод и појавата на приодот на мешани методи,* содржи пет поглавја во кои авторката на дисертацијата фокусот го става врз сè уште живата дебата за предностите и ограничувањата на двете основни методолошки парадигми - *дедуктивната* или квантитативната и *индуктивната* или квалитативната, изнесувајќи ги притоа карактеристиките на соодветните истражувачки стратегии кои произлегуваат од наведените основни методолошки парадигми. Врз основа на солидното проучување на современата методолошка литература во социологијата и другите сродни општествени науки, авторката ја изнесува генезата на појавата на идејата за комбинирање или мешање на повеќе методи во едно исто истражување, најпрвин како методолошко начело на *триангулација* во рамките на еден ист приод, а

подоцна како нивно комбинирање на различни приоди, методолошки постапки на собирање и анализа на податоци таму каде што предметот и целите на истражувањето тоа го дозволуваат. Употребата на комбинираната или мешаната истражувачка стратегија во истражувачки нацрти кои тоа го овозможуваат има за цел да ги надмине ограничувањата или недостатоците на двата епистемолошки правца во методологијата - позитивизмот и интерпретативизмот и истражувачките стратегии кои од нив произлегуваат. Авторката посебно се задржува и го прифаќа гледиштето на двајцата современи застапници и поддржувачи на мешаната истражувачка стратегија, А . Ташакори (Tashakkori) и Ч. Тедли (Teddlie).

Ова општо рамниште на расправа за дебатата околу методолошките приоди и истражувачки стратегии и нивните карактеристики , на авторката ѝ овозможи логичен премин во вториот дел на докторската дисертација *Теоретски сфаќања на методолошки приоди во истражувањето на телевизиските вести.* Во овој дел, во првите поглавја авторката ги анализира рефлексиите на „војната на методолошките парадигми" врз истражувањата на медиумите и посебно врз истражувањата на телевизиските вести. Врз основа на проучувањето на современата комуникациска, методолошка и истражувачка литература за медиумите и посебно за телевизиските вести, авторката на дисертацијата настојува да ја објасни идејата за комплементарна употреба на квантитативни и квалитативни методи во истражувањето на телевизиските вести. Таа ги изложува главните традиции во истражувањата на влијанијата на телевизиските вести врз публиката од аспект на дебатата меѓу претставниците на квантитативната и квалитативната истражувачка стратегија: културните студии, анализата на рецепцијата и теоријата за активна публика. Во седмото поглавје, подетално се разгледуваат два примера на комбинирање на квантитативни и квалитативни методи во истражувањето на телевизиските вести и нивното влијание врз публиката: истражувањата на Медиумската група од Глазгов и истражувањата реализирани во рамките на приодот за „општествено дејствување". Во овој контекст, посебно се значајни и често се цитирани во социолошката литература за медиумите, истражувањата на телевизиските вести на Глазговската група на социолози и резултатите од овие истражувања во оваа докторска дисертација недоволно се искористени за компарирање со резултатите на телевизиските вести во Македонија што ги изнесува авторката, иако делумно во општите заклучоци се спомнуваат. Сметаме дека во аналитичкиот дел за резултатите од сопственото истражување требаше повеќе простор да им се даде на резултатите од овие истражувања, како и на социолошките истражувања на телевизиските вести во други земји. Со тоа и сознанијата и заклучоците од истражувањето на телевизиските вести во Македонија ќе добијат повисоко епистемолошко рамниште.

Во третиот дел, *Емпириски истражувања со мешани методи на публиката и на продукција на телевизиските вести,* се врши анализа на резултатите од истражувањата во Македонија кои авторката на дисертацијата ги реализира во неколку фази. Се работи за две реализирани емпириски истражувања врз основа на нацрти со мешани методи. Тргнувајќи од типологијата на нацрти со мешани методи на А. Ташакори и Ч. Тедли, со релизираните истражувања се покажа дека определени нацрти можат да се применат во социолошкото истражување

на телевизиските вести кое ги опфаќа, од една страна, процесот на продукција на ТВ-вестите и нивната содржина и од друга страна, карактеристиките на публиката и на процесот на восприемање на вестите и формите на нивна интерпретација од публиката.

Во овие истражувања, авторката на дисертацијата успешно примени квантитативни и квалитативни методолошки постапки на собирање и анализа на податоците. Од квантитативните постапки на собирање на податоци примени анкета со прашалник (или „структурирано интервју“ како што пишува на неколку места, покрај и употребата на терминот „анкета“) и квантитативна анализа на содржината. Во анализата на квантитативните податоци добиени со овие методолошки постапки на собирање на податоци се употребени следниве квантитативни методолошки постапки на анализа: униваријатна, биваријантна и мултиваријантна анализа и фреквентна анализа на содржината. Примерокот за анкетното интервју е стратификуван, репрезентативен и адекватен (доволно голем - 1066 анкетирани лица, на територијата на Република Македонија на возрасното население. Во биваријантната и мултиваријантната анализа на квантитативните податоци употребени се статистички мерки за испитување на корелациска поврзаност меѓу варијаблите како што се: хи-квадрат тестот, коефициентот на контигенција, Пирсоновиот и Спирмановиот коефициент. Добиените резултати сознајно се релевантни, иако при употребата на мултиваријантната анализа табеларното комбинирање на независни и посредувачки варијабли не е доволно развиено.

Од квалитативните методолошки постапки на собирање на податоци во истражувањата на телевизиските вести во Македонија, авторката ги употреби следните: фокусирано интервју ( фокусни групи), полуструктурирано интервју и критичка дискурзивна анализа. Избрани се четири фокусни групи со по осум члена, полуструктурираното интервју е применето на 16 новинари од телевизиите (јавни и приватни), додека критичката дискурзивна анализа која за првпат се применува во општествените истражувања на телевизиските вести во Република Македонија, е применета во предизборната кампања во 2011 година за 13 медиуми; од нив, седум телевизии се на државно рамниште и комерционалните радиодифузери А1, Канал 5, Сител, Телма, Алсат М (на македонски и на албански јазик), како и два канала на јавниот сервис МТВ1 и МТВ2 (на албански јазик). Со употребата на квантитативните методолошки постапки на собирање и анализа на податоците, авторката настојуваше да утврди одредени корелациски и каузални односи меѓу независните и зависните варијабли на публиката за гледањето на телевизиските вести со цел да се задоволат епистемолошките барања; со употребата, пак, на квалитативни методолошки постапки на собирање и анализа на податоците се настојуваше да се разберат механизмите кои влијаат врз продукцијата и начините на информирање на населението преку телевизиските вести. Комбинирањето на квантитативните и квалитативните методолошки постапки во собирањето и анализата на податоците за телевизиските вести на авторката на докторската дисертација ѝ овозможи да дојде до целосна и побогата искуствена евиденција и порелевантни научни и инерпретативни сознанија.

Главниот заклучок што произлегува од двете истражувања и го преферира авторката гласи: „Во плуралните медиумски системи, традиционалните медиуми, особено телевизијата, се стремат да

функционираат како `софистирана пропаганда` во служба на нечии интереси. Но, во овие системи публиката е многу поактивна и често успева да се спротивстави и да ја одбие таквата пропагандна функција на медиумите. Основните механизми преку кои публиката ги всприема вестите се селективно изложување, селективно внимание и селективна перцепција. Таа главно ги избира вестите на оној ТВ-канал што се совпаѓа со нејзините интереси и ставови.“ Влијанието на телевизиските вести врз публиката се испреплетува со влијанијата на личните карактеристики на индивидуите и припадноста на општествените групи од аспект на општествената структута, етничката и верска припадност и од возраста на испитаниците.

Покрај ова, значајно е да се истакне и метаистражувањето што авторката на дисертацијата го спроведе за да се проверат следните три хипотези: 1) доколку во истражувањето на публиката се употреби приод на мешани методи, односно повеќе квантитативни и квалитативни методи во различните фази на истражувашкиот процес, тогаш и добиените резултати ќе бидат посеопфатни (попотполни), поверодостојни и порелевантни; 2) ако во едно истражување, паралелно или последователно се употребуваат повеќе разновидни постапки за собирање и анализа на податоците, тогаш искуствената евиденција ќе биде пообјективна, целосна и посистематска и 3) колку е постандардизиран методот (методолошката постапка на собирање на податоци), толку е постеснета и поограничена комуникацијата меѓу истражувачот и субјектот (лицето) од кого се бараат податоците. Овие метаметодолошки хипотези беа тестирани врз основа на податоците од анкетата во чиј прашалник постоеше батерија на прашања за анкетарите кои требаше по низа варијабли и белези да ги оценат односите меѓу анкетираните лица и анкетарите и самата анкета во целина и врз основа на примарното искуство на авторката на дисертацијата која самата ги водеше полуструктурираните интервјуа и беше модератор во разговорите во фокусните групи. Врз основа на анализата на овие податоци, хипотезите се во одредени димензии потврдени целосно, а во други делумно, што бара дополнителни истражувања. Без разлика на ова, значаен е методолошкиот придонес и од овој дел на истражувањето.

## ЗАКЛУЧОК

Во целина земено, научниот придонес на докторската дисертација **Карактеристиките на комплементарната употреба на повеќе методи во социолошкото истражување на телевизиските вести** се состои во следново:

1) таа фрла одредено светло во современата дебата околу методолошките пардигми и истражувачките стратегии, подетално критички анализирајќи ги предностите и ограничувањата на квантитативните и квалитативните приоди и истражувачки стратегии и предностите кои со своите карактеристики ги овозможува комбинираната (мешаната) истражувачка стратегија; 2) запознавање и информирање за меѓународните социолошки истражувања на телевизиските вести; 3) успешна комбинирана примена на квантитативни и квалитативни

методолошки постапки во собирањето и анализирањето на податоците од социолошкото истражување на телевизиските вести во Република Македонија; со квантитативните методолошки постапки се утврдени одредени каузални односи меѓу ставовите на испитаниците за објективноста во информирањето преку телевизиските вести, етничката припадност, возраста на испитаниците и телевизиските канали преку кои се имитуваат телевизиските вести како и влијанието на политичките партии и бизнисмените (сопствениците) врз начнот и селективноста во телевизиските вести, но и зависноста на квалитетот на информирањето преку телевизиските вести од професионалноста и самоцензурата на уредниците и на новинарите; 4) со употребата на комбинирани квантитативни и квалитативни методолошки постапки во истражувањето на телевизиските вести, авторката покажа дека се добива поцелосна, пообјективна и посистематска искуствена евиденција со што се овозможува генерализирање на добиените резултати, но и доаѓање до нови поими (концепти) и хипотези што води кон заснована теорија (Grounded Theory) и 5) метаметодолошкото истражување е новина во социолошките истрашувања кај нас и тоа потврди одредени димензии на трите хипотези и посебно на онаа дека колку е постандардизиран методот на истражување (а такви се квантитативните методолошки постапки на собирање на податоци) толку е поограничена и поформална комуникацијата меѓу лицата кои собираат податоци и лицата од кои се собираат податоци.

Тргнувајќи од наведеното, Комисијата за оцена на докторската дисертација **Карактеристиките на комплементарната употреба на повеќе методи во социолошкото истражување на телевизиските вести** има чест на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет да му предложи да донесе одлука со која на кандидатката **м-р Снежана Трпевска** ќе ѝ дозволи да ја брани својата докторска дисертација, како и да закаже датум за одбрана.

Скопје, 22.5.2012 година

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Петре Георгиевски, с.р.
Проф. д-р Амалија Јовановиќ, с.р.
Проф. д-р Зоран Матевски, с.р.
Проф. д-р Димитар Мирчев, с.р.
Проф. д-р Весна Шопар, с.р.

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО НАУЧЕН СОРАБОТНИК-ДОЦЕНТ ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 40 од Статутот на Институтот за национална историја, како и објавениот Конкурс за избор во научно звање научен соработник во Одделението за античка и средновековна историја на Македонија („Утрински весник", XIII, 3870, Скопје, 3. V 2012, 25), на седницата одржана на 14. V 2012 година, Советот на Институтот нè именува за членови на Рецензентската комисија за избор на д-р Катерина Младеновска-Ристовска во звањето научен соработник-доцент, во состав: проф. д-р Анета Шукарова, проф. д-р Виктор Лилчиќ и проф. д-р Митко Панов.

По разгледувањето на приложената документација, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Катерина Младеновска-Ристовска е родена во Скопје, на 8 ноември 1973 година. Средно образование завршила во гимназијата „Јосип Броз - Тито", културолошка насока, со континуирано одличен успех во сите години и по сите наставни предмети. Добитник е на повеќе општински, градски и републички награди, меѓу кои и наградата „13 Ноември" на град Скопје, а две години од средното образование и сите години на факултетот била стипендист како особено талентиран ученик и студент на Министерството за образование и физичка култура на Република Македонија. На 14 септември 1998 година дипломирала на Филозофскиот факултет на Институтот за класични студии во Скопје, со просечен успех 9,60, при што ги положила и дополнителните три наставни предмети за научната насока (класична археологија I, класична археологија II и музеологија и конзервација). Потоа, како стипендист на Министерството за наука на Република Македонија, апсолвирала на постдипломските студии на Филозофскиот факултет во Скопје, Институт за класични студии, а ги завршила и постдипломските студии на Институтот за национална историја, на студиското подрачје: национална историја на Македонија и македонскиот народ од праисторијата до 1371 год., со просечен успех 10,00. На 9 декември 2005 година го одбранила магистерскиот труд на тема „Раната историја на Македонското Кралство (707/6-454 год. пред н.е.)" пред Комисијата во состав: проф. д-р Анета Шукарова (ментор), проф. д-р Милан Бошкоски и проф. д-р Митко Панов, со што се стекнала со научен степен магистер на историски науки. Освен професионалното познавање на старогрчкиот и латинскиот, одлично владее со англискиот и рускиот јазик, а има и солидни познавања од старословенскиот и италијанскиот јазик.

Почнувајќи од 15 март 2002 година, работела како помлад асистент-истражувач во Лексикографскиот центар на Македонската академија на науките и уметностите, каде што учествувала во реализацијата на проектите „Македонска научна и стручна терминологија" и „Македонска енциклопедија", здобивајќи се со значајно лексикографско искуство. На 15

јуни 2006 година, пак, била избрана во звањето асистент-истражувач во Македонската академија на науките и уметностите, од страна на Рецензентската комисија во состав: акад. Блаже Ристовски, акад. Георги Старделов и акад. Петар Хр. Илиевски.

По објавениот конкурс за асистенти-истражувачи во Институтот за национална историја од март 2011 година, преминала на работа во овој Институт, во Одделението за античка и средновековна историја на Македонија (до 1371 година). На 26 април 2012 година, на докторските студии при Институтот за национална историја, ја одбранила докторската дисертација под наслов: „Македонското Кралство како балкански фактор (454-359 год. пред н.е.)“ пред Комисијата во состав: проф. д-р Анета Шукарова (ментор), проф. д-р Милан Бошкоски, проф. д-р Митко Панов, проф. д-р Виктор Лилчиќ и проф. д-р Марјан Јованов, со што се стекнала со научен степен - доктор на историски науки.

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Досегашните резултати од својата научноистражувачка работа, д-р Катерина Младеновска-Ристовска ги остварила и ги презентирала во магистерската тема и докторската дисертација, на тринаесет национални и меѓународни научни собири, како и во дваесет објавени статии, студии и други прилози во земјата и во странство.

Магистерскиот труд „Раната историја на Македонското Кралство (707/6 – 454 год. пред н.е.)“ претставува кохерентно заокружена и задлабочена студија, во која се истражува, се анализира и се синтетизира историографски, археолошки, етнографски, книжевен, лингвистички и нумизматички материјал на односната тема, критички се потврдуваат или отфрлаат постојните научни тези со образложена методолошка обработка и научно-стручна оправданост или, пак, се нудат нови тези низ хронолошки и тематски обликувани целини. Според археолошките наоди и географско-етнографските сознанија од културните артефакти, во темата е обработена праисторијата во Македонија (најраните човекови заедници, територијалниот опфат на културните групи на палеолитските ловци, источномакедонскиот, западномакедонскиот и јужномакедонскиот неолит), формирањето на македонскиот етнос, античките географски области и племиња во Македонија во железното време, основањето на Македонското Кралство, името Македонија, митолошкото потекло, генеалогијата со преглед на првата македонска династија Аргеади – кралевите Пердика I (ок. 707/6-695 год. пред н.е.), Аргај (ок. 695-645 год. пред н.е.), Филип I (ок. 644-640 год. пред н.е.), Аероп I (ок. 639-574 год. пред н.е.), Алкета (ок. 573-541 год. пред н.е.), Аминта I (ок. 540-498 год. пред н.е.) и посебно значајниот за издигнувањето на македонската држава - кралот Александар I Филхелен (498-454 год. пред н.е.). Тоа е време на афирмацијата на македонската митолошка традиција, територијалната експанзија на античките Македонци и воените судири со илирските и тракиските племиња, протерување на Еордите, но и експанзија на моќната Персија на Балканскиот Полуостров, со особени врски и односи кон Македонското Кралство, но и на македонската држава кон хеленскиот свет, со прифаќање на хеленското влијание на македонскиот двор, значително проширување на македонската територија, како и почеток на македонското монетоковање, со отворено projавени хегемонистички амбиции кон хеленскиот свет. Со својата стручна подготовка и познавањето на класичните и светските јазици, таа успеала задлабочено да го истражи разноликиот изворен материјал, да ги обработи и толкува старогрчките и латинските текстови за назначениот период. Тоа е критички обработена научноистражувачка студија, во која се презентираат историски

настани, projави, процеси и ликови низ интердисциплинарен пристап во трагањето по историската вистина, но и критички одговор на одредени тенденциозни историографски тези кај разните автори во светот.

Во обемната докторска дисертација „Македонското Кралство како балкански фактор (454-359 год. пред н.е.)", со вкупно 441 страница или 21,6 авторски табаци текст, 18 историски карти, 3 археолошки планови, едно родословно стебло, 9 нумизматички табли и 111 илустрации на археолошки наоѓалишта и разни археолошки наоди, обработен е периодот од крајот на владеењето на кралот Алекасандар I Филхелен во 454 год. пред н.е., до доаѓањето на власт на кралот Филип II Македонски во 359 год. пред н.е. Тоа е всушност хронолошко продолжение на нејзиниот магистерски труд, кога Македонкото Кралство станува моќна политичка и економска сила, а воедно и еден од клучните фактори на балканската историска сцена, со територијален опфат од горниот тек на реката Халијакмон (Бистрица) и планината Олимп, па сè до реката Стримон (Струма). Со оглед на малкуте релевантни истражувања на темата, скудноста, сложеноста за расчитување, со многу текстуални и хронолошки аномалии на историските извори, тоа е прва критичка монографска обработка за тој период од македонската историја, врз основа на сите сочувани историски извори и соодветната литература на балканските и светските јазици. Хронолошкиот принцип во методолошкиот пристап на обработката на фактографијата овозможува аргументиран преглед на историското време, настаните, појавите, процесите и дејноста на одделните личности, со бројни упатни наводи, објасненија и дополненија во вкупно 1.262 фусноти. Најопширно е обработен периодот на владеењето на кралот Пердика II (454-413 год. пред н.е.), неговите судири со братот Филип како претендент на престолот, македонско-атинските предизвици во надворешната политика, Пелопонеската војна, походот на одрискиот крал Ситалк против Македонското Кралство (октомври-декември 429 год. пред н.е.), сојузот со Спарта и воените дејствија во содејство со спартанскиот војсководец Брасида (424-422 год. пред н.е.). Притоа, херменевтички и критички е обработена децениската македонска надворешна политика, која прагматично дејствувала врз зацврстувањето на државата, нејзината одбрана и потврдување на нејзиниот идентитет, со акцент и на културните сфери.

Исто така, кандидатката мошне опширно се задржува и на исклучително значајниот период од владеењето на кралот Архелај (413-399 год. пред н.е.), со нагласка на неговите општествени, политички, воени, економски, монетарни и културни реформи, со што македонската држава прераснала во балканска велесила и своевидна престолна академија на уметностите и науките на своето време, како и со нагласка на неговата прохеленска пропаганда чија цел била наметнување на македонска политичка хегемонија на хеленскиот свет. За афирмација на македонската држава, Архелај одржувал и Олимписки игри во светиот град на Македонците – Дион, како пандан на хеленската Олимпија и хеленските Олимписки игри.

Обработката на темата продолжува со презентацијата на долгогодишните династички борби за престолот по неговата смрт и релативно кратките владеења на кралевите Орест (399-396 год. пред н.е.), Аероп II (396-393 пред н.е.), Павсанија (393-392 год. пред н.е.) и Аминта II Малиот (392 год. пред н.е.). Владеењето на амбициозниот крал Аминта III (393/3922-370/369 год. пред н.е.), пак, било период на постојана борба за преживување и одбрана на територијалниот интегритет и суверенитет на државата загрозена од Илирите и Халкидичкиот сојуз. Дисертацијата е заокружена со обработката и на краткотрајните владеења на кралевите Александар II (370/369-369-368 год. пред н.е.),

Птолемај Алорски (368-365 год. пред н.е.) како регент на кралот Пердика III и потоа самиот Перика III (365-360/359 год. пред н.е.), со чие загинување во битка со Илирите, завршил периодот на нестабилност на македонската држава и започнало новото поглавје во историјата на антиката – владеењето на кралот Филип II Македонски, што не е предмет на темата. Во заклучокот се реферира за поинакво, ново толкување на пишаните историски извори на автентичните јазици на кои се напишани (старогрчки и латински), користени од најновите критички изданија. Како монографска обработка, која може да се вброи во успешно завршените фундаментални истражувања од македонското минато, таа дава аргументирана и достојна обработка на поставениот комплексен и сложен научен предизвик на темата и претставува значајна афирмација на македонската историска вистина за домашната и светската јавност.

Освен двете монографски обработки, д-р Катерина Младеновска-Ристовска зела учество со свои реферати и настапила на разни национални и меѓународни научни собири во земјата и во странство („Најраните истражувања на Ромите", Трет меѓународен научен симпозиум *Духовната и материјалната култура на Ромите*, Скопје, 16-17 јануари 2004; „Култот на Асклепиј и Хигиеја на нашите простори", *Втор македонски конгрес за историја на медицината*, Штип, 3-5 ноември 2005; „Етногенезата на Власите", Меѓународен научен симпозиум *Власите на Балканот*, Штип, 4 и 5 ноември 2005; „Македонските митолошки кралеви", Меѓународна научна конференција *Македонија-Полска, Историја и култура*, Скопје, 28-29 ноември 2005; „Скопската Котлина во античкиот период", Научен симпозиум *Скопје меѓу античкото и модерното време*, Скопје, 11-12 мај 2006; „Хеленското влијание во традицијата на античките Македонци", XVI Меѓународен симпозиум за балкански фолклор *Фолклорот и заедничките културни вредности на Балканот*, Охрид, 18-19 октомври 2006; „Реформите во Македонското Кралство во времето на Архелај I", Меѓународната научна конференција *Транзициите во историјата и културата*, Скопје, 30-31 октомври 2006; „Книжевната дејност на македонскиот двор во времето на кралот Архелај I (413–399 год. пред н.е.)", Меѓународен научен симпозиум *Развојот на македонската литература*, ЈНУ Институт за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", Скопје, 25-26 октомври 2006; „Смртта на Александар III Македонски", *Трет македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество*, Штип, 5-7 јуни 2008; „*Aleksandrida* u makedonskoj i hrvatskoj tradiciji", *Hrvatsko-makedonske književne, jezične i kulturne veze*, Rijeka, 23.-25. ožujka 2011; „Праисториските и античките археолошки наоѓалишта во Општината Ѓорче Петров", Научна трибина *Ѓорче Петров, живот и дело*, Општина Ѓорче Петров и Институт за национална историја, Скопје, 1. IV 2011; „*Александридата* во светската традиција", VI меѓународна македонско-полска конференција *Историја, култура, јазик, литаратура, фолклор*, Скопје-Штип, 1-3 јуни 2011; како и „Маркери и рефлексии од антиката во Македонија во патописот на Евлија Челебија", Меѓународен конгрес *Балканот на Евлија Челебија*, Скопје, Македонија, 16-20 април 2012, МАНУ).

Во своите реферати на научните собири, меѓу другото, кандидатката презентирала лепези од нови сознанија за најраните истражувања на Ромите, како и дискутабилната и вековно актуелна етногенеза на Власите, посебно значајни теми од мултикултурното минато на почвата на Македонија. Засегнала и значајни теми од митологијата на античкте Македонци (митолошките кралеви), *Александридата* во македонската, хрватската и светската традиција, хеленското влијание во традицијата и античката митологија воопшто на нашите простори (култот на Асклепиј и Хигиеја). Третата група прилози на научните

собири се однесува на реформите во Македонското Кралство и книжевната дејност на македонскиот двор во времето на кралот Архелај I (413–399 год. пред н.е.), смртта на Александар III Македонски, праисториските и античките археолошки наоѓалишта во Општината Ѓорче Петров, Скопската Котлина воопшто во античкиот период и антиката во Македонија во патописот на Евлија Челебија. Тоа се внимателно одбрани актуелни и недоволно истражени теми од нашето минато, кои мозаично откриваат кон што ќе се движат нејзините натамошни научни љубопитства.

Во тој тематски опсег се надоврзуваат и нејзините објавени научни трудови, разните прашања од митологијата, историските извори и минатото на античка Македонија воопшто. Од областа на митологијата најопширно се задржала на суштината и значењето на митот за Пандора како првата смртна жена во хеленската митологија во една обемна статија и една студија („Хесиодовиот мит за Прометеј и Пандора“, *Спектар*, XVII/33-34, Скопје, 2000, 183-197; „Првата жена во хеленската митологија: митот за првата жена Пандора – една од централните свети приказни во хеленската митологија“, *Истражувања од областа на родовите студии*, том 2/3, Скопје, 2003, 251-293). Тоа е мит кој е во самата основа на толкувањето за создавањето на човековиот род и семејството кај старите Хелени (замислата за изгледот, суштината и карактерот, името, прашањето за убавото кај Хесиод и неговата мизогинија, како и Пандорината кутија со контролираната судбина на човештвото), на кој авторката му пришла со изворно осознавање со сопствен превод и препев од старогрчки јазик на запишаните верзии кај античките автори (Хесиод, Ајсоп, Ајсхил, Платон, Катул, Кикерон, Овидиј, Хоратиј, Аполодор, Хигин, Бабриј, Павсанија, Сервиј и др.), евидентирање на хронолошката старост на изворите на мотивите во митот, а исцрпно ги истражила и влијанијата на постојната усна и пишана народна традиција од разните поблиски и подалечни религиски и културни подрачја, со библиографски преглед на одразот на митот во подоцнежната и современа книжевност, ликовната и музичката уметност.

Во тој однос на проширување на нејзините истражувачки видици кон античката митологија, религија и историските извори се и другите објавени прилози („Мирослав Марковиќ, *Студије о религији антике*“, *Жива антика* 53, 1-2 год. (2003), Скопје, 59-66; „Култот на Асклепиј и Хигиеја на нашите простори“, Зборник на трудови од *Вториот македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество*, Струмица, 3-5 ноември 2005, 26-30). Меѓутоа, за нас од посебно значење се нејзините објавени прилози од областа на митологијата на античка Македонија и античките Македонци и постојните историски извори („Хеленското влијание во традицијата на античките Македонци“, Реферати од XVI меѓународен симпозиум за балкански фолклор „Фолклорот и заедничките вредности на Балканот“, Охрид, 18-19 октомври 2006, *Македонски фолклор*, год. XXXIII, бр. 64, Скопје, 2007, 235-245; „Македонските митолошки кралеви“, *Македонско-полски врски*, Прилози од Меѓународниот научен собир одржан во Скопје на 28-29 ноември 2005, Скопје, 2007, 91-97; „Квинт Куртиј Руф: Историја на Александар Македонски“, *Гласник на Институтот за национална историја*, 46/1, Скопје, 2002, 150-153; „*Александридата* во светската традиција“, VI меѓународна македонско-полска конференција *Историја, култура, јазик, литаратура, фолклор*, Скопје-Штип, 1-3 јуни 2011, во печат; како и „*Александридата* во македонската и во хрватската традиција“, Zbornik radova s Međunarodnog znanstvenog skupa *Hrvatsko-makedonske književne, jezične i kulturne veze* održanog u Rijeci od 23. do 25. ožujka 2011, Filozofski fakultet, Rijeka, 2011, 423-432). Притоа покажала и посебен осет во користењето и толкувањето и на

посовремените сведоштва за археолошките остатоци од антиката („Маркери и рефлексии од антиката во Македонија во патописот на Евлија Челебија“, Меѓународен конгрес *Балканот на Евлија Челебија*, Скопје, Македонија, 16-20 април 2012, МАНУ, во печат).

Од нејзините објавени прилози, посебно внимание предизвикуваат статиите од историјата на Македонското Кралство и антиката воопшто на нашите простори („Раната историја на Македонското Кралство (707/6-454 г. пред н.е.)“, *Портал*, год. VII, Скопје, декември 2007, 79-90; „Реформите во Македонското Кралство во времето на Архелај I“, *Транзициите во историјата и културата*, Прилози од Меѓународната научна конференција одржана во Скопје на 30-31 октомври 2006 година, во соработка со Етнографскиот институт со музеј при Бугарската академија на науките, Скопје, 2008, 37-44; „Книжевната дејност на македонскиот двор во времето на кралот Архелај I (413–399 год. пред н.е.)“, Зборник на трудови од меѓународниот научен собир *Развојот на македонската литература*, одржан на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 25-26 октомври 2006, Институт за македонска литература, Скопје, 2011, 95-104; „Смртта на Александар III Македонски“, Зборник на трудови, *Трет македонски конгрес за историја на медицината со меѓународно учество* (Штип, 5-7 јуни 2008), Штип, 5 јуни 2008, 241-252; како и „Праисториските и античките археолошки наоѓалишта во Општината Ѓорче Петров“, Зборник на трудови *Ѓорче Петров – живот и дело*, Материјали од научната трибина одржана на 1. 4. 2011 година во Скопје по повод 90 години од смртта, 146 години од раѓањето на револуционерот Ѓорче Петров и 95 години од формирањето на населбата Ѓорче Петров, Скопје, 2011, 265-287; „Скопската Котлина во античкиот период“, Научен симпозиум *Скопје меѓу античкото и модерното време*, Скопје, 11-12 мај 2006, Скопје, 2010, 65-72; „Скопската Котлина била населена уште од праисторијата“, *Нова Македонија*, год. LXV, бр. 21941, Скопје 23. III 2010, 29).

Кандидатката е автор и на околу 200 страници текст на *Старогрчко-македонски речник*, Матица македонска, Скопје, (во печат), коавторски проект на група професори од Филозофскиот факултет – Катерда за класични студии. Заедно со акад. Петар Хр. Илиевски, пак, била редактор на 6 објавени томови од разни области од проектот „Македонска научна и стручна терминологија“ (том 108, 109, 110, 111, 112 и 113) на Македонската академија на науките и уметностите, а била стручен соработник и автор на голем број одредници за античката историја на Македонија на проектот на МАНУ „Македонска енциклопедија“ *(Македонска енциклопедија*, I и II том, МАНУ, Скопје, 2009).

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Во учебната 2011/2012 година, кандидатката одржала четири предавања по наставниот предмет историја на античка Македонија на Катедрата за историја и археологија на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

Во повремената стручно-апликативна дејност, кандидатката била секретар на Одборот за Научниот собир „100 години Илинден“ при МАНУ (6-8 мај 2003), објавен во два тома (2005), за кој објавила и соодветен приказ („Научен собир *100 години Илинден*“, *Литературен збор*, год. L, 5-6 2003, Скопје, 151-154). Исто така, извршила коректура на текстот и ги изработила индексите на предмети, автори и зборови на книгата на акад.

Петар Хр. Илиевски (*Традиција и иновации во македонските црковнословенски книжевни споменици од турскиот период*, Скопје, 2005, 375-393). Освен тоа, зела учество во подготовката на прашањата од областа на античката историја на XVII државен натпревар по историја (одржан во Скопје, на 5. V 2012 год.), а моментно е и секретар на Редакцијата на списанието *Гласник* на Институтот за национална историја.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените факти, аргументи и оцени за научноистражувачката, наставно-образовната, стручно-апликативната и организационо-развојната дејност на кандидатката д-р Катерина Младеновска-Ристовска, со задоволство констатиравме дека кандидатката има научен степен - доктор на науки од соодветната научна област за која се избира, повеќе објавени трудови во научни списанија и во други публикации кои се од значење за развојот на науката и струката и кои го потврдуваат владеењето на проблематиката за која се избира, а има и остварен минимум на потребните поени кои се однесуваат на нејзината целокупна активност. Кратко речено, пред нас се наоѓа веќе наполно оформен научен истражувач со адекватна оспособеност од подрачјето за кое се избира, објавени научни трудови и етаблираност во научната јавност за минатото на античка Македонија, со посведочени постигнувања во примената на научно-истражувачките резултати. При извршеното бодирање на нејзината целокупна дејност според Законот за научноистражувачката дејност и Законот за високото образование, констатиравме дека го има и потребниот број на бодови, па на Комисијата ѝ причинува особена чест и задоволство да ја препорача за избор во научното звање *научен соработник-доцент.*

Скопје, 15. V 2012

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Анета Шукарова с.р.

Проф. д-р Виктор Лилчиќ с.р.

Проф. д-р Митко Панов с.р.

# АНЕКС ОБРАЗЕЦ ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ВКУПНАТА АКТИВА НА ПОЕНИ ЗА ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕТО НАУЧЕН СОРАБОТНИК-ДОЦЕНТ НА Д-Р КАТЕРИНА МЛАДЕНОВСКА-РИСТОВСКА

Според *Правилникот за начинот и постапката за избор во повисоко научно звање*, („Службен весник на Република Македонија“, год. LXV, бр. 82, Скопје, 1 јули 2009, 6)

| Реден број | Научноистражувачка, наставно-образовна, стручно-апликативна и организационо-развојна дејност | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во СЦИ/СА/останати 6 X 3 = 18 | 18 |
| 2. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен/стручен собир (во земјата) 2 X 4 = 8 | 8 |
| 3. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен/стручен собир (во странство) 3 X 7 = 21 | 21 |
| 4. | Прегледен напис во научно списание (во земјата) 2 X 3 = 6 | 6 |
| 5. | Прегледен напис во научно списание (во странство) 3 X 1 = 3 | 3 |
| 6. | Учество на научен собир со реферат (во земјата) 1,5 X 12 = 18 | 18 |
| 7. | Учество на научен собир со реферат (во странство) 2 X 1 = 2 | 2 |
| 8. | Одржано предавање по покана од научна институција (во земјата) 2 X 4 = 8 | 8 |
| 9. | Одбранета докторска теза | 8 |
| 10. | Одбранета магистерска тема | 5 |
| 11. | Учесник во научен проект (во земјата) 2 X 3 = 6 | 6 |
| 12. | Уредник на научно списание СЦИ/ЦА/останати 5 X 6 = 30 | 30 |
| 13. | Член на уредувачки одбор на научно списание СЦИ/ЦА/останати 2 X 2 = 4 | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 14. | Член на организационен одбор на научен собир (во земјата) 1 X 1 = 1 | 1 |
| 15. | Учество во работата на комисии за државни натпревари 1 X 1 = 1 | 1 |
| 16. | Авторство на одредница во речник или енциклопедија 0,05/1875 знаци со празни места | 2 |
| 17. | Речник или стручна енциклопедија – коавтор 3 X 1 = 3 | 3 |
| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | | Поени 144 |

Скопје, 15. V 2012

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Анета Шукарова с.р.

Проф. д-р Виктор Лилчиќ с.р.

Проф. д-р Митко Панов с.р.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ РЕЛАЦИИ МЕЃУ ОПШТИТЕ И ПОСЕБНИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА РАЗВОЈОТ НА СПОРТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р ТОМИСЛАВ АНДОНОВСКИ , пријавена на Факултетот за физичка лултура во Скопје

Врз основа на одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје со дел. бр. 0201-393/5 од 10.5.2012 година, формирана е Комисија за оценка на докторската дисертација на тема: **РЕЛАЦИИ МЕЃУ ОПШТИТЕ И ПОСЕБНИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА РАЗВОЈОТ НА СПОРТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,** поднесена од м-р Томислав Андоновски, вработен во Агенцијата за млади и спорт.

Комисијата во состав: д-р Александар Наумовски, редовен професор на Факултетот за физичка култура во Скопје, д-р Душко Иванов, редовен професор на Факултетот за физичка култура во Скопје, д-р Ленче Алексовска Величковска, редовен професор на Факултетот за физичка култура во Скопје, д-р Милан Наумовски, редовен професор на Факултетот за физичка култура во Скопје и д-р Иван Анастасовски, вонреден професор на Факултетот за физичка култура во Скопје, по прегледувањето на докторската дисертација, го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на кандидатот м-р Томислав Андоновски под наслов “Релации меѓу општите и посебните параметри за развојот на спортот во Република Македонија“ е значајна и актуелна тема со која се допира дејноста спорт во сегементи и проблематика која не е доволно научно третирана кај нас. Пристапот со кој се поставуваат хипотезите во однос на диференцирање на зависност на дејноста спорт и нејзиниот развој со кои се лоцираат и точките на апликативни вредности во креирање и негово водење, преставува оргинален придонес за негова научна поддршка и креирање.

Докторската дисретација е презентирана на 288 страници текст, поделен во 7 поглавја, а во посебен дел е наведена користената литература: 1. Вовед (4 страници); 2. Досегашни истражувања (22 страници); 3. Проблем, предмет, цел и хипотези на истражувањето (9 страници); 4. Метод на работа (6 страници ); 5. Резултати и дискусија (200 страници); 6. Заклучоци (5 страници ) и 7. Препораки (6 страници). Во посебен дел е навдена користената литература, која е презентирана на 15 страници, со вкупно 210 референци. На крајот, на вкупно 13 страници, презентирани се дополнителни статистички податоци на соодветен број табели и графикони. Статистичките показатели презентирани на 44, табели, 9 графици и 6 прилози. Нивниот концепт и структура за овој тип истражувања е во согласност со неопходните методолошки потреби.

Во **воведниот** дел, кандидатот ги потенцира основните општествени функции на спортот како атрибут на современо живеење и потребата да се дејствува врз неговиот развој, со цел да се уреди спортот за да има полза поединецот и државата во исто време. Со системот на

спортот да се дејствува врз личниот и општествениот стандард обезбедувајќи благосостојба, повеќе слободно време и поздрав живот.

Го отвора прашањето на профитот во спортот, како моторна сила во неговата нагласена комерцијализација, следена со значителни средства од реклама и пропаганда, лоцирајќи ги како најважни стабилни извори за финансирање на подделни сегменти на спортот.

Во продолжение на оваа глава, авторот се осврнува на професионализацијата на врвниот спорт, како светски процес, како и улогата и посредството на современите медиуми со кои се одвива своевиден процес на интернационализација на спортот, која преминува во форма на глобализација во спортот.

Ги лоцира и основните фактори на развојот на спортот, одредувајќи ги као доминантни: човечките ресурси, објектите и материјалните средства, иако секој за себе претставува посебна целина, нивната меѓусебна зависност е незаобиколна, па од таму заслужува внимание, но во исто време го наметнува влијанието на општествено - економските збиднувања во една земја врз развојот на спортот, како појдовна основа за негов развој во сите негови сегменти.

Во главата **Досегашни истражувања**, кандидатот, дава преглед на бројни истражувања од автори кои се посветиле на креирање на развојот на спортот во светот, поаѓајќи, од неговиот развој како предмет на постојано истражување, со приод од повеќе аспекти кои можат да се симплифицираат во однос на потребата од политичко дејствување, законодавно уредување и донесување на програмски документи, стручно и научно планирање на дејноста.

Авторот при користењето на литература за досегашните истражувања, направил осврт на развојот на спортот кај нас и во светот, во контекст на научното и стручното планирање, законодавното уредување и политичкото дејствување. Се осврнува на истражувања во спортот и врската што ги спојува спортот, играта и забавата за разновидните појави на општествениот живот. Успеал добро да проучи компаративна научна литература и да направи извонредна синтеза на ставови, погледи, анализи кои содржат елемнти на оргиналност и креативност во методолошкиот пристап.

Претставени се основите на современото планирање во спортот со познавање на спортското право, неопходно да се разберат правните механизми на одредени раководни функции со кои се преземаат голем број на одговорности во спортот, управување со човечките ресурси, стратешки менаџмент-управување, операции и маркетинг менаџментот. За увид во правните аспекти на спортот, аворот користел документи за меѓународното право во спортот од 1924 до 2011 година, а за националното документи во периодот од 1946 до 2011година

Имајќи и предвид обемот и вредноста на трудовите за проблематиката на докторската дисретација на кандидатот, значајно од научна гледна точка е што во текот на реализацијата на проектот се и евалуирани и слични трудови, во временска рамка од 1924 до 2011 година, што овозможува привилегирано следење на појавите кои го условувале, планирањето, следењето и евалуацијата на развојот на спортот.

Авторот не запознава со истражувања во однос на власта, моќта, политиката на спортските организации, проникнувањето во основните менаџерски активности неопходни за управување и развој на политиката во спортските организации како и структурата и функцијата на различни спортски организации и нивоа на управување. Глобалната политика на спортот претставува нов пристап и истражување на различни концепции на спортот како чиста комерцијална активност и како активност за остварување на повисоки" општетвени етички вредности.

Авторот, со користената литература, укажува дека финансисите се клучна компонента за развојот на спортот, следејќи ги успешните бизниси во спортот и поврзаноста со централната и локалната власт. Спортската индустрија е основа на развојот на спортот, па затоа оплодувањето на повеќето милијарди долари во спортската индустрија е предизвик и дилемата со која се соочуваат денешните лидери, без оглед дали се од политиката или спортот.

Обработката на успешните спортски системи во сите негови временски и вредносни елемнти е неоходна за да се утврдат и ревидираат одредени појави. Активните учесници во спортот, се мисли на човечките ресурси во сите негови сегменти, треба да имаат цврст темел во вештините и техниките на лидерство, донесувањето на одлуки и решавањето на проблемите во остварувањето на нивната улога во струката - физичкото воспитување и спортот.

Во земјите на ЕУ постојат бројни прописи кои ги регулираат односите во дејноста спорт. Различностите во однос на општествено-економските и политички услови влијаеле, секоја земја да концепира законска регулатива, која одговара на нејзините специфики и потреби. Забрзани се активностите во ЕУ во однос на креирањето на законска рамка за развој на дејноста спорт.

Во Република Македонија, спортот имал значајно место за што сведочат аргументите за периодот од 1947 до 2012 година

Во третата глава се дефинирани **проблемот, предметот, целите и хипотезите на истражувањето**.

Поставувањето на проблемот авторот го извел од потребата за нуачен пристап во крирање на развојот на спортот.

**Предметот** на истражувањето се темели на резултатите од досегашните трудови и произлегува од дефинираниот наслов на докторската дисртација на кандидатот. Тој е во согласност со методолошките потреби на целите и хипотезите на проектираното истражување и претставува интегрален дел со нивната суштина.

**Целта** на истражувањето е дефинирана и насочена кон утврдување на релациите меѓу одделните општи и посебни параметри кои значајно влијаат во развојот на спортот врз економичноста, ефикасноста и ефективноста во неговото управување. Односно, кон откривање на взамените врски и релации на одредени општествно-политички и економски параметри, именувани како општи параметри, што влијаат врз развојот на спортот, искажан во остварувањата и вредностите на посебните параметри, за кои се определил авторот во истражувањето, што го детерминираат развојот на спортот.

**Хипотезите** се реално поставени и класифицирани во четири групи. Секоја група содржи од 4 до 10 хипотези. Групите содржат ставови за спортот (а. ставови за позитивни влијанија на општите параметри врз развојот на спортот; б. ставови за негативните влијанија на општите параметри врз спортските остварувања и развојот на спортот; в. - ставови за позитивните влијанија на посебните параметри врз севкупниот развојот на државата, остварливи со уредно и планско водење на спортот и г. ставови за заканите кои произлегуваат од општите и посебните параметри кои влијаат врз развојот на спортот, како ставови во однос на влијанието на општите и посебните параметри за развојот на спортот.

Во четвртата глава, презентирани се **методите на работа** применети во истражувањето, при обработката на општите и посебните параметри. Поради хетерогеноста на параметрите, карактеристиките од квантитативна и квалитативна вредност, авторот се определил при нивната обработка да користи повеќе статистичко методолошки постапки, во зависност од нивните атрибутивни, хронолошки, територијални и нумерички обележја. Користени се анализата на временски серии, ПЕСТ-методолошката постапка, СВОТ - методолошката постапка, дескриптивната метода на работа, методот на анкетирање; методот на разговор-интервју, методот на набљудување и историската метода за примарни и секундарни извори при анализира на состојбите во дејноста спорт во повеќе децении.

При обработкатата на општите параметри и во дел на посебните, следени се во развој долг временски период, трендот на одредени параметри е прикажан нумерички и графички, а направени се и компаративни анализи на развојот на повеќе сродни појави.

Авторот со примена на ПЕСТ- методолошката постапка ги лоцирал политичките, економските, социолошките и технолошките влијанија на одредени параметри, како и нивното заемно дејствување при манифестирање на наведените влијанија. Со примена на СВОТ-методската постапка, дополнети и расветлени се влијанијата посвтувајќи се на нивните силни страни, слабости, можности за развој на спортот и закани кои ќе го забават или забрзаат неговиот развој.

За значаен временски период, како временска категорија и бурни општествено-полтички и економски услови организирана е значајна база на податоци и развојни компоненти.

При реализацијата на истражувањето и користењето на ваков методолошки пристап од големо значење е искуството на истражувачот за креирање и користење на целата постапка.

Во истражувањето се користени прашалници и анкетни листови, и подготвен е наменски софтвер за нивна обработка и потребна база на податоци.

Користени се анализи и обработка на клучни документи, валоризации на официјални документи во врска со политиките, буџетите и законите и подзаконските акти со кои се влијае врз спортот. Планирана е реализација на структурирани интервјуа, за дел од регистрираните индикатори значајни за процесот на развој на спортот, како и комуникација со фокус-групи за информираноста на јавноста со содржината и остварените резулати во спортот. Ако се има предвид карактерот на

предметот што се обработува во докторската дистертација, во разработката на предметната материја се применуваат карактеристични методи, во чиј контекст, покрај теоретската основа, најголема примена имаат историскиот, компаративниот, статистичкиот и логичкиот метод на истражување.

Во **петтата глава**, презентирани се резултатите од истражувањето, со претставување на вредностите и карактеристиките на општите и посебните параметри за развојот на спортот.

Двете групи параметри се земени во релациите на меѓусебните односи за анализа на причинско-последичните врски во различните временски периоди. Притоа е значајно што кандидатот ги анализира податоците на овие параметри низ нивниот тренд во тие временски периоди.

Изборот на двете групи параметри е врз основа на резултатите на соодветните досегашни истражувања. Всушност, тој е во согласност со видот и карактеристиките на параметрите со кои може да се проценува состојбата и релациите меѓу нив. Од тој аспект, исполнето е очекувањето дека целите на проектираната докторска дисертација успешно се реализирани.

Во првата подглава на петтата глава, обработени се општите параметри, 9 (девет), за кои се определил авторот, со кои дава информации за состојбите во Република Македонија, определувајќи го геополитичкиот и општествен простор и економската реалност искажана во задоволителни мерни карактеристики кои можат да се применуваат во практиката и научно-истражувачката работа. Врз основа на резултатите, дадени се констатации за индикаторите на економскиот раст, нивните карактеристики, како и карактеристиките на останатите параметри кои влијаат врз состојбите, планирањето и развојот на спортот.

Во втората подглава на петтата глава, обработени се посебните параметри, од значење за развојот на спортот, особено влијанието на законската регулатива, финансирањето, децентрализацијата, објектите за спорт, индексите на спортот, со претсавување на организирањето и структурата на спортот, условите за работа, националниот спортски систем, човечките ресурси, квантитативните вредности, квалитативните остварувања на врвни и квалитетни спортски резултати.

Врз основа на обработката на општите и посебните параметри и добиените резултати, авторот нив ги претставил на 45 табели и 9 графикони, при што констатирал одредени состојби за спортот во Република Македонија.

Резултатите од истражувањето укажуваат дека одредени состојби во дејноста спорт можат да се предвидат и со искористување на сознанијата тие да се планираат и надминат.

Водејќи сметка за решавање на основната цел на истражувањето во проектот, авторот ја предвидел и прогнозата на резултатите во одредени интервали во наредниот можен период. Според тоа, произлегува и реалната можност за теоретско и практично значење на резултатите и заклучоците кои се добиени од тие активности. На тој начин, резултатите и сознанијата што се добиени од истражувањето можат да претставуваат значаен придонес при конципирањето на основите за планирање и

програмирање на развојот на спортот и физичкото-образование во Република Македонија. Освен тоа, резултатите можеат да се применат и искористат за развојните програмски потреби за повеќето општествени дејности кои интегрално ја третираат и проблематиката на спортот во Република Македонија.

Во **шестата глава,** презентирани се заклучоците од истражувањето. Авторот извел вкупно 27 заклучоци. Секој од заклучоците содржи сознанија соодветни со проблемот и целите на истражувањето, со кои може да се влијае на научната практика. Сите заклучоци ја задоволуваат методолошката поставеност и коректно ги објаснуваат добиените резултати. Врз основа на севкупната анализа на спортот во нашата држава и добиените сознанија од истражувањето произлегуваат 27 заклучоци, кои е можно и да се зголемат доколку се пријде аналитички во секој сегмент одделно или да се намалат доколку се генерализираат и така се применат во креирање на развојот на спортот.

Во Глава 7, **Препораки**, вткаени се искуствата стекнати во текот на истражувањето и следење на дејноста спорт во изминатите неколку децении, со што се отвора широк дијапазон на аргументите кои го одредуваат неговото место во современото живеење. Според состојбата, утврдена врз основа на општите и посебните параметри кои имаат меѓусебни односи и зависности и влијаат на спортот, се укажува дека практиката и истражувањата потврдуваат дека секоја земја има свој пат на развој. Меѓутоа, констатициите имаат детерминирана насока на дејствување и креирање кои не условуваат да го промениме пристапот во креирање на развојот на спортот, почитувајќи ги науката и искуствата. Промените треба да започнат од менување на ставовите за спортот, почитувајќи ги неговите вредности, кои денес повеќе научни дисциплини од природните и општествените науки тоа го потврдуваат во низа сериозни истражувања, но и да ја истакнеме неговата вредност не само како врвно спортско остварување и добро здравје, туку и неговата најголема вредност дека спортот е забава – една од убавите и многу посакувани работи во животот. Препораките, за развој на спортот во Република Македонија се сублимирани во неколку насоки, давајќи им предност на некои од нив.

Главата **Литература** е соодветна на предметот и целите на истражувањето. Тоа претставува солидна основа не само за потребите за реализација на докторската дисертација, туку и пошироко, за следење на промените во дејноста спрт. На резултатите кои се добиени во тие истражувања може успешно да се надоврзат проектните активности на докторската дисертација и да се добијат нови сознанија за развојот на спортот. Библиографските единици во „Литературата" се коректно цитирани со доследна и систематска примена според современите барања и критериуми во таа насока. Обемната литература ги задоволува научните потреби за давање одговори на целите на истражувањето.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи го предвид изнесеното, Комисијата позитивно ја оценува докторската дисертација на тема **„Релации меѓу општите и посебните**

**параметри за развој на спортот во Република Македонија“** од Томислав Андоновски, вработен во Агенцијата за млади и спорт на Република Македонија.

Со посебна чест и задоволство, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичка култура во Скопје, да ја прифати докторската дисертација на наведената тема и на кандидатот да му дозволи јавна одбрана.

**КОМИСИЈА**

1. **Д-р Александар Наумовски, редовен професор с.р.**
2. **Д-р Душко Иванов, редовен професор с.р.**
3. **Д-р Ленче Алексовска Величковска, редовен професор с.р.**
4. **Д-р Милан Наумовски, редовен професор с.р.**
5. **Д-р Иван Атанасовски, вонреден професор с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА УЧЕБНИКОТ "СОЦИЈАЛНА МЕДИЦИНА" ОД АВТОРИТЕ: ПРОФ. Д-Р ДОНЧО ДОНЕВ, ПРОФ. Д-Р МОМЕ СПАСОВСКИ, ПРОФ. Д-Р ФИМКА ТОЗИЈА, ПРОФ. Д-Р ЕЛЕНА ЌОСЕВСКА, АС. Д-Р ДАНЧЕ ГУДЕВА-НИКОВСКА, АС. Д-Р БЛАШКО КАСАПИНОВ, АС. Д-Р МАРИЈА КИШМАН ХРИСТОВСКА, АС. Д-Р ВЛАДИМИР ЛАЗАРЕВИК, АС. Д-Р ВАЛЕНТИНА СИМОНОВСКА

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, во составот на УКИМ, Скопје, постапувајќи по предлогот од Одборот за издавачка дејност на Факултетот, на својата XII редовна седница, одржана на 15.3.2012, ја донесе Одлуката за одредување на рецензенти за пишување рецензија по однос на доставениот ракопис за печатење на учебник под наслов: **"Социјална медицина"** за предметот социјална медицина од авторите: *проф. д-р Дончо Донев, проф. д-р Моме Спасовски, проф .д-р Фимка Тозија, проф. д-р Елена Ќосевска, ас. д-р Данче Гудева-Никовска, ас. д-р Блашко Касапинов, ас. д-р Марија Кишман Христовска, ас. д-р Владимир Лазаревик, ас. д-р Валентина Симоновска.*

## ИЗВЕШТАЈ

1.**Наслов:** Социјална медицина

2.**Автори:** проф. д-р Дончо Донев, проф. д-р Моме Спасовски, проф. д-р Фимка Тозија, проф.д-р Елена Косевска, ас. д-р Данче Гудева-Никовска, ас. д-р Блашко Касапинов, ас. д-р Марија Кишман Христовска, ас. д-р Владимир Лазаревик, ас. д-р Валентина Симоновска

3. **Предметна програма:** социјална медицина

4. **Студиска програма:** општа медицина-додипломски студии

5. **Семестар:** 2 (втор)

6. **Фонд на часови:** 30 часови (20 часа теоретска настава, 10 часа практична настава)

7. **Усогласеност со наставата:** Приложениот ракопис е во согласност со содржините предвидени за теоретска и практична настава по предметот социјална медицина на Медицинскиот факултет при УКИМ, Скопје

8. **Време и акт на назначување на рецензентите:** Одлука бр.02-1081/64 од 20.3.2012 година, донесена на XII редовна седница на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, одржана на 15.3.2012 година.

9. **Издание:** прво.

10.**Ист или сличен учебник на факултетот:** нема.

**11. Општи податоци за ракописот:** Учебникот "Социјална медицина" ги разработува основните наставни теми во рамките на курикулумот на предметот социјална медицина. Напишан е на 363 страници, со значаен број табели и слики, чија нумерација е дадена одделно по поглавја, од кои некои се прикажани во црно-бела техника, а некои во боја. Сите илустрации се вклопени во текстот на ракописот. По текстот на секое поглавје следува користената литература, соодветно цитирана. Во изготвувањето на текстот користени се повеќе од 280 домашни и меѓународни референци. По предговорот од авторите, следува содржината на текстот, презентирана во седум дела и 37 тематски целини, со тенденција да се опфатат голем број актуелни и современи теми од областа на социјалната медицина, но и пошироко од јавното здравство. Темите во различии делови не се прикажани на идентичен начин, што упатува пред сѐ на разнородноста на самата материја која се обработува, на специфичен пристап кон одделни прашања на повеќе автори на ракописот, како и на активната улога на четири уредници со различен стручен профил и експертиза. Сето ова дава специфичен белег на текстот нудејќи различни решенија за еден одреден проблем во областа на социјалната медицина, што е и можен предизвик во понатамошниот развој на оваа јавноздравствена дисциплина.
Истовремено, со овој текст се дава можност за стекнување основни и пошироки сознанија за јаваноздравствените области кои ги третира Социјалната медицина.

**12.Краток опис на содржината:** Материјалот е организиран во седум дела и дури 37 тематски целини (можеби некои се претставени во повеќе фрагменти), давајќи основни сознанија за конкретните теми и одделни специфични прашања во областа на социјалната медицина. Во првиот дел презентирана е социјалната медицина како наука - развој, дефиниција, метод, предмет на проучување и подрачја на активност, а во вториот дел следниве теми: Основни принципи на организацијата на здравствената заштита и здравствена служба, Нивоа на здравствена заштита - примарна, секундарна и терцијарна здравствена заштита, Здравствен систем - организација и евалуација, Здравствени установи, Организација на здравствениот систем на РМ, Систем на здравственото осигурување и финансирање на здравствената заштита во РМ. Во посебна рамка-Дел 3, вклучени се следниве теми: Семејство - значење за здравјето, здравствени потреби и здравствена заштита, Здравствена состојба и здравствена заштита на деца до 6 години, Здравствена состојба и здравствена заштита на училишни деца и младина, Здравствена состојба и здравствена заштита на жените, Здравјето, здравствените потреби и здравствената заштита на лицата постари од 65 години, Здравје на работниците и специфични професионални ризици кај вулнерабилни групи работници, Здравствена и социјална заштита на лицата со посебни потреби.
Четвртиот дел ги опфаќа социјално-медицинските аспекти на одредени групи на болести и повреди: Социјални болести, Социјално-медицински аспекти на хроничните заболувања, Социјално-медицински аспекти на кардиоваскуларните болести, Социјално-медицински аспекти на малигните неоплазми, Социјално-медицински аспекти на повреди и насилство, Социјално-медицински аспекти на болестите на зависност, Социјално-медицински аспекти на дијабетес мелитус, Социјално-медицински аспекти на заразните болести, додека делот број 5-Економика во здравство и финансирање на здравствената заштита. Темите: Менаџмент во здравството, Планирање на развојот на здравствената заштита и здравствената дејност и стратешко планирање, Акредитација на здравствените установи, Примарна заштита

ориентирана кон заедницата (ПЗОЗ), Глобализација и здравје, Глобализација и реформи во здравствените системи, Евалуација на здравје и здравствената состојба на населението, Информатика, статистика и евиденции во здравството вклучени се во Делот број 6. Последниот -седмиот дел за Промоција на здравјето и здравствено воспитание ги опфаќа следните тематски целини: Однесување и воспитание за здравје- дефиниции, цели, принципи и фази во развојот на здравствено воспитниот процес, Содржини и подрачја на активност со здравствено воспитание, Здравственовоспитни методи, Здравственовоспитни средства, Методологија на изработка и реализација на здравственовоспитна програма во заедницата.

Во целиот ракопис, изнесените теоретските постулати се поткрепени со конкретни примери од практика, поддржани со национални и меѓународни стратешки и легислативни документи, со цел за зачувување и унапредување на здравјето, превенцијата и раното откривање на болестите, како и севкупната политика кон здравјето и организацијата на здравствената заштита на населението.

**13.Категоризација:** Учебник

**14. општа педагошка оценка:**Учебникот ја исполнува целта за која е наменет и ја презентира наставната материја по предметот Социјална медицина, за студентите по медицина, согласно актуелните наставни планови и програми на Медицинскиот факултет. Напишан е на литературен македонски јазик, со користење на специфична стручна терминологија, а приложените илустрации и табели се во функција на текстот.

**15.заклучок:**
Врз основа на изнесеното во извештајот, предлагаме, ракописот под наслов: **"Социјална медицина"** од авторите: *проф. д-р Дончо Донев, проф. д-р Моме Спасовски, проф. д-р Фимка Тозија, проф. д-р Елена Ќосевска, ас. д-р Данче Гудева-Никовска, ас. д-р Блашко Касапинов, ас. д-р Марија Кишман Христовска, ас. д-р Владимир Лазаревиќ, ас. д-р Валентина Симоновска*, да се процедурира до Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", и да се испечати како учебник по предметот Социјална медицина, за студентите на Медицинскиот факултет во Скопје.

Рецензенти:

1. Проф. д-р Јованка Караџинска Бислимовска с.р.

2. Проф. д-р Драган Даниловски с.р.

3. Проф. д-р Весна Бјеговиќ с.р.

4. Проф. д-р Драган Ѓорѓев с.р.

5. Проф. д-р Лука Ковачиќ с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

## ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СЕИЗМИЧКАТА ПОВРЕДЛИВОСТ НА ПОСТОЈНИ СТАНБЕНИ ЗГРАДИ И ОБЈЕКТИ ЗА СЕМЕЈНО ДОМУВАЊЕ ВО ПОЛОШКАТА КОТЛИНА

**од м-р Енис Јакупи, дипл. инж. арх.**
**пријавена на Градежниот факултет во Скопје**

Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, на својата 388 седница одржана на 8. V 2012 година, не именува за членови на Комисијата за преглед и оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Енис Јакупи, дипл. инж.арх., асистент на Факултетот за применети науки на Тетовскиот државен универзитет, под наслов **Определување на сеизмичката повредливост на постојни станбени згради и објекти за семејно домување во Полошката Котлина.**

По прегледот на докторската теза, Комисијата го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската теза на кандидатот м-р Енис Јакупи, дипл. арх. инж., асистент на Факултетот за применети науки на Тетовскиот државен универзитет, под наслов **Определување на сеизмичката повредливост на постоејни станбени згради и објекти за семејно домување во Полошката Котлина** е изложена на вкупно 150 нумерирани страници, 88 графички прилози (фотографии, скици и дијаграми) и 9 табели. Трудот содржи листа на графички прилози, листа на табели и листа на 87 цитирани референци.

## 1. ПРЕДМЕТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Последните земјотреси насекаде во светот, влијаеле на формирањето на свеста, особено во сеизмички активните подрачја, за потребата од реална процена на можните последици на идните земјотреси. Вакви проекти на можни сценарија, денес се реализирани во многу земји во кои се вклучени различни бази на податоци кои се основа за секое истражување. Прикажана е вообичаена постапка при формирање на база на градежниот фонд на згради во еден регион, со користење на типски формулари. На крајот е предложен образец кој би можел да биде применет и за нашите градови.

Во дисертацијата е обработен еден актуелен проблем од обласа на повредливоста на постоините објекти при сеизмички дејства. Денешната регулатива од доменот на сеизмичкото проектирање во нашата земја, освен што не е иновирана од 1981 год. кога се донесени последните прописи за асеизмичко проектирање, на ниту еден начин не ја третира доверливоста на изведените објекти. Во светот денес ова е многу значајно поле на истражување, па од голема важност е преземање на иницијатива за прибирање на податоци и формирање на база на податоци неопходни за согледување на постојната состојба. Потребно е запошнување на сериозни истражувања и добивање на корисни резултати во овој домен. Оваа дисертација претставува еден обид да се направи процена

на сеизмичкиот ризик на територијата на одбран регион во РМ, поточно Полошката Котлина. Во тезата е прикажана целата процедура, тргнувајќи од подготвителната фаза, со осврт на сите активности и релевантни информации кои е потребно да се спроведат пред самите пресметковни процедури, преку самите методи за пресметување, до постигнување на крајните резултати кои можат да бидат на ниво на една зграда или да водат кон формулирање на сеизмички сценарија за една потесна или поширока територија.

Современите процедури за процена на повредливоста на зградите примарно се фокусирани на конструктивниот систем, капацитетот, проектот и параметрите на одговор. Овие параметри би обезбедиле пореална процена на очекуваното однесување воколку изградениот објект ги рефлектира пропишаните конструктивни и архитектонски карактеристики и услови.

Армиранобетонските рамковни конструкции се најчесто користени типови на конструктивни системи во армoранобетонските згради во овој регион. Иако актуелните сеизмички прописи овозможуваат задоволително однесување на армoранобетонските згради, се уште постојат голем број на сеизмички слаби-неадекватни конструкции што не се потврдени со овие прописи. Идентифицирањето на слабите конструкции е од голема важност при проценка на загубите во случај на можен силен земјотрес во иднина и поставување на приоритетните критериуми за зајакнување на овие конструкции.

Главна цел на ова истражување е да се развие детална процедура за проценка на повредливоста базирана на поместувањата за армoранобетонските конструкции на згради во Полошката Котлина.

## 2. СОДРЖИНА НА ТЕЗАТА

Дисертацијата е организирана во 6 поглавја и еден прилог.

Во **Глава 1** е даден краток преглед на постојните концепти за проучување на повредливоста кај конструкциите на зградите, како и методологиите за анализа на сеизмичката повредливост. Во оваа глава, исто така е даден општ преглед на географската положба, релјефот, градовите и општините кои влегуваат во состав на регионот, сеизмичност на регионот, сеизмички ризик и карти од просторниот план, потенцијал на сеимичкиот хазард, сеизмилошка и епицентрална мапа на Полошката Котлина како сеизмички активно подрачје. Исто така е опишана изграденоста, застапеноста на поосделни типови на згради и посочени се одбраните конструкции на згради за анализа.

Во **Глава 2** се разгледува општо сеизмичката повредливост на армиранобетонски згради и поместувањето како критериум при проектирање како нов концепт во областа на асеизмичкото инженерство. Дадени се препораките при проектирањето базирано на поместувањата, чекорите во процедурата и методите кои се користат во анализата. Во овој дел е опишана нелинеарната статичка pushover-анализа како процедура за процена на сеизмичкиот одговор на армиранобетонски згради со илустрација на пример изработен со примена на софтверот SAP2000.

Преглед на досегашните истражувања за повредливоста на армoранобетонските рамковни конструкции во сеизмички региони, моделирање и анализа потребна од оценка на оштетувањата се дадени во **Глава 3**. Дискутирана е актуелната состојба во разгледуваниот регион и опишан е еден пристап за дефинирање на оцени на штети со пример од литературата. Овде се прикажани неизвесностите, начинот и подлогите кои се користени при моделирање на зградите, карактеристики на материјалите, калибрација на параметрите на крутоста и постапка за процена на повредливоста со pushover-анализа. Во овој дел се опишани и анализираните конструкции.

Избраната методологија за проценка на повредливоста на арморанобетонските згради е дадена во **Глава 4**. Во овој дел е направен опис и категоризација на избраните објекти во Полошката Котлина со идентификација на клучните елементи од кои зависи однесувањето на објектите во сеимички услови. Опишана е спроведената анализа и начинот на пресметување на индексот на повредливост на објектите.

Во **Глава 5** се дадени резултатите од анализата за 20 објекти, како и соодветни коментари за нив.

Во **Глава 6** се дадени релевантни заклучоци кои произлегоа од анализите извршени во истражувањето како и препораки за понатамошна работа.

На крајот е даден список на користена литература составен од 87 наслови и **Прилог** во кој се дадени табели во кои се опишани разгледуваните објекти.

## 3. НАУЧЕН ПРИДОНЕС НА ДОКТОРСКАТА ТЕЗА

Во предметната докторска дисертација се изложени резултатите од извршеното истражување на повредливоста на постојните армиранобетонски станбени објекти и објекти за семејно домување во населените места и рурални и урбани, во Полошката котлина и предложена е симплифицирана методологија за определување на сеизмичкта отпорност на овие објекти.

Предложената методологија претставува комбинација од микро и макро пристап во анализа на сеизмичката повредливост на постојни конструкции. Имено, на ниво на интегрална конструкција се спроведува нелинеарна статичка анализа на однесувањето на избраниот сет од 20 карактеристични конструкции. Ваквиот пристап припаѓа на групата на методи кои можат да се вбројат во микромоделирање.

Од друга страна, после обезбедување на одговорот на избраните репрезентативни конструкции, резултатите од нелинеарната статичка анализа на конструкциите се применети за изведувани генерални заклучоци за нивото на сеизмичка повредливост на цела класа објекти обезбедено при проектирање според актуелните прописи. Ваквиот пристап претставува типичен пример на макропристап во анализа на сеизмичката повредливост.

Предложената методологија која претставува комбинација на микро и макромоделирање претставува иновативен приод во обезбедување на релевантни податоци за цела класа на објекти од потесен регион третирајќи ги и специфичните карактеристики на објектите од разгледуваната класа на објекти, во случајот армиранобетонски станбени објекти и објекти за семејно домување во населените места, и рурални и урбани, во Полошката Котлина.

Истражувањето спроведено во рамките на разгледуваната докторска теза треба да се гледа во светлината на состојбите во градежната и проектантска практика во изминатите две децении по осамостојувањето на Република Македонија. Имено, заради институционалните промени, носење на законот за градба со сериозно задоцнување во пошироката јавност постои сериозна загриженост за нивото на сеизмичка отпорност што го поседуваат објектите изградени токму во тој период. Изборот на предметот на истражување, станбени објекти во Полошката Котлина, произлезе пред се од експанзивниот раст на овие населени места во посочениот период.

При истражувањето сериозно внимание е посветено на проучувањето на постојниот градежен фонд во избраниот регион, при што направена е типизација на карактеристични конструктивни решенија, а за селектираните конструкции обезбедени се детални информации за конструктивните и неконструктивните елеменети што ја обезбедува автентичноста, оригиналноста и пред се веродостојноста на изведените заклучоци.

Со примена на предложената методологија и анализа на однесувањето на 20 селектирани реперезентативни конструкции, со катност од два до девет ката, дефинирани се следниве заклучоци од истражувањето:

- Најголем дел од армиранобетонските згради со катност од 2 до 9 ката се однесуваат задоволително. Носивоста на зградите проценета со помош на pushover-анализа, укажува на постоење на значителни резерви во однос на силите пресметани според актуелните прописи.
- Добиените вредности за индексите на повредливост на зградите се во границите од 0,2 до 0,4 со исклучок на зградите со нерегуларности во основа и по височина кај кои се добиваат вредности на индексите поголеми од 0,45.
- Нелинеарното однесување на конструкциите се одвива предимно преку формирање на пластични зглобови во гредните елементи.
- Од анализата на деформираната состојбата на зглобовите формирани во гредите, може да се заклучи дека, состојбата во овие зглобови е во регионот помеѓу B и IO. До појава на први пластични зглобови во столбовите, состојбата во зглобовите во гредите е во регионот помеѓу IO-LS. Крајот од анализата се случува кога состојбата во зглобовите формирани во столбовите е во регионот помеѓу LS-CP, што одговара на ефективно поместување од околу 2-3% од висината на зградите.

Останува да се посочи дека сите погоре изнесени заклучоци треба да се земат со одредена доза на резерва која произлегува од фактот дека сите спроведени анализи претежно се базираат на податоци добиени од проектната документација, а евентуалните отстапки од тоа во процесот на градење е ситуација која неможе да биде исклучена. Оттука, при примена на посочената методологија на поодделни објекти неопходно е да се обрати особено внимание на соодветноста на проектната документација и изведената состојба на објектот.

## ЗАКЛУЧОК

Од прегледот на докторската теза под наслов **Определување на сеизмичката повредливост на постојни станбени згради и објекти за семејно домување во Полошката Котлина**, на кандидатот м-р Енис Јакупи, дипл. инж. арх., произлегува дека тоа е сериозен научен труд. При неговата разработка, кандидатот навлегол и стекнал солидни знаења од областа нелинеарната статичка анализа на армиранобетонските рамковни конструкции од високоградбата и определувањето на сеизмичката повредливоста на конструкциите, при што заслужува да се посочи дека неговото додипломско образование е од областа на архиетектурата.

Истражувањето спроведено во рамките на разгледуваната докторска теза треба да се гледа во светлината на состојбите во градежната и проектантска практика во изминатите две децении по осамостојувањето на Република Македонија. Имено, во пошироката јавност постои сериозна загриженост за нивото на сеизмичка отпорност што го поседуваат објектите изградени токму во тој период. Изборот на предметот на истражување, станбени објекти во Полошката Котлина, произлезе, пред се, од експанзивниот раст на овие населени места во посочениот период. Резултатите од примената на предложената методологија и анализата на 20 селектирани реперезентативни конструкции, со катност од два до девет ката, укажуваат дека тие се однесуваат задоволително. Носивоста на зградите, проценета со помош на нелинеарна статичка анализа, укажува на постоење на сериозни резерви во однос на силите пресметани според актуелните прописи.

Врз основа на сето погоре изнесено, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет да ја прифати позитивната оцена на Рецензентската комисија на докторската теза на кандидатот м-р Енис Јакупи, дипл. инж. арх., асистент на Факултетот за применети науки на Тетовскиот државен универзитет, под наслов **Определување на сеизмичката повредливост на постојни станбени згради и објекти за семејно домување во Полошката Котлина** и, согласно со законските одредби и Правилникот за постдипломски и докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да закаже јавна одбрана.

Членови на комисијата:

1. проф. д-р Елена Думова-Јованоска, Градежен факултет,УКИМ с.р.
2. проф. д-р Лилјана Денковска, Градежен факултет, УКИМ с.р.
3. проф. д-р Горан Марковски, Градежен факултет, УКИМ с.р.
4. проф. д-р Живко Божиновски, ИЗИИС, УКИМ с.р.
5. проф. д-р Муса Ставилеци, ГАФ, Приштина с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА

## НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

## „НОВИНИ ВО ОБЛАСТА НА ВНАТРЕШНИОТ ПАЗАР НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО ВРСКА СО ПРИНЦИПОТ ЗА ЗАЕМНО ПРИЗНАВАЊЕ: ВЛИЈАНИЕ И ПРАВНИ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРИМЕНАТА НА ПРИНЦИПОТ ВО ПРАВНИОТ СИСТЕМ НА ЗЕМЈИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН (СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА),“ ОД КАНДИДАТКАТА М-Р ЉУБИЦА ЏАБИРОВА ПОКРАСС, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно - научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 27.04.2012 година, формира Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Љубица Џабирова Покрасс под наслов „Новини во областа на внатрешниот пазар на Европската унија во врска со принципот за заемно признавање: влијание и правни последици од примената на принципот во правниот систем на земјите од Западен Балкан (студија на случај: Република Македонија),“ во состав: д-р Сашо Георгиевски, редовен професор, д-р Ванчо Узунов, редовен професор, д-р Татјана Петрушевска, редовен професор, д-р Pieter Jan Kuijper, редовен професор при Правниот факултет на Универзитетот во Амстердам и д-р Annette Schrauwen, вонреден професор при Правниот факултет на Универзитетот во Амстердам.

Комисијата, по разгледувањето на докторскиот труд на кандидатката, на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ му го поднесува следнио

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Приказ на трудот

Докторскиот труд „Новини во областа на внатрешниот пазар на Европската унија во врска со принципот за заемно признавање: влијание и правни последици од примената на принципот во правниот систем на земјите од Западен Балкан (студија на случај: Република Македонија),“ содржи три дела поделени на 8 глави и заклучни констатации, разработени на 214 страници текст со 414 фусноти, при што

се користени извори од 52 книги или списанија, 43 одлуки на Европскиот суд на правдата, 42 европски документ и правни акти и 14 правни акти на Република Македонија.

## II. Образложение на темата и структурата на трудот

Докторскиот труд обработува една мошне актуелна тема поврзана со примената на принципот за заемно признавање. Основниот проблем кој е дефиниран како **предмет** на докторската дисертација е влијанието кое го предизвикува примената на принципот за заемно признавање при слободното движење на производи, квалификации, правото на основање и слободата на давање на услуги, во рамките на Европската унија и во Република Македонија. Во рамките на ова предметно определување, кандидатката го проучува функционирањето и примената на принципот за заемно признавање во земјите-членки на Европската унија и врз основа на нивните позитивни и негативни искуства, предлага рамка за негова примена во правниот систем на Република Македонија. Анализата се врши на тој начин што принципот прво се проучува во генерални рамки - Што значи? Која е правната основа за негова примена? Потоа, фокусот поминува на поспецифични прашања, во однос на примената на принципот за взаемно признавање во слободното движење на производи, квалификации, правото на основање и слободата на давање на услуги, според примарното и секундарното законодавство на Европската унија, како и според правната пракса која произлегува од Европскиот суд на правдата. Се земаат во предвид и следните прашања: На кој начин се применува принципот во секоја од овие категории? Кои се генералните слабости и проблематичните страни при неговата примена? Кои се техниките за примена на принципот? Кои се правните аспекти кои заслужуваат посебно внимание? Дали постојат заеднички правила и постапки?

Главната **хипотеза** од која тргнува кандидатката е дека примената на принципот за заемно признавање како институционално правило засновано на домашни правила и препознавањето на легитимноста на различни регулативи на

земјите-членки, мора да се заснова на висок степен на заемна доверба и задолжителни процедурални правила за хармонизација, за да ги балансира интересите на сите учесници во рамките на внатрешниот пазар на Европската унија. Пронаоѓањето на суштината на техниките и идентификувањето на проблемите на земјите-членки при примената на принципот за заемно признавање, создава значајна основа за негова успешна примена во Република Македонија. Притоа, кандидатката предлага исполнување на три клучни предуслови, образложени детално во трудот.

**Прво**: Да се изгради високо ниво на доверба и да се постигне ефикасна примена на принципот за заемно признавање е сложен процес и земјите-членки на Европската унија не се спремни за негова непречена употреба. За таа цел, неопходно е следење на обврзувачки процедурални правила за заемно признавање.

**Второ:** Техниките за примена на заемното признавање, во слободното движење на производи, лица, услуги и квалификации во рамки на внатрешниот пазар, се меѓусебно поврзани и истите содржат заеднички елементи кои можат да бидат детектирани во рамките на комплексноста на новите мерки. Притоа, кандидатката предлага правна рамка за успешна примена на принципот.

**Трето**: Постои цврста поврзаност помеѓу принципот за заемно признавање, и постоењето на заемна доверба помеѓу земјите. Принципот на заемно признавање, се соочува со голем број на проблеми поради недостигот на заемна доверба меѓу земјите.

Во отсуство на процедурални правила за заемно признавање, принципот не функционира со целосен потенцијал. Новите процедурални правила со кои се уредува заемното признавање и „точките за фокус", имплементирани симултано од страна на Република Македонија, и генерално од страна на земјите од Западен Балкан кои претендираат за полноправно членство во Европската унија, се добар инструмент во насока на воспоставување солидна основа, и процедурална и материјална, за постигнување на ефикасно функционирање на принципот на заемно признавање, со крајна цел за намалување на недостигот на заемна доверба помеѓу земјите.

**Цели** на истражувањето се да се појасни и да се елаборира правната рамка на ЕУ и во Македонија која се однесува на новините во внатрешниот пазар на Европската унија, во врска со примената на принципот за заемно признавање; да се идентификуваат слабите точки во законската рамка; да се анализираат главните точки на судир меѓу важечките правни норми; да се извлечат заклучоци и да се дадат препораки во однос на идниот тек на правното приспособување кон новите мерки; да се понудат конкретни забелешки и решенија за македонското законодавство, а воедно и да се разјаснат одредени нови концепти заради нивна полесна практична примена од институциите вклучени во спроведување на правилата, но и заради нивно разбирање од страна на самите учесници во процесот.

**Структурата** е организирана на следниов начин:

Воведот го позиционира проблемот на истражувањето, ги поставува централната теза, целите и структурата на истражувањето, го изложува користениот методолошки пристап, како и потребата и оправданоста на трудот. По воведот, следува **првиот дел,** во кој клучен аспект при истражувањето е идентификување на правната рамка според која принципот за заемно признавање се применува во рамките на внатрешниот пазар на Европската унија, и поконкретно, во слободното движење на производи, квалификации, правото на основање и слободата на давање на услуги, како и идентификување на сите проблематични аспекти при неговата примена.

**Вториот дел** се заснова на резултатите од анализата извршена во првиот дел и има за цел креирање на рамка според која принципот за заемно признавање функционира во рамкита на внатрешниот пазар на Европската унија. Правната рамка е претставена во облик на „точките за фокус", притоа кандидатката тврди дека од нивната примена зависи успешното имплементирање на принципот за взаемно признавање во пракса.

Овие „точки за фокус" претставуваат појдовна основа за анализата во **третиот дел**, каде што се разработува влијанието кое тие би можеле да го предизвикаат во правниот систем на земјите од Западен Балкан, сегашни или идни кандидатки за членство во Европската унија, при што Република Македонија се

зема како студија на случај. Имплементирањето на „точките за фокус" иницира голем број на генерални прашања кои имаат потреба за разработка, пред анализата да продолжи кон поспецифични прашања. Имено, примената на принципот за взаемно признавање повлекува примена на бројни принципи и правила на ЕУ, кои не се однесуваат само на истиот, туку општо на целокупниот процес на приспособување на правните системи на земјите. Без да се земат предвид ваквите генерални акспекти, илузорно е да се расправа за имплементирање на принципот за заемно признавање, кој се заснова на тие принципи. За таа цел, структурата на овој трет дел ги разработува: генералните правни проблеми и критериуми кои мораат да се задоволат, пред да се помине кон имплементирање на специфичните правни правила, кои се однесуваат на примената на принципот за заемно признавање и имплементирањето на „точките за фокус" и специфичните правни последици при имплементирањето на „точките за фокус".

Последниот дел претставува **заклучок** на истражувањето. Овој дел содржи и препораки за примена на принципот за заемно признавање во правниот систем на Република Македонија. Кандидатката дава и конкретни предлози во насока на унапредување на законската рамка и примена и толкување на новите правила кои се однесуваат на примената на принципот за заемно признавање.

## III. Заклучни констатации и оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Љубица Цабирова Покрасс под наслов „Новини во областа на внатрешниот пазар на Европската унија во врска со принципот за заемно признавање: влијание и правни последици од примената на принципот во правниот систем на земјите од Западен Балкан (студија на случај: Република Македонија)," обработува една значително интересна проблематика која веруваме дека ќе наиде на слух кај научната и стручната јавност во соодветните научни подрачја во Република Македонија.

Во трудот мошне успешно се разработува влијанието кое го предизвикува примената на принципот на заемно признавање при слободното движење на производи, квалификации, правото на основање и слободата на давање на услуги, во рамките на Европската унија и потенцијално во Република Македонија. Кандидатката во рамките на истражувањето ги презентира позитивните и негативните искуства на земјите-членки на Европската унија при примена на принципот за заемно признавање и врз основа на тоа креира рамка според која тој функционира и се применува. На тој начин, кандидатката создава успешна основа за примена на принципот за заемно признавање во правниот систем на Република Македонија.

Резултатите од истражувачките активности на кандидатката се интерпретирани на достапен и популарен начин и се сублимирани во текст кој обезбедува теоретска и практична евиденција на посочените проблеми. Од особено значење е тоа што во рамките на истражувањето се идентификуваат техниките за примена на принципот за заемно признавање, проблематичните прашања кои можат да произлезат, како и главните активности кои претходат за примена на принципот во правниот систем на Република Македонија. Имено, кандидатката мошне успешно ги посочува главните актери за примена на принципот во Република Македонија, ги идентификува правните акти кои имаат потреба од ревидирање, како и правните постапки за негова примена. На тој начин се овозможува националниот законодавец, судскиот систем и граѓаните на Република Македонија да се запознаваат со правата и обврските кои произлегуваат од примената на принципот за заемно признавање. Ваквиот пристап може да придонесе кон избегнување на несакани правни последици и навремено имплементирање на принципот во Република Македонија. Навремената примена на принципот за заемно признавање може да придонесе и кон зачувување на националната традиција на земјата со примена на соодветни правни инструменти.

Врз основа на изнесеното, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје да го усвои овој извештај и позитивната оцена на трудот и да и овозможи на кандидатката **м-р Љубица Џабирова Покрасс** јавно да ја одбрани докторската

дисертација под наслов „Новини во областа на внатрешниот пазар на Европската унија во врска со принципот за заемно признавање: влијание и правни последици од примената на принципот во правниот систем на земјите од Западен Балкан (студија на случај: Република Македонија) “.

**Комисија,**

**Д-р Сашо Георгиевски, редовен професор, с.р.**

**Д-р Ванчо Узунов, редовен професор, с.р.**

**Д-р Татјана Петрушевска, редовен професор, с.р.**

**Dr.Pieter Jan Kuijper, редовен професор, Правен факултет, Универзитет во Амстердам, Кралство Холандија с.р**

**Dr. Annette Schrauwen, вонреден професор, Правен факултет, Универзитет во Амстердам, Кралство Холандија с.р**

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО ДОЦЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ СОВРЕМЕН АЛБАНСКИ ЈАЗИК, ПРЕВЕДУВАЊЕ ОД АЛБАНСКИ НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ОБРАТНО И СПОРЕДБЕНА СТРУЧНА ТЕРМИНОЛОГИЈА ПРИ ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје, на својата дваесет и осма редовна седница одржана на 30.5.2012 година, избра Рецензентска комисија во состав: д-р Аслан Хамити, редовен професор, д-р Авзи Мустафа, редовен професор и д-р Мирлинда Крифца – Беќири, вонреден професор во врска со пријавата на д-р Исмет Османи на конкурсот за избор во звањето доцент по предметите современ албански јазик, преведување од албански на македонски јазик и обратно и споредбена стручна терминологија.

Заблагодарувајќи се за довербата, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс во весникот "Нова Македонија" од 27 април 2012 година, за избор на еден наставник (во сите звања) по предметите современ албански јазик, превод и толкување од албански и македонски јазик и обратно и споредбена стручна терминологија се пријави кандидатот д-р Исмет Османи за избор во звањето доцент по наведените предмети.

## Биографски и библиографски податоци на кандидатот

Исмет Османи е роден на 28. 12. 1967 година во с. Горно Свиларе, Скопје. Основното и средното образование ги завршил во Скопје со одличен успех. Во текот на своето школување учествувал на разни натпревари, при што постигнал завиден успех. На Катедрата за албански јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје дипломирал со солиден успех во 1990 година.

По дипломирањето, кандидатот Исмет Османи беше ангажиран при МРТВ – програма на албански јазик како новинар и лектор. Во текот на овој период тој успешно реализирал над 100 емисии од културата (особено поврзани со јазичната култура и албанската книжевност). Со својата стручно новинарска работа се истакнува и во другите редакции на МРТВ (во емисиите од економско-политички, научен и културен карактер) и како лектор и преведувач од албански на македонски јазик и обратно. Исто така, Османи неколку години соработуваше и со весниците "Flaka e vëllazërimit", "Fakti" и "Lajm", кадешто повремено објавил значителен број новинарски и стручни трудови. Покрај новинарската работа, кандидатот Османи дава свој

придонес и во просветната дејност. Неколку години одржал курсеви по албански јазик за слушатели на кои албанскиот не им е мајчин јазик.

Исмет Османи перманентно работи и за своето научно издигнување и дооформување. Имено, тој магистрираше на тема "Свадбените албански песни и обичаи во скопскиот Дервен" во 2000 година, а докторираше во 2005 година на тема "Морфонолошки промени во гегиските говори" при Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје.

Кандидатот д-р Исмет Османи има богата преведувачка дејност. Тој досега преведувал голем број книги од областа на економијата и правото, вршел стручни преводи од албански на македонски, српски, хрватски и обратно; бил консекутивен и симултан толкувач во многу семинари во земјата и надвор од неа, преведувач и толкувач при Собранието на Република Македонија, толкувач на државни делегации на Македонија и Албанија и др.

Османи беше ангажиран како предавач - обучувач по албански јазик на проектот "Обука за државни службеници – преведувачи од албански на македонски јазик и обратно (Pace 2)", спроведена од Владата на Р. Македонија и Европската унија преку Британскиот совет со деветмесечна обука во текот на 2005 и 2006 година, кадешто кандидатот добил признание и пофалба за успешна реализација на работата. Учесник е во проектот за подготовка на преведувачи за јавна администрација организиран од „Бритиш Кансил" во Скопје, 2012.

Од разновидната активност на д-р Исмет Османи, освен неговата заложба во образовната и преведувачката дејност, вреди да се спомена дека досега бил рецензент и јазичен уредник на неколку учебници, книги и списанија. Со свои рецензии учествувал и во многу промоции на книги.

Неговата педагошка кариера во високото образование почнува со неговото ангажирање на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, најпрвин како асистент, а потоа како наставник по предметите бизнис-терминологија, албански јазик за специфична намена, македонски јазик за специфична намена и вештини за студирање и истражување на ресурси.

Во учебната 2009/2010 година одржуваше настава по предметот албански јазик 1, 2 за студенти на кои албанскиот не им е мајчин јазик на Филозофскиот факултет во Скопје, додека во учебната 2010/2011 година истиот предмет во Воената академија во Скопје. Од 2004 до 2011 година беше ангажиран како стручњак од практиката на Катедрата за албански јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје по предметите современ албански јазик 3, 4, 5 и 6; споредбена стручна терминологија 1, 2, 3 и 4; преведување од албански на македонски јазик и толкување од албански на македонски јазик. Во учебната 2011/2012 година е избран во звањето асистент по современ албански јазик при Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

Во наставниот процес, што претставува главна преокупација на кандидатот, тој се докажал како солиден, совесен и трудолубив педагог, кој

воспоставува одличен контакт со студентите и колегите и ги остварува своите работни обврски.

Д-р Османи досега учествувал и на неколку научни конференции со теми од областа на лингвистиката. Повеќе негови прилози се однесуваат на правописните и правоговорните норми на албанскиот стандарден јазик, морфонолошките промени како и проблемите врзани за преводот.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на сите изнесени констатации за професионалните, научните и педагошките квалификации на кандидатот, истакнуваме дека тој во целост ги исполнува пропишаните услови за звањето во кое конкурира. Следствено на ова, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет "Блаже Конески" во Скопје да го избере д-р Исмет Османи во звањето доцент по предметите современ албански јазик, преведување од албански на македонски јазик и обратно и споредбена стручна терминологија.

Рецензентска комисија

1. Д-р Аслан Хамити, редовен професор, с.р.
2. Д-р Авзи Мустафа, редовен професор, с.р.
3. Д-р Мирлинда Крифца-Беќири, вонреден професор, с.р.

# ОБРАЗЕЦ

## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** ИСМЕТ ОСМАНИ
**Институција:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје
**Научна област:** современ албански јазик, превод од албански на македонски и обратно и споредбена стручна терминологија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| | **Одржување на настава од прв и втор циклус студии (катедрата за албански јазик и книжевност)** | |
| | **2005/2006 зимски семестар** | |
| 1 | Современ албански јазик (0+8) (8×15=120×0,03)=1,8) семестар | 3,6 |
| 2 | Албански јазик 1 (Ц) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 3 | Албански јазик 1 (Ц) (0+2) (2×15=30×0,03)=1,2) | 0,9 |
| | **2005/2006 летен семестар** | |
| 4 | Современ албански јазик (0+8) (8×15=120×0,03)=1,8) семестар | 3,6 |
| 5 | Албански јазик 1 (Ц) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 6 | Албански јазик 1 (Ц) (0+2) (2×15=30×0,09) | 0,9 |
| | **2006/2007 зимски семестар** | |
| 7 | Современ албански јазик (0+8) (8×15=120×0,03)=1,8) семестар | 3,6 |
| 8 | Албански јазик 1 (Ц) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 9 | Албански јазик 1 (Ц) (0+2) (2×15=30×0,09) | 0,9 |
| 10 | Вештини на студирање и истражување на човечки ресурси (2×15=30×0,04)=1,2) (2+0) прв семестар во 2 групи на албански и на македонски јазик (УЕЈЛ во Тетово) | 3,6 |
| 11 | Вештини на студирање и истражување на човечки ресурси (4×15=60×0,03)=1,8) (2+0) прв семестар во 2 групи на македонски јазик (УЕЈЛ во Тетово) | 3,6 |
| | **2006/2007 летен семестар** | |
| 12 | Современ албански јазик (0+8) (8×15=120×0,03)=1,8) семестар | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 13 | Албански јазик 1 (Ц) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 14 | Албански јазик 1 (Ц) (0+2) (2×15=30×0,09) | 0,9 |
| 15 | Албански јазик за специфични цели (2×15=30×0,04)=1,2) (2+0) втор семестар во 2 групи на албански и на (УЕЈЛ во Тетово) | 1,2 |
| 16 | Македонски јазик за специфични цели (2×15=30×0,04)=1,2) (2+0) втор семестар во 2 групи на албански и на (УЕЈЛ во Тетово) | 1,2 |
| | **2007/2008 зимски семестар** | |
| 17 | Современ албански јазик (0+8) (8×15=120×0,03)=1,8) семестар | 3,6 |
| 18 | Албански јазик 1 (Ц) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 19 | Албански јазик 1 (Ц) (0+2) (2×15=30×0,09) | 0,9 |
| 20 | Споредбена граматика помеѓу мак. и алб. јазик (0+2) (2×15=30×0,03)=1,2) | 1,2 |
| 21 | Споредбена граматика помеѓу мак. и алб. јазик (0+2) (2×15=30×0,09)=1,2) | 0,9 |
| 22 | Вештини на студирање и истражување на човечки ресурси (2×15=30×0,04)=1,2) (2+0) прв семестар во 2 групи на албански и на македонски јазик (УЕЈЛ во Тетово) | 1,2 |
| 23 | Вештини на студирање и истражување на човечки ресурси (2×15=30×0,04)=1,2) (2+0) прв семестар во 2 групи на македонски јазик (УЕЈЛ во Тетово) | 0,9 |
| | **2007/2008 летен семестар** | |
| 24 | Современ албански јазик (0+8) (8×15=120×0,03)=1,8) семестар | 3,6 |
| 25 | Албански јазик 1 (Ц) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 26 | Албански јазик 1 (Ц) (0+2) (2×15=30×0,09) | 0,9 |
| 27 | Споредбена граматика помеѓу мак. и алб. јазик (0+2) (2×15=30×0,03)=1,2) | 1,2 |
| 28 | Споредбена граматика помеѓу мак. и алб. јазик (0+2) (2×15=30×0,09)=1,2) | 0,9 |
| 29 | Албански јазик за специфични цели (2×15=30×0,04)=1,2) (2+0) втор семестар во 2 групи на албански и на (УЕЈЛ) | 1,2 |
| 30 | Македонски јазик за специфични цели (2×15=30×0,04)=1,2) (2+0) втор семестар во 2 групи на албански и на (УЕЈЛ) | 1,2 |
| | **2008/2009 зимски семестар** | |
| 31 | Современ албански јазик (0+8) (8×15=120×0,03)=1,8) семестар | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 32 | Албански јазик 1 (Ц) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 33 | Албански јазик 1 (Ц) (0+2) (2×15=30×0,09) | 0,9 |
| 34 | Споредбена стручна терминологија помеѓу мак. и алб. јазик (0+2) (2×15=30×0,04)=1,2) – две групи (2+0) | 2,4 |
| 35 | Споредбена стручна терминологија помеѓу мак. и алб. јазик (0+2) (2×15=30×0,04)=1,2) – две групи (2+0) | 1,8 |
| 36 | Превод о толкување од албански на мак. јазик – две групи (0+4) (4×15=60×0,03=1,8) | 3,6 |
| 37 | Вештини на студирање и истражување на човечки ресурси (2×15=30×0,04)=1,2) (2+0) прв семестар во 2 групи на албански и на македонски јазик (УЕЈЛ) | 3,6 |
| 38 | Вештини на студирање и истражување на човечки ресурси (4×15=60×0,03)=1,8) (2+0) прв семестар во 2 групи на македонски јазик (УЕЈЛ) | 3,6 |
| | **2008/2009 летен семестар** | |
| 39 | Современ албански јазик (0+8) (8×15=120×0,03)=1,8) семестар | 3,6 |
| 40 | Албански јазик 1 (Ц) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 41 | Албански јазик 1 (Ц) (0+2) (2×15=30×0,09) | 0,9 |
| 42 | Споредбена стручна терминологија помеѓу мак. и алб. јазик (0+2) (2×15=30×0,04)=1,2) – две групи (2+0) | 2,4 |
| 43 | Споредбена стручна терминологија помеѓу мак. и алб. јазик (0+2) (2×15=30×0,04)=1,2) – две групи (2+0) | 1,8 |
| 44 | Албански јазик за специфични цели (2×15=30×0,04)=1,2) (2+0) втор семестар во 2 групи на албански и на (УЕЈЛ) | 1,2 |
| 45 | Македонски јазик за специфични цели (2×15=30×0,04)=1,2) (2+0) втор семестар во 2 групи на албански и на (УЕЈЛ) | 1,2 |
| | **2009/2010 зимски семестар** | |
| 46 | Современ албански јазик (0+8) (8×15=120×0,03)=1,8) семестар | 3,6 |
| 47 | Албански јазик 1 (Ц) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 48 | Албански јазик 1 (Ц) (0+2) (2×15=30×0,09) | 0,9 |
| 49 | Споредбена стручна терминологија помеѓу мак. и алб. јазик (0+2) (2×15=30×0,04)=1,2) – две групи (2+0) | 2,4 |
| 50 | Споредбена стручна терминологија помеѓу мак. и алб. јазик (0+2) (2×15=30×0,04)=1,2) – две групи (2+0) | 1,8 |
| 51 | Превод о толкување од албански на мак. јазик – две групи (0+4) | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | (4×15=60×0,03=1,8) | |
| 52 | Македонски јазик 1 (2+0) за студентите во УЕЈЛ во Тетово (2×15=30×0,04)=1,2) | 1.2 |
| 53 | Македонски јазик 1 (2+0) за студентите во УЕЈЛ во Тетово (2×15=30×0,04)=1,2) | 0.9 |
| | **2009/2010 летен семестар** | |
| 54 | Современ албански јазик (0+8) (8×15=120×0,03)=1,8) семестар | 3,6 |
| 55 | Албански јазик 1 (Ц) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 56 | Албански јазик 1 (Ц) (0+2) (2×15=30×0,09) | 0,9 |
| 57 | Споредбена стручна терминологија помеѓу мак. и алб. јазик (0+2) (2×15=30×0,04)=1,2) – две групи (2+0) | 2,4 |
| 58 | Споредбена стручна терминологија помеѓу мак. и алб. јазик (0+2) (2×15=30×0,04)=1,2) – две групи (2+0) | 1,8 |
| 59 | Превод о толкување од албански на мак. јазик – две групи (0+4) (4×15=60×0,03=1,8) | 3,6 |
| 60 | Македонски јазик 1 (2+0) за студентите во УЕЈЛ во Тетово (2×15=30×0,04)=1,2) | 1.2 |
| 61 | Македонски јазик 1 (2+0) за студентите во УЕЈЛ во Тетово (2×15=30×0,04)=1,2) | 0.9 |
| | **2010/2011 зимски семестар** | |
| 62 | Современ албански јазик (0+8) (8×15=120×0,03)=1,8) семестар | 3,6 |
| 63 | Албански јазик 1 (Ц) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 64 | Албански јазик 1 (Ц) (0+2) (2×15=30×0,09) | 0,9 |
| 65 | Споредбена стручна терминологија помеѓу мак. и алб. јазик (0+2) (2×15=30×0,04)=1,2) – две групи (2+0) | 2,4 |
| 66 | Споредбена стручна терминологија помеѓу мак. и алб. јазик (0+2) (2×15=30×0,04)=1,2) – две групи (2+0) | 1,8 |
| 67 | Превод о толкување од албански на мак. јазик – две групи (0+4) (4×15=60×0,03=1,8) | 3,6 |
| 68 | Албански јазик 1 (Ц) (2+0) - Воена академија во Скопје – Универзитет во Штип (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 69 | Албански јазик 1 (Ц) (0+2) - Воена академија во Скопје – Универзитет во Штип (2×15=30×0,09) | 0,9 |
| 70 | Бизнис-комуникација (3+0)– (УЕЈЛ во Тетово) (3×15=450×0,03=1,8) | 1.8 |
| | **2010/2011 летен семестар** | |

| | | |
|---|---|---|
| 71 | Современ албански јазик (0+8) (8×15=120×0,03)=1,8) семестар | 3,6 |
| 72 | Албански јазик 1 (Ц) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 73 | Албански јазик 1 (Ц) (0+2) (2×15=30×0,09) | 0,9 |
| 74 | Споредбена стручна терминологија помеѓу мак. и алб. јазик (0+2) (2×15=30×0,04)=1,2) – две групи (2+0) | 2,4 |
| 75 | Споредбена стручна терминологија помеѓу мак. и алб. јазик (0+2) (2×15=30×0,04)=1,2) – две групи (2+0) | 1,8 |
| 76 | Превод о толкување од албански на мак. јазик – две групи (0+4) (4×15=60×0,03=1,8) | 3,6 |
| 77 | Албански јазик 1 (Ц) (2+0) - Воена академија во Скопје – Универзитет во Штип (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 78 | Албански јазик 1 (Ц) (0+2) - Воена академија во Скопје – Универзитет во Штип (2×15=30×0,09) | 0,9 |
| 79 | Напредни пишувања за односи со јавноста Advanced Writing for Public Relations (2+0)– (мастер студии - УЕЈЛ во Тетово) (2×15=30×0,03=1,8) | 1.2 |
| 80 | Напредни пишувања за односи со јавноста Advanced Writing for Public Relations (0+1)– (мастер студии - УЕЈЛ во Тетово) (1×15=15×0,03=1,8) | 0.9 |
| | **2011/2012 зимски семестар** | |
| 81 | Современ албански јазик (0+8) (8×15=120×0,03)=1,8) семестар | 3,6 |
| 82 | Албански јазик 1 (Ц) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 83 | Албански јазик 1 (Ц) (0+2) (2×15=30×0,09) | 0,9 |
| 84 | Споредбена стручна терминологија помеѓу мак. и алб. јазик (0+2) (2×15=30×0,04)=1,2) – две групи (2+0) | 2,4 |
| 85 | Споредбена стручна терминологија помеѓу мак. и алб. јазик (0+2) (2×15=30×0,04)=1,2) – две групи (2+0) | 1,8 |
| 86 | Превод о толкување од албански на мак. јазик – две групи (0+4) (4×15=60×0,03=1,8) | 3,6 |
| 87 | Албански јазик 1 (Ц) (2+0) - Воена академија во Скопје – Универзитет во Штип (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 88 | Албански јазик 1 (Ц) (0+2) - Воена академија во Скопје – Универзитет во Штип | 0,9 |

| | | |
|---|---|---|
| | (2×15=30×0,09) | |
| 89 | Албански јазик 2 (Ц) (2+0) - Воена академија во Скопје – Универзитет во Штип (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 90 | Албански јазик 2 (Ц) (0+2) - Воена академија во Скопје – Универзитет во Штип (2×15=30×0,09) | 0,9 |
| | **2011/2012 зимски семестар** | |
| 91 | Современ албански јазик (0+8) (8×15=120×0,03)=1,8) семестар | 3,6 |
| 92 | Албански јазик 1 (Ц) (2+0) (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 93 | Албански јазик 1 (Ц) (0+2) (2×15=30×0,09) | 0,9 |
| 94 | Споредбена стручна терминологија помеѓу мак. и алб. јазик (0+2) (2×15=30×0,04)=1,2) – две групи (2+0) | 2,4 |
| 95 | Споредбена стручна терминологија помеѓу мак. и алб. јазик (0+2) (2×15=30×0,04)=1,2) – две групи (2+0) | 1,8 |
| 96 | Превод о толкување од албански на мак. јазик – две групи (0+4) (4×15=60×0,03=1,8) | 3,6 |
| 97 | Албански јазик 1 (Ц) (2+0) - Воена академија во Скопје – Универзитет во Штип (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| 98 | Албански јазик 1 (Ц) (0+2) - Воена академија во Скопје – Универзитет во Штип (2×15=30×0,09) | 0,9 |
| 99 | Албански јазик 2 (Ц) (2+0) - Воена академија во Скопје – Универзитет во Штип (2×15=30×0,04)=1,2) | 1,2 |
| | **Вкупно бодови за одржување настава од прв и втор циклус** | **186.3** |

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Одбранета докторска теза: „Морфолошките промени во гегиските говори“, Филолошки факултет „Блаже Конески“ Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Скопје, 8 јуни 2005. | 8 |
| 2 | Одбранета магистерска теза: *Свадбените народни песни обичаи во скопскиот Дервен*, Филолошки факултет „Блаже Конески“ Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Скопје, 10.7. 2000 г. | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | Учество на семинарот на „Алба-шкенца" – со тема: „Морофонолошките промени во именскиот систем", одржан во Тирана, 2008. | 3 |
| 4 | Учество на семинарот во Охрид организиран од ДУТ - со тема: „Албанските етнонимиво Македонија", Охрид, 2008. | 3 |
| 5 | Учество на семинарот во Приштина-со тема „Албанскиот јазик во специјалната терминологија", Приштина, 2010. | 3 |
| 6 | Учество на семинарот „Книжните фразеологизми во споредба со македонскиот јазик", Тирана, 2010. | 3 |
| 7 | Учество на семинарот „Исламската култура во Балканот"- со тема: „Религиозната терминологија во албанскиот јазик" одржан во МАНУ- Скопје, 2010. | 3 |
| 8 | *Tema bazë e eptimit foljor në gegërishte*, Shqyrtime albanologjike, 7, 2004, Shkup. (*Основна форма на глаголските промени во Гегиско) 2004, Скопје.* | 3 |
| 9 | Ndërrime morfonologjike në gegërishte, Logos-5, 1, 2006. *(морфолошките промени во Гегиско)* | |
| 10 | *Gjuha në librin Financat publike*- Lajm-2007, Ky artikull është botuar edhe në të përditshmen Fakti-2007. (Јазикот во книгата „Јавни финансии") весникот „Факти", 2007 | 3 |
| 11 | Përkthimi si akt komunikimi, Vizione, 2008. (Преводот како комуникациско средство, Визионе 2008) | 3 |
| 12 | Mbi përkthimin, Hëna e re, 2008. (За преводот) 2008 | 3 |
| | **Вкупно** | **39** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Монографија „Морфонолошки промени во гегиските говори", Логос – А, Скопје, 2010. | 8 |
| | **Преводи од македонски на албански** | |
| 2 | Бизнис ангели / Engjëjt e biznesit, (превод од мак. на албански), Скопје, 2010. | 3 |
| 3 | Менаџирање на тотален менаџмент / Menaxhimi i cilësisë totale, (превод од мак. на албански), Скопје, 2010. | 3 |
| 4 | Претприемништво и мал бизнис /Ndërmarrësia dhe biznesi I vogël (превод од мак. на албански), Скопје, 2012. | 3 |
| 5 | Учесник во проектот за подготовка на преведувачи за јавна администрација организиран од „Британ кансил" во Скопје, 2006. | 8 |
| 6 | Учесник во проектот за подготовка на преведувачи за јавна | 8 |

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ: АЛБАНСКА КНИЖЕВНОСТ 3 И 4 И ТЕОРИЈА НА АЛБАНСКАТА КНИЖЕВНОСТ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

На својата дваесет и осма редовна седница, одржана на 30.5.2012 година, Наставно – научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје нé избра за членови на Рецензентската комисија во врска со пријавата на д-р Агим Лека за избор во звањето вонреден професор по предметите: албанска книжевност 3 и 4 и теорија на албанската книжевност. По разгледувањето на доставениот материјал, Рецензентската комисија има чест на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ да му го достави следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На конкурсот објавен во „Нова Македонија“ и во „Лајм“ од 19-20 мај 2012 година се пријави само кандидатот д-р Агим Лека, доцент по предметите албанска книжевност 3 и 4 и теорија на албанската книжевност при Катедрата за албански јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.

### I. Биографски податоци:

Д-р Агим Лека е роден на 25.1.1963 год. Во Тетово. Сите степени на основно, средно и високо образование ги заврши во Скопје (во ОУ „Глигор Прличев“ /1969-1977/; во Гимназијата „Зеф Луш Марку“ (1977-1981); и во Филолошкиот факултет во Скопје-на Катедрата за албански јазик и книжевност (1982-1986) со општ просечен успех 9,27.

Во 1991 година се запишал на постдипломски студии во групата за македонска книжевност при овој Факултет, кои ги заврши во предвидениот рок и на 26.6.1997 година успешно го одбрани магистерскиот труд под наслов „Наративните фигури во раскажувачкото творештво на Луан Старова“; во периодот од 1998 до 2003 година ги заврши докторските студии и во 2003 година успешно ја одбрани докторската теза под наслов: „Семантиката на албанската драма (од Сантори до Флоќи) и се здоби со звањето *доктор на филолошки науки.*

Од октомври 1988 година, д-р Агим Лека се вработил на Филолошкиот факултет, при Катедрата за албански јазик и книжевност, како помлад асистент по предметот историја на албанската книжевност и се уште е во непрекинат работен. Од 1997 година се избира во звањето *асистент* и ги држи вежбите по предметите историја на албанската книжевност 1-4 и албанска усна книжевност. Во 2003 година е избран во звњето доцент по предметите историја на албанската книжевност и стилистика и поетика на албанската книжевност, при истоимената Катедра.

Во периодот од 2004 до 2009 година ја исвршувал функцијата ополномоштен амбасадор на Република Македонија во АР Египет.

Во текот на неговото работење како помлад асистент, асистент и доцент, д-р Агим Лека се вклопи во наставниот процес, воспостави солиден однос кон студентите и покажа посебен интерес кон воспитно-образовната работа и кон сопственото стручно и научно усовршување.

## II. Дејности од поширок интерес

Натамошното стручно усовршување го продолжува со студиски престој во САД (1994), како стипендист на Фридом Хаус, и учество во разни семинари, ако во семинарот за мултиетничко образование, организиран во Охрид (1999), семинарот за интерактивно образование и иновативни методи, организиран од страна на италијанската НВО CESVI, организиран во Маврово (1999), семинарот *Мирно решавање на конфликти*, во Киелце, Р. Полска (2000), семинарот за *улогата на високообразовните институции во постконфликтни општества,* организиран од Американскиот универзитет во Благоевград, Р. Бугарија (2000).

Д-р Агим Лека учествувал како член во проекти, како оној за албанските народни обичаи во Република Македонија (1994-1997), а бил ангажиран и како надворешен соработник на издавачка куќа „Просветно дело", Скопје (1986 – 1989), како и хонорарен преведувач за Институтот за социолошки и правно – политички истражувања во Скопје (1992).

Коавтор е на средношколските учебници: *Книжевност 3* (1994, "Просветно дело", Скопје), *Албански јазик и книжевност 2* (2003, Албас, Тетово-Тирана), *Албански јазик и книжевност 3* (2004, "Просветно дело", Скопје).

## III. Наставно-образовна дејност

Покрај наведените предмети, д-р Агим Лека ги предава и следниве предмети (предавања и вежби):

**Додипломски студии:**

(1) Албански реализам 1
(2) Албански романтизам 2
(3) Стилистика и поетика на албанска книжевност 1, 2
(4) Теорија на албанската книжевност 1, 2

**Постдипломски студии:**

1) Книжевни теории и методи

**Менторство:**

- ментор на докторски дисертации: еден кандидат.

**Член на комисии за одбрана:**

- член на Комисијата за одбрана на магистерски трудови;
- член на Комисијата за одбрана на докторски трудови.

## IV. Стручно-апликативната дејност

Од неговата библиографија во периодот 2011-2012, која ја доставува како прилог кон извештајов, може да се заклучи дека се работи за бројна и квалитетно-професионална продукција од 12 наслови, меѓу кои три книги, 9 статии и прилози (трудови). Згора на сé треба да се истакне неговото учество на 6 (шест) научно-истражувачки домашни и меѓународни симпозиуми и конференции.

Како посебни се издвијуваат неговите три книги *Semantika e dramës shqipe* - nga Santori deri te Floqi (Семантиката на албанската драма од Сантори до Флоќи, Arbëria Design, Тетово 2012); *Значенскиот состав на романот "Времето на козите"* (Ватра, Скопје, 2012) и *Letërsi e huaj 1* (Светска книжевност 1, Албас, Тетово, 2012).

1. Во книгата *Светска книжевност 1* се претставени главните претставници на светската книжевност од хуманизмот и ренесансата, класицизмот и романтизмот. Тоа се Данте, Шекспир, Сервантес; Корнеј, Расин, Молиер; Иго, Пушкин, Бајрон, Гете и нивните најзначајни дела. Авторите се претставени монографски, т.е. кусо раскажување за животот и дејноста и анализа и интерпретација на основните особини на едно дело, по природа најпознатото. Книгата е од енциклопедиски карактер и ги содржи елементарните податоци и знаења кои треба да ги знае секој ученик и студент. Оттука и намената на книгата за пошироката читателска публика.

2. Книгата "**Значенскиот состав на романот „Време на козите"**" на Луан Старова укажува на информираноста и упатеноста на авторот во пошироката теориска литература, како и на специфичниот афинитет кон наратолошките студии. Воопшто речено, авторот на трудот во своите истражувања ги следи сопствените однапред зададени насоки во описот на ексцерпираниот материјал.

Д-р Агим Лека со овој труд покажува дека неговиот приод кон проучување на книжевниот текст практично ги проверува и ги докажува неговите способности за избор, селекција, критичко расудување и применување на научно релевантни ставови, како и за самостојно промислување и толкување на односната литературата за посочениот истражен книжевен материјал. Тој покажува селективност во можните аспекти и методолошки постапки, покажува висок степен на информираност и самостојност во изборот на сопствен пат во научната работа. Со интелектуална чесност не одбегнува да посочи на изворите од кои поаѓа во сопствената научна работа, во која уште повеќе ќе истражува и ќе ги бара сопствените патишта.

Трудот е поделен во две носечки целини: теории и дескрипции. Во првата целина се дава општ опис на теориските проучувања во наратолошките истражувања на дијахрониски план. Се осврнува кон придонесите на Аристотел, Лајбниц, Мукаржовски, Лотман, Рајфатер, Хирш, Гадамер, Греимас; а најмногу се задржува околу резултатите на книжевниот семантичар Гајо Пелеш. Во тој дел на трудот подетално се задржува во објаснување на термините и поимите кои му служат како појдовна основа за практично применување на тие теориски начела.

Д-р Агим Лека со овој труд базиран врз современите структуралистичко-семантички гледишта во проучувањето на книжевното дело, поткрепен со обемно користена литература, покажува дека е оформен во трудољубив научник со широки дострели, кој, со своите афинитети кон наративните студии, значајно придонесува во развитокот на таков вид студии во нашата средина и пошироко во балкански контекст. Неговиот труд, како прв од таков вид проучувања во албанолошките книжевни истражувања, ќе служи како пример и, воедно, ќе придонесе за примена на нараталошките проучувања во албанската книжевност.

2.а. Истиот метод на проучување на наративните постапки ги спроведува и во романот на Дритеро Аголи, пројави на меѓународниот симпозиум *Dritëro Agolli, personalitet i shquar i letërsisë dhe kulturës shqiptare* (Ѓирокастра, 29 октомври 2011), во кој се претстави со рефертот *Figurat narrative në romanin* "Shkëlqimi dhe rënia e shokut Zylo" (Наративните фигури во романот „Сјајот и падот на другарот Зило").

3. Во книгата „**Семантиката на албанската драма од Сантори до Флоќи**" го проучува албанскиот драмски текст од периодот 1886-1940. Д-р Агим Лека во оваа книга успешно ги спроведува современите структуралистичко-семантичките гледишта во проучувањето на книжевното дело. Неговиот труд, како прв од таков вид во албанолошките книжевни истражувања, ќе служи како пример и воедно ќе придонесе за применување на наратолошките проучувања во албанската книжевност. Во книгата, авторот го проучува развојниот пат на албанската драма од времето на преродбата до

Втората светска војна, период во кој се вплетени концептот на барокот и класицизмот со романтичарските и реалистичките елементи, а сите заедно со модернистичките. Бидејќи се работи за прашања од областа на семантиката, тоа практично значи дека со овој труд д-р Агим Лека дава конкретен придонес кон современата тематска критика.

Трудот е поделен на два дела: *теории* и *дескрипции*. Во првиот дел се даваат, според д-р Агим Лека, екстракти од најеминентните теории за наратологијата, задржувајќи се на позначајните прилози на светски познатите авторитети, кои несомнено влегуваат во корпусот на современата наука за книжевност и кои се многу релевантни за аспектот од кои се третираат парадигмите. Тој кус преглед на теориските семантички проучувања почнува со Аристотел, продолжува со Лајбниц, задржувајќи се на неговата дистинкција на можниот и реалниот свет; следат потоа руските формалисти, Мукаржовски, Лотман, Рајфатер, Хирш, Гадамер и др. за да заврши со теоријата на Гајо Пелеш, кој зазема централно место.

Според сугестиите на Пелеш, д-р Агим Лека на мошне конструктивен начин го користи структуралистичкиот пристап и го третира книжевното дело и како знак и воедно како можен свет, составен од меѓузависни тематски единици. Ова значи дека тој оперира со два пристапа: семиотичкиот и херменевтичкиот. За таа цел тој се повикува на големите авторитети од овие научни десциплини и ги објаснува најпрвин двете инстанци: *текстот* и *толкувачот*, од кои произлегуваат две интерпретациски постапки: на *разбирање* и *толкување*. Од овие две постапки произлегуваат и две различни семантички вредности: *значењето* и *смислата*. Во функција на објаснување на целиот методолошки концепт, тој ги објаснува термините *семантичко поле*, *значенско поле* и *наративна фигура*, односно *семемски сноп*. Со ова, авторот разјаснува дека едно декодирање на прозен текст е успешно кога се конкретизираат доволен број на значенски состави (сноп) за да се определи една наративна фигура, а кога ќе се добие доволен број на наративни фигури, фактички може да се распознае светот претставен во книжевниот текст.

За успешно комплетирање на оваа задача кандидатот го одредува *значењето*, односно ја придобива интерсубјективната семантичка вредност на секој драмски текст посебно. Разбирајќи ја анализата како дијалошки однос помеѓу книжевниот текст и текстот што го интерпретира истиот, на дело е постапката на *семиоза*, односно на нова знаковна творба. Следејќи ги познатите класични и модерни семиотичари, и д-р Агим Лека книжевните дела ги третира како сложени знакови со план на израз (означител) и план на содржина (означено), што подразбира семантичката димензија со своја вредност. Овие вредности во трудот се придобиваат со внимателно декодирање на семантичкиот потенцијал, преку воспоставување на значења со помош на заменските единици, односно *интерпретанти*.

Со помош на Греимасовиот концепт *изотопија* и на Триеровиот *семантичко поле*, се дефинира поимот *значенска единица*, кој како збир или мноштво, го твори микроуниверзумот на интерпретираниот текст. Со овие единици, кои според Пелеш и Лека авторот ги именува наративни фигури, практично се конституира *означеното* на книжевниот знак, односно *темата*.

Ова значи дека книжевното значење не се бара исклучиво во книжевниот текст, ниту исклучиво кај читателот, ами, напротив, и во едната и во другата инстанца, т.е. вклучување и на искуствата од херменевтичката школа. Според оваа теорија, за да биде еден текст успешно толкуван, тој претходно мора да биде разбран, што би значело во целост реконструиран, што е и примарна цел на овој труд.

Од ова произлегува дека во поглавјето на *дескрипции*, како базично истражувачко рамниште поделено на осум поглавја, во кои се обработуваат делата на Сантори, Фрашери, Чајупи, Ноли, Фишта, Хаџиадеми, Постоли и Флоќи, се реконструираат нивните светови на елементарни единици доведени во меѓусебни

релации, опфаќајќи ги сите категории на бивствување: од психолошките составки, социолошките па се до онтолошките, со што се творат и истоимените *итеми* или посебности, наречени *наративни фигури*.

Слободно може да се истакне дека студијата претставува еден вид тематска критика, но, изградена на сосема нов начин, кој ги руши и надминува традиционалните модели, кои биле преплавени од шпекулацци и арбитрарности, произлезени од промашениот концепт кој манипулирал со тематските составки на текстот како целосно независни, мешајќи го книжевниот факт со животните ситуации на објективната стварност.

Жанровски гледано, д-р Агим Лека со оваа книга значајно придонесува да се расветлат низа прашања, кои се поврзани со темите и мотивите обработени во овие драмски текстови, кои на некој начин се соодветни на примената на неговиот пристап. Во тој период на албанската драматургија најобработени жанрови се *драмата, трагедијата, комедијата и мелодрамата,* а во нивното текстовно оформување се применуваат барокно-класицистичките, романтичарско-реалистичките и моделите на модерната.

## V. Заклучок и предлог

Вреднувајќи ги наведените постигнати резултати и придонеси на д-р Агим Лека на наставно-образовен, научноистражувачки и стручно-апликативен план во областа на албанската книжевност, Комисијата смета дека станува збор за исклучително посветен и препознатлив албанолог, со мошне разновиден дијапазон на научни дострели, достоен за изборот во повисоко наставно-научно звање - редовен професор. Од споменатите издвоени трудови, како и вкупната научноистражувачката дејност на д-р Агим Лека се наметнува недвосмислено констатацијата дека тој ја збогатува својата научноистражувачка актива со нови научни дострели што се доказ за неговото созревање во наставно-научен профил, кој многу сериозно ја гради својата цврста позиција во наставно-образовниот процес на Катедрата за албански јазик и книжевност, како и на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, т.е. на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во прилог на сето искажаното оди и образецот кон овој извештај.

Затоа, ни причинува особена чест и вистинско задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да го избере д-р Агим Лека во звањето **вонреден професор** по предметите: албанска книжевност 3 и 4 и теорија на албанската книжевност.

Скопје, 30.5.2012 година

Рецензентска комисија

1. Д-р Зекирја Незири, редовен професор, с.р.

2. Д-р Авзи Мустафа, редовен ппрофесор, с.р.

3. Д-р Мирлинда Крифца-Беќири, вонреден професор, с.р.

# ОБРАЗЕЦ
# КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО - НАУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Агим Лека
Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески" – Скопје
Научна област: книжевност – албанска книжевност и теорија на книжевност

## НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | часови | Недели | семестари | поени | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Одржување настава од прв циклус студии** | | | | | |
| 1 | Историја на албанската книжевност 2 (4+0), зимски/ летен 2003/2004 | 4 | 30 | 2 | 0,08 | 2,4 |
| 2 | Стилистика и поетика на албанската книжевност (2+0), зимски /летен 2003/2004 | 2 | 30 | 2 | 0,08 | 2,4 |
| 3 | Историја на албанската книжевност 2 (4+0), зимски 2004/2005 | 4 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 4 | Стилистика и поетика на албанската книжевност (2+0), зимски 2004/2005 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 5 | Албанска книжевност 3 (4+0), зимски 2009/2010 | 4 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 6 | Албанска книжевност 4 (4+0), летен 2009/2010 | 4 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 7 | Теорија на албанската книжевност 1 (2+0), зимски 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 8 | Теорија на албанската книжевност 2 (2+0), летен 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 9 | Стилистика и поетика на албанската книжевност 1 (2+0),зимски 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 10 | Стилистика и поетика на албанската книжевност 2 (2+0), летен 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 11 | Албански романтизам 2 (4+0), зимски 2010/2011 | 4 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 12 | Албански реализам 1 (4+0), летен 2010/2011 | 4 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 13 | Теорија на албанската книжевност 1 (2+0), зимски 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 14 | Теорија на албанската книжевност 2 (2+0), летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 15 | Стилистика и поетика на албанската книжевност 1 (2+0), зимски 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 16 | Стилистика и поетика на албанската книжевност 2 (2+0), летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 17 | Албански романтизам 2 (4+0), зимски/летен 2011/2012 | 4 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 18 | Албански реализам 1 (4+0), зимски/летен 2011/2012 | 4 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 19 | Теорија на албанската книжевност 1 (2+0), зимски 2011/2012 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| 20 | Теорија на албанската книжевност 2 (2+0), летен 2011/2012 | 2 | 15 | 1 | 0,04 | 1,2 |
| | **Вкупно** | | | | | **26,4** |
| | **Одржување вежби од прв циклус студии** | часови | недели | семестари | поени | Вкупно |
| 1 | Историја на албанската книжевност 2 (4+0), зимски /летен 2003/2004 | 4 | 30 | 2 | 0,06 | 1,8 |
| 2 | Стилистика и поетика на албанската книжевност (2+0), зимски /летен 2003/2004 | 2 | 30 | 2 | 0,06 | 1,8 |
| 3 | Историја на албанската книжевност 2 (4+0), зимски 2004/2005 | 4 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 4 | Стилистика и поетика на албанската книжевност (2+0), зимски 2004/2005 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 5 | Албанска книжевност 3 (0+2), зимски 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 6 | Албанска книжевност 4 (0+2), летен 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 7 | Теорија на албанската книжевност 1 (0+2), зимски 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 8 | Теорија на албанската книжевност 2 (0+2), летен 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 9 | Стилистика и поетика на албанската книжевност 1 (0+2), зимски 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 10 | Стилистика и поетика на албанската книжевност 2 (0+2), летен 2009/2010 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 11 | Албански романтизам 2 (0+2), зимски 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 12 | Албански реализам 1 (0+2), летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 13 | Теорија на албанската книжевност 1 (0+2), зимски 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 14 | Теорија на албанската книжевност 2 (0+2), летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 15 | Стилистика и поетика на албанската книжевност 1 (0+2), зимски 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 16 | Стилистика и поетика на албанската книжевност 2 (0+2), летен 2010/2011 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 17 | Албански романтизам 2 (0+2), зимски 2011/2012 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 18 | Албански реализам 1 (0+2), летен 2011/2012 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 19 | Теорија на албанската книжевност 1 (0+2), зимски 2011/2012 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| 20 | Теорија на албанската книжевност 2 (0+2), летен 2011/2012 | 2 | 15 | 1 | 0,03 | 0,9 |
| | **Вкупно** | | | | | **19,8** |
| | **Консултации со студенти** | студенти | | семестри | поени | Вкупно |
| 1 | 2003/2004 | 80 | | 2 | 0,002 | 0,32 |
| 2 | 2004/2005 | 80 | | 1 | 0,001 | 0,16 |
| 3 | 2009/2010 | 120 | | 2 | 0,002 | 0,48 |
| 4 | 2010/2011 | 80 | | 2 | 0,002 | 0,32 |
| 5 | 2011/2012 | 80 | | 2 | 0,002 | 0,32 |
| | **Вкупно** | | | | | **1,6** |
| | **Одржување настава од втор циклус студии** | часови | недели | семестри | Поени | Вкупно |
| 1 | 2011/2012, одржување настава од втор циклус студии по книжевни теории и методи | 2 | 15 | 1 | 0,05 | 1,5 |
| 2 | 2011/2012 ментор на докторска дисертација од кандидатот м-р Мухарем Јахја | | | | | 3 |
| | **Вкупно** | | | | | **4,5** |
| | **Членство во комисии** | | | | | вкупно |
| 1 | Член на Комисијата за оцена на магистерската теза на Шпреса Мемеди | | | | | 0,3 |
| 2 | Член на Комисијата за одбрана на магистерската теза на Шпреса Мемеди (одбранета во декември 2009) | | | | | 0,3 |
| 3 | Член на Комисијата за оцена на докторската дисертација на м-р Илир Мухареми | | | | | 0,5 |
| | Член на Комисијата за одбрана на докторската дисертација на м-р Илир Мухареми (јуни 2010) | | | | | 0,5 |
| | Член на Комисијата за оцена на докторската дисертација на м-р Зејнепе А. Реџепи | | | | | 0,5 |
| | Член на Комисијата за одбрана на докторската дисертација на Зејнепе А. Реџепи (јуни 2010) | | | | | 0,5 |
| | Член на Комисијата за оцена на докторската дисертација на м-р Емине Шабани | | | | | 0,5 |
| | Член на Комисијата за одбрана на докторската дисертација на Емине Шабани | | | | | 0,5 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Член на Комисијата за оцена на докторската дисертација на м-р Вјолца Дибра | | | | | 0,5 |
| | Член на Комисијата за одбрана на докторската дисертација на м-р Вјолца Дибра (октомври 2011) | | | | | 0,5 |
| | Член на Комисијата за оцена на докторската дисертација на м-р Хаки Џакли | | | | | 0,5 |
| | Член на Комисијата за одбрана на докторската дисертација на м-р Хаки Џакли | | | | | 0,5 |
| | Член на Комисијата за оцена на докторската дисертација на м-р Шефќет Зеколи | | | | | 0,5 |
| | Член на Комисијата за одбрана на докторската дисертација на м-р Шефќет Зеколи | | | | | 0,5 |
| | Член на Комисијата за оцена на докторската дисертација на м-р Теута Винца – Кафеџоли | | | | | 0,5 |
| | Член на Комисијата за одбрана на докторската дисертација на м-р Теута Винца – Кафеџоли (декември 2011) | | | | | 0,5 |
| | Член на Комисијата за оцена на докторската дисертација на м-р Назми Беќири | | | | | 0,5 |
| | Член на Комисијата за оцена на докторската дисертација на м-р Наташа Лушај | | | | | 0,5 |
| | Член на Комисијата за оцена на докторската дисертација на м-р Салајдин Салихи | | | | | 0,5 |
| | Член на Комисијата за оцена на докторската дисертација на м-р Мухарем Јахја | | | | | 0,5 |
| | Член на Комисијата за оцена на докторската дисертација на м-р Ваџид Сејдиу | | | | | 0,5 |
| | Член на Комисијата за оцена на докторската дисертација на м-р Хуреме Гурра | | | | | 0,5 |
| 4 | Член на Комисија за одбрана на дипломска работа на кандидатот Џеврије Хасани (одбранета 2009) | | | | | 0,1 |
| | Член на Комисија за одбрана на дипломска работа на кандидатот Мерита Мемеди(одбранета 2011) | | | | | 0,1 |
| | Член на Комисија за одбрана на дипломска работа на кандидатот Мевлан Ибрахими (одбранета 2011) | | | | | 0,1 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Член на Комисија за одбрана на дипломска работа на кандидатот Семран Муаремова (одбранета 2011) | | | | | | 0,1 |
| | Член на Комисија за одбрана на дипломска работа на кандидатот Шкелзен Зенуни (одбранета 2011) | | | | | | 0,1 |
| | Член на Комисија за одбрана на дипломска работа на кандидатот Таибе Асани (одбранета 2011) | | | | | | 0,1 |
| | **Вкупно** | | | | | | 11,2 |
| | **Севкупно** | | | | | | **63,5** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | **Назив на активноста:** | Поени |
|---|---|---|
| | **Монографии и дел од монографии** | |
| 1. | / | |
| | **Учество на научен/стручен собир/конференција со реферат** | |
| 2. | Меѓународен научен симпозиум на тема: *Eposi i kreshnikëve-monument i trashëgimisë kulturore shqiptare*, Instituti albanologjik i Prishtinës, (Приштина, 28-30 август 2010). | 3 |
| 3. | Меѓународна научна конференција на тема: *Represioni ndaj librit shqip në Maqedoni (1981–1990)*, Insituti Albanologjik i Prishtinës, (Приштина, 3-4 јуни 2011). | 3 |
| 4. | Меѓународна научна конференција на тема: *Dritero Agolli, personalitet i shquar i letërsisë dhe kulturës shqiptare* (Ѓирокастра, 29 октомври 2011) | 3 |
| 5. | Меѓународна научна конференција на тема: *Mledhës të dalluar të folklorit dhe kontributi i tyre për folkloristikën shqiptare* (во коавторство со З. Незири), Java e Albanologjisë, Instituti albanologjik i Prishtinës (Приштина 14-18 noemvri 2011) | 3 |
| | **Објавени трудови во домашни и странски научно/стручни списанија и зборници** | |
| 6. | *Kritika tematike me koncept të ri*, "Jehona e re", Shkup, 2012, ISSN – 1857-6354. | 3 |
| 7. | *Figurat narrative në romanin "Shkëlqimi dhe rënia e shokut Zylo"*, Зборник од трудови од Меѓународна научна конференција на тема: *Dritero Agolli, personalitet i shquar i letërsisë dhe kulturës shqiptare* (Ѓирокастра, Р. Албанија). | 2 |
| | **Вкупно** | **17** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | **Назив на активноста:** | Поени |
|---|---|---|
| | **Книги од стручна област** | |
| 1. | *Semantika e dramës shqipe* (nga Santori deri te Floqi), Arbëria Design, Tetovë, 2012. | 8 |
| 2. | *Letërsi e huaj 1*, Albas, Tetovë, 2012. | 8 |
| 3. | *Значенскиот состав на романот* "Времето на козите", Ватра, Скопје, 2012. | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | **Поглавје во книга** | |
| 4. | | |
| | **Учество во промотивни активности** | |
| 5. | Промоција на книгата "Dinastia shqiptare që sundon Misirin 1805 – 1952" од Dr. Faruk Borova, "Gent Grafik", Tiranë, 2010 | 3 |
| | **Член на национална жири-комисија** | |
| 6. | / | |
| | **Дејности од поширок интерес** | |
| 7. | Член (потпретседател) на Советот на Македонската радио - телевизија, од април 2011 до денес (назначен од Собранието на РМ) | 1 |
| 8. | Раководител на Катедрата за албански јазик и книжевност, септември 2011 | 3 |
| 9. | Член на Советот за издавачка дејност при *Филолошкиот факултет Блаже Конески во Скопје,* 2010 – 2012 | 0,5 |
| 10. | Член на Комисија за попис на инвентар на Филолошкиот факултет во академската 2009/2010 година. | 0,5 |
| 11. | Член на Комисија за попис и распределба на кабинети на наставно-соработничкиот кадар на Филолошкиот факултет во академската 2010/2011 година. | 0,5 |
| 12. | Член на Работна група за подготвување Правилник за службени патувања на вработени на Филолошкиот факултет, 2011 година. | 0,5 |
| 13. | Член на Комисија за избор на школска лектира | 1 |
| 14. | Член на Рецензентска комисија на Филолошкиот факултет за оценување на трудот "Интерпретација на поезијата", изработен од проф. д-р Нехас Сопај, 2010 г. | 0,5 |
| | **Вкупно** | **34,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 63,5 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 17 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 34,5 |
| **Вкупно** | **115** |

Членови на Рецензентската комисија

1. Проф. д-р Зекирија Незири, претседател, с.р.

2. Проф. д-р Авзи Мустафа, член, с.р.

3. Проф. д-р Мирлинда Крифца - Беќири, член, с.р.

# РЕЦЕНЗИЈА
НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТЦИЈА „КРЕАТИВНАТА НАСТАВА – СИМБИОЗА НА ИНОВАЦИИ", ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЛУЛЗИМЕ ЛУТВИУ-КАДРИУ, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Одлуката број 0903-225/08 од 17.5.2012 година, донесена на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, на својата XXVII редовна седница одржана на 16.5.2012 година, избрани сме за членови на Комисијата за оцена на докторската дисертација под наслов: ***Креативната настава-симбиоза на иновации*** , поднесена од кандидатката ***м-р Лулзиме Лутвиу-Кадриу.***

Комисијата во состав: проф. д-р Снежана Адамческа, проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ, проф. д-р Сузана Миовска Спасева, проф. д-р Марија Костова и проф.д-р Анета Баракоска, до Наставно-научниот совет го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација *Креативната настава - симбиоза на иновации* елаборира мошне значајно прашање кое е актуелно речиси во сите развојни фази за системот на образование кај нас и во светот. Докторската дисертација претставува мошне сериозен и интересен труд кој го третира комплексниот и мошне актуелен проблем на идентификација и третман на процесите на имплементација на образовните иновации и одрживоста на проектните активности во нашата наставна практика низ призмата на креативната настава и учење.Теоретскиот дел и емпириското истражување во трудот се поткрепени со автентични инструменти изработени за таа намена и се директно условени од спецификите на предметот на истражување, глобалните карактеристики на нашето задолжително основно образование и ставовите и поставеноста на најрелевантните субјективни фактори кои најнепосредно влијаат врз иновативните процеси како системска и процесно-изведбена компонента на образованието воопшто.

Во трудот кандидатката истакнува дека речиси не постои држава во која не се бараат патишта за надминување на актуелните состојби и создавање нови услови за учење и поучување кое ќе води кон стекнување стручни и професионални компетенции, кои ќе бидат конкурентни и ценети на пазарот на трудот. Станува збор за уште еден аспект на овој проблем кој се однесува на глобален план, а тоа е давање можности за побарувачка и понуда на професионални компетенции кои се речиси идентични за сите земји, независно од

нивниот степен на развој. Образованието постепено станува значаен фактор на интегрирање и глобализација на компетенциите. Поради тоа и се говори за светски пазар на трудот кој ги диктира и идентификува професионалните компетенции како квалификатив на сите профили, истакнува кандидатката м-р Лутвиу-Кадриу.

Врз основа на тоа се актуализира прашањето за понуда на универзални обележја на професионалните компетенции кај младите кои се условени од технолошката развиеност, од примената на современата техника во процесот на образование, како и потребата од поттикнување на креативни идеи, постапки и активности кои развиваат и негуваат оригиналност, автентичност и се со обележје на личен белег. Од тој аспект сè повеќе се редефинира и улогата на образованието како битен фактор за развој на креативноста. Наставата сè повеќе се идентификува како средина, можност и процес за развивање на индивидуалните потенцијали на поединецот.

Проблемот на проучување во овој труд се однесува на моделите на наставно - образовната работа со учениците за развој на нивните креативни способности.

Во трудот се потенцира дека бројните проекти кои во изминатиот период се реализираа во образованието во Република Македонија, најчесто се однесуваат на имплементација на одредени димензии на изведба на наставата преку примена на разни техники, стратегии и методи на учење и поучување. Нивната бројност и фокусирање на различни сегменти од дејноста на училиштето доведе до тоа во системот на воспитување и образование да се почувствува релативизирање на различните аспекти и компоненти на наставата. Тие и доведоа до ситуација секое училиште во кое се реализира одреден проект да негува сопствен стил на реализација на наставата, а воспитно- образовниот процес во системот во целина доби нагласено мозаичен карактер.

Во текот на последните неколку години, глобалната стратегија на менаџирање на иновациите почнува да се менува и се идентификува нов пристап кон промените во целина. Сè повеќе е нагласена тенденцијата за интегрирање и создавање креативна симбиоза на сите промени кои во воспитно - образовниот систем ќе создадат конзистентност во реализацијата на наставата. Еден од тие проекти кој има системско обележје е креативната настава во која се искористени сите досегашни искуства од реализираните проекти во Република Македонија и која успешно ги имплементира сите промени на ниво на сите степени на образование.

Според своите обележја, трудот има теоретско-емпириски карактер со нагласена цел за директно испитување на нашата педагошка практика од аспект на бројните фактори и предуслови за етаблирање ефикасен систем од модели на наставната практика, педагошки третман на иновациите и нивното функционирање и доживување од страна на носечките субјекти на тој систем-наставниците како креатори и дизајнери на моделите на учечко-поучувачките процеси. Аспектирањето на проблемот на истражување е усогласено со целта и

задачите преку изработениот инструментариум со чија помош се бараат одредени детали и аспекти на истражувачките дескриптори и индикатори како елемент на застапеност, фреквентност, интензитет и проценка на состојбите во нашата наставна практика.

Служејќи се со прецизна терминологија од областа на педагошката наука, кандидатката м-р Лутвиу-Кадриу нуди конкретна и јасна идентификација и дефинирање на основните поими и изрази кои се тесно поврзани и условени од целта на истражувањето и нејзиното методолошко емпириско обликување. Од тие причини сметаме дека оваа докторска дисертација има значајна научна вредност, тежина и значење не само заради автентичниот модел на истражување туку и заради изборот на предметот на истражување преку кој се бараат и наоѓаат ефикасните модели на креативната настава во нашата образовна практика, како и заради мошне суптилниот пристап кон добиените резултати кои се автентични, изворни и мошне драгоцени за педагошката теорија и практика.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Лулзиме Лутвиу-Кадриу е структурирана од неколку глобални дела во 308 страници компјутерски обликуван текст со вовед, теоретски основи на проблемот на истражувањето, методолошки компоненти, анализа и интерпретација на добиените резултати, заклучни согледувања и прилози во вид на користен инструментариум. Кон трудот е приложена библиографија од 202 книги и статии и 10 интернет релевантни извори од домашни и странски автори.

Првиот глобален дел на докторската дисертација елаборира низа теоретски аспекти и димензии на предметот на истражување во вкупно 6 носечки поглавја/наслови и 33 поднаслови. Во овој глобален дел од трудот е извршена елаборација и дефинирање на носечките поими: Иновации, Педагошки иновации, Творештво, Надареност, Креативна интелигенција и дефинирање на изведените поими.

- Во трудот се елаборирани следниве аспекти и димензии на истражувачкиот проблем:
- историски аспект на проблемот;
- услови за развој на креативноста;
- развој на идеата за креативна настава;
- преминот од традиционално- ригидна во креативна настава.

- Иновациите во воспитанието и образованието како претпоставка за развивање на креативна настава во основното образование

- Креативноста како феномен

  - Видови на креативност
  - Значење на креативноста

  - Основни детерминанти на креативноста

- Категории на креативност
    - Творечки процес
    - Творечка личност
        - Својства на творечката личност
    - Творечки продукт

- Фактори на креативната настава
- Креативна работа во училиштето
    - Креативната настава и субјективната позиција на учениците
    - Развојот на креативноста преку слободните активности на учениците
- Наставникот во креативната настава
    - Наставникот и неговите можности за идентификување и развивање на креативноста кај учениците во наставата
    - Влијанието на наставникот врз мотивацијата на ученицте за креативно однесување
    - Моделирање на креативното однесување на наставникот
    - Творечката личност на наставникот и влијанието врз ученикот
- Креативноста на ученикот
    - Гносеолошки и педагошки претпоставки за креативноста на учениците
    - Особините на личноста на учениците кои влијаат врз нивната креативност
    - Креативниот ученик и креативната настава
    - Поттикнување и манифестирање на креативноста кај учениците
    - Настава насочена кон ученикот
    - Учењето во функција на творештвото
    - Како може да се учи на активен и творечки начин
- Надареноста како феномен
    - Препознавање на степенот на надареност и особини на надарените ученици
- Генијалност- највисок степен на надареност
    - Футуролошки размислувања за проблемот

Во вториот глобален дел од дисертацијата се презентирани методолошките компоненти на истражувањето:

Предмет на ова истражување е проучување на креативноста на наставниците како иновација на современата настава, во функција на развивање на креативната способност на учениците.

Креативната настава се проучува како предизвик и цел на современото образование во кои наставниците, учениците, директорите, и стручните работници како основни носители на овој процес имаат значајна улога (во пристапот кон проблемот на истражување).

Цел на истражување е стекнување сознанија за поставеноста на креативната настава, креативноста на наставниците и креативноста кај учениците.

Целта на истажувањето е конкретизирана преку задачи кои се во непосредна конекција со поставените индикатори и варијабли. Преку нив се идентификувани носечките аспекти на основниот проблем на истражувањето.

Во истражувачкиот дел на дисертацијата се поставени повеќе хипотези кои го проблематизираат предметот на истражување и се верификувани во рамките на емпириско-аналитичкиот дел на трудот. Презентираме неколку од нив:

1. Наставниците сметат дека реализацијата на креативната настава зависи од успехот на учениците.
2. Наставниците сметат дека видот на креативна работа влијае на креативната настава.
3. Стремежите на учениците влијаат на креативната настава.
4. Наставниците сметаат дека мотивите влијаат на креативната наставна работа.
5. Компетенциите на наставникот влијаат врз креативноста во наставата.
6. Наставниците сметаат дека субјективните фактори влијаат на ограничувањата на креативната настава.
7. Во ставовите на наставниците сметаат дека објективните фактори влијаат на ограничувањата во креативната настава.
8. Способностите на наставникот за креативност влијае врз креативноста на ученикот.
9. Во мислењата на наставниците, формите на наставна работа влијаат врз креативноста на наставата.
10. Имплементацијата на современите методи влијае врз креативната настава.
11. Професионалното усовршување за креативност влијае врз креативноста на наставата.

12. Во мислењата на наставниците примената на современите наставни техники влијае врз креативноста на наставата.

Истражувањето во трудот е спроведено со изработка на сет од инструменти во чија ајтемска структура се идентификувани следните варијабли: креативноста на ученикот, суштината на иновациите, навики за креативна работа, индивидуална работа на учениците (како зависни варијабли) и возраст, пол, успех, одделение, работно искуство (како независни варијабли).

Истражувањето има аналитичко-дескриптивен карактер како во теоретскиот дел така и во емпириско-истражувачкиот. Носечка истражувачка метода е аналитичката и нејзините варијанти: аналитичко-дескриптивна, аналитичко-експликативна и аналитичко-компаративна. Користени се следниве техники: анкетирање, интервјуирање и скалирање.

За реализација на истражувањето во трудот користени се специјално изработени инструменти:

- анкетен лист - скалер на прашања од затворен тип за идентификација на креативноста на учениците;
- анкетен лист –скалер со прашања од затворен тип за мислењата и ставовите на наставиците за креативноста во училиштето;
- анкетен лист –скалер со прашања од затворен тип за учениците;
- структуриран протокол на интервју за директорите и стручните работници во училиштето.

Истражувањето има сложен и комплексен примерок кој е компониран од неколку суппримероци:

1. 12 основни училишта во кои се реализира креативна настава во Скопје, Тетово, Гостивар, Кичево и 12 различни општини во кои наставата се реализира на македонски и на албански наставен јазик. Овој субпримерок е составен од основни училишта кои креативната настава ја реализираат:
   а) во урбана средина
   б) во рурална средина
2. Суппримерок за наставници кои реализираат креативна настава во одделенска настава, со различна полова и образовна структура.
3. Овој примерок го сочинуваат директори и стручни работници во основните училишта во кои се реализира креативна настава.

4. Примерок од ученици кои се вклучени во креативната настава, анкетирани според половата припадност и општиот успех во учењето.

Во докторската дисертација *Креативната настава - симбиза на иновации* сознанијата во анализата на теоретскиот дел и резултатите од истражувањето даваат значајни научни факти како за наставниците така и за учениците, но и за фокус-групата од стручни работници во училиштето.

Анализата на резултатите од сопственото истражување упатува на неколку глобални заклучоци:

-Реализацијата на креативната настава е прифатена во голема мера од сите наставници како перспективна форма во современото образование.

- Креативната работа на наставникот претставува главниот водител и реализатор на овој нов процес во наставната работа, кој создава перспективи за повисоки дострели на учениците во образовниот процес.

- Креативната настава како релативна нова и современа наставна метода која ги става учениците на одговорно место во наставниот процес бара трпеливост и е амбициозна творечка работа, како од учениците така и од наставниците. Се разбира дека остварувањето на успешни резултати има своја релативна перспектива, која ќе зазема сѐ поголем простор во групната и во индивидуалната работа и на наставниците и на учениците.

- Мотивите за креативна работа не ја достигнуваат својата моќ веднаш туку се плод на подолготрајна наставна и вонНаставна активност насочена кон подигање не само на заинтересираноста на она што се учи, туку и во согледувањето на перспективите во унапредувањето во образовниот процес.

Мотивацијата во креативната настава претставува една од двигателните сили која има своја сегашност и иднина и во согласност со тоа претставува основен фактор во креативната наставна работа.

- Отстранувањето, односно намалувањето на негативното влијание на објективните фактори претставува значајна компонента во процесот на градење на современи соодветни услови во реализацијата на оваа мошне успешна и прогресивна наставна содржина. Иако како посебни индикатори, сепак може да се согледа и врската меѓу овие два подиндикатора како причина и последица за ограничувањата во креативната настава.

Проучувајќи ги компаративно наставните влијанија на објективните и субјективните фактори, може да се заклучи дека тие претставуваат една целина со сериозни показатели кои во најблиска иднина, ако не може да се отстранат, во значаен процент треба да се намалат и ублажат.

- Треба да се забележи дека фронталната форма на работа која често не кореспондира со креативната настава и покрај современите тенденции за современата воспитна работа, сепак е присутна во значаен процент. Во однос на останатите форми на работа може да се забележи дека наставниците преферираат за нивно присуство, пред сè оние со подолгогодишно работно искуство, но и оние со помалку години работно искуство. Затоа можеме да заклучиме дека во нашето училиште се чувствува стадиум на транзиција во која доминантноста на застарените форми не е напуштена и покрај тоа што прогресивните форми на креативна настава навлегуваат се повеќе во образовниот процес.

- Формите на професионалното усовршување во реализацијата на креативната настава се многубројни и истовремено прифатени како реализатори на новите пристапи во креативната настава.

Како потврда на сè поголемата вклученост на наставниците во проектните активности, а со тоа сè поголемата и сè помасовната примена на новите образовни технологии ја наведуваме листата на учество на проекти на наставниците вклучени во некој проект. Тоа нè упатува на следниве сознанија:

Проценката на наставниците за значајни прашања во реализацијата на креативната настава придонесува во овој труд да се согледат основните параметри за успешно спроведување на креативната настава.

Основните рангови, т.е првите највисоки рангови во скалата на проценка се однесуваат на соработничка училишна атмосфера. Истрајноста при решавањето на проблемите, поддржувањето на детската фантазија за креативност и ослободувањето на учениците од грешки и обвинувања во процесот на творечката работа во училиштето, ги поставуваат темелите на основните насоки во успешното имплементирање на креативната настава во училиштето како симбиоза на иновации.

Во однос на основниот и носечкиот индикатор во скалата на процена на наставниците за креативната настава, а се однесува на поттикнување и манифестирање на креативноста, испитаните наставници ја прoцениле со средна вредност 4,11 со што претпоставуваме дека ги согледале основните параметри во имплементацијата на креативната настава и со тоа го потврдуваат фактот дека нашите наставници имаат капацитет и знаење за реализација на креативната настава во нашите училишта.

**Заклучок и предлог**

Докторската дисертација *Креативната настава - симбиоза на иновации,* поднесена од м-р Лулзиме Лутвиу-Кадриу, нуди значен придонес на планот на микрометодичкото процесуирање на моделите на работа преку имплементација на различни сегменти од повеќе проектни концепти во нашето основно образование. Аналитичко-компаративните резултати од искуствата во Република Македонија претставуваат драгоцен извор на сознанија за методско-дидактичкиот

квалитет и недоследности на иновативните процеси и искуства кои наоѓаат своја подлога во креативната настава како нивна симбиоза.

Врз основа на тоа, на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет со особена чест и задоволство му предлагаме докторската дисертација под наслов: ***Креативнаша настава - симбиоза на иновации,*** изработена од кандидатката ***м-р Лулзиме Лушвиу-Кадриу,*** да ја усвои и да одобри нејзина јавна усна одбрана.

Скопје, 25.5.2012 година

Комисија

1. Проф. д-р Снежана Адамческа, с.р.
2. Проф. д-р Јасмина Делчева Диздаревиќ, с.р.
3. Проф. д-р Сузана Миовска Спасева, с.р.
4. Проф. д-р Марија Костова, с.р.
5. Проф. д-р Анета Баракоска, с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

АНЕКС КОН

# Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ВО СКОПЈЕ

Билтен број 1032
Скопје, 31 мај 2012 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Главен и одговорен уредник: м-р Илија ПИПЕРКОСКИ, генерален секретар**

**Уредник: Томислав БАШЕВСКИ**

**Лектор: Весна Илиевска-Цветановска**

**Умножено на Универзитетот во Скопје**
**Тираж: 70 примероци**

## Содржина на анекс кон Билтен број 1032 од 31 мај 2012 година

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. **Приговор** на Рефератот за избор на насловен доцент по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен број 1031 од 15.5.2012 година од д-р Лидија Петковска......1-2
2. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на насловен доцент по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен број 1031 од 15.5.2012 година......3-4

ДО ДЕКАНОТ НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

ВО СКОПЈЕ

Приговор од д-р сци мед Лидија Петковска кон извештајот и заклучокот на Рецензентската комисија за избор на лица во Насловни звања по предметот интерна медицина

Во Билтенот со број 1031 од 15.02.2012 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", беше објавен реферат, извештај со заклучок од работата на рецензентската комисија во состав: проф. д-р Љубе Глигоровски (претседател). проф. д-р Самуел Садикарио, проф. д-р Снежана Мишевска Перчинкова, проф. д-р Даниела Чапароска, проф. д-р Стевка Богдановска, (членови на комисија), за избор на дванаесет лица во насловни звања, согласно со конкурсот од 22.2.2012 година објавен во „Утрински Весник".

**Во заклучокот стои дека јас како кандидат не ги исполнувам условите во целост, бидејќи ги немам потребните бодови од стручно-апликативната дејност.**

Разгледувајќи ги рефератите за сите кандидати, се гледа дека постои селективен пристап во бодирањето на кандидатите, особено во делот за НО дејност. Имено, повеќето кандидати кои држеле вежби до воведувањето на ЕКТС се различно бодувани и на пример за 6 или 14 години асистентски стаж, освоиле повеќе бодови отколку јас за 16 години асистентски стаж. Имено, кај мене се бодувани 14 наместо 16 години асистентски стаж, иако немам прекин во стажот од 1991 до 2007 година. Исто така, вежбите се дадени збирно и оценети со вкупно 37,8 бода, додека кај другите кандидати се дадени табеларно и поединечно за предметите интерна медицина, интерна пропедевтика, како и интерна медицина за стоматолози, што резултира со секако поголема бројка. Кај мене недостасува и бодување за консултации со студенти во рамки на здравствена клиничка практика (6 семестар). Кога би била бодирана така, бројот на бодови би бил поголем. Согласно новиот правилник за бодување од 1 Август 2011, објавен во Медицински гласник бр. 173, и според наставниот план кој важеше до усвојувањето на ЕКТС според мене бодирањето би требало да изгледа вака, (табела ).

| Бр. | Предмет/група | Часови | Бод. | Недели | Семестри | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Интерна медиц./медицинари | 6 | 0.03 | 15 | 32 | 86.7 |
| 2 | Интерна пропедевтика/мед | 5 | 0.03 | 15 | 16 | 36 |
| 3. | Интерна медицицина/стомат. | 3 | 0.03 | 15 | 32 | 43.2 |
| 4. | Консулт. со студенти | 20 | 0.02 | | 32 | 1.28 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Консулт. со студенти во рамки на здрав.кл.пракса – 6с | 20 | 0.2 | 15 | 16 | 64 |

231,2

Во делот за НИ дејност кај мене не се бодирани три секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество (кој се бодираат со по 2 бода), па според тоа недостигаат 6 бода. Има случаи каде што труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно/стручно списание се бодува со 6 бода + импакт фактор иако има повеќе од еден автор додека кај други се пресметува според упатствата дадени во фуснота.

На крај, во делот Стручно-апликативна дејност кај мене е бодирана само специјализацијата со 2 бода, а не се бодирани плакета и диплома како награди за научни посигнувања од струкова организација кои носат 3 бода (2x3=6). Исто така сум била член на организациски или програмски одбор на меѓународен стручен собир (5,6,8,9,10 токсиколошки денови со меѓународно учество), што се бодира поединечно по 1 бод или вкупно 5 бода. Оттука, се гледа дека ми се скратени 11 бода и наместо 13, дадени ми се само 2 бода, а со тоа неправедно сум дисквалификувана и негативно рецензирана.

Се надевам дека комисијата ќе го согледа овој превид и дека уште еднаш ќе го провери бодувањето на сите кандидати поради различниот приод во бодувањето, со цел да се запази принципот на еднаквост на кандидатите.

Скопје,

21.5.2012 г.

Подносител на приговорот

Д-р Лидија Петковска с.р.

**ОДГОВОР НА ПРИГОВОРОТ**

Доставен од страна на д-р Лидија Петковска на ден 22.5.2012 год.

Од страна на кандидатката д-р Лидија Петковска, преку архивата на Деканатот на Медицинскиот факултет во Скопје, бр. 02 2242/1 од 22.5.2012, доставен е приговор во однос на Рефератот за избор на 12 насловни доценти по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ бр. 1031 од 15.5.2012.

Поаѓајќи од законските обврски на Рецензентската комисија, согласно со член 48 од Првилникот за критериумите за постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Комисијата достави реферат во кој е запазена потребната содржина: биографски податоци за кандидатот, оценка на научно-образовната дејност, научноистражувачката дејност и стручно-апликативната дејност.

Комисијата ги зеде во предвид сите законски обврски околу изборот на четиринаесетте кандидати и напоменува дека станува збор за квалитетни кадри, но изборот се сведува на дванаесет кандидати кои треба да бидат избрани во звањето насловен доцент по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје.

Комисијата го разгледа приговорот на д-р Лидија Петковска и го прифаќа. Додадени и се бодовите кои се пропуштени при првото бодирање поради техничка грешка. При бодирањето се користени истите критериуми за сите кандидати во трите области кои произлегуваат од него и се земени целосно предвид доставените документи кои ги потврдуваат активностите на секој од кандидатите.

Комисијата и понатаму останува на изнесениот заклучок од Рефератот за избор на 12 насловни доценти по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје од Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и

Методиј“ бр. 1031 од 15.5.2012, односно Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ги избере д-р Маријан Бошевски, д-р Сашо Гелев, ас. д-р Магдалена Отљанска, д-р Ирена Кафеџиска, ас. д-р Антонио Георгиев, ас. д-р Марија Вавлукис, помл. ас. д-р Игор Николов, ас. д-р Весна Ристовска, д-р Јагода Стојковиќ, ас. д-р Билјана Герасимовска Китановска, ас. д-р Ѓулшен Селим и ас. д-р Ирина Пановска-Ставридис во звањето насловен доцент по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје.

**Членови на Комисијата**

1. Проф. д-р Љубе ГЛИГОРОВСКИ, претседател, с.р
2. Проф. д-р Самуил САДИКАРИО, член с.р.
3. Проф. д-р Снежана МИШЕВСКА ПЕРЧИНКОВА, член с.р.
4. Проф. д-р Даниела ЧАПАРОСКА, член с.р.
5. Проф. д-р Стевка БОГДАНОВСКА, член с.р.